
International Labour Organization

ФУНДАМЕНТАЛНИ ПРИНЦИПИ

КОНВЕНЦИИ И ПРЕПОРАКИ ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА НА МЕЃУНАРОДНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ТРУДОТ

ТИМ ЗА ТЕХНИЧКА ПОДДРШКА НА ПРИСТОЈНА РАБОТА
И КАНЦЕЛАРИЈА ЗА ЦЕНТРАЛНА И ИСТОЧНА ЕВРОПА



International
Labour
Organization

КОНВЕНЦИИ И ПРЕПОРАКИ ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА НА МЕЃУНАРОДНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ТРУДОТ

Скопје, 2012

Copyright © International Labour Organization 2012

Прво издание 2012 година

Изданијата на Меѓународната организација на трудот се заштитени со авторски права во согласност со Протокол 2 од Универзалната конвенција за авторски права. Сепак, кратки извадоци од нив може да се преземаат без овластување, под услов да се наведе изворот на текстот. За правата за репродукција или превод, се доставува барање до Publications Bureau (Rights and Permissions), International Labour Office, CH-1211 Geneva 22, Switzerland или по е-пошта: Меѓународната канцеларија на трудот ги очекува таквите барања.

Библиотеките, институциите и другите корисници пријавени кај организациите за права за репродукција може да направат фотокопии во согласност со лиценците издадени за таа намена. Посетете ја страницата www.ifrro.org за да најдете список со организации за права за репродукција во вашата земја.

ISBN 978-92-2-826037-3 (print) ; 978-92-2-826038-0 (web pdf)

Ознаките вклучени во изданијата на МОТ, коишто се во согласност со практиката на Обединетите нации и презентацијата на материјалот содржан во нив не упатуваат на каков било став на Меѓународната канцеларија на трудот во поглед на правниот статус на која било земја, област или територија или на нејзините власти или во поглед на нејзините граници.

Одговорноста за изнесените ставови во потпишаните статии, студии и други делови ја сносат единствено нивните автори и изданието не вклучува одобрување на изнесените мислења.

Упатувањата до називите на фирмите и комерцијалните производи и процеси и не вклучуваат одобрување од страна на Меѓународната канцеларија на трудот и секое неспоменување на одредена фирма, комерцијален производ или процес не е знак на неодобрување.

Изданијата на МОТ може да се добијат во поголемите книжарници или во локалните канцеларии на МОТ во многу земји или директно од ILO Publications, International Labour Office, CH-1211 Geneva 22, Switzerland. Каталозите или списоците со нови изданија се бесплатни и може да се нарачаат од горенаведената адреса или преку е-пошта: pubvente@ilo.org

Посетете ја нашата интернет-страница: www.ilo.org/publns

Содржина:

Конвенција за безбедност и здравје при работа,
1981 година, (Бр.155) 5

Протокол кон Конвенцијата за безбедност
и здравје при работа, 2002 година (Бр.155) 14

Препорака за безбедност и здравје при работа,
1981 година, (бр. 164) 19

Конвенција за службите за медицина на трудот
1985 година, (бр. 161) 28

Препорака за службите за медицина на трудот,
1985 година, (бр. 171) 34

Конвенција за Промотивната рамка за безбедност и
здравје при работа , 2006 година, (бр. 187) 45

Препорака за промотивната рамка за безбедност и здравје при работа,
2006 година, (бр. 197) 51

Препорака за заштита на здравјето на работниците,
1953 година, (бр. 97) 58

Препорака за социјалните служби за работниците,
1956 година, (Бр. 102) 64

Препорака за списокот со професионални заболувања,
2002 година, (Бр. 194) 73

Конвенција за заштита од зрачење,
1960 година, (Бр. 115) 81

Препорака за заштита од зрачење,
1960 година, (Бр.114) 87

Конвенција за професионално заболување од рак,
1974 година, (Бр. 139) 92

Препорака за професионално заболување од рак,
1974 година, (Бр. 147) 96

Конвенција за работната средина (загадување на воздухот,
бучава и вибрации), 1977 година, (Бр. 148) 101

Препорака за работната средина (загадување на воздухот,
бучава и вибрации) , 1977 година, (Бр. 156) 108

Конвенција за азбест,
1986 година, (Бр. 162) 114

Препорака за азбест,
1986 година, (Бр. 172) 124

Конвенција за хемикалии,
1990 година, (Бр. 170) 136

Препорака за хемикалии,
1990 година, (Бр. 177) 147

Конвенција за спречување поголеми индустриски несреќи,
1993 година, (Бр. 174) 157

Препорака за спречување на поголеми индустриски несреќи,
1993 година, (Бр. 181) 167

Конвенција за хигиена (трговија и деловни простории,
1964 година, (Бр.120) 169

Препорака за хигиена (трговија и деловни простории),
1964 година, (Бр. 120) 174

Конвенција за безбедност и здравје во градежништвото,
1988 година, (бр. 167) 189

Препорака за безбедност и здравје при работа во градежништвото,
1988 година, (Бр. 175) 203

Конвенција за безбедност и здравје во рудниците,
1995 година, (Бр.176) 212

Препорака за безбедност и здравје во рудниците,
1995 година, (Бр. 183) 222

Конвенција за безбедност и здравје во земјоделството,
2001 година, (Бр. 184) 231

Препорака за безбедност и здравје во земјоделството,
2001 година, (Бр. 192) 241

КОНВЕНЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА, 1981 ГОДИНА, (БР.155)

Генералната конференција на Меѓународната организација на трудот,

свикана во Женева, од страна на Управниот орган на Меѓународната канцеларија на трудот, на шеесет и седмата сесија, одржана на 3 јуни 1981 година и

одлучувајќи за донесување на одредени предлози во поглед на безбедноста и здравјето и работната средина, коешто е шеста точка на агендата на сесијата и

утврдувајќи дека овие предлози ќе бидат во форма на меѓународна Конвенција,

на дваесет и втори јуни илјада деветстотини осумдесет и првата година, ја донесе следната Конвенција, којашто може да се цитира како Конвенција за безбедност и здравје при работа од 1981 година:

ДЕЛ I. ПОЛЕ НА ПРИМЕНА И ДЕФИНИЦИИ

Член 1

1. Оваа Конвенција се однесува на сите гранки на стопанската дејност.

2. Земјата-членка што ја ратификува оваа Конвенција, по консултации со репрезентативните организации на засегнатите работодавачи и на работници, може да исклучи од нејзина примена, делумно или целосно, определени гранки на стопанската дејност, како што се поморски сообраќај или риболов, каде што може да се појават посебни проблеми од суштинска природа.

3. Секоја земја-членка што ја ратификува оваа Конвенција треба да ги наведе, во нејзиниот прв извештај за примената на Конвенцијата според член 22 од Уставот на Меѓународната организација на трудот, сите гранки коишто во согласност со став 2 од овој член се исклучени од примена, наведувајќи ги причините за ваквите изземања и мерките што се преземаат за да се обезбеди адекватна заштита на работниците во исклучените гранки, додека во последователните извештаи треба да наведе каков е напредокот кон нејзина поширока примена.

Член 2

1. Оваа Конвенција се однесува на сите работници во гранките на стопанската дејност, каде што се применува.

2. Земјата-членка што ја ратификува оваа Конвенција, може по консултации со претставници на репрезентативните организации на засегнатите работодавачи и работници, да исклучат од примена, целосно или делумно, одредена категорија на работници, за случаите каде што постојат посебни тешкотии за нејзина примена

3. Секоја земја-членка што ја ратификува оваа Конвенција треба да ги наведе,

во својот прв извештај за примената на Конвенцијата, кој се поднесува според член 22 на Уставот на Меѓународната организација на трудот, категориите на работници коишто можат да бидат исклучени согласно став 2 од овој член, наведувајќи ги причините за ваквите изземања, а во последователните извештаи треба да се наведе каков било напредок кон нејзина поширока примена.

Член 3

За целите на оваа Конвенција:

(а) поимот ***гранка на стопанската дејност*** *ги* покрива сите гранки во кои што работниците се вработени, вклучително и јавните служби;

(б) поимот ***работници*** ги покрива сите вработени лица, вклучително и јавните службеници;

(в) поимот ***работно место*** ги покрива сите места каде што работниците треба да се наоѓаат или да одат поради причини поврзани со нивната работа и коишто се под директна или индиректна контрола на работодавачот;

(г) поимот ***прописи*** ги покрива сите одредби што имаат извршна моќ на закон донесен од надлежен орган или органи;

(д) поимот ***здравје,*** поврзано со работата, се однесува на отсуство на инфекции и болести; тој исто така ги вклучува физичките и менталните елементи коишто се директно поврзани со здавјето и хигената на работното место.

ДЕЛ II. ПРИНЦИПИ НА НАЦИОНАЛНАТА ПОЛИТИКА

Член 4

1. Секоја земја-членка, во согласност со националните услови и практика и во консултација со најголем дел од претставниците на организациите на работодавачите и работниците, формулира, спроведува и повремено ревидира кохерентна национална политика за безбедност и здравје при работа.

2. Целта на политиката е спречување на несреќи и повреди на здравјето што произлегуваат од, се поврзани со, или настануваат во текот на работата, преку сведување на минимум, колку што е тоа изводливо, на причините за опасностите поврзани со работната средина.

Член 5

Во политиката наведена во член 4 од оваа Конвенција се земаат предвид следниве главни области на делување, коишто влијаат врз безбедноста и здравјето при работа:

(а) проектирање, тестирање, избор, замена, инсталација, распоред, користење и одржување на материјалните елементи за работа (работно место, работна

средина, алати, машини и опрема, хемикалии, физички и биолошки супстанци и агенси, работни процеси);

(б) врските помеѓу материјалните елементи за работа и лицата коишто ја извршуваат или вршат надзор над работата и приспособувањето на машините, опремата, работното време, организацијата на работа и работните процеси кон физичките и менталните капацитети на работниците;

(в) обука, вклучувајќи напредна обука, квалификација и мотивација на лицата, во кое било својство, за постигнување на соодветно ниво на безбедност и здравје;

(г) комуникација и соработка на ниво на работна група и на ниво на претпријатие, како и на сите други соодветни нивоа, сè до национално ниво;

(д) заштита на работниците и на нивните претставници од дисциплински мерки што се должат на нивните активности преземени во согласност со политиките наведени во член 4 од оваа Конвенција.

Член 6

При формулирањето на политиката наведена во член 4 од оваа Конвенција се утврдуваат функциите и одговорностите во однос на безбедноста и здравјето при работа и работната средина, за јавните органи, работодавачите, работниците и останатите, имајќи го предвид комплементарниот карактер на ваквите одговорности и на националните услови и практика.

Член 7

Состојбата во однос на безбедноста и здравјето при работа и работната средина се контролира во соодветни временски интервали независно дали контролите се однесуваат на целокупната активност или на определени подрачја, со цел идентификување на главните проблеми, вклучување на ефикасни методи за справување со нив, приоритети за делување и евалуација на резултатите.

ДЕЛ III. ДЕЛУВАЊЕ НА НАЦИОНАЛНО НИВО

Член 8

Секоја земја-членка, преку соодветни закони или прописи или со друг метод конзистентен со националните услови и практика, како и во консултација со претставниците на организациите на засегнати работодавачи и работници, презема чекори што се неопходни за да се примени член 4 од оваа Конвенција.

Член 9

1. Примената за законите и прописите во однос на безбедноста и здравјето при работа и работната средина треба да бидат обезбедени со соодветен систем на инспекција.

2. Со системот на спроведување се предвидуваат соодветни казни за прекршување на законите и прописите.

Член 10

Се преземаат соодветни мерки за да се обезбеди насочување на работодавачите и на работниците со цел да им се помогне да ги исполнат законските обврски.

Член 11

Со цел да се ефектуира политиката наведена во член 4 на оваа Конвенција, надлежниот орган или органи треба да обезбедат прогресивно извршување на следниве функции:

(а) одредување онаму каде што природата и нивото на ризикот тоа го бараат, планот, изведбата или положбата на претпријатијата, отпочувањето со работа, поголеми промени што влијаат на нивното работење и на промените на нивните цели, безбедноста на техничката опрема која се користи при работа, како и примената на процедурите дефинирани од надлежните органи;

(б) определување на работниот процес и изложувањето на на супстанциите и агенсите кои треба да се забранат, да се ограничи или да се направи предмет на одобрување или контрола од належен орган или органи; се земаат предвид и опасностите по здравјето, коишто настануваат поради симултано изложување на неколку супстанции или агенси;

(в) воспоставување и примена на процедури за известување за несреќи и заболувања поврзани со работното место, по работодавач, осигурителни институции или останатите чинители коишто се директно засегнати и изготвување на годишна статистика за несреќи и заболувања поврзани со работното место;

(г) чување на барањата, за случаите на несреќите, заболувањата или други повреди на здравјето што произлегуваат или се поврзани со работата и упатуваат на сериозна ситуација;

(д) објавување на годишно ниво, информации за мерките што се преземаат за спроведување на политиката наведена во член 4 од оваа Конвенција и за несреќите, заболувањата и останатите повреди на здравјето кои произлегуваат од или можат да се поврзат со работата;

(ѓ) воведување или проширување на постоечките системи, согласно националните услови и можности , за испитување на хемиските, физичките и биолошките агенси од аспект на нивниот ризик врз здравјето на работниците.

Член 12

Се преземаат соодветни мерки, во согласност со националните закони и практика, од аспект на тоа дека оној кој проектира, произведува, увезува, обезбедува трансфер на машини, опрема или супстанции за професионална употреба мора:

(а) да се обезбеди во разумни гранции дека машините, опремата или супстанциите не претставуваат опасност за безбедноста и здравјето на оние што соодветно ги користат;

(б) да ги стават на располагање информациите што се однесуваат на правилна инсталација и употреба на машините и опремата, соодветната употреба на супстанциите, и информациите за опасностите на машините и опремата и опасните својства на хемиските супстанции и физичките и билошките агенси или производи, како и упатства за тоа како да се избегнат опасностите;

(в) спроведување студии и истражувања или на друг начин следење на научните и техничките достигнувања неопходни за усогласување со ставовите (а) и (б) од овој член.

Член 13

Работникот којшто се отстранил од ситуација на работното место, за која оправдано верува дека постои непосредна и сериозна опасност по неговиот живот или здравје, се заштитува од несаканите последици, во согласност со националните услови и практика.

Член 14

Се преземаат соодветни мерки за унапредување на прашањето за безбедноста и здравјето при работа на сите нивоа на образование и обука, вклучително и во високото техничко, медицинско или професионално образование на начин што ги задоволува потребите на сите работници, во согласност со националните услови и практика.

Член 15

1. Од аспект на обезбедување на кохерентност со политиката наведена во член 4 од оваа Конвенција и мерките за нејзина примена, секоја земја-членка, по консултација во најрана можна фаза со репрезентативните организации на работодавачите и работниците, и со останатите тела онаму каде што тоа е соодветно на националните услови и практика, обезбедува неопходна координација помеѓу различни органи и тела коишто се повикани да ги применуваат Деловите II и III од оваа Конвенција.

2. Во случаите кога околностите наметнуваат и националните услови и практика тоа го дозволуваат, овие уредувања вклучуваат воспоставување на централно тело.

ДЕЛ IV. ДЕЛУВАЊЕ НА НИВО НА ПРЕТПРИЈАТИЕ

Член 16

1. Работодавачите се осигуруваат, колку што е тоа изводливо, дека работното место, машините, опремата и процесите коишто се под нивна контрола се безбедни и без ризик за здравјето.

2. Работодавачите се осигуруваат, колку што е тоа изводливо, дека хемиските, физичките и биолошките супстанции и агенси под нивна контрола се без ризик за здравјето, кога ќе се преземат адекватни мерки на заштита.

3. Работодавачите обезбедуваат, каде што е тоа неопходно, соодветна заштитна облека и опрема за спречување, колку што е тоа практично изводливо, на ризикот од несреќи или од негативните влијанија врз здравјето.

Член 17

Во случај кога две или повеќе претпријатија ги извршуваат активностите едновремено на едно работно место, тие треба да соработуваат во примената на одредбите на оваа Конвенција.

Член 18

Работодавачите треба да предвидат, каде што е тоа неопходно, мерки за справување со итни случаи и несреќи, вклучувајќи соодветни уредувања за прва помош.

Член 19

На ниво на претпријатие има уредувања во согласност со кои:

(а) работниците при извршување на нивната работа соработуваат со нивниот работодавач во исполнувањето на обврските на работодавачот во однос на работникот;

(б) претставниците на работниците во претпријатијата соработуваат со работодавачот на полето на безбедност и здравје при работа;

(в) претставниците на работниците во претпријатијата добиваат адекватни информации и истите се консултираат за мерките што ги презема работодавачот за обезбедување на безбедност и здравје при работа, при што тие се обврзани да ги чуваат информациите како деловна тајна;

(г) работниците и нивните претставници во претпријатијата добиваат соодветна обука за безбедност и здравје при работа;

(д) работниците или нивните претставници во претпријатијата, согласно националните закони и практика, можат да бараат да бидат консултирани за сите аспекти на безбедноста и здравјето при работа; за оваа цел можат да бидат ангажирани надворешни технички советници врз основа на меѓусебен договор;

(ѓ) работникот веднаш доставува извештај до непосредниот надзорник за секоја ситуација за којашто верува дека претставува непосредна и сериозна опасност за неговиот живот или здравје; доколку е неопходно работодавецот да превземе акција за елиминирање на опасностите, сè додека тоа не го направи, тој не може да бара работникот да се врати на работното место каде што, е изложен на непосредна и сериозна опасност за неговиот живот или здравје.

Член 20

Соработката помеѓу раководството и работниците и/или нивните претставници во претпријатијата треба да биде основен елемент за организациски или други мерки коишто треба да се преземат во согласност со членовите 16 до 19 од оваа Конвенција.

Член 21

Мерките за безбедност и здравје при работа не треба да вклучуваат какви било трошоци за работниците.

ЗАВРШНО

ДЕЛ V: ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 22

Со оваа Конвенција не се ревидира која било меѓународна конвенција или препорака за трудот.

Член 23

Формалните ратификации на оваа Конвенција се проследуваат до Генералниот директор на Меѓународната канцеларија на трудот за регистрација.

Член 24

1. Оваа Конвенција е обврзувачка за оние земји-членки на Меѓународната организација на трудот, чии што ратификации се регистрирани од страна на Генералниот директор.

2. Оваа Конвенција стапува во сила дванаесет месеци по датумот на регистрирање на ратификациите од две земји-членки од страна на Генералниот директор.

3. Следствено, Конвенцијата стапува во сила за сите земји-членки, дванаесет месеци од датумот на регистрирање на нивните ратификации.

Член 25

1. Земјата-членка што ја ратификувала оваа Конвенција може да ја откаже истата по истекот на десет години од датумот кога Конвенцијата за прв пат стапила во сила, преку акт испратен за регистрација до Генералниот директор на Меѓународната канцеларија на трудот. Ова откажување нема да има ефект додека не измине една година од датумот на кој што е регистрирано.

2. Секоја земја-членка што ја ратификувала оваа Конвенција и што во временски период од една година по истекот на периодот од десет години наведен во претходниот став, не го искористи правото за откажување дадено со овој член, ќе биде обврзана за период од следните десет години, а потоа може да ја откаже оваа Конвенција по истекот на секој нов период од десет години согласно со условите предвидени со овој член.

Член 26

1. Генералниот директор на Меѓународната канцеларија на трудот ги известува сите земји-членки на Меѓународната организација на трудот за регистрирањето на ратификациите и актите за откажување доставени од страна земјите-членки на Организацијата.

2. При известувањето на земјите-членки на Организацијата за регистрацијата на втората ратификација, Генералниот директор ги известува земјите-членки на Организацијата за датумот по којшто Конвенцијата ќе стапи во сила.

Член 27

Генералниот директор на Меѓународната канцеларија на трудот ги доставува до Генералниот секретар на Обединетите нации за регистрација, согласно член 102 од Повелбата на Обединетите нации, целосните податоци за сите ратификации и акти на откажувања, регистрирани од него во согласност со одредбите од претходните членови.

Член 28

Управниот орган на Меѓународната канцеларија трудот, кога ќе смета за неопходно, доставува извештај до Генералната конференција за спроведувањето на оваа Конвенција и ја проверува подготвеноста на Конференцијата да го стави прашањето за нејзина целосна или делумна ревизија на својата агенда.

Член 29

1. Доколку Конференцијата донесе нова Конвенција за целосно или делумно ревидирање на оваа Конвенција, тогаш, освен ако со новата Конвенција не се предвидува поинаку:

а) ратификација на новата ревидирана конвенција од некоја земја-членка ќе значи *ipso jure* откажување на оваа Конвенција, без оглед на одредбите од член 25, ако

и кога новата ревидирана конвенција ќе влезе во сила;

б) од датумот кога новата ревидирана конвенција ќе влезе во сила, оваа Конвенција ќе престане да биде отворена за ратификација од земјите-членки.

2. Оваа Конвенција во секој случај останува во сила во нејзината постоечка форма и содржина за оние земји-членки коишто ја ратификувале, а не ја ратификувале ревидираната конвенција.

Член 30

Англиската и француската верзија на текстот на оваа Конвенција се подеднакво веродостојни.

ПРОТОКОЛ КОН КОНВЕНЦИЈАТА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА, 2002 ГОДИНА (БР.155)

Генералната конференција на Меѓународната организација на трудот,

свикана во Женева, од страна на Управниот орган на Меѓународната канцеларија на трудот, на деведесетата сесија, одржана на 3 јуни 2002 година и

имајќи ги предвид одредбите од член 11 од Конвенцијата за безбедност и здравје при работа од 1981 година, (во понатамошниот текст „Конвенцијата“), во кои се наведува:

„Заради спроведување на политиката наведена во член 4 од оваа Конвенција, надлежниот орган или органи обезбедуваат прогресивно извршување на следните функции:

...

(в) воспоставување и примена на постапки за известување во врска со несреќи и заболувања поврзани со работното место, од страна на работодавачите и кога е соодветно, од страна на осигурителните институции и други директно засегнати страни и изготвување на годишни статистички податоци за несреќи и заболувања поврзани со работното место;

...

(д) објавување, на годишно ниво, на информациите за мерките што се спроведуваат во насока на реализација на политиката наведена во член 4 од оваа Конвенција и за несреќите на работното место, професионалните заболувања и другите повреди на здравјето што може да настанат во текот или во врска со работата“.,

и

имајќи ја предвид потребата за зајакнување на процедурите за евиденција и известување за несреќите на работното место и професионалните заболувања како и за хармонизирање на системите за евиденција и известување, со цел утврдување на нивните причини и воспоставување превентивни мерки, и

одлучувајќи за донесување на одредени предлози во поглед на евиденцијата и известувањето за несреќи на работното место и професионални заболувања, коешто е петта точка на агендата на сесијата и

утврдувајќи дека овие предлози ќе бидат во форма на протокол кон Конвенцијата за безбедност и здравје при работа, 1981 г.;

на дваесетти јуни две илјади и втората година, го донесе следниот Протокол, којшто може да се цитира како Протокол од 2002 година кон Конвенцијата за безбедност и здравје при работа од 1981 година.

I. ДЕФИНИЦИИ

Член 1

За потребите на овој Протокол:

(а) поимот ***несреќа на работното место*** опфаќа појава што настанува заради и во текот на работата што резултира со фатална или нефатална повреда;

(б) поимот ***професионално заболување*** ја опфаќа секоја болест стекната како резултат на изложување на ризични фактори што произлегуваат од работната активност;

(в) поимот ***опасна појава*** значи настан што може да се утврди според дефинициите во националните закони и прописи, со потенцијал да предизвика повреда или болест на лицата на работа или на јавноста.

(г) поимот ***несреќа при патување*** значи несреќа што резултира со смрт или лична повреда што се појавува на пат меѓу местото на работа и местото на живеење и:

(i) основното или второто живеалиште на работникот;

(ii) местото каде што работникот обично има оброк; или

(iii) местото каде што работникот обично го прима својот надоместок.

II. СИСТЕМИ ЗА ЕВИДЕНЦИЈА И ИЗВЕСТУВАЊЕ

Член 2

Надлежниот орган, со закон, пропис или друг метод во согласност со националните услови и практика, и во консултации со најрепрезентативните организации на работодавачи и работници, воспоставува и повремено ревидира барања и процедури за:

(а) евидентирање на несреќи на работното место, професионални заболувања, и ако е соодветно, опасни појави, несреќи при патување и случаи на сомнеж за професионално заболување; и

(б) известување на несреќи на работното место, професионални заболувања, и ако е соодветно, опасни појави, несреќи при патување и случаи на сомнеж за професионално заболување;

Член 3

Со барањата и процедурите за евидентирање се одредуваат:

(а) одговорностите на работодавачите:

(i) за евидентирање на несреќи на работното место, професионални заболувања, и ако е соодветно, опасни појави, несреќи при патување и случаи на сомнеж за професионално заболување;

(ii) обезбедување соодветни информации на работниците и нивните претставници за системот за евидентирање;

(iii) обезбедување соодветно одржување на евиденцијата и нејзино користење за воспоставување на превентивни мерки; и

(iv) воздржување од преземање мерки за одмазда или дисциплински мерки против работникот што ќе пријави несреќа на работното место, професионално заболување, опасна појава, несреќа при патување и случај на сомнеж за професионално заболување;

(б) евидентирање на информациите;

(в) период на одржување на евиденцијата; и

(г) мерки за обезбедување доверливост на личните и медицинските податоци во сопственост на работодавачот, во согласност со националните закони, прописи, услови и практика.

Член 4

Со барањата и процедурите за известување се одредуваат:

(а) одговорностите на работодавачите:

(i) известување на надлежните органи или други назначени тела за несреќи на работното место, професионални заболувања, и ако е соодветно, опасни појави, несреќи при патување и случаи на сомнеж за професионално заболување; и

(ii) обезбедување соодветни информации на работниците и нивните претставници за пријавените случаи;

(б) каде што е соодветно, уредувањата за известување за несреќи на работното место и професионални заболувања од страна на осигурителните установи, служби за трудова медицина, медицински работници и други директно засегнати тела;

(в) критериумите во согласност со кои се пријавуваат несреќи на работното место, професионални заболувања, и ако е соодветно, опасни појави, несреќи при патување и случаи на сомнеж за професионално заболување; и

(г) роковите за известување.

Член 5

Известувањето вклучува податоци за:

(а) претпријатието и работодавачот;

(б) доколку е изводливо, за повредените лица и природата на повредите или заболувањето; и

(в) работното место, околностите за несреќата или опасната појава и во случај

на професионално заболување, околностите на изложување на опасност по здравјето.

III. НАЦИОНАЛНИ СТАТИСТИКИ

Член 6

Секоја земја-членка, што го ратификува Протоколот на годишно ниво, објавува статистички податоци што се репрезентативни за земјата во целина, а се однесуваат на несреќите на работното место, професионалните заболувања и ако е соодветно, на опасните појави, несреќите при патување, како и анализи за нив, врз основа на известувањата и другите достапни информации.

Член 7

Статистиките се воспоставуваат во согласност со шемите за класификација што се компатибилни со најновите важечки меѓународни шеми што ги утврдува Меѓународната организација на трудот или другите надлежни меѓународни организации.

ЗАВРШНО

IV. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 8

1. Земјата-членка може да го ратификува овој Протокол истовремено или во кое било време по ратификација на Конвенцијата, преку известување на Генералниот директор на Меѓународната канцеларија на трудот за формалната ратификација, заради регистрирање.

2. Протоколот влегува во сила 12 месеци по датумот на регистрирање на ратификациите од две земји-членки од страна на Генералниот директор. Следствено, овој Протокол влегува во сила за земјата-членка, 12 месеци од денот на регистрирање на ратификацијата од страна на Генералниот директор и Конвенцијата ќе биде обрзувачка за предметната земја-членка, заедно со членовите од 1 до 7 од овој Протокол.

Член 9

1. Земјата-членка што ќе го ратификува овој Протокол може да се откаже од него откако Конвенцијата ќе биде отворена за откажување, во согласност со член 25, со акт доставен до Генералниот директор на Меѓународната канцеларија на трудот заради регистрирање.

2. Откажувањето од Конвенцијата, согласно член 25, од страна на земја-членка што го ратификувала овој Протокол *ipso jure* вклучува и откажување од овој Протокол.

3. Секое откажување од овој Протокол во согласност со ставовите 1 или 2 од овој член влегува во сила една година од денот на неговото регистрирање.

Член 10

1. Генералниот директор на Меѓународната канцеларија на трудот ги известува сите земји-членки на Меѓународната организација на трудот за регистрацијата на ратификациите и актите за откажување доставени од страна земјите-членки на Организацијата.

2. При известувањето на земјите-членки на Организацијата за регистрацијата на втората ратификација, Генералниот директор ќе ги извести земјите-членки на Организацијата за датумот по којшто Протоколот влегува во сила.

Член 11

Генералниот директор на Меѓународната канцеларија на трудот ги доставува до Генералниот секретар на Обединетите нации за регистрација, согласно член 102 од Повелбата на Обединетите нации, целосните податоци за сите ратификации и акти на откажувања, регистрирани од него во согласност со одредбите од претходните членови.

Член 12

Англиската и француската верзија на текстот на оваа Конвенција се подеднакво веродостојни.

ПРЕПОРАКА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА, 1981 ГОДИНА, (БР. 164)

Генералната конференција на Меѓународната организација на трудот,

свикана во Женева, од страна на Управниот орган на Меѓународната канцеларија на трудот, на шеесет и седмата сесија, одржана на 3 јуни 1981 година и

одлучувајќи за донесување на одредени предлози во однос на безбедноста и здравјето и работната средина, што претставува шеста точка на дневниот ред на седницата, и

утврдувајќи дека овие предлози ќе бидат во форма на Препорака за надополнување на Конвенцијата за безбедност и здравје при работа, 1981 година,

на дваесет и втори јуни илјада деветстотини осумдесет и првата година, ја донесе следната Препорака, што може да се цитира како Препорака за безбедност и здравје при работа од 1981 година:

I. ПОЛЕ НА ПРИМЕНА И ДЕФИНИЦИИ

1. (1) Колку што е тоа можно, одредбите на Конвенцијата за безбедност и здравје при работа, 1981 година, во натамошниот текст наведена како Конвенцијата, и на оваа Препорака се применуваат за сите гранки од стопанските дејности и за сите категории на работници.

(2) Треба да се преземат мерки, колку што е тоа потребно и практично изводливо, за да им се овозможи на самовработените лица заштита што е аналогна на заштитата што се предвидува со Конвенцијата и со оваа Препорака.

2. Во смисла на оваа Препорака:

(а) терминот ***гранки на стопанска дејност*** ги покрива сите гранки во коишто се вработени работниците, вклучувајќи ја јавната служба;

(б) терминот ***работници*** ги покрива сите вработени лица, вклучувајќи ги и јавните службеници;

(в) терминот ***работно место*** ги означува сите места на кои работниците треба да бидат или каде тие треба да одат поради својата работа и кои се под директна или индиректна контрола на работодавачот;

(г) терминот ***прописи*** ги опфаќа сите одредби што надлежниот орган или органи ги применуваат во согласност со закон;

(д) поимот ***здравје***, во однос на работата, не упатува не само на непостоење на болест или слабост; туку вклучува и физички и ментални елементи што го загрозуваат здравјето, што е директно поврзано со безбедноста и хигиената на работа.

II. ТЕХНИЧКИ ПОЛИЊА НА ДЕЛУВАЊЕ

3. Како што е соодветно за различни гранки од стопанската дејност и различни видови на работа и земајќи го предвид принципот за приоритизирање на елиминирање на опасностите на самиот извор, треба да се преземат мерки за спроведување на политиката наведена во член 4 од Конвенцијата, особено во следните полиња:

(а) проектирање, лоцирање, структурни одлики, инсталација, одржување, поправка и измена на работните места и средствата за пристап до и излез од нив;
(б) осветлување, вентилација, ред и чистота на работните места;

(в) температура, влажност и струење на воздухот на работното место;

(г) проектирање, производство, користење, одржување, тестирање и проверка на машини и опрема што може да претставуваат опасност, и ако е тоа соодветно, нивно одобрување и пренос;

(д) спречување на штетен физички или ментален стрес што се должи на условите на работа;

(ѓ) ракување, поставување и складирање на товар и материјали, рачно или механички;

(е) користење електрична енергија;

(ж) производство, пакување, означување, превоз, складирање и користење опасни супстанции и агенси, отстранување на нивниот отпад и остатоци и, како што е соодветно, нивна замена со супстанции или агенси што не се опасни или што се помалку опасни;

(з) заштита од зрачење;

(ѕ) спречување и контрола на, како и заштита од опасности на работното место што произлегуваат од бучава и вибрации;

(и) контрола на атмосферата и другите амбиентални фактори на работните места;

(ј) спречување и контрола на опасности што произлегуваат од висок и низок барометарски притисок;

(к) спречување на пожар и експлозии и мерки што треба да се преземат во случај на пожар или експлозија;

(л) проектирање, производство, снабдување, користење, одржување и тестирање на лична заштитна опрема и заштитна облека;

(љ) санитарни капацитети, капацитети за миење, простории за пресоблекување и чување на облеката, снабдување со вода за пиење и други капацитети поврзани со безбедноста и здравјето при работа;

(м) пружање прва помош;

(н) утврдување на планови при итни случаи;

(њ) надзор врз здравјето на работниците.

III. ДЕЛУВАЊЕ НА НАЦИОНАЛНО НИВО

4. Заради спроведување на политиката наведена во член 4 од Конвенцијата, имајќи ги предвид техничките полиња за делување наведени во став 3 од оваа Препорака, надлежниот орган или органи во секоја земја треба да:

(а) издаде или одобри прописи, кодекси за работа или други соодветни одредби за безбедноста и здравјето при работа и работната средина, притоа земајќи ја предвид врската меѓу безбедноста и здравјето од една страна и работното време и паузите за одмор од друга страна;

(б) врши периодичен преглед на примената на законодавството во однос на безбедноста и здравјето при работа и работната средина, како и на одредбите издадени или одобрени во согласност со клаузула (а) од овој став, во согласност со искуството и напредокот во науката и технологијата;

(в) спроведе или промовира студии и истражување заради утврдување на опасностите и изнаоѓање начини за нивно надминување;

(г) обезбеди информации и совети, на соодветен начин, на работодавачите и работниците и унапредување или олеснување на соработката меѓу нив и нивните организации, со цел елиминирање на опасностите или нивно намалување, колку што е тоа практично, каде што е соодветно преку програма за обука мигрантските работници на нивниот мајчин јазик;

(д) обезбеди посебни мерки за спречување катастрофи, како и за координирање и преземање кохерентни активности на различни нивоа, особено во индустриските зони каде што се лоцирани претпријатија со висок потенцијален ризик за работниците и околното население;

(ѓ) обезбеди добра врска со Системот за предупредување за ризиците за здравјето и безбедноста на работа, што е воспоставен во рамките на Меѓународната организација на трудот;

(е) обезбеди соодветни мерки за хендикепираните работници.

5. Системот за инспекција предвиден во став 1 од член 9 од Конвенцијата треба да се заснова на одредбите од Конвенцијата за инспекција на трудот, 1947 г. и Конвенцијата за инспекција на трудот (земјоделство), 1969 г., без да се доведат во прашање обврските на земјите-членки што ги ратификувале тие инструменти.

6. Каде што е соодветно, надлежниот орган или органи, во консултации со репрезентативните организации на засегнари работодавачи и работници, промовира мерки во полето на работните услови, во согласност со политиката наведена во член 4 од Конвенцијата.

7. Главните цели на уредувањата наведени во член 15 од Конвенцијата се:

(а) спроведување на барањата од членовите 4 и 7 од Конвенцијата;

(б) координирање на реализацијата на функциите доделени на надлежниот орган или органи, во согласност со член 11 од Конвенцијата и став 4 од оваа Препорака;

(в) координирање на активностите во полето на безбедноста и здравјето при работа и работната средина, коишто се спроведуваат на национално, регионално или локално ниво, од страна на јавните власти, работодавачите и нивните организации, организациите и претставниците на работниците и од страна на другите засегнати лица или тела;

(г) промовирање размена на ставови, информации и искуство на национално ниво, на нивот на индустрија или на ниво на гранка од стопанската дејност.

8. Треба да се воспостави тесна соработка меѓу јавните власти и репрезентативните организации на работодавачи и на работници, како и со другите засегнати тела, во поглед на мерките за формулирање и примена на политиката наведена во член 4 од Конвенцијата.

9. Прегледот наведен во член 7 од Конвенцијата треба да ги опфаќа, пред сè, состојбите на најранливите работници, на пример, хендикепираните работници.

IV. ДЕЛУВАЊЕ НА НИВО НА ПРЕТПРИЈАТИЕ

10. Обврските што ги имаат работодавачите во насока на реализирање на целта од член 16 од Конвенцијата, како што е соодветно за различни гранки од стопанската дејност и различните видови работа, може да вклучуваат:

(а) обезбедување и одржување работни места, машини и опрема, како и примена на работни методи што се безбедни и не вклучуваат ризик по здравјето, колку што е тоа разумно практично;

(б) обезбедување неопходни упатства и обука, имајќи ги предвид функциите и капацитетите на различните категории на работници;

(в) обезбедување адекватен надзор на работата, на работните практики и на примената и користењето на мерките за безбедност и здравје при работа;

(г) воспоставување организациски уредувања во однос на безбедноста и здравјето при работа и работната средина, коишто се приспособени кон големината на претпријатието и природата на дејноста;

(д) обезбедување, без трошоци за работниците, соодветна лична заштитна облека и опрема што е разумно неопходна кога опасностите не може на друг начин да се спречат или контролираат;

(ѓ) осигурување дека работната организација нема негативно влијание врз безбедноста и здравјето при работа, особено во поглед на работното време и паузите за одмор;

(е) преземање на сите практични мерки во поглед на елиминирањето на преголемиот физички и ментлен замор;

(ж) спроведување студии и истражување или на друг начин следење на научното и техничко знаење што е неопходно за усогласување со горенаведените клаузули.

11. Ако две или повеќе претпријатија ги извршуваат своите активности едновремено на едно работно место, тие треба да соработуваат во примената на одредбите што се однесуваат на безбедноста и здравјето при работа и работната средина, без да се доведе во прашање одговорноста на секое од претпријатијата за безбедноста и здравјето на вработените. Во соодветни случаи, надлежниот орган или органи треба да пропишат општи процедури за ваквата соработка.

12. (1) Мерките што се преземаат за олеснување на соработката наведена во член 20 од Конвенцијата треба да вклучуваат, каде што е тоа соодветно и неопходно, назначување на делегати на работниците за безбедност, комитети за безбедност и здравје на работниците и/или заеднички комитети за безбедност и здравје, во согласност со националната практика; во заедничките комитети за безбедност и здравје, работниците треба да имаат најмалку еднаква застапеност со претставниците на работодавачите.

(2) Делегатите за безбедност на работниците, комитетите за безбедност и здравје на работниците и заедничките комитети за безбедност и здравје или како што е соодветно, другите претставници на работниците треба:

(а) да бидат соодветно информирани за прашањата од безбедноста и здравјето, да имаат можност за проверка на факторите што имаат влијание врз безбедноста и здравјето и да охрабруваат предлагање мерки на темата;

(б) да бидат консултирани при предвидувањето на нови поважни мерки за безбедност и здравје, како и пред нивно спроведување и да бараат поддршка од работниците за тие мерки;

(в) да бидат консултирани при планирање на измените во работните процеси, содржината на работата или организацијата на работата, коишто може да имаат импликации врз безбедноста и здравјето на работниците;

(г) да имаат заштита од отпуштање и други мерки при спроведување на нивните функции, во полето на безбедност и здравје при работа, во својство на претставници на работниците или во својство на членови на комитетите за безбедност и здравје;

(д) да бидат во можност да придонесуваат кон процесот на одлучување на ниво на претпријатие во поглед на безбедноста и здравјето;

(ѓ) да имаат пристап до сите делови на работното место и да може да комуницираат со работниците по прашањата за безбедност и здравје, во текот на работното време, на работното место;

(е) да може слободно да контактираат со инспекторите за труд;

(ж) да бидат во можност да придонесуваат кон преговорите во претпријатието во поглед на безбедноста и здравјето при работа;

(з) да имаат разумно време во текот на платеното работно време за спроведување на нивните функции за безбедност и здравје и да посетуваат обука поврзана со овие функции;

(ѕ) да ангажираат специјалисти за совет по одредени проблеми со безбедноста и здравјето.

13. Доколку е неопходно, во однос на активностите на претпријатието, и практично, во поглед на големината, треба да се донесат одредби за:

(а) достапноста на службата за медицина на трудот и службата за безбедност, во рамките на претпријатието, заедно со другите претпријатија или во согласност со договорите со надворешно тело;

(б) ангажирање специјалисти за совет за одредени проблеми по безбедноста или здравјето или надзор на примената на мерките заради нивно релизирање.

14. Каде што тоа се гарантира со природата на активностите на претпријатието, работодавачите треба да воспостават во писмена форма, политика и уредувања во областа на безбедноста и здравјето при работа, како и различни одговорности што треба да се реализираат во согласност со тие уредување, и секој работник да се извести соодветно, на јазикот или преку медиумот што работникот го разбира.

15. (1) Работодавачот треба редовно да го потврдува спроведувањето на применливите стандарди за безбедност и здравје при работа, на пример преку следење на животната средина, и да врши повремени систематски ревизии на безбедноста.

(2) Работодавачите треба да водат евиденција за безбедноста и здравјето при работа и животната средина, во согласност со барањата на надлежниот орган или органи; тука може да се вклучи евиденција на сите несреќи и повреди на здравјето на работното место за коишто се доставува известување, и кои настануваат во врска со работата, евиденција за овластувањата и исклучоците, во согласност со законите или прописите, за следење на здравјето на работниците во претпријатието, како и податоци за изложеност на определени супстанции и агенси.

16. Уредувањата предвидени со член 19 од Конвенцијата се во насока на осигурување дека работниците:

(а) разумно се грижат за сопствените и безбедноста и здравјето на другите лица што може да бидат засегнати од нивните активности или пропусти на работа;

(б) ги почитуваат упатствата што им се дадени за сопствените и безбедноста и здравјето на другите лица, преку процедурите за безбедност и здравје;

(в) правилно ги користат безбедносните уреди и заштитната опрема и не ги исклучуваат од употреба;

(г) веднаш го известуваат директниот надзорник за секоја ситуација што веруваат дека може да претставува опасност и со која не можат самите соодветно да се справат;

(д) известуваат за секоја несреќа или повреда на здравјето што произлегува во текот или во врска со работата.

17. Не треба да се преземаат никакви мерки што се на штета на работникот со упатување на фактот што тој, со чесни намери, се пожалил за нешто што сметал дека претставува кршење на законските барања или за сериозна несоодветност на мерките што ги презема работодавачот во однос на безбедноста и здравјето на работа и работната средина.

V. ВРСКИ СО ПОСТОЈНИТЕ МЕЃУНАРОДНИ КОНВЕНЦИИ И ПРЕПОРАКИ ЗА ТРУДОТ

18. Со оваа Препорака не се ревидира ниту една меѓународна препорака за трудот.

19. (1) При развојот и примената на политиката наведена во член 4 од Конвенцијата и без да се доведат во прашање нивните обврски од Конвенциите што ги ратификувале, земјите-членки треба да направат упатување до меѓународните конвенции и препораки наведени во Прилогот.

(2) Меѓународната конференција на трудот може да го измени Прилогот, со двотретинско мнозинство, а во врска со идното донесување или ревидирање на која било конвенција или препорака во полето на безбедноста и здравјето и работната средина.

АНЕКС

СПИСОК СО ИНСТРУМЕНТИ ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА И РАБОТНА СРЕДИНА ДОНЕСЕНИ ОД СТРАНА НА МЕЃУНАРОДНАТА КОНФЕРЕНЦИЈА НА ТРУДОТ ОД 1919 ГОДИНА

Година	*Конвенција*	*Препорака*
1921	13. Оловно белило (бојосување)	
1929	27. Означување на тежина (Пратки што се превезуваатсо пловни објекти)	
1937	62. Одредби за безбедност (Градежништво)	53. Одредби за безбедност(Градежништво)
1946	73. Медицински прегледи (Морнари)	79. Медицински преглед на млади лица 77. Медицински преглед на млади лица(Индустрија) 78. Медицински преглед на млади лица(Неиндустрискизанимања)
1947	81. Инспекцијата на трудот	81. Инспекција на трудот 82. Инспекција на трудот (Рударство и транспорт)
1949	92. Сместување на екипажот (ревидирана)	
1953	97. Заштита на здравјето на работниците	
1958	105. Медицински кутии на бродовите	106. Медицински совети на море
1959	113. Медицински преглед	112. Служби за медицина на трудот (Рибари)
1960	115. Заштита од зрачење	114. Заштита од зрачење
1963	119. Заштита на машини	118. Заштита намашини
1964	120. Хигиена (Трговија и деловни простории)	121. Надоместоци за повреда на работно место
1965	124. Медицински преглед на млади лица (Подземна работа)	
1967	127. Максимална тежина	128. Максимална тежина
1969	129. Инспекцијата на трудот (Земјоделство)	133. Инспекција на трудот(Земјоделство)

Година	*Конвенција*	*Препорака*
1970	133. Сместување на екипажот (Дополнителни одредби)	
	140. Сместување на екипажот(Климатизација)	
	141. Сместување на екипажот (Контрола на бучавата)	
		134. Спречување на Несреќи (морнари)
		142. Спречување на несреќи (морнари)
1971	136. Бензол	
	144. Бензол	
1974	139. Професионално заболување од рак	
	147. Професионално заболување од рак	
1977	148. Работна средина (Загадување на воздухот, бучаваи вибрации)	
	156. Работна средина (Загадување на воздухот, бучаваи вибрации),	
1979	152. Безбедност и здравје при работа (Работа на пристаниште)	
	160. Безбедност и здравје при работа (Работа на пристаниште)	

КОНВЕНЦИЈА ЗА СЛУЖБИТЕ ЗА МЕДИЦИНА НА ТРУДОТ, 1985 ГОДИНА, (БР. 161)

Генералната конференција на Меѓународната организација на трудот,

свикана во Женева од страна на Управувачкото тело на Меѓународната канцеларија на трудот, на седумдесет и првата сесија, одржана на 7 јуни 1985 година, и

забележувајќи дека заштитата на работниците од заболувања, болести и повреди што произлегуваат од нивното вработување е една од задачите што и е доверена на Меѓународната организација на трудот врз основа на нејзиниот Основачки акт,

земајќи ги предвид релевантните меѓународни конвенции и препораки за трудот и, особено, Препораката за заштита на здравјето на работниците од 1953 година, Препораката за службите за медицина на трудот од 1959 година, Конвенцијата за претставници на работниците од 1971 година и Конвенцијата и Препораката за здравје и безбедност при работа од 1981 година, со кои се утврдуваат принципите на националните политики и акции на национално ниво,

одлучувајќи за донесување одредени предлози во однос на службите за медицина на трудот, што претставува четврта точка на дневниот ред на сесијата, и

утврдувајќи дека овие предлози ќе бидат во форма на меѓународна Конвенција:

на дваесет и шести јуни илјада деветстотини осумдесет и петтата година, ја донесе следната Конвенција, којашто може да се цитира како Конвенција за службите за медицина на трудот од 1985 година:

ДЕЛ И. ПРИНЦИПИ НА НАЦИОНАЛНАТА ПОЛИТИКА

Член 1

За целите на оваа Конвенција:

(а) поимот ***служби за медицина на трудот*** ги означува службите коишто имаат првенствено превентивна функција и одговорност за советување на работодавачот, работниците и нивните претставници во претпријатието за:

(1) барањата за воспоставување и одржување на безбедна и здрава работна средина којашто ќе го олесни оптималното физичко и метално здравје во однос на работата;

(2) приспособување на работата кон можностите на работниците од аспект на нивното физичко и ментално здравје;

(б) поимот ***претставници на работниците во претпријатието*** ги означува лицата коишто се признаени како такви врз основа на националното законодавство и практика.

Член 2

Од аспект на националните услови и практика и во консултација со најрепрезентативните организации на работодавачите и работниците, онаму каде што истите постојат, секоја земја-членка формулира, спроведува и периодично ревидира кохерентна национална политика за службите за медицина на трудот.

Член 3

1. Секоја земја-членка презема мерки за прогресивен развој на службите за медицина на трудот за сите работници, вклучително и оние од јавниот сектор и членовите на производните задруги, во сите гранки на стопанската дејност и во сите претпријатија. Одредбите треба да бидат соодветни на специфичните ризици во претпријатијата.

2. Доколку не постои можност за воспоставување служби за медицина на труд во сите претпријатија, секоја земја-членка прави план за воспоставување на вакви служби во консултација со најрепрезентативните организации на работодавачите и работниците, онаму каде што истите постојат.

3. Секоја земја-членка, во својот прв извештај за примената на Конвенцијата поднесен според член 22 од Основачкиот акт на Меѓународната организација на трудот, го наведува планот утврден во согласност со став 2 на овој член и во последователните извештаи го наведува напредокот во примената на одредбите.

Член 4

Надлежните органи треба да ги консултираат најрепрезентативните организации на работодавачите и работниците, онаму каде што таквите постојат, за мерките што ќе се преземат согласно одредбите на оваа Конвенција.

ДЕЛ II. ФУНКЦИИ

Член 5

Без да се доведе во прашање одговорноста на секој работодавач за безбедноста и здравјето на работниците на работното место, како и потребата за вклучување на работниците во решавање на прашања за безбедност и здравје при работа, службите за медицина на трудот имаат такви функции што се соодветни на професионалните ризици во претпријатието:

(а) идентификација и процена на здравствените ризици на работното место;

(б) утврдување на факторите и практиките во работната средина коишто можат да влијаат врз здравјето, вклучувајќи ги сантитарните инсталации, кантини и сместувачките капацитети што ги обезбедуваат работодавачите;

(в) совети за планирање и организација на работата, вклучително и дизајнот на работното место, како и изборот, одржувањето и состојбата на машините и на

останатата опрема, како и на супстанциите што се користат при работа;

(г) учество во развојот на програмите за унапредување на работните практики, како и тестирање и оцена на здравствените аспекти на новата опрема;

(д) совети за здравјето, безбедноста, хигената на работа, како и за ергономијата и опремата за индивидуална и колективна заштита;

(ѓ) обезбедување на здравјето на работниците во однос на работата;

(е) промовирање на приспособувањето на работата кон работникот;

(ж) придонес во мерењето на професионалната рехабилитација;

(з) соработка во обезбедување на информации, обука и едукација на подрачјето на професионалното здравје, хигената и ергономијата;

(ѕ) организација на прва помош и на итна служба;

(и) учество во анализата на професионалните несреќи и професионалните заболувања.

ДЕЛ III. ОРГАНИЗАЦИЈА

Член 6

Се предвидува воспоставување на служби за медицина на трудот:

(а) преку закони и прописи; или

(б) со колективни договори или ако е поинаку договорено со засегнатите работодавачи и работници; или

(в) на било кој друг начин одобрен од надлежните органи по консултација со репрезентативните организации на засегнати работодавачи и работници.

Член 7

1. Службите за медицина на трудот може да се организираат како: служба за едно претпријатие или како заедничка служба за повеќе претпријатија.

2. Во согласност со националните услови и практика, службите за медицина на трудот може да ги организираат:

(а) претпријатијата или групациите на засегнатите претпријатија;

(б) државни органи или официјални служби;

(в) институциите за социјално осигурување;

(г) кои било други тела овластени од надлежните органи;

(д) комбинација на горенаведеното.

Член 8

Работодавачот, работниците и нивните претставници, онаму каде што истите постојат, треба да соработуваат и учествуваат во спроведувањето на организациските и останатите мерки поврзани со службите за медицина на трудот на еднаква основа.

ДЕЛ IV. УСЛОВИ НА ФУНКЦИОНИРАЊЕ

Член 9

1. Согласно националните закони и практики, службите за медицина на трудот се мултидисциплинарни. Составот на персоналот се утврдува според природата на должностите што се извршуваат.

2. Функцијата на службите за медицина на трудот се извршува во соработка со останатите служби во рамки на претпријатијатието.

3. Согласно националните закони и практики, се превземаат мерки за да се обезбеди адекватна соработка и координацијата помеѓу службите за медицина на трудот со останатите тела коишто се засегнати со обезбедување здравствени услуги.

Член 10

Лицата кои што обезбедуваат професионални здравствени услуги уживаат целосна професионална независност од работодавачите, работниците, и нивните претставници, во однос на функциите наведени во член 5.

Член 11

Надлежниот орган ги утврдува квалификациите што треба да ги поседуваат лицата кои обезбедуваат професионални здравствени услуги, согласно со природата на обврските што ги извршуваат и согласно националните закони и практики.

Член 12

Надзорот на здравјето на работниците поврзано со работата, не треба да ја намалува заработувачката на работниците, услугата е бесплатна и се остварува доколку е можно во текот на работното време.

Член 13

Сите работници се информираат за здравствените ризици поврзани со нивната работа.

Член 14

Работодавачот и работниците ги известуваат службите за медицина на трудот за било кој познат фактор или за било што сомнително во работното опкружување, кое може да влијае на здравјето на работниците.

Член 15

Службите за медицина на трудот се известуваат за случаите на нарушено здравје кај работниците и отсуството од работа поради здравствени причини, со цел да се идентификува дали постои каква било поврзаност помеѓу причините за нарушеното здравје и отсуството од работа со некои од здравствени ризици коишто се присутни на работното место. Лицата кои што ги обезбедуваат професионалните здравствени услуги не треба да бараат работодавачот да ги верификува причините за отсуството од работа.

ДЕЛ V. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 16

Со националните закони и прописи се одредува орган или органи одговорни за следење на работата и советување на службите за медицина на трудот, по нивното основање.

ЗАВРШНО

Член 17

Формалните ратификации на оваа Конвенција се проследуваат до Генералниот директор на Меѓународната канцеларија на трудот за регистрација.

Член 18

1. Оваа Конвенција е обврзувачка за оние земји-членки на Меѓународната организација на трудот, чиишто ратификации се регистрирани од страна на Генералниот директор.

2. Оваа Конвенција стапува во сила дванаесет месеци по датумот на регистрирање на ратификациите од две земји-членки од страна на Генералниот директор.

3. Следствено, Конвенцијата стапува во сила за сите земји-членки, дванаесет месеци од датумот на регистрирање на нивните ратификации.

Член 19

1. Земјата-членка што ја ратификувала оваа Конвенција може да ја откаже истата по истекот на десет години од датумот кога Конвенцијата за прв пат стапила во сила, преку акт испратен за регистрација до Генералниот директор на Меѓународната канцеларија на трудот. Ова откажување нема да има ефект додека не измине една година од датумот на кој што е регистрирано.

2. Секоја земја-членка што ја ратификувала оваа Конвенција и што во временски период од една година по истекот на периодот од десет години наведен во претходниот став, не го искористи правото за откажување дадено со овој член, ќе биде обврзана за период од следните десет години, а потоа може да ја откаже оваа

Конвенција по истекот на секој нов период од десет години согласно со условите предвидени со овој член.

Член 20

1. Генералниот директор на Меѓународната канцеларија на трудот ги известува сите земји-членки на Меѓународната организација на трудот за регистрирањето на ратификациите и актите за откажување доставени од страна земјите-членки на Организацијата.

2. При известувањето на земјите-членки на Организацијата за регистрацијата на втората ратификација, Генералниот директор ги известува земјите-членки на Организацијата за датумот по којшто Конвенцијата ќе стапи во сила.

Член 21

Генералниот директор на Меѓународната канцеларија на трудот ги доставува до Генералниот секретар на Обединетите нации за регистрација, согласно член 102 од Повелбата на Обединетите нации, целосните податоци за сите ратификации и акти на откажувања, регистрирани од него во согласност со одредбите од претходните членови.

Член 22

Управниот орган на Меѓународната канцеларија на трудот, кога ќе смета за неопходно, доставува извештај до Генералната конференција за спроведувањето на оваа Конвенција и ја проверува подготвеноста на Конференцијата да го стави прашањето за нејзина целосна или делумна ревизија на својата агенда.

Член 23

1. Доколку Конференцијата донесе нова Конвенција за целосно или делумно ревидирање на оваа Конвенција, освен ако со новата Конвенција не се предвидува поинаку:

а) ратификација на новата ревидирана конвенција од некоја земја-членка ќе значи *ipso jure* откажување на оваа Конвенција, без оглед на одредбите од член 19, ако и кога новата ревидирана конвенција ќе стапи во сила;

б) од датумот кога новата ревидирана конвенција стапува во сила, оваа Конвенција ќе престане да биде отворена за ратификација од земјите-членки.

2. Оваа Конвенција во секој случај останува во сила во нејзината постоечка форма и содржина за оние земји-членки коишто ја ратификувале, а не ја ратификувале ревидираната Конвенција.

Член 24

Англиската и француската верзија на текстот на оваа Конвенција се подеднакво веродостојни.

ПРЕПОРАКА ЗА СЛУЖБИТЕ ЗА МЕДИЦИНА НА ТРУДОТ, 1985 ГОДИНА, (БР. 171)

Генералната конференција на Меѓународната организација на трудот,

свикана во Женева од страна на Управувачкото тело на Меѓународната канцеларија на трудот, на седумдесет и првата седница, одржана на 7 јуни 1985 година, и

забележувајќи дека заштитата на работниците од заболувања, болести и повреди што произлегуваат од нивното вработување е една од задачите што и е доверена на Меѓународната организација на трудот врз основа на нејзиниот Основачки акт,

земајќи ги предвид релевантните меѓународни конвенции и препораки за трудот и, особено, Препораката за заштита на здравјето на работниците, 1953 година, Препораката за службите за медицина на трудот, 1959 година, Конвенцијата за работничките претставници, 1971 година и Конвенцијата и Препораката за здравје и безбедност при работа, 1981 година, со кои се утврдуваат принципите на националните политики и акции на национално ниво и Трипартитната декларација за принципите во врска со мултинационалните претпријатија и социјалната политика, донесена од страна на Управувачкото тело на Меѓународната канцеларија на трудот,

одлучувајќи за донесување одредени предлози во однос на службите за медицина на трудот, што претставува четврта точка на дневниот ред на сесијата, и

утврдувајќи дека овие предлози ќе бидат во форма на Препорака за надополнување на Конвенцијата за службите за медицина на трудот, 1985 година:

на дваесет и шести јуни илјада деветстотини осумдесет и петтата година, ја донесе следната Препорака, што може да се цитира како Препорака за службите за медицина на трудот од 1985 година:

I. ПРИНЦИПИ НА НАЦИОНАЛНАТА ПОЛИТИКА

1. Секоја земја-членка треба, со оглед на националните услови и практиката и по консултации со најрепрезентативните организации на работодавачите и работниците, таму каде што тие постојат, да формулира, спроведува и периодично да ревидира кохерентна национална политика за службите за медицината на трудот, што треба да ги вклучува општите принципи со кои се уредуваат нивните функции, организацијата и работењето.

2. (1) Секоја членка треба постепено да развие служби за медицина на трудот за сите работници, вклучувајќи ги работниците во јавниот сектор и членовите на производните задруги, во сите гранки на економските активности и сите претпријатија. Преземените мерки треба да бидат адекватни и во согласност со специфичните ризици за здравјето во претпријатијата.

(2) Исто така, треба да се преземат мерки, колку што е тоа потребно и изводливо, за да им се овозможи на самовработените лица заштита што е аналогна на заштитата што се предвидува со Конвенцијата за службите за медицина на трудот, 1985 година и со оваа Препорака.

II. ФУНКЦИИ

3. Улогата на службите за медицина на трудот би требало да биде првенствено превентивна.

4. Службите за медицина на трудот би требало да утврдат програма за активности која е приспособена на претпријатието или претпријатијата што тие ги покриваат, земајќи ги предвид особено професионалните ризици во работната средина, како и проблемите што се специфични за соодветната гранка на економската дејност.

А. НАДЗОР ВРЗ РАБОТНАТА СРЕДИНА

5. (1) Надзорот врз работната средина треба да вклучува:

(а) идентификација и оценување на факторите од работната средина што може да влијаат врз здравјето на работниците;

(б) процена на условите за хигиената на трудот и факторите на организацијата на работата што може да доведат до појавата на ризици за здравјето на работниците;

(в) процена на колективната и личната заштитна опрема;

(г) процена, кога е тоа соодветно, на изложувањето на работниците на опасни агенси преку важечки и општо прифатени методи за следење;

(д) процена на контролните системи што се наменети за отстранување или намалување на изложувањето.

(2) Таквиот надзор треба да се спроведува заедно со останатите технички служби на претпријатието и во соработка со засегнатите работници и нивните претставници во претпријатието или со комитетите за безбедност и здравје при работа, ако постојат.

6. (1) Во согласност со националното законодавство и практика, за податоците што произлегуваат од надзорот на работната средина треба да се води евиденција на соодветен начин и тие треба да му бидат достапни на работодавачот, работниците и нивните претставници во соодветното претпријатие или на комитетот за безбедност и здравје , ако постои.

(2) Овие податоци треба да се употребуваат со доверливост и единствено за обезбедување упатства и совети за мерките за подобрување на работната средина и на безбедноста и здравјето на работниците.

(3) Надлежните органи треба да имаат пристап до овие податоци. Службите

за медицина на трудот може да ги соопштуваат овие податоци на други лица единствено со согласноста на работодавачот и работниците или нивните претставници во претпријатието, или на комитетот за безбедност и здравје, ако постои.

7. Надзорот врз работната средина треба да вклучува посети од страна на вработените во службите за медицина на трудот што се смета дека неопходни за испитување на факторите во работната средина што може да влијаат врз здравјето на работниците, здравствените услови на работното место и врз условите за работа.

8. Службите за медицина на трудот треба:

(а) да го следат изложувањето на работниците на посебните ризици за здравјето, кога тоа е неопходно;

(б) да вршат надзор врз санитарните инсталации и останатите капацитети што им се ставени на располагање на работниците од страна на работодавачот, како што се водата за пиење, кантините и објектите за сместување;

(в) да даваат совети за можното влијание на употребата на технологиите врз здравјето на работниците;

(г) да учествуваат во изборот на потребната лична заштитна опрема на работниците од професионалните ризици и да даваат совети во врска со тоа;

(д) да соработуваат при анализата на работните места и проучувањето на организацијата и методите за работа со цел да обезбедат подобро приспособување на работата кон работниците;

(ѓ) да учествуваат во анализата на несреќите на работа и професионалните заболувања и во програмите за превенција на несреќите.

9. Вработените во службите за медицина на трудот треба, по информирање на работодавачот, работниците и нивните претставници, кога е тоа соодветно:

(а) да имаат слободен пристап до сите работни места и до инсталациите што претпријатието ги обезбедува за работниците;

(б) да имаат пристап до информациите што се однесуваат на процесите, стандардите за работењето, производите, материјалите и супстанциите што се употребуваат или се планира да се употребуваат, под услов ако ја чуваат доверливоста на сите тајни информации што може да ги дознаат и што не влијаат врз здравјето на работниците;

(в) да можат да земаат, за целите на анализата, мостри од производите, материјалите и супстанциите што се користат или со кои се ракува.

10. Службите за медицината на трудот треба да се консултираат во врска со предложените измени на работните процеси или на условите за работа што би можеле да влијаат врз здравјето или безбедноста на работниците.

Б. НАДЗОР ВРЗ ЗДРАВЈЕТО НА РАБОТНИЦИТЕ

11. (1) Надзорот врз здравјето на работниците треба да ги опфаќа, во случаите и под условите што се определени од страна на надлежните органи, сите процени што се потребни за заштита на здравјето на работниците, што може да вклучуваат:

(а) здравствена процена на работниците пред нивното распоредување на определените работни места што може да вклучуваат опасност по нивното здравје или по здравјето на другите;

(б) процена на здравствената состојба на работниците во определени временски интервали во текот на вработувањето што вклучува изложување на некој посебен ризик за здравјето;

(в) процена на здравствената состојба при враќањето на работа по продолжено отсуство од здравствени причини за да се утврди дали нарушеното здравје е предизвикано од причини поврзани со професијата, препорачување на соодветни акции за заштита на работниците и за утврдување на соодветноста на работникот за конкретното работно место и дали има потреба за негово распоредување на друго работно место и за рехабилитација;

(г) процена на здравствената состојба на работникот при и по завршувањето на работните задачи што вклучуваат опасности кои може да бидат причина за, или да придонесат кон идното влошување на здравјето.

(2) Треба да се преземат мерки за заштита на приватноста на работниците и за осигурување дека здравствениот надзор не се употребува за дискриминаторски цели или на каков било друг начин што им штети на нивните интереси.

12. (1) Во случајот кога работниците се изложени на определени професионални ризици, покрај проценките на нивната здравствена состојба што се предвидени со став 11 на оваа Препорака, надзорот врз здравјето на работниците треба да ги вклучува, по потреба, сите потребни прегледи и испитувања за откривање на степенот на изложување и раните биолошки последици и реакции.

(2) Ако веќе постои важечки и општо прифатена метода за биолошко следење на здравјето на работниците за целите на раното откривање на последиците по здравјето од изложувањето на определени професионални ризици, таа може да се употребува за идентификација на работниците на кои им е потребен детален лекарски преглед, под услов ако работникот даде согласност за тоа.

13. Службите за медицината на трудот треба да се информираат за случаите на заболувања кај работниците и за отсуствата од работата поради здравствени причини, за да може да бидат способни да утврдат дали постои каква било поврзаност меѓу причините за болеста или отсуството од работа и какви било ризици за здравјето што може да постојат на работното место. Работодавачот не треба да бара од вработените во службите за медицина на трудот да ја потврдуваат основаноста на причините за отсуство од работа.

14. (1) Службите за медицина на трудот треба да водат евиденција за здравјето на работниците во лични доверливи здравствени досиеја. Овие досиеја треба, исто така, да содржат информации за работното место на кое работи работникот, за изложувањето на професионални ризици што се поврзани со неговото работно место и за резултатите на проценитe на неговото изложување на овие ризици.

(2) Вработените во службите за медицина на трудот треба да имаат пристап до личните здравствени досиеја единствено под услов ако информациите што се содржани во досиејата се со значење за вршењето на нивните должности. Кога досиејата содржат лични информации што се од доверлива медицинска природа, овој пристап треба да биде ограничен единствено за медицинскиот персонал.

(3) Личните податоци за проценитe на здравствената состојба може да им се соопштуваат на други лица единствено со согласност од засегнатиот работник.

15. Условите и периодот во кој треба да се чуваат личните здравствени досиеја, условите под кои тие може да се соопштуваат или пренесуваат и неопходните мерки што треба да се преземат за чување на нивната доверливост, особено кога податоците што се содржани во нив се чуваат во компјутер, треба да се пропишат со националните закони или прописи или од страна на надлежните органи, или, во согласност со националната практика, тие треба да се уредени со признаените етички упатства.

16. (1) По завршувањето на предвидениот лекарски преглед за целите на утврдувањето на способноста за работа што вклучува изложување на определен ризик, лекарот што го извршил прегледот треба да ги информира за своите заклучоци, во писмена форма, работникот и работодавачот.

(2) Овие заклучоци не треба да содржат какви било информации од медицинска природа; во нив може, во зависност од случајот, да се наведе дали работникот е способен за предложеното работно место, или да се наведат видовите работни места и условите за работа што се, привремено или трајно, контраиндицирани за тој работник од здравствени причини.

17. Ако продолженото вработување на некој работник на определено работно место е контраиндицирано поради здравствени причини, службата за медицина на трудот треба да даде свој придонес кон напорите за наоѓање на друго работно место за тоа лице во претпријатието или за наоѓање на друго соодветно решение.

18. Во случај на откривање на професионално заболување преку надзорот врз здравјето на работникот, надлежните органи треба да се известат во согласност со националното законодавство и практика. Работодавачот, работниците и претставниците на работниците треба да се информираат дали било извршено таквото известување.

В. ИНФОРМИРАЊЕ, ОБРАЗОВАНИЕ, ОБУКА И СОВЕТИ

19. Службите за медицина на трудот треба да учествуваат во дизајнирањето и спроведувањето на програмите за информирање, образование и обука на вработените во претпријатието во врска со здравјето и хигиената на работа.

20. Службите за медицина на трудот треба да учествуваат во обуката и редовното стручно усовршување на вработените во службата за прва помош и во постепеното и постојаното обучување на сите работници во претпријатието кои придонесуваат кон безбедноста и здравјето при работа.

21. За целите на унапредувањето на приспособувањето на работата кон работниците и подобрувањето на условите за работа и работната средина, службите за медицина на трудот треба да дејствуваат во својство на советници за здравјето, хигиената и ергономијата на работното место на работодавачот, работниците и нивните претставници во претпријатието и на комитетот за безбедност и здравје, ако постои, и треба да соработуваат со телата што веќе работат како советници во оваа област.

22. (1) Секој работник треба да се информира на адекватен и соодветен начин за ризиците за здравјето што се поврзани со неговата работа, за резултатите од лекарските прегледи што му биле извршени и за проценатa за неговото здравје.

(2) Секој работник треба да има право да му бидат поправени сите податоци што се погрешни или може да доведат до определена грешка.

(3) Покрај тоа, службите за медицина на трудот треба да им обезбедат на работниците лични совети за нивното здравје во однос на нивната работа.

Г. ПРВА ПОМОШ, ЛЕКУВАЊЕ И ЗДРАВСТВЕНИ ПРОГРАМИ

23. Земајќи го предвид националното законодавство и практика, службите за медицина на трудот во претпријатијата треба да обезбедуваат прва помош и итна медицинска помош во случај на несреќи или кога работниците не се чувствуваат добро на работното место и треба да соработуваат со организацијата на првата помош.

24. Земајќи ја предвид организацијата на превентивната медицина на национално ниво, службите за медицина на трудот може, кога е тоа можно и соодветно:

(а) да спроведуваат имунизација во однос на биолошките ризици во работната средина;

(б) да земат учество во кампањите за заштита на здравјето;

(в) да соработуваат со здравствените служби во рамките на програмите за јавното здравство.

25. Земајќи го предвид националното законодавство и практика и по консултации со најрепрезентативните организации на работодавачите и работниците, ако

постојат, надлежните органи треба, кога е тоа неопходно, да ги овластат службите за медицина на трудот, со согласност на сите заинтересирани страни, вклучувајќи го работникот и неговиот лекар или службите за примарна здравствена заштита, кога е тоа применливо, да ги преземаат или да учествуваат во една или повеќе од следниве функции:

(а) лекување на работниците што не престанале со работа или што се вратиле на работа по отсуство;

(б) лекување на жртвите на несреќи на работното место;

(в) лекување на професионалните заболувања и на здравјето што е нарушено од работата;

(г) медицинските аспекти на стручното дополнително образование и рехабилитацијата.

26. Земајќи го предвид националното законодавство и практика во врска со организацијата на здравствената заштита и оддалеченоста од клиниките, службите за медицина на трудот може да вршат и други активности за здравствена заштита, вклучувајќи ја куративната медицинска нега за работниците и нивните семејства, со овластување од надлежните органи и по консултации со најрепрезентативните организации на работодавачите и работниците, ако постојат.

27. Службите за медицина на трудот треба да соработуваат со останатите заинтересирани служби во утврдувањето на планови за вонредни акции во случајот на поголеми несреќи на работното место.

Д. ДРУГИ ФУНКЦИИ

28. Службите за медицина на трудот треба да ги анализираат резултатите од надзорот врз здравјето на работниците и врз работната средина, како и резултатите од биолошкото следење и личното следење на изложувањето на работниците на професионалните ризици, ако тие постојат, за целите на утврдувањето на можните врски меѓу изложувањето на професионалните ризици и нарушеното здравје, и да предложуваат мерки за подобрување на условите за работа и на работната средина.

29. Службите за медицина на трудот треба да изготвуваат планови и извештаи во соодветни временски интервали за своите активности и за здравствените услови во претпријатието. Овие планови и извештаи треба да им бидат достапни на работодавачот и на претставниците на работниците во претпријатието, или на комитетот за здравје и безбедност, ако постои, и треба да им бидат достапни на надлежните органи.

30. (1) Службите за медицина на трудот, во консултации со претставниците на работодавачите и работниците, треба да придонесуваат кон истражувањето, во рамките на своите ресурси, преку учество во студии или анкети во претпријатието

или во соодветната гранка на економската активност, на пример, заради прибирање податоци за епидемиолошки потреби и за насочување на своите активности.

(2) Резултатите од извршените мерења во работната средина и од проценете на здравствената состојба на работниците може да се употребат за истражувачки цели, во согласност со одредбите на ставовите 6 (3), 11(2) и 14 (3) на оваа Препорака.

31. Службите за медицина на трудот треба да учествуваат, заедно со останатите служби во претпријатието, по потреба, во мерките за спречување на штетните влијанија на активностите на претпријатието врз поширокаата животна средина.

III. ОРГАНИЗАЦИЈА

32. Службите за медицина на трудот треба, колку што е тоа можно, да се наоѓаат на или во близина на работното место, или треба да бидат организирани на таков начин што ќе се осигури дека нивните функции се вршат на работното место.

33. (1) Работодавачот, работниците и нивните претставници, ако постојат, треба да соработуваат и да земат учество во спроведувањето на организациските и другите мерки што се поврзани со службите за медицината на трудот врз рамноправна основа.

(2) Во согласност со националните услови и практика, работодавачите и работниците или нивните претставници во претпријатието или комитетот за безбедност и здравје, ако постои, треба да учествуваат во носењето на одлуките што се однесуваат на организацијата и работењето на овие служби, вклучувајќи ги одлуките за вработување на персоналот и за планирање на програмите на службите.

34. (1) Службите за медицината на трудот може да се организираат како служба во рамките на едно претпријатие или како заедничка служба за повеќе претпријатија, како што е соодветно.

(2) во согласност со националните услови или практики, службите за медицина на трудот може да се организираат од страна на:

(а) засегнатите претпријатија или групи претпријатија;

(б) јавните органи или официјалните служби;

(в) установите за социјална заштита;

(г) кои било други тела што се овластени од надлежните органи;

(д) комбинација на кои било од горе наведените.

(3) Надлежните органи треба да ги утврдат околностите под кои, во отсуство на служба за медицина на трудот, соодветните постоечки служби може, како привремена мерка, да бидат признаени како овластени тела во согласност со потставот 2(г) на овој став.

35. Во ситуациите кога надлежните органи, по консултации со најрепрезентативните организации на засегнатите работодавачи и работници, ако постојат, ќе утврдат дека воспоставувањето на служба за медицина на трудот, или пристап до таква служба, не е практично изводливо, претпријатијата треба, како привремена мерка, да постигнат спогодби, по консултации со претставниците на работниците во претпријатието или комитетот за здравје и безбедност, ако постои, со локалната здравствена служба за вршење на лекарските прегледи што се пропишани со националните закони или прописи, обезбедување надзор врз здравствените услови на работното место и осигурување дека првата помош и итната медицинска помош се правилно организирани.

IV. УСЛОВИ ЗА РАБОТЕЊЕ

36. (1) Во согласност со националното законодавство и практика, службите за медицина на трудот треба да се состојат од мултидисциплинарни екипи чијшто состав треба да се утврди во согласност со природата на должностите што треба да се извршуваат.

(2) Службите за медицина на трудот треба да имаат доволен технички персонал со специјалистичка обука и искуство во областите како што се медицината на трудот, хигиената на трудот, ергономијата, медицинска нега на трудот и другите релевантни области. Тие треба, колку што е можно, да бидат во тек со напредокот на научното и техничкото знаење што е неопходно за вршење на своите должности и треба да добијат можности за такво усовршување без губење на примањата.

(3) Службите за медицина на трудот треба, покрај тоа, да поседуваат административен персонал што е неопходен за нивното работење.

37. (1) Треба да се заштити професионалната независност на вработените во службите за медицина на трудот. Во согласност со националното законодавство или практика, ова може да се изврши преку законите или прописите и со соодветни консултации меѓу работодавачот, работниците и нивните претставници и комитети за безбедност и здравје , ако постојат.

(2) Надлежните органи треба, кога е тоа соодветно и во согласност со националното законодавство и практика, да ги утврдат условите за вработување и завршување на работниот однос на вработените во службите за медицина на трудот, по консултации со репрезентативните организации на работодавачите и засегнатите работници.

38. Секое лице што работи во служба за медицина на трудот треба да биде обврзано да ја почитува професионалната тајност во однос на медицинските и техничките информации што може да ги дознае во врска со своите функции и активностите на службата, во согласност со исклучоците што може да се предвидени со националните закони или прописи.

39. (1) Надлежните органи може да пропишат стандарди за просториите и опремата што се неопходни за вршењето на функциите на службите за медицина на трудот.

(2) Службите за медицина на трудот треба да имаат пристап до соодветни капацитети за вршење на анализите и испитувањата што се потребни за вршење на надзорот врз здравјето на вработените и врз работната средина.

40. (1) Во рамките на мултидисциплинарниот пристап, службите за медицина на трудот треба да соработуваат со:

(а) службите што се надлежни за безбедноста на работниците во претпријатието;

(б) различните производни единици или сектори, со цел да им се помогне во формулирањето и спроведувањето на релевантните превентивни програми;

(в) одделението за кадровски работи и останатите заинтересирани одделенија;

(г) претставниците на работниците во претпријатието, делегатите на работниците надлежни за безбедност и комитетите за здравје и безбедност, ако постојат.

(2) Службите за медицина на трудот и службите за безбедност на работа може да се организираат заедно, кога е тоа соодветно.

41.Службите за медицина на трудот треба, исто така, по потреба, да одржуваат контакти со надворешните служби и тела што се занимаваат со прашања поврзани со здравјето, хигиената, безбедноста, професионалната рехабилитација, стручното усовршување и прераспоредување, условите за работа и добросостојбата на работниците, како и со инспекциските служби и националното тело што е назначено да учествува во Системот за предупредување за ризиците за здравјето и безбедноста на работа, што е воспоставен во рамките на Меѓународната организација на трудот.

42. Одговорното лице во службата за медицина на трудот треба да биде во можност, во согласност со одредбите на ставот 38, да се консултира со надлежните органи, по информирање на работодавачот и на претставниците на работниците во претпријатието или на комитетот за здравје и безбедност, ако постои, за спроведувањето на стандардите за здравје и безбедност при работа во претпријатието.

43.Службите за медицина на трудот во националните или мултинационалните претпријатија со повеќе од една подружница треба да обезбедуваат услуги со највисоки стандарди, без дискриминација, за работниците во сите свои подружници, без оглед на место или земјата во која се наоѓаат.

V. ОПШТИ ОДРЕДБИ

44. (1) Во рамките на своите надлежности за безбедноста и здравјето на своите вработени, работодавачите треба да ги преземат сите потребни мерки за овозможување на вршењето на должностите на службите за медицина на трудот.

(2) Работниците и нивните организации треба да им обезбедуваат поддршка на службите за медицина на трудот во вршењето на нивните должности.

45. Објектите и средствата што се поврзани со медицината на трудот и се обезбедени од страна на службите за медицина на трудот не треба да вклучуваат никакви трошоци за работниците.

46. Во случаите кога службите за медицина на трудот се воспоставени и нивите функции се утврдени со националните закони или прописи, начинот за финансирање на овие служби треба, исто така, да биде утврден со нив.

47. Во смисла на оваа Препорака, терминот ***претставници на работниците во претпријатието*** значи лица што се признаени како такви претставници во согласност со националното законодавство или практика.

48. Оваа Препорака, што ја надополнува Конвенцијата за службите за медицина на трудот од 1985 година, ја заменува Препораката за службите за медицина на трудот од 1959 година.

КОНВЕНЦИЈА ЗА ПРОМОТИВНАТА РАМКА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА , 2006 ГОДИНА, (БР. 187)

Генералната конференција на Меѓународната организација на трудот,

свикана во Женева, од страна на Управниот орган на Меѓународната канцеларија на трудот, на деведесет и петтата сесија, одржана на 31 мај 2006 година,

забележувајќи го глобалниот размер на повредите, заболувањата и смртните случаи поврзани со работното место, како и потребата за понатамошни дејства за нивно намалување, и

потсетувајќи дека заштитата на работниците од болести, заболувања и повреди кои произлегуваат од работата е една од целите на Меѓународната организација на трудот, како што е утврдено со нејзиниот Устав, и

препознавајќи го фактот дека професионалните заболувања, повреди и смртни случаи имаат негативно влијание врз продуктивноста и економскиот и социјалниот развој, и

имајќи го предвид став III(е) од Декларацијата од Филаделфија, во која е наведено дека Меѓународната организација на трудот има сериозна обврска на нациите во светот да им промовира програми со кои ќе се постигне соодветна заштита на животот и здравјето на работниците во сите занимања, и

земајќи ја предвид Декларацијата за основни принципи и права на работа на МОТ и нејзиното продолжение, 1998 година, и

забележувајќи ја Конвенцијата за безбедност и здравје при работа, 1981 г. (бр. 155), Препораката за безбедност и здравје при работа, 1981 г. (бр. 164), и други инструменти на Меѓународната организација на трудот кои се релевантни за промотивната рамка на безбедност и здравје при работа, и

потсетувајќи дека унапредувањето на безбедноста и здравјето при работа е дел од агендата за пристојна работа за сите на Меѓународната организација на трудот, и

потсетувајќи на Заклучоците кои се однесуваат на стандардите на МОТ – поврзани со активности во областа на безбедност и здравје при работа – глобална стратегија, донесена на Меѓународната конференција на труд на нејзината 91 сесија (2003), особено во однос на давање приоритет на безбедноста и здравјето при работа во националните агенди, и

нагласувајќи ја важноста за постојано унапредување на националната култура за превентивна безбедност и здравје, и

одлучувајќи за донесување на одредени предлози во поглед на безбедноста и здравјето при работа, коешто претставува четврта точка на агендата на сесијата, и

утврдувајќи дека овие предлози ќе бидат во форма на меѓународна Конвенција;

на петнаесетти јуни две илјади и шестата година, ја донесе следната Конвенција, којашто може да се цитира како Конвенција за промотивната рамка за безбедност и здравје при работа од 2006 г.

I. ДЕФИНИЦИИ

Член 1

За целите на оваа Конвенција:

(а) поимот ***национална политика*** се однесува на националната политика за безбедност и здравје при работа и работната средина развиена во согласност со принципите на член 4 од Конвенцијата за безбедност и здравје при работа, 1981 г. (бр. 155);

(б) поимот ***национален систем за безбедност и здравје при работа*** или ***национален систем*** се однесува на инфраструктурата која ја обезбедува главната рамка за спроведување на националната политика и националните програми за безбедност и здравје при работа;

(в) поимот ***национална програма за безбедност и здравје при работа*** или ***национална програма*** се однесува на било која национална програма која вклучува цели кои треба да бидат достигнати во претходно одредена временска рамка; приоритети и акциони средства создадени со цел да се подобри безбедноста и здравјето при работа; како и средства за оценување на напредокот;

(г) поимот ***национална култура за превентивна безбедност и здравје при работа*** се однесува на култура во која правото на безбедна и здрава работна средина е почитувано на сите нивоа, каде владата, работниците и работодавачите активно учествуваат во обезбедување на безбедна и здрава работна средина преку систем на дефинирани права, одговорности и задачи, и кадешто најголем приоритет е даден на принципот на заштита .

II. ЦЕЛИ

Член 2

1. Секоја земја-членка што ја ратификува оваа Конвенција промовира постојан напредок на безбедноста и здравјето при работа со цел спречување професионални заболувања, повреди и смртни случаи, преку развој на национална политика, национален систем и национална програма, по консултација со најрепрезентативните организации на работници и работодавачи.

2. Секоја земја-членка презема активни чекори за успешно постигнување на безбедна и здрава работна средина преку национален систем и национални програми за безбедност и здравје при работа, земајќи ги предвид принципите

поставени во инструментите на Меѓународната организација на трудот (МОТ) релевантни за промотивната рамка на безбедност и здравје при работа.

3. Секоја земја-членка, по консултација со најрепрезентативните организации на работници и работодавачи, периодично разгледува кои мерки може да се преземат за да се ратификуваат релевантни Конвенции за безбедност и здравје на МОТ.

III. НАЦИОНАЛНА ПОЛИТИКА

Член 3

1. Секоја земја-членка промовира безбедна и здрава работна средина преку формулирање на национална политика.

2. Секоја земја-членка го промовира и унапредува, на сите релевантни нивоа, правото на работниците на безбедна и здрава работна средина.

3. При формулирање на националната политика, секоја земја-членка, според националните услови и практики, по консултација со најрепрезентативните организации на работници и работодавачи, ги промовира основните принципи како процена на ризици и опасности при работа; справување со ризиците и опасностите при работа на самиот извор, и развој на национална култура за превентивна безбедност и здравје што вклучува информации, консултации и обуки.

IV. НАЦИОНАЛЕН СИСТЕМ

Член 4

1. Секоја земја-членка воспоставува, одржува, прогресивно развива и периодично ревидира национален систем за безбедност и здравје при работа, по консултација со најрепрезентативните организации на работници и работодавачи.

2. Националниот систем за безбедност и здравје при работа, покрај другото, вклучува:

(а) закони и прописи, колективни договори, каде што е тоа соодветно, и кои било други инструменти релевантни за безбедноста и здравјето при работа;

(б) орган или тело, или органи или тела, одговорни за безбедноста и здравјето при работа, назначени во согласност со националниот закон и практика;

(в) механизми за обезбедување сообразност со националните закони и прописи, вклучувајќи ги и системите за инспекција; и

(г) договори за унапредување, на ниво на претпријатие, на соработката помеѓу раководството, работниците и нивните претставници, како основен елемент на мерките за заштита на работното место.

3. Националниот систем за безбедност и здравје при работа, каде што е тоа соодветно, вклучува:

(а) национално трипатитно советодавно тело или тела, кои се занимаваат со проблемите поврзани со безбедноста и здравјето при работа;

(б) информативни и советодавни служби за безбедност и здравје при работа;

(в) обезбедување обука за безбедност и здравје при работа;

(г) служби за медицина на трудот во согласност со националниот закон и практика;

(д) истражување на безбедноста и здравјето при работа;

(ѓ) механизам за прибирање и анализирање на податоци за повреди и заболувања при работа, земајќи ги предвид релевантните инструменти на МОТ;

(е) предвидување соработка со релевантни шеми за осигурување и социјално осигурување кои опфаќаат повреди и болести при работа; и

(ж) механизми за поддршка за прогресивно подобрување на условите на безбедност и здравје при работа во микро, малите и средните претпријатија, како и во неформалната економија.

V. НАЦИОНАЛНА ПРОГРАМА

Член 5

1. Секоја земја-членка формулира, спроведува, надгледува, проценува и периодично ревидира национална програма за безбедност и здравје при работа во консултација со најрепрезентативните организации на работници и работодавачи.

2. Националната програма:

(а) го унапредува развојот на националната култура за превентивна безбедност и здравје;

(б) придонесува за заштита на работниците преку елиминирање или минимизирање на опасностите и ризиците при работа, колку што е практично изводливо, во согласност со националниот закон и практика, со цел спречување повреди, болести и смртни случаи при работа и унапредување на безбедноста и здравје на работното место;

(в) се формулира и ревидира врз основа на анализите на националната состојба во поглед на безбедноста и здравјето при работа, вклучувајќи ги и анализите на националниот систем на безбедност и здравје при работа;

(г) ги вклучува целите, намерите и показателите за развој; и

(д) ќе биде поддржана, кадешто е можно, од страна на други дополнителни национални програми и планови кои ќе помогнат во насока на прогресивно постигнување на здрава и безбедна работна средина.

3. Националната програма се промовира и е,колку што е тоа можно, поддржана и спроведувана од страна на највисоките национални органи.

IV. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 6

Со оваа Конвенција не се ревидираат меѓународни Конвенции или Препораки за трудот.

Член 7

Формалните ратификации на оваа Конвенција се проследуваат до Генералниот директор на Меѓународната канцеларија на трудот за регистрација.

Член 8

1. Оваа Конвенција е обврзувачка за оние земји-членки на Меѓународната организација на трудот, чиишто ратификации се регистрирани од страна на Генералниот директор.

2. Оваа Конвенција влегува во сила дванаесет месеци по датумот на регистрирање на ратификациите од две земји-членки од страна на Генералниот директор.

3. Следствено, Конвенцијата влегува во сила за сите земји-членки, дванаесет месеци од датумот на регистрирање на нивните ратификации.

Член 9

1. Земјата-членка што ја ратификувала оваа Конвенција може да ја откаже истата по истекот на десет години од датумот кога Конвенцијата за прв пат влегла во сила, преку акт испратен за регистрација до Генералниот директор на Меѓународната канцеларија на трудот. Ова откажување нема да има ефект додека не измине една година од датумот на кој што е регистрирано.

2. Секоја земја-членка што ја ратификувала оваа Конвенција и што во временски период од една година по истекот на периодот од десет години наведен во претходниот став, не го искористи правото за откажување дадено со овој член, ќе биде обврзана за период од следните десет години, а потоа може да ја откаже оваа Конвенција по истекот на секој нов период од десет години согласно со условите предвидени со овој член.

Член 10

1. Генералниот директор на Меѓународната канцеларија на трудот ги известува сите земји-членки на Меѓународната организација на трудот за регистрирањето на ратификациите и актите за откажување доставени од страна земјите-членки на Организацијата.

2. При известувањето на земјите-членки на Организацијата за регистрацијата на втората ратификација, Генералниот директор ги известува земјите-членки на Организацијата за датумот по којшто Конвенцијата ќе влезе во сила.

Член 11

Генералниот директор на Меѓународната канцеларија на трудот ги доставува до Генералниот секретар на Обединетите нации за регистрација, согласно член 102 од Повелбата на Обединетите нации, целосните податоци за сите ратификации и акти на откажувања, регистрирани од него во согласност со одредбите од претходните членови.

Член 12

Управниот орган на Меѓународната канцеларија трудот, кога ќе смета дека е неопходно, доставува извештај до Генералната конференција за спроведувањето на оваа Конвенција и ја проверува подготвеноста на Конференцијата да го стави прашањето за нејзина целосна или делумна ревизија на својата агенда.

Член 13

1. Доколку Конференцијата донесе нова Конвенција за целосно или делумно ревидирање на оваа Конвенција, освен ако со новата Конвенција не се предвидува поинаку:

а) ратификација на новата ревидирана конвенција од некоја земја-членка ќе значи *ipso jure* откажување на оваа Конвенција, без оглед на одредбите од член 9, ако и кога новата ревидирана конвенција ќе влезе во сила;

б) од датумот кога новата ревидирана конвенција влегува во сила, оваа Конвенција ќе престане да биде отворена за ратификација од земјите-членки.

2. Оваа Конвенција во секој случај останува во сила во нејзината постоечка форма и содржина за оние земји-членки коишто ја ратификувале, а не ја ратификувале ревидираната конвенција.

Член 14

Англиската и француската верзија на текстот на оваа Конвенција се подеднакво веродостојни.

ПРЕПОРАКА ЗА ПРОМОТИВНАТА РАМКА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА, 2006 ГОДИНА, (БР. 197)

Генералната конференција на Меѓународната организација на трудот,

свикана во Женева, од страна на Управниот орган на Меѓународната канцеларија на трудот, на деведесет и петтата сесија, одржана на 31 мај 2006 година,

одлучувајќи за донесување одредени предлози во однос на безбедноста и здравјето при работа, што претставува четврта точка на дневниот ред на сесијата, и

утврдувајќи дека овие предлози ќе бидат во форма на Препорака за надополнување на Конвенцијата за промотивната рамка за безбедност и здравје при работа, 2006 година (во натамошниот текст наведена како „Конвенцијата“);

на петнаесетти јуни две илјади и шеста година ја донесе следната Препорака, којашто може да се цитира како Препорака за промотивната рамка за безбедност и здравје при работа од 2006 година.

I. НАЦИОНАЛНА ПОЛИТИКА

1. Националната политика формулирана во согласност со член 3 од Конвенцијата треба да упатува на Дел II од Конвенцијата за безбедност и здравје при работа, 1981 година (бр. 155), како и на соодветните права, должности и обврски на работниците, работодавачите и владите што се обврзани со таа Конвенција.

II. НАЦИОНАЛЕН СИСТЕМ

2. При воспоставувањето, одржувањето, постепениот развој и периодичното ревидирање на националниот систем за безбедност и здравје при работа дефиниран во член 1(б) од Конвенцијата, земјите-членки:

(а) треба да ги земат предвид инструментите на Меѓународната организација на трудот (МОТ) коишто се релевантни за промотивната рамка за безбедност и здравје при работа, наведени во Анексот кон оваа Препорака, особено Конвенцијата за безбедност и здравје при работа, 1981 година (бр. 155), Конвенцијата за инспекцијата за труд, 1947 година (бр. 81) и Конвенцијата за инспекција на трудот (Земјоделство), 1969 (бр. 129); и

(б) може да ги прошират консултациите предвидени во член 4(1) од Конвенцијата со други заинтересирани страни.

3. Во насока на спречување на повредите, заболувањата и смртните случаи поврзани со работното место, со националниот систем треба да се предвидуваат соодветни мерки за заштита на сите работници, особено, работниците во високоризичните сектори и ранливите работници, како што се оние во неформалната економија и мигрантските и младите работници.

4. Земјите-членки треба да преземат мерки за заштита на безбедноста и здравјето на работниците од двата пола, вклучувајќи и заштита на нивното репродуктивно здравје.

5. При промовирањето на националната превентивна култура за безбедност и здравје, како што е дефинирана во член 1(г) од Конвенцијата, земјите-членки треба:

(а) да ја подигнат свеста на работното место и на јавноста за безбедноста и здравјето при работа преку национални кампањи поврзани со, каде што е тоа соодветно, работното место и меѓународните иницијативи;

(б) да промовираат механизми за образование и обука за безбедноста и здравјето при работа, особено за раководството, надзорниците, работниците и нивните претставници, како и владините службеници одговорни за безбедноста и здравјето;

(в) да ги воведат концептите за безбедност и здравје при работа, и каде што е тоа соодветно, надлежностите во програмите за образование и стручна обука;

(г) да ја олеснат размената на статистики и податоци за безбедност и здравје при работа меѓу надлежните органи, работодавачи, работници и нивните претставници;

(д) да обезбедат информации и совети на работодавачите и работниците и нивните односни организации за промовирање или олеснување на меѓусебната соработка во насока на елиминирање или сведување на минимум, колку што е тоа изводливо, на опасностите и ризиците поврзани со работата;

(ѓ) на ниво на работно место, да промовираат воспоставување на политики за безбедност и здравје и заеднички комитети за безбедност и здравје и назначување на претставници на работниците за безбедност и здравје, во согласност со националните закони и практика; и

(е) да се справат со пречките на микро претпријатијата и малите и средните претпријатија и изведувачите во спроведувањето на политиките и прописите за безбедност и здравје при работа, во согласност со националните закони и практика.

6. Земјите-членки треба да промовираат пристап на систем за управување со безбедноста и здравјето при работа, како што е пристапот утврден во Насоките за системот за управување со безбедноста и здравјето при работа (ILO-OSH 2001).

III. НАЦИОНАЛНА ПРОГРАМА

7. Националната програма за безбедност и здравје при работа, како што е дефинирана во член 1(в) од Конвенцијата треба да се заснова на принципите за процена и управување со опасностите и ризиците, особено на ниво на работно место.

8. Во националната програма треба да се утврдат приоритетите за делување, кои треба повремено ревидираат и ажурираат.

9. При формулирањето и ревидирањето на националната програма, земјите-членки може да ги прошират консултациите предвидени во член 5(1) од Конвенцијата со други заинтересирани страни.

10. Заради спроведување на одредбите од член 5 од Конвенцијата, со националната програма треба активно да се промовираат превентивни мерки и активности на работното место, коишто вклучуваат учество на работодавачите, работниците и нивните претставници.

11. Националната програма за безбедност и здравје при работа треба да се координира, каде што е тоа соодветно, со другите национални програми и планови, како што се програмите и плановите поврзани со јавното здравство и економскиот развој.

12. При формулирањето и ревидирањето на националната програма, земјите-членки треба да ги земат предвид инструментите на МОТ коишто се релевантни за промотивната рамка за безбедност и здравје при работа, наведени во Анексот кон оваа Препорака, без да се доведат во прашање нивните обврски согласно Конвенциите што ги ратификувале.

IV. НАЦИОНАЛЕН ПРОФИЛ

13. Земјите-членки треба да изготват и редовно да ажурираат национален профил што претставува резиме на постојната состојба со безбедноста и здравјето при работа и напредокот кон постигнување на безбедна и здрава работна средина. Профилот треба да се користи како основа за формулирање и ревидирање на националната програма.

14. (1) Националниот профил за безбедност и здравје при работа треба да вклучува информации за следните елементи, како што е применливо:

(а) закони и прописи, колективни договори каде што е тоа соодветно, и сите други релевантни инструменти за безбедност и здравје при работа;

(б) органот или телото или органите или телата што се надлежни за безбедност и здравје при работа, а коишто се назначени во согласност со националните закони и практика;

(в) механизмите за осигурување усогласеност со националните закони и прописи, вклучувајќи ги и системите за инспекција;

(г) уредувањата за промовирање, на ниво на претпријатие, соработка меѓу раководството, работниците и нивните претставници, како суштински елемент на превентивните мерки поврзани со работното место;

(д) националното трипартитно советодавно тело или тела што се занимаваат со прашањата за безбедност и здравје при работа;

(ѓ) информативни и советодавни услуги за безбедност и здравје при работа;

(е) обезбедување обука за безбедност и здравје при работа;

(ж) службите за медицина на трудот во согласност со националните закони и практика;

(з) истражување за безбедност и здравје при работа;

(s) механизам за прибирање и анализа на податоци за повреди и заболувања поврзани со работните места и нивните причини, земајќи ги предвид релевантните инструменти на МОТ;

(и) одредби за соработка со релевантните шеми за осигурување или социјална сигурност што ги покриваат повредите и заболувањата поврзани со работното место; и

(j) механизмите за поддршка за прогресивно подобрување на условите за безбедност и здравје при работа во микро претпријатијата, во малите и средните претпријатија и во неформалната економија.

(2) Понатаму, националниот профил за безбедност и здравје при работа треба да вклучува информации за следните елементи, како што е применливо:

(а) механизми за координација и соработка на национално ниво и на ниво на претпријатие, вклучувајќи механизми за ревидирање на националната програма;

(б) технички стандарди, кодекси за работа и насоки за безбедност и здравје при работа;

(в) уредувања за образование и подигнување на свеста, вклучувајќи и промотивни иницијативи;

(г) специјализирани технички, медицински и научни институции поврзани со различни аспекти на безбедноста и здравјето при работа, вклучувајќи институти и лаборатории за истражување на прашања поврзани со безбедноста и здравјето при работа;

(д) персонал вклучен во областа на безбедноста и здравјето при работа, како што се инспектори, службеници за безбедност и здравје и лекари хигиеничари на работното место;

(ѓ) статистички податоци за повреди и заболувања поврзани со работното место;

(е) политики и програми за безбедност и здравје при работа на организациите на работодавачи и на работници;

(ж) редовни или тековни активности поврзани со безбедноста и здравјето при работа, вклучувајќи и меѓународна соработка;

(з) финансиски и буџетски ресурси во поглед на безбедноста и здравјето при работа; и

(s) податоци за демографијата, писменоста, економијата и вработеноста, доколку се достапни, и кои било други релевантни информации.

V. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И РАЗМЕНА НА ИНФОРМАЦИИ

15. Меѓународната организација на трудот треба:

(а) да ја олесни меѓународната техничка соработка за безбедност и здравје при работа, заради помагање на земјите, особено земјите во развој, за следните цели:

(i) зајакнување на нивниот капацитет заради воспоставување и одржување на национална превентивна култура за безбедност и здравје;

(ii) промовирање на пристап со системи за управување со безбедноста и здравјето при работа; и

(iii) промовирање ратификација, во случајот на Конвенциите, и спроведување на инструментите на МОТ коишто се релевантни за промотивната рамка за безбедност и здравје при работа, наведени во Анексот кон оваа Препорака;

(б) да ја олесни размената на информации за националните политики во рамки на значењето на член 1(а) од Конвенцијата, за националните системи и програми за безбедност и здравје при работа, вклучувајќи ги и добрите практики и иновативните пристапи, како и за идентификување на нови опасности и ризици на работното место; и

(в) да обезбеди информации за напредокот во насока на постигнување на безбедна и здрава работна средина.

VI. АЖУРИРАЊЕ НА АНЕКСОТ

16. Анексот кон оваа Препорака треба да го ревидира и ажурира Управувачкото тело на Меѓународната канцеларија на трудот. Секој ревидиран анекс утврден на тој начин се поднесува до Управувачкото тело на одобрување и го заменува претходниот анекс по неговото доставување до земјите-членки на Меѓународната организација на трудот.

АНЕКС

ИНСТРУМЕНТИ НА МЕЃУНАРОДНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ТРУДОТ РЕЛЕВАНТНИ ЗА ПРОМОТИВНАТА РАМКА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА

I. КОНВЕНЦИИ

Конвенција за инспекцијата на трудот, 1947 година (бр. 81)

Конвенција за заштита од зрачење, 1960 година (бр. 115)

Конвенција за хигиена (трговија и деловни простории), 1964 година (бр. 120)

Конвенција за надоместоци во случај на повреда на работното место, 1964 година (бр. 121)

Конвенција за инспекцијата на трудот (Земјоделство), 1969 година (бр. 129)

Професионално заболување од рак, 1974 година (бр. 139)

Препорака за работната средина (загадување на воздухот, бучава и вибрации), 1977 година (бр. 148)

Конвенција за безбедност и здравје при работа (Работа на пристаниште), 1979 година (бр. 152)

Конвенција за безбедност и заштита при работа, 1981 година (бр. 155)

Конвенција за службите за медицина на трудот, 1985 година (бр. 161)

Конвенцијата за азбест, 1986 година (бр. 162)

Конвенција за безбедност и здравје во градежништвото, 1988 година (бр. 167)

Конвенцијата за хемикалии, 1990 година (бр. 170)

Конвенција за спречување поголеми индустриски несреќи, 1993 година (бр. 174)

Конвенција за безбедност и здравје во рудниците, 1995 година (бр. 176)

Протокол од 1995 година кон Конвенцијата за инспекцијата на трудот, 1947 година (бр. 81)

Конвенција за безбедност и здравје во земјоделството, 2001 година (бр. 184)

Протокол од 2002 година кон Конвенцијата за безбедност и здравје при работа, 1981 година (бр. 155)

II. ПРЕПОРАКИ

Препорака за инспекцијата на трудот, 1947 година (бр. 81)

Препорака за инспекција на трудот (рударство и транспорт), 1947 година (бр. 82)

Препорака за заштита на здравјето на работниците, 1953 година (бр. 97)

Препорака за социјалните служби за работниците, 1956 година (бр. 102)

Препорака за заштита од зрачење, 1960 година (бр. 114)

Препорака за домување на работниците, 1961 година (бр. 115)

Препорака за хигиена (трговија и деловни простории), 1964 година (бр. 120)

Препорака за надоместоци во случај на повреда на работното место, 1964 година (бр. 121)

Препорака за инспекцијата на трудот (Земјоделство), 1969 година (бр. 133)

Препорака за професионално заболување од рак, 1974 година (бр. 147)

Препорака за работната средина (загадување на воздухот, бучава и вибрации), 1977 година (бр. 156)

Препорака за безбедност и здравје при работа (Работа на пристаниште), 1979 година (бр. 160)

Препорака за безбедност и здравје при работа, 1981 година (бр. 164)

Препорака за службите за медицина на трудот, 1985 година (бр. 171)

Препорака за азбест, 1986 година (бр. 172)

Препорака за безбедност и здравје при работа во градежништвото, 1988 година (бр. 175)

Препорака за хемикалии, 1990 година (бр. 177)

Препорака за спречување на поголеми индустриски несреќи, 1993 година (бр. 181)

Препорака за безбедност и здравје во рудниците, 1995 година (бр. 183)

Препорака за безбедност и здравје во земјоделството, 2001 година (бр. 192)

Препорака за списокот со професионални заболувања, 2002 година (бр. 194)

ПРЕПОРАКА ЗА ЗАШТИТА НА ЗДРАВЈЕТО НА РАБОТНИЦИТЕ, 1953 ГОДИНА, (БР. 97)

Генералната конференција на Меѓународната организација на трудот,

свикана во Женева од страна на Управниот орган на Меѓународната канцеларија на трудот, на триесет и шестата седница, одржана на 4 јуни 1953 година, и

одлучувајќи за донесување на одредени предлози во однос на заштитата на здравјето на работниците на работните места, што претставува петта точка на дневниот ред на сесијата, и

утврдувајќи дека овие предлози ќе бидат во форма на Препорака,

на дваесет и петти јуни илјада деветстотини педесет и третата година, ја донесе следната Препорака, којашто може да се цитира како Препорака за заштита на здравјето на работниците, 1953 година:

I. ТЕХНИЧКИ МЕРКИ ЗА КОНТРОЛА НА РИЗИЦИТЕ ПО ЗДРАВЈЕТО НА РАБОТНИЦИТЕ

1. Националните закони или прописи треба да предвидуваат методи за спречување, намалување или елиминирање на ризиците по здравјето на работното место, вклучувајќи ги и методите што може да се применуваат, доколку е тоа потребно и соодветно, кај посебните ризици за повреда на здравјето.

2. Работодавачот треба да ги преземе сите соодветни мерки за да се осигури дека општите услови што преовладуваат на работното место обезбедуваат соодветна заштита на здравјето на засегнатите работници, особено:

(а) дека не се акумулира нечистотија и остатоци кои можат да предизвикаат ризик по здравјето;

(б) подната површина и височината на просториите каде што се одвива работата се доволни за да се спречи пренатрупаност со работници или блокирање со машини, материјали или производи;

(в) дека е обезбедено адекватно и соодветно, природно или вештачко осветлување или двете;

(г) дека се одржуваат соодветни атмосферски услови со цел да се избегне недоволно снабдување со и струење на воздухот, загадување на воздухот, штетен провев, ненадејни промени во температурата и, колку што е тоа изводливо, прекумерна влажност, преголема топлина или студ и непријатни мириси;

(д) дека се обезбедени доволно и соодветни санитарни капацитети и капацитети за миење и има соодветно снабдување со вода за пиење, на соодветни места и со правилно одржување;

(ѓ) во случаите каде што е неопходно работниците да ја пресблечат облеката пред почнување и по завршување на работата , се обезбедуваат гардероби или други соодветни простории за преоблекување и чување на облеката, при што овие простории соодветно се одржуваат;

(е) во случаите кога на работниците им е забрането да консумираат храна или пијалаци на работните места, се обезбедуваат соодветни простории за прехрана, освен ако не постојат соодветни уредувања за земање на оброците на друго место;

(ж) дека се преземаат мерки за елиминирање или намалување, колку што е тоа можно, на бучавата и вибрациите што претставуваат опасност по здравјето на работниците;

(з) се обезбедува безбедно складирање на опасните супстанции.

3. (1) Во насока на спречување, намалување или елиминирање на ризиците по здравјето на работните места, треба да се преземат сите соодветни и изводливи мерки:

(а) за замена на опасните супстанции, процеси или техники со неопасни или помалку опасни супстанции, процеси или техники;

(б) за спречување на истекувањето на опасните супстанции или за заштита на работниците од штетни зрачења;

(в) за извршување на опасни процеси во одвоени простории или згради, каде што има минимален број на работници;

(г) за извршување на опасни процеси во затворени системи, за да се спречи личен контакт со опасни супстанции, како и испуштање на прашина, чад, гасови, влакна, влага или пареа во воздухот, во количини што може да му наштетат на здравјето;

(д) за отстранување на опасната прашина, чад, гасови, влакна, влага или пареа на изворот или во близина на изворот, со користење на механички испусти, системи за вентилација или други соодветни средства, каде што изложувањето не може да се спречи со примена на еден или повеќе од начините наведени во клаузулите (а) до (г) од овој потстав;

(ѓ) да им се обезбеди на работниците заштитна облека и опрема, како и други средства за лична заштита, коишто се неопходни за нивна заштита од влијанието на штетните агенси, во случаите кога другите мерки за заштита на здравјето од овие агенси се непрактични или не се доволни за да обезбедат соодветна заштита, како и да се обезбеди обука за работниците за нивно користење.

(2) Во случаите кога примената на заштитната облека и опрема, наведени во клаузулата (ѓ) е неопходна заради посебните ризици што произлегуваат од професијата, работодавачот треба да обезбеди, да ја чисти и одржува таквата облека и опрема; во случаите кога заштитната облека или опрема е контаминирана со отровни или опасни супстанции, секогаш кога не се носи на работа или не е на

чиситење или одржување, работодавачот треба да ја чува во целосно одвоен дел, каде што нема да ја контаминира обичната облека на работникот.

(3) Националните органи треба да промовираат, и каде што тоа е соодветно да спроведат, студија на мерките споменати во потстав (1) од овој став и да охрабрат примена на резултатите од таквата студија. Работодавачот треба да спроведува такви студии на доброволна основа.

4. (1) Работниците треба да бидат информирани за:

(а) потребата за мерките за заштита споменати во ставовите 2 и 3 погоре;

(б) обврската да соработуваат и да не го попречуваат соодветното функционирање на тие мерки; и

(в) обврската соодветно да ги користат уредите и опремата што им се обезбедени за нивна заштита.

(2) Консултациите со работниците, во поглед на мерките што треба да се преземат, треба да се прифатат како важен начин за осигурување соработка.

5. (1) Атмосферата во работните простории во коишто се произведуваат, манипулираат или користат опасни или непријатни супстанции, треба да се тестираат на одредени временски периоди, доволно често, за да се осигури дека нема токсични или иритирачки прашини, чад, гасови, влакна, влага или пареа во количини што може да наштетат на здравјето. Надлежните органи треба повремено да ги објавуваат достапните информации во поглед на максималните дозволени концентрации на штетни супстанции, како насока за сите засегнати лица.

(2) Органите што работат на заштита на здравјето на работниците на работните места треба да имаат надлежност за утврдување на околностите во кои е неопходно да се тестира атмосферата во работните простории и на начинот на кој тестирањата ќе се спроведуваат. Тестирањата треба да ги врши или надгледува квалификуван персонал, и каде што е тоа соодветно, квалификуван медицински персонал што има искуство со медицина на трудот.

6. Надлежниот орган треба да им ги посочи на засегнатите работодавачи и работници, преку сите соодветни мерки, на пример преку предупредувања на работните места, сите ризици на кои се изложени работниците, како и мерките на претпазливост што треба да се преземат за да се спречат тие ризици.

7. Надлежните органи предвидуваат консултации на национално ниво меѓу инспекторатот за труд или друг орган задолжен за заштита на здравјето на работниците на работните места и засегнатите организации на работодавачи и работници, во насока на спроведување на одредбите од ставовите 2, 3, 4, 5 и 6.

II. МЕДИЦИНСКИ ПРЕГЛЕДИ

8. (1) Националните закони или прописи треба да содржат посебни одредби за медицинските прегледи на работниците вработени во професии што вклучуваат посебни ризици по нивното здравје.

(2) Вработувањето на работниците на места што вклучуваат посебни ризици по нивното здравје треба да зависи од:

(а) медицинскиот преглед што се спроведува кратко пред или кратко по вработувањето на работникот; или

(б) периодичниот медицински преглед; или

(в) првичниот медицински преглед и периодичниот медицински преглед, како што е наведено во клаузулите (а) и (б) погоре.

(3) Со националните закони или прописи треба да се одреди или овласти соодветен орган за повремено утврдување, по консултации со засегнатите организации на работодавачи и работници:

(а) за кои ризици и во кои околности треба да се спроведуваат медицински прегледи;

(б) за кои ризици треба да има првичен медицински преглед или периодичен медицински преглед или двата;

(в) во поглед на природата и степенот на ризикот и на конкретните околности, најдолгите интервали кога треба да се вршат периодичните медицински прегледи.

9. Медицинските прегледи, за целите на претходниот став, треба да се спроведуваат заради:

(а) колку што е можно порано, поради откривање на можните знаци на одредено професионално заболување или на посебна подложност на тоа заболување;

(б) констатирање дали има медицински причини против вработување или продолжена вработеност на работникот на определено работно место, имајќи предвид конкретно професионално заболување.

10. (1) Во случаите кога нема медицински причини против вработување на работникот на определено работно место, имајќи предвид конкретно професионално заболување, треба да се издаде сертификат, како што е пропишано од надлежниот орган.

(2) Работодавачот треба да го чува таквиот сертификат во досието и да го прикаже на службените лица од инспекторатот за труд или друг орган што работи на заштита на здравјето на работниците на работните места.

(3) Таквиот сертификат треба да му биде достапен на засегнатиот работник.

11. Медицинските прегледи треба да ги извршува квалификуван доктор што има познавања од медицина на трудот, колку што е тоа можно.

12. Треба да се донесат мерки за да се осигури почитување на медицинската тајност во поглед на сите медицински прегледи, како и за евиденцијата и пополнувањето на поврзаните документи.

13. (1) Медицинските прегледи што се извршуваат во согласност со оваа Препорака не треба да вклучуваат какви било трошоци за засегнатиот работник.

(2) Не треба да има одбитоци од плата за времето што се поминува на тие прегледи во случаите кога материјата се уредува со националните закони или прописи; во случаите кога материјата се регулира со колективни договори, прашањето треба да се одреди со соодветниот договор.

III. ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ПРОФЕСИОНАЛНИ ЗАБОЛУВАЊА

14. (1) Со националните закони или прописи треба да се предвиди известување за случаите на и случаите на сомнеж за професионално заболување.

(2) Таквите известувања треба да се достават за:

(а) покренување на превентивни и заштитни мерки и обезбедување нивна ефективна примена;

(б) истрага на работните услови и другите околности што предизвикуваат или за кои има сомнеж за предизвикување на професионални заболувања;

(в) собирање статистички податоци за професионални заболувања; и

(г) овозможување покревање или развој на мерки што имаат за цел жртвите на професионални заболувања да добијат оштета што е предвидена за таквите заболувања.

(3) Известувањето се доставува до инспекторатот за труд или друг орган што работи на заштита на здравјето на работниците на работните места.

15. Со националните закони или прописи треба:

(а) да се одредат лица што ќе бидат одговорни за известување за случаите на и случаите на сомнеж за професионално заболување; и

(б) да се пропише начинот на кој треба да се достави известување за случаите на професионално заболување, како и за деталите што треба да ги вклучува известувањето, особено:

(i) во кои случаи се бара итно известување и во кои случаи доволно е известување на одредени интервали;

(ii) во однос на случаите во кои се бара итно известување, временскиот рок во кој се бара доставување на известувањето по откривањето на случај на или сомнеж за случај на професионално заболување;

(iii) во случаите кога е доволно известување на одредени интервали, интервалите во кои треба да се достави известувањето.

16. Известувањето до инспекторатот за труд или друг орган што работи на заштита на здравјето на работниците на работните места содржи информации што може да бидат релевантни и неопходни за ефективно извршување на должностите на органот ги вклучува следните детали, особено:

(а) возраст и пол на засегнатото лице;

(б) професијата и дејноста или индустријата во која лицето последно било вработено;

(в) името и адресата на работното место или последното работно место на засегнатото лице;

(г) природата на заболувањето или труењето;

(д) опасните агенси и процеси на коишто им се припишува заболувањето или труењето;

(ѓ) името и адресата на претпријатието во кое работникот претпоставува дека бил изложен на ризик на кој му се припишува заболувањето или труењето; и

(е) колку што е познато или може да се констатира од лицето што го доставува известувањето, датумот на почетокот, и каде што е тоа соодветно, прекинот на изложување на ризикот за секоја професија, дејност или индустрија во која засегнатиот работник е или бил изложен на ризик.

17. Надлежните органи треба, по консултации со засегнатите организации на работници и на работодавачи, да изготват список со заболувања за коишто ќе се доставува известување или класи на случаи, заедно со симптомите, и повремено да врши измена и дополнување на списокот или симптомите, доколку тоа го налагаат околностите или се јави потреба.

IV. ПРВА ПОМОШ

18. (1) На работните места треба да се обезбедат капацитети за прва помош и итно третирање во случај на несреќа, професионално заболување, труење или болест.

(2) Со националните закони или прописи треба да се одреди начинот на кој се применуваат горенаведените потставови.

V. ОПШТА ОДРЕДБА

19. Во случаите кога поимот ***национален*** се користи во оваа Препорака за упатување на закони, прописи или органи, во случаите на сојузна држава, се подразбира упатување, како што е соодветно на сојузни, државни, провинциски, кантонски или други надлежни владини единици.

ПРЕПОРАКА ЗА СОЦИЈАЛНИТЕ СЛУЖБИ ЗА РАБОТНИЦИТЕ, 1956 ГОДИНА, (БР. 102)

Генералната конференција на Меѓународната организација на трудот,

свикана во Женева од страна на Управниот орган на Меѓународната канцеларија на трудот, на триесет и деветтата седница, одржана на 6 јуни 1956 година, и

одлучувајќи за донесување на одредени предлози во однос на социјалните служби за работниците, што претставува петта точка на дневниот ред на сесијата, и

утврдувајќи дека овие предлози ќе бидат во форма на Препорака,

на дваесет и шести јуни илјада деветстотини педесет и шестата година, ја донесе следнава Препорака, којашто може да се цитира како Препорака за социјалните служби за работниците,од 1956 година:

Со оглед на тоа што е пожелно да се дефинираат определени принципи и да се воспостават определени стандарди во однос на следниве социјални служби за работниците:

(а) објекти за исхрана во претпријатието или во неговата близина;

(б) места и средства за одмор во претпријатието или во неговата близина и средства за рекреација, исклучувајќи го користењето на платен одмор; и

(в) превозни средства до и од работното место кога редовните служби за јавен превоз се несоодветни или непрактични,

Конференцијата препорачува следниве одредби да се применуваат во обемот и со брзината што ја дозволуваат националните услови, преку доброволни иницијативи, владини или други соодветни акции, и дека секоја членка треба да и поднесува извештаи на Меѓународната канцеларија на трудот, согласно со барањата на Управниот орган, во однос на мерките со кои им се дава правно дејство на одредбите на оваа Препорака.

I. ПОЛЕ НА ПРИМЕНА

1. Оваа Препорака се применува за физичките и нефизичките работници што се вработени во јавните или приватните претпријатија, исклучувајќи ги земјоделските работници и работниците во морскиот превоз.

2. Во сите случаи во кои не е сигурно дали оваа Препорака се применува за определено претпријатие, прашањето се решава од страна на надлежните власти, по консултации со организациите на соодветните работодавачи и работници или пак, во согласност со законите или практиките на земјата.

II. МЕТОДИ НА СПРОВЕДУВАЊЕ

3. Земајќи ја предвид разновидноста на социјалните служби и националните практики за нивното обезбедување, службите што се наведени во оваа Препорака

може да се обезбедуваат од страна на јавните власти или по пат на приватна иницијатива :

(а) преку националните закони и прописи, или

(б) на кој било друг начин што е одобрен од надлежните власти по консултации со организациите на работодавачите и работниците, или

(в) врз основа на колективен договор или останатите спогодби склучени меѓу соодветните работодавачи и работници.

III. ИСХРАНА

А. КАНТИНИ

4. Кантини во кои се обезбедуваат соодветни оброци треба да се отворат и да функционираат во претпријатијата или во нивната близина кога е тоа пожелно, земајќи го предвид бројот на работниците што се вработени во претпријатието, побарувачката и очекуваната искористеност на просторот, недостапноста на други соодветни капацитети за добивање оброци и сите останати релевантни услови и околности.

5. Ако отворањето на кантините е предвидено врз основа на националните закони или прописи, надлежните власти треба да бидат овластени да го бараат отворањето и функционирањето на кантините во или во близина на претпријатијата што вработуваат повеќе од утврдениот минимален број на работници, или кога ова е пожелно од какви било други причини утврдени од страна на надлежните власти.

6. Ако кантините се во надлежноста на комитетите на претпријатијата што се воспоставени врз основа на националното законодавство, оваа надлежност треба да се врши во претпријатијата во кои отворањето и функционирањето на таквите кантини е пожелно.

7. Ако кантините се отворени врз основа на колективен договор или на кој било друг начин различен од наведеното во ставовите 5 и 6, таквите спогодби се применуваат за претпријатијата каде ова е пожелно од која било причина, во согласност со заемната спогодба меѓу соодветните работодавачи и работници.

8. Надлежните власти или некое друго соодветно тело ги презема соодветните мерки за обезбедување информации, совети и упатства за поединечните претпријатија во однос на техничките прашања поврзани со отворањето и функционирањето на кантините.

9. (1) Во случај кога не постојат соодветни публикации, надлежните власти или некое друго соодветно тело изготвуваат и објавуваат детални информации, предлози и упатства, приспособени на посебните услови во соодветната земја, за методите за отворање и функционирање на кантините.

(2) Таквите информации треба да вклучуваат предлози за :

(а) местоположбата на кантините во однос на различните згради или служби на соодветните претпријатија;

(б) отворање заеднички кантини за повеќе претпријатија доколку е тоа соодветно;

(в) внатрешното уредување во кантините: стандарди во однос на површината, осветлувањето, греењето, температурата и вентилацијата;

(г) планот на кантините: трпезариска сала или сали, локал за послужување, кујна, просторија за миење садови, магацин, административни канцеларии и гардероби и купатило за вработените во кантината;

(д) опремата, мебелот и декорацијата на кантините: опрема за подготвување и готвење на храната, ладилници, магацини и уреди за миење садови; видовите гориво што се користат во кујната; видовите на маси и столчиња за трпезариската сала или сали; план за боење и декорација;

(ѓ) видови оброци што се служат: стандардно мени, стандардно мени со повеќе јадења по избор, à la carte мени; диетални менија кога диетата е пропишана од лекар; посебни оброци за работниците со професии што се опасни по здравјето; појадок, ужина или други оброци за работниците што работат во смени;

(е) стандарди за исхраната: хранлива вредност на прехранбените производи, плански утврдени менија и урамнотежена исхрана;

(ж) видови послужување во кантината: самопослужување на благајна или шалтер, кафетериско послужување или послужување на маси; потребен персонал за секој вид на услуга;

(з) стандарди за хигиената во кујната и трпезариските сали;

(ѕ) финансиски прашања: првични капитални трошоци за изградба, опрема и уредување, општи режиски трошоци и трошоци за одржување, цена на чинење на прехранбените производи и трошоци за вработените, сметководство, утврдување на цените на оброците.

Б. БИФЕА И КОЛИЧКИ ЗА СЕРВИРАЊЕ ХРАНА

10. (1) Во претпријатијата во кои не е изводливо да се отворат кантини што служат соодветни оброци, и во другите претпријатија во кои таквите кантини веќе постојат, треба да се обезбедат бифеа или колички за сервирање храна, ако е тоа потребно и можно, за продажба на пакувани оброци или ужинки и чај, кафе, млеко и други пијалаци на работниците. Меѓутоа, количките за сервирање храна не треба да се воведуваат на работните места каде, со оглед на опасните или штетните работни процеси, не е препорачливо работниците да консумираат храна и пијалаци.

(2) Дел од овие услуги треба да бидат достапни не само во текот на паузата за ручек или во периодот на менување на смените, туку и во текот на дозволените паузи за одмор.

В. ТРПЕЗАРИИ И ДРУГИ СООДВЕТНИ ПРОСТОРИИ

11. (1) Во претпријатијата во кои не е изводливо да се отворат кантини што служат соодветни оброци, и во другите претпријатија во кои таквите кантини веќе постојат, треба да се обезбедат простории за трпезарии, ако е тоа можно и соодветно, каде поединечните работници може да подготвуваат или подгреваат храната и јадат оброци што самите ги обезбедиле.

(2) Таквите простории мора да содржат најмалку :

(а) просторија што е соодветно опремена во согласност со климатските услови за намалување на неудобноста поради топлото или ладното време;

(б) соодветна вентилација и осветлување;

(в) соодветен број на соодветни маси и столчиња;

(г) соодветни уреди за подгревање на храна и пијалаци;

(д) соодветно снабдување со здрава вода за пиење.

Г. ПОДВИЖНИ КАНТИНИ

12. Во претпријатијата во кои вработените се на дисперзирани работни места со големи површини, препорачливо е , кога е тоа можно и потребно, и кога не се достапни други задоволувачки служби, да се обезбедат подвижни кантини за продажба на соодветни оброци на работниците.

Д. ДРУГИ СЛУЖБИ

13. Треба да се посвети посебно внимание на обезбедување на работниците во смени служби за добивање на соодветните оброци и пијалаци во соодветното време.

14. Во местата каде што не постојат доволно капацитети за купување соодветни храна, пијалаци и оброци, треба да се преземат мерки да им се обезбедат такви служби на работниците.

Ѓ. КОРИСТЕЊЕ НА ПРОСТОРИИТЕ

15. Работниците не треба во никој случај да бидат обврзани, освен ако тоа не се бара со националните закони и прописи поради здравствени причини, да користат која било од обезбедените служби за исхрана.

IV. ПРОСТОРИИ ЗА ОДМОР

А. СЕДИШТА

16. (1) Во претпријатијата во кои работниците, особено жените и младите работници, во текот на работата имаат разумни можности за седење без тоа да биде на штета на нивната работа, треба да се обезбедат и одржуваат седишта за нивните потреби.

(2) Така обезбедените седишта треба да бидат во доволен број и разумно блиску до работните места на соодветните работници.

17. (1) Во претпријатијата во коишто значителен дел од работата може правилно да се заврши седејќи, треба да се обезбедат и одржуваат седишта за соодветните работници.

(2) Седиштето треба да има дизајн, конструкција и големина што е соодветна за работникот и за работата; ако е потребно, треба да се обезбеди и потпора за нозете.

18. Без оглед на тоа дали седиштата за работниците се обезбедуваат и одржуваат врз основа на националните закони или прописи, надлежните власти во секоја зема треба да овластат соодветни владини службеници што ќе обезбедуваат информации, совети и упатства во однос на техничките прашања поврзани со обезбедувањето и одржувањето на соодветни седишта за работниците, особено во случајот кога седиштата се обезбедуваат за работници што вршат работни операции за кои значителен дел од работата може правилно да се заврши седејќи.

Б. ПРОСТОРИИ ЗА ОДМОР

19. (1) Во претпријатијата во кои не постојат алтернативни погодности за кратки одмори на работниците во текот на работното време, треба да се обезбедат простории за одмор, кога тоа е препорачливо, земајќи ја предвид природата на работата и сите останати релевантни услови и околности. Конкретно, просториите за одмор треба да се опремат на таков начин што ќе ги задоволуваат потребите на работничките/работниците што работат на особено напорните и посебните работи за кои е потребен краток одмор во текот на работното време; или за работниците што работат во две смени.

(2) Националните закони или прописи треба, кога е тоа соодветно, да ги овластат надлежните власти да бараат обезбедување на простории за одмор во посебните претпријатија или категории на претпријатија во кои надлежните власти сметаат дека е тоа препорачливо во согласност со условите и околностите на вработувањето.

20. Таквите простории мора да содржат најмалку :

(а) просторија што е соодветно опремена во согласност со климатските услови за намалување на неудобноста поради топлото или ладното време;

(б) соодветна вентилација и осветлување;

(в) соодветни седишта во соодветен број.

V. СРЕДСТВА ЗА РЕКРЕАЦИЈА

21. (1) Треба да се преземат соодветни мерки за поттикнување на обезбедувањето средства за рекреација за работниците во или во близина на претпријатијата во

коишто тие се вработени, онаму каде соодветни средства што се организираат од страна на специјални тела или со акции на заедницата не достапни и онаму каде што постои реална потреба за такви средства согласно со укажувањата на претставниците на засегнатите работници.

(2) Таквите мерки, кога е тоа потребно, се преземаат од страна на комитетите на претпријатијата или другите тела што се воспоставени врз основа на националните закони или прописи ако тие имаат одговорности во оваа област, или преку приватна иницијатива на засегнатите работодавачи или работници по меѓусебни консултации. Овие мерки треба, по можност, да се преземаат на таков начин што ќе ја поттикнат и поддржат акцијата на јавните власти така што заедницата ќе биде во можност да ги исполни барањата за средства за рекреација.

22. Без оглед на тоа кои методи ќе бидат усвоени за обезбедување на средствата за рекреација, работниците не смеат во никој случај да бидат на каков било начин обврзани да користат кое било од овие средства.

VI. УПРАВУВАЊЕ СО СЛУЖБАТА ЗА ИСХРАНА И СО СРЕДСТВАТА ЗА РЕКРЕАЦИЈА

23. Иако управувањето со обезбедената служба за исхрана и средства за рекреација може да се врши на различни начини во согласност со обичаите на соодветната земја или место, или со договорите со кои на посебни тела им е доверена општата одговорност за организација за социјалните служби, во продолжение се наведени определени форми на управување што надлежните власти, работодавачите и работниците треба да ги земат предвид:

(а) во однос на службите за исхрана:

(i) во земјите во кои обезбедувањето на службите за исхрана претставува одговорност на комитетите на претпријатијата што се воспоставени врз основа на националните закони или прописи, управувањето со таквите служби го вршат таквите комитети на претпријатијата или поткомитети назначени од нив;

(ii) во останатите земји, управувањето со таквите служби го врши раководството на претпријатието или изведувачи на угостителски работи што се назначени од него, со одредби за советување со работниците во претпријатието, на пример, преку комитет за кантина што се состои од претставници на работниците во претпријатието;

(б) во однос на средствата за рекреација:

(i) во земјите во кои обезбедувањето на средствата за рекреација претставува одговорност на комитетите на претпријатијата што се воспоставени врз основа на националните закони или прописи, управувањето со таквите средства го вршат таквите комитети на претпријатијата или поткомитети назначени од нив; или

(ii) во останатите земји, управувањето со таквите средства го врши централен

комитет за рекреација што е избран од работниците во претпријатието; со или без претставник или претставници на раководството на претпријатието, или од страна на повеќе различни клубови што се основани врз доброволна основа од групи работници во претпријатието кои се заинтересирани за определени облици на рекреација.

24. Надлежните власти во секоја земја треба да организираат советување на организациите на работниците и работодавачите во врска со методите за управување и контролата врз средствата за рекреација што се воспоставени врз основа на националните закони или прописи.

VII. ФИНАНСИРАЊЕ НА СЛУЖБИТЕ ЗА ИСХРАНА И СРЕДСТВАТА ЗА РЕКРЕАЦИЈА

25. Иако финансирањето на обезбедените служби за исхрана и средства за рекреација може да се врши на различни начини во согласност со обичаите на соодветната земја или место, или со договорите со кои на посебни тела им е доверена општата одговорност за организиација за социјалните служби, во продолжение се наведени определени форми на финансирање што надлежните власти, работодавачите и работниците треба да ги земат предвид:

(а) во однос на службите за исхрана :

(i) финансирање од страна на работодавачот на трошоците за изградбата, изнајмувањето или обезбедувањето на друг начин на службите за исхрана заедно со потребната опрема и мебел, како и на општите режиски трошоци и трошоците за одржување, вклучувајќи го греењето, осветлувањето и чистењето, таксите и даноците, осигурувањето и одржувањето на просториите, опремата и мебелот;

(ii) плаќање на оброците и останатите прехранбени производи што им се обезбедуваат на работниците што ги користат овие служби;

(iii) финансирање на расходите за платите и придонесите за осигурување на вработените во службата за исхрана, од страна на работодавачот или од страна на работниците преку плаќање на обезбедените оброци и останатите прехранбени производи;

(б) во однос на средствата за рекреација:

(i) финансирање од страна на работодавачот на трошоците за изградбата, изнајмувањето или обезбедувањето на друг начин на просториите за рекреација на затворено и на терените и инсталациите на средствата за рекреација на отворено, заедно со потребната трајна опрема и мебел, како и на општите режиски трошоци и трошоците за одржување, вклучувајќи го греењето, осветлувањето и чистењето, таксите и даноците, осигурувањето и одржувањето на просториите, терените, инсталациите, опремата и мебелот; и

(ii) финансирање на тековните трошоци, вклучувајќи ги, особено, трошоците за

купување на потрошната опрема и материјали, од страна на работниците што ги користат средствата преку плаќање на членарина надоместоци за водење натпревари, и преку приходите од влезниците за натпреварите, или на друг начин.

26. Во економски неразвиените земји, во отсуство на други законски обврски во однос на социјалните служби за работниците, таквите служби може да се финансираат преку фондовите за социјална заштита што се полнат со придонеси утврдени од страна на надлежните власти и со кои управуваат комитети со еднаква застапеност на работодавачите и работниците.

27. (1) Кога оброците или другите прехрамбени производи им се обезбедуваат на работниците непосредно од страна на работодавачот, нивните цени треба да бидат поволни и тие треба да се обезбедуваат без добивка за работодавачот; сите можни финансиски вишоци што произлегуваат од продажбата треба да се уплатат во еден фонд или на посебна сметка и да се користат, во согласност со околностите, за порамнување на загубите или за подобрување на службите што им се ставени на располагање на работниците.

(2) Кога оброците или другите прехрамбени производи им се обезбедуваат на работниците од срана на угостителско претпријатие или изведувач на работите, нивните цени треба да бидат разумни и тие треба да се обезбедуваат без добивка за работодавачот.

(3) Кога предметните служби се обезбедуваат врз основа на колективни договори или посебни спогодби во рамките на претпријатијата, со фондот што е предвиден во потставот (1) управува или едно заедничко тело или управуваат работниците.

28. (1) Во ниеден случај од работниците не смее да се бара да учествуваат во трошоците за социјалните служби што тие не сакаат лично да ги употребуваат.

(2) Во случаите кога работниците треба да плаќаат за социјалните служби, плаќањето на рати или одложеното плаќање не се дозволени.

VIII. ПРЕВОЗНИ СРЕДСТВА

29. Ако, во согласност со националните или локалните обичаи, работниците користат сопствени превозни средства за превоз дои од работа, треба да се обезбедат, кога е тоа можно и потребно, соодветни места за паркирање и чување на превозните средства.

30. Ако значителен број од работниците се соочуваат со посебни тешкотии во патувањето до и од работа поради несоодветноста на службите за јавен превоз, или несоодветноста на возните редови, претпријатијата во коишто тие се вработени треба да настојуваат да ги обезбедат потребните подобрувања или приспособувања на услугите од страна на организациите што обезбедуваат услуги за јавен превоз во соодветното место.

31. Кога проблемите на работниците со превозот се должат првенствено на

пренатрупаноста на превозните средства и сообраќајните застои во определено време и кога таквите тешкотии не може да се надминат на друг начин, претпријатието во коешто се вработени треба, во консултации со засегнатите работници и, кога е тоа соодветно, со останатите претпријатија во истото место, да вложи напори да ги приспособи или помести времињата на започнување и завршување со работата во претпријатието во целост или во дел од неговите служби.

32. Кога на работниците им се неопходни соодветни и практични превозни средства и тие не може да се обезбедат на друг начин, претпријатијата во кои тие се вработени треба самостојно да го организираат нивниот превоз.

33. Во некои земји, области или индустрии, каде јавните превозни средства се несоодветни или непрактични, и ако претпријатието не го обезбедува превозот самостојно, претпријатието треба да им исплаќа надоместоци за превоз на вработените, врз основа на договор меѓу работодавачот и засегнатите работници.

34. Секогаш кога е тоа потребно, претпријатијата треба да преземат мерки за ставање на располагање соодветни превозни средства, преку службите за јавен превоз или на друг начин, за исполнување на потребите на работниците во смени во соодветните времиња во текот на денот или ноќта кога јавните превозни средства се несоодветни, непрактични или непостоечки.

XI. ОПШТА ОДРЕДБА

35. Во случајот на сојузна држава, терминот ***национални закони или прописи***, според својата употреба во оваа Препорака, ги вклучува законите и прописите на сојузната држава и законите и прописите на државите, покраините или кантоните во нејзиниот состав, согласно со уставниот систем на соодветната членка.

ПРЕПОРАКА ЗА СПИСОКОТ СО ПРОФЕСИОНАЛНИ ЗАБОЛУВАЊА, 2002 ГОДИНА, (БР. 194)

Генералната конференција на Меѓународната организација на трудот,

свикана во Женева, од страна на Управниот орган на Меѓународната канцеларија на трудот, на 90-та сесија, одржана на 3 јуни 2002 година и

имајќи ги предвид одредбите од Конвенцијата и Препораката за безбедност и здравје при работа од 1981 година и Конвенцијата и Препораката за службите за трудова медицина од 1985 година. и

имајќи го предвид списокот со професионални заболувања изменет во 1980 година и приложен кон Конвенцијата за надоместоци за повреда на работното место од 1964 година и

имајќи ја предвид потребата за зајакнување на процедурите за утврдување, евиденција и известување за несреќи и заболувања поврзани со работното место, во насока на утврдување на причините, воспоставување превентивни мерки, хармонизирање на системите за евиденција и известување и подобрување на процесот на компензација во случај на несреќа на работното место и професионално заболување и

имајќи ја предвид потребата за поедноставена постапка за ажурирање на списокот со професионални заболувања и

одлучувајќи за донесување на одредени предлози во поглед на евиденцијата и известувањето за несреќи и заболувања поврзани со работното место, како и за редовна ревизија и ажурирање на списокот со професионални заболувања, коешто е петта точка на агендата на сесијата и

утврдувајќи дека овие предлози ќе бидат во форма на Препорака;

на дваесетти јуни две илјади и втората година ја донесе следната Препорака, којашто може да се цитира како Препорака за списокот со професионални заболувања од 2002 година.

1. При воспоставувањето, ревизијата и примената на системите за евидентирање и известување за несреќи и заболувања поврзани со работното место, надлежниот орган треба да го земе предвид Кодексот за работа од 1996 година. за евидентирање и известување за несреќи и заболувања поврзани со работното место и други кодекси за работа или во насоки кои се однесуваат на овој предмет и коишто во иднина ќе бидат одобрени од страна на Меѓународната организација на трудот.

2. Надлежниот орган треба да утврди национален список со професионални заболувања за целите на спречување, евиденција, известување и, ако е применливо, компензација, во консултации со најрепрезентативните организации на работодавачи и работници, со примена на методи што се во согласност со

националните услови и практика, и доколку е неопходно во фази. Овој список треба:

(а) за целите на спречување, евиденција, известување и компензација, треба во најмала мера да ги вклучува заболувањата наведени во Распоред I од Конвенцијата за надоместоци во случај на повреда на работното место од 1964 година, како што е изменета во 1980 година;

(б) колку што е можно, да ги вклучува другите заболувања содржани во списокот со професионални заболувања, приложен кон оваа Препорака; и

(в) колку што е можно, да вклучува дел насловен „сомнеж за професионални заболувања".

3. Списокот приложен кон оваа Препорака треба редовно да се ревидира и ажурира на трипартитните состаноци на експерти свикани од страна на Управувачкото тело на Меѓународната канцеларија на трудот. Секој нов список утврден на тој начин се поднесува до Управувачкото тело на одобрување и по одобрувањето го заменува претходниот список и се доставува до земјите-членки на Меѓународната организација на трудот.

4. Националниот список со професионални заболувања се ревидира и ажурира во согласност со најактуелниот список утврден во согласност со став 3 погоре.

5. Секоја земја-членка го доставува националниот список со професионални заболувања до Меѓународната канцеларија на трудот, веднаш по неговото утврдување или ревидирање, со цел олеснување на редовната ревизија и ажурирање на списокот со професионални заболувања приложен кон оваа Препорака.

6. Секоја земја-членка, на годишно ниво, доставува до Меѓународната канцеларија на трудот сеопфатни статистички податоци за несреќите и заболувањата поврзани со работното место и ако е соодветно, опасни појави и несреќи при патување заради олеснување на меѓународната размена и споредба на овие статистички податоци.

АНЕКС

Список со професионални заболувања (ревидиран во 2010 г.)

(При примената на овој список, каде што е соодветно, треба да се земат предвид степенот и видот на изложување и работата или професијата што вклучуваат посебен ризик од изложување)

1. Професионални болести предизвикани од изложување на агенси што произлегуваат од работните активности

1.1. Болести предизвикани од хемиски агенси

1.1.1. Болести предизвикани од берилиум или неговите соединенија

1.1.2. Болести предизвикани од кадмиум или неговите соединенија

1.1.3. Болести предизвикани од фосфор или неговите соединенија

1.1.4. Болести предизвикани од хром или неговите соединенија

1.1.5. Болести предизвикани од манган или неговите соединенија

1.1.6. Болести предизвикани од арсеник или неговите соединенија

1.1.7. Болести предизвикани од жива или неговите соединенија

1.1.8. Болести предизвикани од олово или неговите соединенија

1.1.9. Болести предизвикани од флуор или неговите соединенија

1.1.10. Болести предизвикани од јаглерод дисулфид

1.1.11. Болести предизвикани од халогенски деривати на алифатски или ароматични јаглерод-водородни соединенија

1.1.12. Болести предизвикани од бензол или неговите хомолози

1.1.13. Болести предизвикани од нитрои аминодеривати на бензол или неговите хомолози

1.1.14. Болести предизвикани од нитроглицерин или други естри на азотната киселина

1.1.15. Болести предизвикани од алкохоли, гликоли или кетони

1.1.16. Болести предизвикани од асфиксанти, како што се јаглерод моноксид, водороден сулфид, водороден цијанид или неговите деривати

1.1.17. Болести предизвикани од акрилонитрил

1.1.18. Болести предизвикани од оксиди на азот

1.1.19. Болести предизвикани од ванадиум или неговите соединенија

1.1.20. Болести предизвикани од антимон или неговите соединенија

1.1.21. Болести предизвикани од хексан

1.1.22. Болести предизвикани од минерални киселини

1.1.23. Болести предизвикани од фармацевтски агенси

1.1.24. Болести предизвикани од никел или неговите соединенија

1.1.25. Болести предизвикани од талиум или неговите соединенија

1.1.26. Болести предизвикани од осмиум или неговите соединенија

1.1.27. Болести предизвикани од селен или неговите соединенија

1.1.28. Болести предизвикани од бакар или неговите соединенија

1.1.29. Болести предизвикани од платина или неговите соединенија

1.1.30. Болести предизвикани од калај или неговите соединенија

1.1.31. Болести предизвикани од цинк или неговите соединенија

1.1.32. Болести предизвикани од фозген

1.1.33. Болести предизвикани од иританси за рожницата, како што е бензокинон

1.1.34. Болести предизвикани од амонијак

1.1.35. Болести предизвикани од изоцијанати

1.1.36. Болести предизвикани од пестициди

1.1.37. Болести предизвикани од оксиди на сулфур

1.1.38. Болести предизвикани од органски растворувачи

1.1.39. Болести предизвикани од латекс или производи што содржат латекс

1.1.40. Болести предизвикани од хлор

1.1.41. Болести предизвикани од други хемиски агенси на работа што не се споменати во претходните точки, каде што има научен доказ за директната поврзаност меѓу изложувањето на овие хемиски агенси што произлегуваат од работните активности и заболувањето на работникот или истата е одредена со методи во согласност со националните услови и практика.

1.2. Болести предизвикани од физички агенси

1.2.1. Оштетување на слухот предизвикано од бучава

1.2.2. Болести предизвикани од вибрации (нарушувања кај мускулите, тетивите, коските, зглобовите, периферните крвни садови или периферните нерви)

1.2.3. Болести предизвикани од компримиран или декомпримиран воздух

1.2.4. Болести предизвикани од јонизирачко зрачење

1.2.5. Болести предизвикани од оптичко (ултравиолетово, видливо светло, инфрацрвено) зрачење, вклучително и ласер

1.2.6. Болести предизвикани од изложување на екстремни температури

1.2.7. Болести предизвикани од други физички агенси на работа што не се споменати во претходните точки, каде што има научен доказ за директната поврзаност меѓу изложувањето на овие физички агенси што произлегуваат од работните активности и заболувањето на работникот или истата е одредена со методи во согласност со националните услови и практика.

1.3. Биолошки агенси и заразни болести или болести предизвикани од паразити

1.3.1. Бруцелоза

1.3.2. Вирус хепатитис

1.3.3. Вирус причинител на имунолошки недостаток кај човекот (ХИВ)

1.3.4. Тетанус

1.3.5. Туберкулоза

1.3.6. Токсични или инфламаторни синдроми поврзани со бактериски или габични контаминати

1.3.7. Антракс

1.3.8. Лептоспироза

1.3.9. Болести предизвикани од други биолошки агенси на работа што не се споменати во претходните точки, каде што има научен доказ за директната поврзаност меѓу изложувањето на овие биолошки агенси што произлегуваат од работните активности и заболувањето на работникот или истата е одредена со методи во согласност со националните услови и практика.

2. Професионални заболувања на целни органски системи

2.1. Респираторни болести

2.1.1. Пневмоконоза предизвикана од фиброгена минерална прашина (силикоза, антрако-силикоза, азбест)

2.1.2. Силикотуберкулоза

2.1.3. Пневмоконоза предизвикана од нефиброгена минерална прашина

2.1.4. Сидероза

2.1.5. Бронхопулмонарни заболувања предизвикани од прашина од цврсти метали

2.1.6. Бронхопулмонарни заболувања предизвикани од прашина од памук (бисиноза), лен, коноп, агава или шеќерна трска (багасоза).

2.1.7. Астма предизвикана од признаени сензитирачки агенси или иританси што произлегуваат од работниот процес

2.1.8. Несвојствен алергиски алвеолитис предизвикан со вдишување органска прашина или аеросоли загадени со микроби, коишто произлегуваат од работните активности

2.1.9. Хронични опструктивни пулмонарни заболувања предизвикани со вдишување на прашина од јаглен, прашина од каменоломи, дрвена прашина, прашина од житарки и земјоделска работа, прашина во штали, прашина од текстил и прашина од хартија, коишто произлегуваат од работните активности

2.1.10. Белодробни заболувања предизвикани од алуминиум

2.1.11. Нарушувања на горните дишни патишта предизвикани од признаени сензитирачки агенси или иританси што произлегуваат од работниот процес

2.1.12. Други респираторни заболувања што не се споменати во претходните точки, каде што има научен доказ за директната поврзаност меѓу изложувањето на

ризичните фактори што произлегуваат од работните активности и заболувањето на работникот или истата е одредена со методи во согласност со националните услови и практика.

2.2. Кожни болести

2.2.1. Алергиска контактна дерматоза и контактна уртикарија предизвикани од други идентификувани агенси што предизвикуваат алергии и произлегуваат од работните активности, а не се вклучени во другите точки

2.2.2. Иритантна контактна дерматоза предизвикана од други идентификувани агенси произлегуваат од работните активности, а не се вклучени во другите точки

2.2.3. Витилиго предизвикан од други идентификувани агенси што произлегуваат од работните активности, а не се вклучени во другите точки

2.2.4. Други кожни болести предизвикани од физички, хемиски или биолошки агенси на работа што не се споменати во претходните точки, каде што има научен доказ за директната поврзаност меѓу изложувањето на ризичните фактори што произлегуваат од работните активности и заболувањето на работникот или истата е одредена со методи во согласност со националните услови и практика.

2.3. Мускулоскелетални заболувања

2.3.1. Радијален стилоиден теносиновитис од постојано повторување на движења, силни истегнувања и неприродни држења на рачниот зглоб

2.3.2. Хроничен теносиновитис на дланката и рачниот зглоб поради постојано повторување на движења, силни истегнувања и неприродни држења на рачниот зглоб

2.3.3. Олекрански бурситис поради продолжен притисок на регијата на лакотот

2.3.4. Препателарен бурситис поради продолжено стоење во клекната положба

2.3.5. Епикондилитис поради напорна работа со постојани повторувања

2.3.6. Повреда на менискусот по подолги периоди на работа во клекната положба

2.3.7. Синдром на карпален тунел поради подолги периоди на напорна работа со повторени движења, работа што вклучува вибрации, неприродни држења на рачниот зглоб или комбинација од трите

2.3.8. Други мускулоскелетални нарушувања што не се споменати во претходните точки, каде што има научен доказ за директната поврзаност меѓу изложувањето на ризичните фактори што произлегуваат од работните активности и мускулоскелеталните нарушувања на работникот или истата е одредена со методи во согласност со националните услови и практика.

2.4. Ментални и бихевиорални нарушувања

2.4.1. Пост-трауматско нарушување предизвикано од стрес

2.4.2. Други ментални или бихевиорални нарушувања што не се споменати во претходните точки, каде што има научен доказ за директната поврзаност меѓу изложувањето на ризичните фактори што произлегуваат од работните активности и ментални или бихевиорални нарушувања на работникот или истата е одредена со методи во согласност со националните услови и практика.

3. Професионално заболување од рак

3.1. Рак предизвикан од следните агенси

3.1.1. Азбест

3.1.2. Бензидин и неговите соли

3.1.3. Бис-хлорометил етер (BCME)

3.1.4. Соединенија на шестовалентен хром

3.1.5. Катран од дестилиран јаглен, смола или гара од дестилиран јаглен

3.1.6. Бета-нафтиламин

3.1.7. Винил-хлорид

3.1.8. Бензол

3.1.9. Токсични нитро и аминодеривати на бензол или неговите хомолози

3.1.10. Јонизирачко зрачење

3.1.11. Катран, смола, битумен, минерални масла, антрацен или соединенија, производи и остатоци од овие супстанции

3.1.12. Емисии од кокс

3.1.13. Соединенија од никел

3.1.14. Дрвена прашина

3.1.15. Арсен и неговите соединенија

3.1.16. Берилиум и неговите соединенија

3.1.17. Кадмиум и неговите соединенија

3.1.18. Ерионит

3.1.19. Етилен оксид

3.1.20. Вирус Хепатитис Б (HBV) вирус Хепатитис Ц (HCV)

3.1.21. Заболување од рак предизвикано од други агенси на работа што не се споменати во претходните точки, каде што има научен доказ за директната поврзаност меѓу изложувањето на овие агенси што произлегуваат од работните активности и заболувањето на работникот или истата е одредена со методи во согласност со националните услови и практика

4. Други заболувања

4.1. Нистагма кај рудари

4.2. Други специфични заболувања што не се споменати во претходните точки, каде што има научен доказ за директната поврзаност меѓу изложувањето што произлегува од работните активности и заболувањето на работникот или истата е одредена со методи во согласност со националните услови и практика.

КОНВЕНЦИЈА ЗА ЗАШТИТА ОД ЗРАЧЕЊЕ, 1960 ГОДИНА, (БР. 115)

Генералната конференција на Меѓународната организација на трудот,

свикана во Женева од страна на Управниот орган на Меѓународната канцеларија на трудот, на четириесет и четвртата сесија, одржана на 1 јуни 1960 година и

одлучувајќи за донесување на одредени предлози во поглед на заштитата на работниците од јонизирачко зрачење, коешто е четврта точка на агендата на сесијата и

утврдувајќи дека овие предлози ќе бидат во форма на меѓународна Конвенција,

на дваесет и втори јуни илјада деветстотини и шеесеттата година, ја донесе следната Конвенција, којашто може да се цитира како Конвенција за заштита од зрачење од 1960 година:

ДЕЛ I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Секоја земја-членка на Меѓународната организација на трудот, којашто ќе ја ратификува оваа Конвенција се обврзува да ја стави во сила преку закони или прописи, кодекси за работа или други соодветни средства. При примената на одредбите од Конвенцијата, надлежните органи се консултираат со претставниците на работодавачите и работниците.

Член 2

1. Оваа Конвенција се однесува на сите активности што вклучуваат изложување на работниците на јонизирачко зрачење во текот на нивната работа.

2. Оваа Конвенција не се однесува на радиоактивните супстанции, затворени или отворени , ниту на апарати што предизвикуваат јонизирачко зрачење, коишто супстанции или апарати, поради ограничените дози на јонизирачко зрачење што го предизвикуваат, се исклучени од одредбите преку еден од методите што ја стават во сила Конвенцијата, споменати во член 1.

Член 3

1. Во согласност со информациите достапни во предметниот период, се преземаат сите соодветни чекори за обезбедување ефективна заштита од јонизирачко зрачење за работниците, во поглед на нивното здравје и безбедност.

2. За таа цел, ќе се донесат потребни правила и мерки, додека на располагање ќе се стават неопходните податоци за ефективна заштита.

3. Во насока на обезбедување таква ефективна заштита :

(а) мерките за заштита на работниците од јонизирачко зрачење донесени по ратификација на Конвенцијата од страна на засегнатите земји-членки се во согласност со одредбите од истата;

(б) засегнатите земји-членки ги менуваат, колку што е можно побрзо, мерките донесени пред ратификација на Конвенцијата, со цел да бидат во согласност со одредбите од истата и ги промовираат таквите измени на другите мерки што биле во сила во времето на ратификацијата;

(в) засегнатата земја-членка доставува до Генералниот директор на Меѓународната канцеларија на трудот, при ратификувањето на Конвенцијата, изјава во која се наведува начинот и категориите на работници на кои се применуваат одредбите од Конвенцијата и ќе го наведе во своите извештаи за примената на Конвенцијата, напредокот постигнат во таа насока;

(г) по истекот на три години од датумот на стапување во сила на оваа Конвенција, Управувачкото тело на Меѓународната канцеларија на трудот доставува до Конференцијата посебен извештај во врска со примената на потстав (б) од овој став, кој ќе содржи предлози што може да се сметаат за соодветни за понатамошно делување во таа насока.

ДЕЛ II. ЗАШТИТНИ МЕРКИ

Член 4

Активностите наведени во член 2 се уредуваат и се спроведуваат со цел да се обезбеди заштитата предвидена во овој дел од Конвенцијата.

Член 5

Секој напор е во насока за ограничување на изложувањето на работниците на јонизирачко зрачење на најниско изводливо ниво и се избегнува секое непотребно изложување на сите засегнати страни.

Член 6

1. Максималните дозволени дози на јонизирачко зрачење што може да дојдат во допир со телото од надворешни или внатрешни извори и максималните дозволени количини на радиоактивни супстанции што може да ги прими телото се утврдуваат во согласност со Дел I од оваа Конвенција за различни категории на работници.

2. Таквите максимални дозволени дози и количини постојано се држат под контрола во согласност со современите информации.

Член 7

1. Соодветните нивоа се утврдуваат во согласност со член 6 за работниците што се директно ангажирани со работа што вклучува зрачење и се:

(а) на возраст од и над 18 години;

(б) на возраст под 18 години.

2. Ниту еден работник на возраст под 16 години нема да биде ангажиран за работа што вклучува јонизирачко зрачење.

Член 8

Соодветните нивоа се утврдуваат во согласност со член 6 за работниците што не се директно ангажирани со работа што вклучува зрачење, но коишто остануваат или поминуваат на места каде што може да бидат изложени на јонизирачко зрачење или радиоактивни супстанции.

Член 9

1. Ќе се користат соодветни предупредувања за да се означи присуство на опасност од јонизирачко зрачење. Работниците ги добиваат сите неопходни информации во таа насока.

2. Сите работници што се директно ангажирани со работа што вклучува зрачење ќе добијат соодветни упатства пред и во текот на работниот однос, за мерките за претпазливост што треба да ги преземат заради нивна заштита, во поглед на нивното здравје и безбедност и причините за нив.

Член 10

Со законите или прописите се бара известување на начин што е пропишан со тие акти во врска со работата што вклучува изложување на работниците на јонизирачко зрачење во текот на нивната работа.

Член 11

Со цел да се измери изложувањето на работниците на јонизирачко зрачење и радиоактивни супстанции, се спроведува соодветно следење на работниците и работното место, за да се констатира дали се почитуваат прифатливите нивоа на изложеност.

Член 12

Сите работници што се директно ангажирани со работа што вклучува зрачење ќе бидат подложени на соодветно медицинско испитување пред или кратко по прифаќањето на таквата работа и последователно ќе бидат подложени на дополнителни медицински прегледи /следења на соодветни периоди.

Член 13

Со еден од методите со коишто се става во сила Конвенцијата, споменати во член 1 се утврдуваат околностите при кои веднаш ќе се преземат следните мерки, поради природата или нивото на изложување или комбинација од двете:

(а) работникот е подложен на соодветно медицинско испитување;

(б) работодавачот ги известува надлежните органи во согласност со барањата;

(в) лицето надлежно за заштита од зрачење ги проверува условите при кои работникот ги извршува своите должности;

(г) работодавачот ги презема сите неопходни корективни мерки врз основа на техничките наоди и медицинските совети.

Член 14

Ниту еден работник нема да биде вработен или нема да го продолжи работниот однос, доколку постои можностда биде изложен на јонизирачко зрачење спротивно на квалификуваниот медицински совет.

Член 15

Секоја земја-членка што ќе ја ратификува оваа Конвенција се обврзува да обезбеди соодветна инспекциска служба заради надзор на примената на одредбите, или за да се осигури дека се извршени соодветни инспекциски надзори.

ЗАВРШНО

ДЕЛ III. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 16

Генералниот директор на Меѓународната канцеларија на трудот ќе биде известен за формалното ратификување на оваа Конвенција, заради регистрирање.

Член 17

1. Оваа Конвенција е обврзувачка за оние земји-членки на Меѓународната организација на трудот, чиишто ратификации се регистрирани од страна на Генералниот директор.

2. Оваа Конвенција влегува во сила дванаесет месеци од датумот на регистрирање на ратификациите од две земји-членки од страна на Генералниот директор.

3. Следствено, Конвенцијата влегува во сила за сите земји-членки, дванаесет месеци од датумот на регистрирање на нивните ратификации.

Член 18

1. Земјата-членка што ќе ја ратификува оваа Конвенција може да се откаже по истекот на пет години од датумот на којшто Конвенцијата за прв пат стапила во сила, со акт доставен до Генералниот директор на Меѓународната канцеларија на трудот заради регистрирање. Таквото откажување стапуваво сила една година по неговото регистрирање.

2. Секоја земја-членка што ја ратификувала оваа Конвенција, и којаштово текот на годината по истекот на периодот од пет години споменат во претходниот став, не го оствари правото за откажување предвидено со овој член, ќе биде обврзана за дополнителен период од пет години и потоа може да се откажува од оваа Конвенција по истекот на секој период од пет години, во согласност со условите предвидени со овој член.

Член 19

1. Генералниот директор на Меѓународната канцеларија на трудот ги известува сите земји-членки на Меѓународната организација на трудот за регистрирањето на ратификациите и актите за откажување доставени од страна на земјите-членки на Организацијата.

2. При известувањето на земјите-членки на Организацијата за регистрацијата на втората ратификација, Генералниот директор ги известува земјите-членки на Организацијата за датумот по којшто Конвенцијата ќе стапи во сила.

Член 20

Генералниот директор на Меѓународната канцеларија на трудот ги доставува до Генералниот секретар на Обединетите нации за регистрација, согласно член 102 од Повелбата на Обединетите нации, целосните податоци за сите ратификации и акти на откажувања, регистрирани од него во согласност со одредбите од претходните членови.

Член 21

Управниот орган на Меѓународната канцеларија на трудот, кога ќе смета за неопходно, доставува извештај до Генералната конференција за спроведувањето на оваа Конвенција и ја проверува подготвеноста на Конференцијата да го стави прашањето за нејзина целосна или делумна ревизија на својата агенда.

Член 22

1. Доколку Конференцијата донесе нова Конвенција за целосно или делумно ревидирање на оваа Конвенција, освен ако со Конвенцијата не се предвидува поинаку:

(а) ратификацијата од страна на земјата-членка на новата ревидирана Конвенција *ipso jure* вклучува откажување од оваа Конвенција, не доведувајќи ги во прашање одредбите од член 18 погоре, ако и кога новата ревидирана Конвенција стапи во сила;

(б) од датумот кога новата ревидирана Конвенција стапува во сила, оваа Конвенција престанува да биде отворена за ратификација од страна на земјите-членки.

2. Оваа Конвенција во секој случај останува во сила со својата тековна форма и содржина за оние земји-членки што ја ратификувале, но не ја ратификувале ревидираната Конвенција.

Член 23

Англиската и француската верзија на текстот на оваа Конвенција се подеднакво веродостојни.

Горенаведениот текст е автентичниот текст на Конвенцијата што е донесена од страна на Генералната конференција на Меѓународната организација на трудот за време на четириесет и четвртата сесија што е одржана во Женева и затворена на дваесет и трети јуни 1960 година.

ПРЕПОРАКА ЗА ЗАШТИТА ОД ЗРАЧЕЊЕ, 1960 ГОДИНА, (БР.114)

Генералната конференција на Меѓународната организација на трудот,

свикана во Женева, од страна на Управувачкото тело на Меѓународната канцеларија на трудот, на четириесет и четвртата сесија, одржана на 1 јуни 1960 година, и

одлучувајќи за донесување на одредени предлози во поглед на заштитата на работниците од јонизирачко зрачење, коешто е четврта точка на агендата на сесијата, и

утврдувајќи дека овие предлози ќе бидат во форма на Препорака за надополнување на Конвенцијата за заштита од зрачење, 1960 година;

на дваесет и втори јуни илјада деветстотини и шеесеттата година, ја донесе следната Препорака, којашто може да се цитира како Препорака за заштита од зрачење од 1960 година:

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1. Оваа Препорака се става во сила преку закони или прописи, кодекси за работа или други соодветни средства. При примената на одредбите од Препораката, надлежниот орган се консултира со претставниците на работодавачите и работниците.

2. (1) Оваа Препорака се однесува на сите активности што вклучуваат изложување на работниците на јонизирачко зрачење во текот на нивната работа.

(2) Оваа Препорака не се однесува на радиоактивните супстанции, затворени или отворени, ниту на апарати што предизвикуваат јонизирачко зрачење, коишто супстанции или апарати, поради ограничените дози на јонизирачко зрачење што го предизвикуваат, се исклучени од одредбите преку еден од методите што ја стават во сила Конвенцијата, споменати во член 1.

3. Со цел да се стави во сила член 3 став 2 од Конвенцијата за заштита од зрачење, 1960 година, секоја земја-членка треба да ги земе предвид препораките што повремено ги дава Меѓународната комисија за радијациона заштита и стандардите што ги носат другите надлежни организации.

II. МАКСИМАЛНИ ДОЗВОЛЕНИ НИВОА

4. Нивоата наведени во членовите 6, 7 и 8 од Конвенцијата за заштита од зрачење, 1960 година, се утврдуваат врз основа на релевантните нивоа што повремено ги препорачува Меѓународната комисија за радијациона заштита. Понатаму, максималните дозволени концентрации од радиоактивни супстанции во воздухот

и водата што доаѓаат во допир со телото, треба да се утврдат врз основа на тие нивоа.

5. Треба да се преземат соодветни мерки за колективна и лична заштита со цел осигурување дека не се надминуваат максималните дозволени нивоа наведени во членовите 6, 7 и 8 од Конвенцијата за заштита од зрачење, 1960 година и дека не се надминуваат максималните дозволени концентрации во воздухот и водата што доаѓаат во допир со телото, и кои се наведени во став 4.

III. НАДЛЕЖНО ЛИЦЕ

6. Работодавачот треба да назначи надлежно лице што ќе работи на прашањата за заштита од јонизирачко зрачење во име на претпријатието.

IV. МЕТОДИ НА ЗАШТИТА

7. (1) Предност им се дава на методите на колективна заштита во случаите кога тие обезбедуваат ефективна физичка и оперативна заштита.

(2) Секогаш кога методите на колективна заштита се несоодветни, треба да се користи лична заштитна опрема и доколку е неопходно, соодветни заштитни постапки.

8. (1) Сите заштитни уреди, инструменти и апарати треба да бидат дизајнирани или изменети со цел да ја исполнат наменетата цел.

(2) Треба да се преземат сите соодветни мерки со цел да се обезбеди редовна проверка на тие уреди, инструменти и апарати, за да се одреди дали се во добра состојба, дали функционираат задоволително, дали се соодветно поставени и дали ја обезбедуваат бараната заштита; особено, тие треба да се проверат пред да бидат ставени во употреба и секогаш кога има промени во постапките, опремата или заштитниците.

(3) Сите неправилности утврдени кај овие уреди, инструменти и апарати треба веднаш да се отстранат; доколку е неопходно, опремата на којашто се поставени треба веднаш да се исклучи од употреба и да не се стават во употреба додека неправилностите не се отстранат.

(4) Надлежниот орган треба да бара соодветна и редовна проверка на поголемите делови од заштитната опрема, а особено опремата за следење.

9. (1) Со незатворените извори треба да се ракува со голема внимателност поради нивната токсичност. (2) Методите за ракување се избираат на тој начин што ќе се сведе на минимум ризикот од влез на радиоактивни супстанции во телото и проширувањето на радиоактивната загаденост.

10. Треба однапред да се изготват планови за мерките:

(а) за итно откривање на можни излевања илиослободување на затворениот извор на радиоактивни супстанции што може да вклучуваат ризик од радиоактивна контаминација; и

(б) за итно преземање на корективни активности за спречување на дополнително ширење на радиоактивната контаминација и за примена на други соодветни безбедносни мерки на претпазливост, вклучувајќи и постапки за деконтаминирање, ако е потребно, во директна соработка со сите засегнати органи.

11. Во соодветните случаи, треба да се идентификуваат изворите што може да вклучуваат изложување на работниците на јонизирачко зрачење и областите во кои може да дојде до такво изложување или каде работниците може да бидат изложени на радиоактивна контаминација, со лесно препознатливи предупредувања.

12. Сите извори на радиоактивни супстанции, затворени или незатворени, во употреба или складирани од страна на претпријатието, треба соодветно да се евидентираат.

13. (1) Надлежниот орган треба да побара од работодавачот или претпријатието што користи или поседува радиоактивни супстанции да изготвува извештаи, како што е пропишано, за употребата на ваквите супстанции.

(2) Надлежниот орган треба да ги пропише условите во согласност со кои треба да се складираат супстанциите што не се во употреба.

14. Ниту една радиоактивна супстанција нема да се пренесува кај друг работодавач или претпријатие без известувањето што го бара надлежниот орган.

15. (1) Секое лице што има причина да верува дека дошло до губење, погрешно наведување, крадење или оштетување на изворот, треба веднаш да го извести надлежното лице наведено во став 6 погоре или ако тоа не е можно, друго одговорно лице што треба да ја пренесе информацијата до надлежното лице, колку што е можно побрзо.

(2) Ако загубата, кражбата или штетата се потврдат, надлежниот орган треба да се извести без одложување.

16. Во однос на посебните медицински проблеми што се вклучени во вработувањето жени на возраст за раѓање, треба да се преземат сите мерки за да се осигури дека тие не се изложени на ризици од висок степен на радијација.

V. Следење

17. (1) Треба да се спроведе соодветно следење на работниците и работното место, со цел да се измери изложувањето на работниците на јонизирачко зрачење и радиоактивни супстанции, за да се констатира дали се почитуваат применливите нивоа.

(2) Во случај на надворешно зрачење, ваквото следење се врши преку филмови, дозиметри или други соодветни начини.

(3) Во случај на внатрешно зрачење, кога има причина да се верува дека може да се стигнат или се надминале максималните дозволени нивоа, следењето треба да вклучува тестови:

(а) за радиоактивно загадување;

(б) ако е изводливо, за количина во телото.

(4) Покрај мерењето на изложеноста на целото тело, со следењето треба да се овозможи одредување на делумното изложување на делот од телото каде што може да настане најголема штета.

18. Каде што е соодветно, надлежниот орган треба да побара спроведување тестови заради откривање контаминација на рацете, телото и облеката на лицето што го напушта работното место.

19. На лицата што го следат спроведувањето на одредбите од Конвенцијата за заштита од зрачење, 1960 година. и од оваа Препорака, треба да им бидат обезбедени соодветна опрема и простории за извршување на својата работа.

VI. МЕДИЦИНСКИ ПРЕГЛЕДИ

20. Сите медицински прегледи наведени во Конвенцијата за заштита од зрачење, 1960 година. треба да ги извршува соодветно квалификуван доктор.

21. Во случаите наведени во член 13 од Конвенцијата за заштита од зрачење, 1960 година. треба да се извршат сите неопходни посебни медицински прегледи.

22. Сите медицински прегледи наведени во претходните ставови не треба да бидат на трошок на работниците.

23. На докторите што ќе ги извршуваат медицинските прегледи треба да им се обезбедат соодветни простории за констатирање на условите на работа на засегнатите работници.

24. За сите работници што ќе бидат подложени на медицински прегледи, ќе се отвори здравствена евиденција и истата ќе се води во согласност со барањата на надлежниот орган.

25. Здравствената евиденција ќе биде во согласност со стандардизираната форма на национално ниво.

26. Колку што е изводливо , треба да се води целосна евиденција на сите дози примени во текот на работата од страна на секој работник наведен во став 24 од оваа Препорака, со цел да може да се земе во предвид кумулативната доза за целите на вработување.?

27. Ако како резултат на медицинските совети, како што е предвидено со член 14 од Конвенцијата за заштита од радијација, 1960 година, не е препорачливо работникот дополнително да се изложува на јонизирачко зрачење во рамки на вообичаената работа на работникот, треба да се направи секој можен напор на работникот да му се обезбеди соодветно алтернативно вработување.

VII. ИНСПЕКЦИЈА И ИЗВЕСТУВАЊЕ

28. Инспекциските служби наведени во член 15 од Конвенцијата за заштита од радијација, 1960 година, треба да вклучуваат или да имаат достапно, доволен број на лица што се целосно упатени во опасностите поврзани со зрачењето и се квалификувани да обезбедат совети за заштита од јонизирачко зрачење.

29. (1) Претставниците на тие инспекциски служби треба да имаат овластувања за преземање чекори во насока на отстранување на утврдените недостатоци во инсталациите, апаратите и методите на работа, за кои постои разумна причина да се верува дека претставуваат закана по здравјето и безбедноста на работниците поради јонизирачко зрачење.

(2) Со цел да им се овозможи на претставниците на инспекциските служби да преземаат такви чекори, во согласност со кое било право на жалба до судски или административен орган, како што е предвидено со закон или пропис, тие треба да бидат овластени да издаваат налог за:

(а) спроведување измени во инсталацијата или постројката во одреден временски период со цел да се обезбеди усогласеност со одредбите што се однесуваат на здравјето или безбедноста на работниците;

(б) мерки што неодложно мора да се спроведат ако тоа го наложува опасноста по здравјето или безбедноста на работниците.

30. (1) Секоја земја-членка треба да предвиди мерки за контрола на ширењето и користењето на изворите на јонизирачко зрачење.

(2) Овие мерки треба да вклучуваат:

(а) известување до надлежниот орган, како што е пропишано од него, за испорака на таквите извори;

(б) известување до надлежниот орган, како што е предвидено од него, за информациите што се однесуваат на природата на апаратот или инсталацијата и за мерките предвидени за заштита од јонизирачко зрачење, пред првично да се отпочне со работа што вклучува изложување на работниците на јонизирачко зрачење и пред да се извршат значителни проширувања или измени на апаратите или инсталациите со емисија на јонизирачко зрачење или пред обезбедување заштита од него.

31. Работодавачот треба да го извести надлежниот орган, како што е предвидено од него, за конечното прекинување со работа што вклучува изложување на работниците на јонизирачко зрачење.

VIII. СОРАБОТКА НА РАБОТОДАВАЧИТЕ И РАБОТНИЦИТЕ

32. Работодавачите и работниците треба да направат секаков напор за да осигурат најтесна соработка во реализирањето на мерките за заштита од јонизирачко зрачење.

КОНВЕНЦИЈА ЗА ПРОФЕСИОНАЛНО ЗАБОЛУВАЊЕ ОД РАК, 1974 ГОДИНА, (БР. 139)

Генералната конференција на Меѓународната организација на трудот,

свикана во Женева, од страна на Управниот орган на Меѓународната канцеларија на трудот, на педесет и деветтата сесија, одржана на 5 јуни 1974 година и

земајќи ги предвид условите во Конвенцијата и Препораката за заштита од зрачење, 1960 г., Конвенцијата и Препораката за бензол, 1971 и

сметајќи дека е пожелно да се воспостават меѓународни стандарди за заштита од канцерогени супстанци и агенси, и

имајќи ја предвид релевантната работа на другите меѓународни организации, особено на Меѓународната здравствена организација и Меѓународната агенција за истражување на рак со која Меѓународната организација на трудот соработува, и

одлучувајќи за донесување на одредени предлози во поглед на контролата и превенцијата на опасностите поврзани со работното место, коешто претставува петта точка на агендата на сесијата, и

утврдувајќи дека овие предлози ќе бидат во форма на меѓународна Конвенција,

на дваесет и четврти јуни илјада деветстотини седумдесет и четвртата година, ја донесе следната Конвенција, којашто може да се цитира како Конвенција за професионално заболување од рак од 1974 г.:

Член 1

1. Секоја земја-членка што ја ратификува оваа Конвенција периодично ќе ги одредува канцерогените супстанции и агенси за кои ќе биде забрането професионално изложување или ќе бидат предмет на овластување или контрола, и оние на кои ќе се применуваат други одредби од оваа Конвенција.

2. Може да се направат исклучоци од забраната само со издавање на сертификат наведувајќи ги во секој случај условите што треба да се запазат.

3. При одредувањето наведено во став 1 од овој член ќе се земат предвид најновите информации содржани во кодексот за работа или упатствата кои може да бидат издадени од Меѓународната канцеларија на трудот, како и информации од други надлежни тела.

Член 2

1. Секоја земја-членка што ја ратификува оваа Конвенција прави напори, канцерогените супстанции и агенси, на кои се изложени работниците во текот на нивното работење, да бидат заменети со неканцерогени супстанции или агенси

или со помалку штетни супстанции или агенси; при изборот на заменливи супстанции или агенси треба да се земе предвид нивното канцерогено, токсично и друго својство.

2. Бројот на работниците, изложени на канцерогени супстанции или агенси и времетраењето и степенот на таквите изложувања, треба да се намали до минимум за да се гарантира безбедноста.

Член 3

Секоја земја-членка што ја ратификува оваа Конвенција ги пропишува мерките што треба да се преземат за да ги заштити работниците од ризици на изложување на канцерогени супстанции или агенси и воспоставува соодветен систем на евиденција.

Член 4

Секоја земја-членка што ја ратификува оваа Конвенција, презема чекори за работниците кои се или постои веројатност да бидат изложени на канцерогени супстанции или агенси да ги имаат сите расположливи информации за опасностите и мерките што треба да се преземат.

Член 5

Секоја земја-членка што ја ратификува оваа Конвенција, презема мерки со кои се гарантира дека на работниците им се обезбедуваат неопходни медицински прегледи или биолошки или други тестови или испитувања за време на вработувањето и потоа, со цел да се утврди нивното изложување и да се набљудува нивната здравствена состојба во однос на професионалните ризици.

Член 6

Секоја земја-членка што ја ратификува оваа Конвенција:

(а) според законите или прописите или какви било други методи што се во согласност со националната практика и услови и во консултација со најрепрезентативните организации на засегнатите работодавачи и работници преземаат мерки што се неопходни за спроведување на одредбите од оваа Конвенција;

(б) во согласност со националната практика ги наведуваат лицата и телата што се одговорни за усогласување со одредбите од оваа Конвенција.

(в) се обврзува да обезбеди соодветни инспекциски служби со цел надзор на примената на оваа Конвенција или да се увери дека е извршена соодветна инспекција.

ЗАВРШНО

Член 7

Формалните ратификации на оваа Конвенција се проследуваат до Генералниот директор на Меѓународната канцеларија на трудот за регистрација.

Член 8

1. Оваа Конвенција е обврзувачка за оние земји-членки на Меѓународната организација на трудот, чиишто ратификации се регистрирани од страна на Генералниот директор.

2. Оваа Конвенција влегува во сила дванаесет месеци по датумот на регистрирање на ратификациите од две земји-членки од страна на Генералниот директор.

3. Следствено, Конвенцијата стапува во сила за сите земји-членки, дванаесет месеци од датумот на регистрирање на нивните ратификации.

Член 9

1. Земјата-членка што ја ратификувала оваа Конвенција може да ја откаже истата по истекот на десет години од датумот кога Конвенцијата за прв пат стапила во сила, преку акт испратен за регистрација до Генералниот директор на Меѓународната канцеларија на трудот. Ова откажување нема да има ефект додека не измине една година од датумот на кој што е регистрирано.

2. Секоја земја-членка што ја ратификувала оваа Конвенција и што во временски период од една година по истекот на периодот од десет години наведен во претходниот став, не го искористи правото за откажување дадено со овој член, ќе биде обврзана за период од следните десет години, а потоа може да ја откаже оваа Конвенција по истекот на секој нов период од десет години согласно со условите предвидени со овој член.

Член 10

1. Генералниот директор на Меѓународната канцеларија на трудот ги известува сите земји-членки на Меѓународната организација на трудот за регистрирањето на ратификациите и актите за откажување доставени од страна земјите-членки на Организацијата.

2. При известувањето на земјите-членки на Организацијата за регистрацијата на втората ратификација, Генералниот директор ги известува земјите-членки на Организацијата за датумот по којшто Конвенцијата ќе стапи во сила.

Член 11

Генералниот директор на Меѓународната канцеларија на трудот ги доставува до Генералниот секретар на Обединетите нации за регистрација, согласно член 102 од Повелбата на Обединетите нации, целосните податоци за сите ратификации

и акти на откажувања, регистрирани од него во согласност со одредбите од претходните членови.

Член 12

Управниот орган на Меѓународната канцеларија трудот, кога ќе смета дека е неопходно, доставува извештај до Генералната конференција за спроведувањето на оваа Конвенција и ја проверува подготвеноста на Конференцијата да го стави прашањето за нејзина целосна или делумна ревизија на својата агенда.

Член 13

1. Доколку Конференцијата донесе нова Конвенција за целосно или делумно ревидирање на оваа Конвенција, освен ако со новата Конвенција не се предвидува поинаку:

а) ратификација на новата ревидирана конвенција од некоја земја-членка ќе значи *ipso jure* откажување на оваа Конвенција, без оглед на одредбите од член 9, ако и кога новата ревидирана конвенција ќе стапи во сила;

б) од датумот кога новата ревидирана конвенција стапува во сила, оваа Конвенција ќе престане да биде отворена за ратификација од земјите-членки.

2. Оваа Конвенција во секој случај останува во сила во нејзината постоечка форма и содржина за оние земји-членки коишто ја ратификувале, а не ја ратификувале ревидираната конвенција.

Член 14

Англиската и француската верзија на текстот на оваа Конвенција се подеднакво веродостојни.

ПРЕПОРАКА ЗА ПРОФЕСИОНАЛНО ЗАБОЛУВАЊЕ ОД РАК, 1974 ГОДИНА, (БР. 147)

Генералната конференција на Меѓународната организација на трудот,

свикана во Женева од страна на Управниот орган на Меѓународната канцеларија на трудот, на педесет и деветтата седница, одржана на 5 јуни 1974 година, и

земајќи ги предвид одредбите на Конвенцијата и Препораката за заштита од зрачење, 1960 година, и на Конвенцијата и Препораката за бензол, 1971 година, и

со оглед на тоа што е препорачливо да се утврдат меѓународни стандарди за заштита од канцерогените супстанции и агенси, и

земајќи ја предвид релевантната работа на останатите меѓународни организации, и особено на Светската здравствена организација и на Меѓународната агенција за истражување на ракот, со коишто соработува Меѓународната организација на трудот, и

одлучувајќи за донесување на одредени предлози во однос на контролата и спречувањето на професионалните опасности што се предизвикани од канцерогени супстанции и агенси, што претставува петта точка на дневниот ред на седницата, и

утврдувајќи дека овие предлози ќе бидат во форма на препорака,

на дваесет и четврти јуни илјада деветстотини седумдесет и четвртата година, ја донесе следната Препорака, што може да се цитира како Препорака за професионално заболување од рак од 1974 година:

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1. Треба да се вложат сите потребни напори да се заменат канцерогените супстанции и агенси на кои што може да бидат изложени работниците во текот на својата работа со неканцерогени супстанции или агенси или со помалку штетни супстанции или агенси; при изборот на супстанциите или агенсите за замена треба да се води сметка за нивната канцерогеност, токсичност и за останатите својства.

2. Бројот на работниците што се изложени на канцерогени супстанции или агенси, како и времетраењето и степенот на таквото изложување треба да се сведат на неопходниот минимум што е потребен за безбедноста.

3. (1) Надлежните органи треба да ги пропишат мерките што треба да се преземат за заштита на работниците од ризиците на изложувањето на канцерогените супстанции или агенси.

(2) Надлежните органи треба да ја одржуваат ажурноста на пропишаните мерки, земајќи ги предвид кодексите за работа или упатствата што може да ги издаде

Меѓународната канцеларија на трудот и заклучоците на експертските средби што може да ги свика Меѓународната канцеларија на трудот, како и информациите од другите надлежни тела.

4. (1) Работодавачите треба да ги вложат сите напори да употребуваат работни процеси што не предизвикуваат создавање, и особено емисија на канцерогени супстанции или агенси во работната средина , во форма на главни производи, полупроизводи, нус производи, отпадни материи или друго.

(2) Ако целосното елиминирање на одредена канцерогена супстанција или агенс не е можно, работодавачите треба да ги употребат сите соодветни мерки, во консултација со работниците и нивните организации, и со оглед на советите од надлежните извори, вклучувајќи ги службите за медицина на трудот, за елиминирање на изложувањето или за негово сведување на минимум во однос на бројот на работниците што се изложени, времетраењето на изложувањето и степенот на изложувањето.

(3) Во случаите што треба да ги утврдат надлежните органи, работодавачот треба да преземе активности за вршење систематски надзор врз времетраењето и степенот на изложувањето на канцерогените супстанции или агенси во работната средина.

(4) Кога канцерогените супстанции или агенси се превезуваат или чуваат, треба да се преземат сите соодветни мерки за да се спречи нивното истекување или контаминацијата.

5. Работниците и другите лица што се вклучени во ситуации на работното место во кои може да дојде до изложување на канцерогени супстанции или агенси треба да ги почитуваат утврдените безбедносни постапки и да ја користат соодветно целосната опрема што е обезбедена за нивната заштита или за заштита на другите.

II. ПРЕВЕНТИВНИ МЕРКИ

6. Надлежните органи треба периодично да ги определуваат канцерогените супстанции или агенси за кои изложувањето на работното место треба да биде забрането или да подлежи на овластување или контрола, како и оние за кои што ќе се применуваат останатите одредби на оваа Препорака.

7. При вршењето на таквите определувања, надлежните органи треба да ги земат предвид најновите информации што се содржани во кодексите за работа или упатствата што може да ги издаде Меѓународната канцеларија на трудот и во заклучоците на експертските средби што може да ги свика Меѓународната канцеларија на трудот, како и информациите од другите надлежни тела.

8. Надлежните органи може да дозволат исклучоци од забраната преку издавање на потврда во која треба, во секој случај, да се наведат:

(а) техничките, хигиенските и мерките за лична заштита што треба да се применат;

(б) здравствениот надзор или другите прегледи или испитувања што треба да се спроведат;

(в) евиденцијата што треба да се чува; и

(г) професионалните квалификации што треба да ги поседуваат лицата што го вршат надзорот врз изложувањето на соодветната супстанција или агенс.

9. (1) За супстанциите и агенсите што подлежат на овластување или контрола, надлежните органи треба:

(а) да ги обезбедат потребните совети, особено во однос на постоењето на производи или методи за замена и за техничките, хигиенските и мерките за лична заштита што треба да се применат, како и здравствениот надзор и другите прегледи или испитувања што треба да се спроведат пред, во текот на и по распоредувањето на работа што вклучува изложување на предметните супстанции или агенси;

(б) да бараат воведување на соодветните мерки,

(2) Надлежните органи треба дополнително да ги утврдат критериумите за определување на степенот на изложување на предметните супстанции или агенси, и, кога е тоа соодветно, треба да наведат степени што ќе служат како индикатори за вршење надзор врз работната средина во врска со бараните технички превентивни мерки.

10. Надлежните органи треба да го одржуваат ажурен списокот на канцерогените супстанции и агенси што е утврден во согласност со овој дел на оваа Препорака.

III. НАДЗОР ВРЗ ЗДРАВЈЕТО НА РАБОТНИЦИТЕ

11. Треба да се утврдат мерки, со законите или прописите или на кој било друг начин што е во согласност со националната практика и услови, сите работници што се распоредени на работа што вклучува изложување на наведените канцерогени супстанции или агенси да бидат предмет на, како што е соодветно:

(а) лекарски преглед пред распределувањето на тоа работно место;

(б) периодични лекарски прегледи на соодветни временски интервали;

(в) биолошки или други тестови и испитувања што може да бидат потребни за оценување на нивното изложување и за надзор врз нивната здравствена состојба во однос на професионалните опасности.

12. Надлежните органи треба да осигурат дека е предвидено соодветните лекарски прегледи или биолошките или другите тестирања или испитувања и понатаму да им бидат достапни на работниците по завршувањето на распределувањето што се спомнува во став 11 на оваа Препорака.

13. Прегледите, тестирањата и испитувањата што се предвидени со ставовите 11 и 12 на оваа Препорака треба да се вршат, колку што е тоа можно, во текот на работното време и не треба да вклучуваат никакви трошоци за работниците.

14. Ако, како резултат на какви било активности што се преземени во согласност со оваа Препорака, не се советува натамошното изложување на некој работник на канцерогените супстанции или агенси на редовното работно место на тој работник, треба да се вложат сите потребни напори да му се најде соодветно друго вработување на тој работник.

15. (1) Надлежните органи треба да воспостават и да одржуваат, кога тоа е практично изводливо и во најскоро можно време, во соработка со поединечните работодавачи и претставниците на работниците, систем за спречување и контрола на ракот како професионално заболување, вклучувајќи:

(а) воведување, одржување, зачувување и пренос на евиденцијата; и

(б) размена на информации.

(2) При воспоставувањето на таквиот систем за водење евиденција и размена на информации, треба да се земе предвид помошта што може да ја обезбедат меѓународните и националните организации, вклучувајќи ги организациите на работодавачите и работниците и поединечните работодавачи.

(3) Во случај на затворање на одредено претпријатие, со евиденцијата и информациите што се чуваат во согласност овој став треба да се работи во согласност со упатствата од надлежните органи.

(4) Во секоја земја во која надлежните органи не воспоставиле таков систем за водење евиденција и информирање, работодавачот, во консултации со претставниците на работниците, треба да ги вложи сите потребни напори за исполнувањето на целите на овој став.

IV. ИНФОРМИРАЊЕ И ОБРАЗОВАНИЕ

16. (1) Надлежните органи треба да промовираат епидемиолошки и други проучувања и да ги прибираат и дистрибуираат информациите што се од значење за ризиците од ракот како професионално заболување, со помош, по потреба, од меѓународните и националните организации, вклучувајќи ги организациите на работодавачите и работниците.

(2) Надлежните органи треба да настојуваат да ги утврдат критериумите за утврдување на канцерогеноста на супстанциите и агенсите.

17. Надлежните органи треба да изготват соодветни образовни упатства за работодавачите и работниците во врска со супстанциите и агенсите што би можеле да предизвикаат рак како професионално заболување.

18. Работодавачите треба да бараат информации, особено од надлежните органи, за канцерогените опасности што може да произлезат во однос на која било супстанција или агенс што е воведена или треба да се воведе во претпријатието; кога постојат сомневања за нејзиниот канцероген потенцијал, тие треба да

одлучат, во консултации со надлежните органи, за дополнителните проучувања што треба да се спроведат.

19. Работодавачите треба да осигурат дека во случајот на постоењето на каква било супстанција или агенс, на работното место постојат соодветни ознаки што им укажуваат на сите работници што би можеле да бидат изложени на неа за опасностите што може да произлезат од тоа.

20. Работодавачите треба да ги информираат и обучат работниците, пред распоредувањето на работното место и редовно по тоа, како и при воведувањето на некоја нова канцерогена супстанција или агенс, за опасностите од изложувањето на канцерогени супстанции и агенси и за мерките што треба да се преземат.

21. Организациите на работодавачите и работниците треба да преземат позитивни акции за спроведување на програмите за информирање и образование во однос на опасностите на ракот како професионално заболување и треба да ги охрабрат нивните членови да земат целосно учество во програмите за превенција и контрола.

V. МЕРКИ ЗА ПРИМЕНА

22. Секоја членка треба:

(а) преку законите или прописите или на кој било друг начин што е во согласност со националната практика и услови, да преземе мерки, вклучувајќи го предвидувањето на соодветни казни, што се неопходни за спроведување на одредбите на оваа Препорака;

(б) во согласност со националната практика, да ги прецизира телата или лицата што се обврзани да ги почитуваат одредбите на оваа Препорака;

(в) да обезбеди соодветни инспекциски служби за целите на вршењето надзор врз примената на одредбите на оваа Препорака или да проверува дали се спроведени соодветни инспекциски надзори.

23. Надлежните органи, при примената на одредбите на оваа Препорака, треба да дејствуваат по консултации со најрепрезентативните организации на засегнатите работодавачи и работници.

КОНВЕНЦИЈА ЗА РАБОТНАТА СРЕДИНА (ЗАГАДУВАЊЕ НА ВОЗДУХОТ, БУЧАВА И ВИБРАЦИИ), 1977 ГОДИНА, (БР. 148)

Генералната конференција на Меѓународната организација на трудот,

свикана во Женева од страна на Управниот орган на Меѓународната канцеларија на трудот, на шеесет и третата седница, одржана на 1 јуни 1997 година, и

земајќи ги во предвид релевантните меѓународни конвенции и препораки за трудот и, особено, Препораката за заштита на здравјето на работниците, 1953 година, Препораката за службите за медицина на трудот, 1959 година, Конвенцијата и Препораката за заштита од зрачење, 1960 година, Конвенцијата и Препораката за заштита на машините, 1963 година, Конвенцијата за надоместоци за повреда на работното место, 1964 година, Конвенцијата и препораката за хигиена (трговија и деловни простории), 1964 година, Конвенцијата и Препораката за бензол, 1971 година, и Конвенцијата и Препораката за професионално заболување од рак, 1974 година, и

одлучувајќи за донесување на одредени предлози во однос на работната средина: атмосферското загадување, бучавата и вибрациите, што претставува четврта точка на дневниот ред на седницата, и

утврдувајќи дека овие предлози ќе бидат во форма на меѓународна Конвенција,

на дваесетти јуни илјада деветстотини седумдесет и седмата година, ја донесе следната Конвенција, што може да се цитира како Конвенција за работната средина (загадување на воздухот, бучава и вибрации) , 1977 година:

ДЕЛ I. ПОЛЕ НА ПРИМЕНА И ДЕФИНИЦИИ

Член 1

1 Оваа Конвенција се однесува на сите гранки на стопанската дејност.

2.Секоја земја-членка што ја ратификува оваа Конвенција може, по консултација со репрезентативните организации на работодавачите и работниците, каде што истите постојат, да исклучи од примена на оваа Конвенција, определени гранки од стопанската дејност во однос на посебните проблеми кои можат да произлезат.

3.Секоја земја-членка што ја ратификува оваа Конвенција во првиот извештај за примената на оваа Конвенција што се доставува во согласност со член 22 од Основачкиот акт на Меѓународната организација за труд, ги наведува гранките што се исклучени од примена, согласно став 2 од овој член, наведувајќи ги причините за таквото исклучување, додека во последователни извештаи ги наведува законите и практиките во однос на исклучените гранки и до кој обем е направено тоа или е предложено да се направи во односната Конвенција за таквите гранки.

Член 2

1. Секоја земја-членка која ја ратификува оваа Конвенција , по консултација со репрезентативните организации на работодавачите и работниците, каде што истите постојат, може да ги прифати обврските од оваа Конвенција одвоено, во однос на :

(а) загадувањето на воздухот;

(б) бучавата;

(в) вибрациите.

2. Земјата-членка, која нема да ги прифати обврските од Конвенцијата во однос на една или повеќе од категориите на ризици, го специфицира тоа во својата ратификација и ги наведува причините, во првиот извештај за примената на Конвенцијата во согласност со член 22 од Основачкиот акт на Меѓународната организација на трудот; додека во последователните извештаи ги наведува законите и практиките во однос на категоријата или категориите на ризици, кои се исклучени и обемот на исклучување, или е предложено да се направи во Конвенцијата во однос на секоја таква категорија на ризици.

3. Секоја земја-членка која ги нема прифатено обврските кои произлегуваат од ратификацијата на оваа Конвенција, во однос на сите категории на ризици, може последователно, кога условите го дозволуваат тоа, да го извести Генералниот директор на Меѓунардоната канцеларија на трудот, дека ги прифаќа обврските од Конвенцијата по однос на категоријата или категориите што се претходно исклучени.

Член 3

Во оваа Конвенција :

(а) поимот ***загадување на воздухот*** го опфаќа целиот воздухот загаден со супстанции, во каква било физичка состојба, штетни по здравјето или опасни на друг начин;

(б) поимот ***бучава*** ги опфаќа сите звуци што може да го оштетат слухот или да бидат штетни по здравјето или опасни на друг начин;

(в) поимот ***вибрации*** ја опфаќа секоја вибрација која се пренесува на човечкото тело преку цврсти структури кои се штетни по здравјето или опасни на друг начин.

ДЕЛ II. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 4

1. Со националните закони или прописи се пропишуваат мерките што треба да се преземат за превенција, контрола и заштита од професионални ризици во

работната средина заради загадување на воздухот, бучавата и вибрациите.

2. Одредбите кои се однесуваат на пропишаните мерки може да се усвојат преку технички стандарди, кодекси на однесување и други соодветни методи.

Член 5

1. За да се применат одредбите од оваа Конвенција, надлежните органи ќе дејствуваат преку најдобрите репрезентативни организации на работодавачи и работници.

2. Претставниците на работодавачите и работниците се запознаваат со разработката на одредбите кои се однесуваат на практичната примена на мерките пропишани во однос на член 4.

3. Постои одредба за блиска соработка на сите нивоа помеѓу работодавачите и работниците во примена на мерките пропишани во однос на оваа Конвенција.

4. Преставници на работодавачите и преставници на работниците од претпријатието имаат можност да ги придружуваат инспекторите кои вршат надзор на примената на мерките пропишани во однос на оваа Конвенција, освен ако инспекторите сметаат дека ова може да биде штетно за извршување на нивните должности, по дадени општи инструкции од надлежните органи.

Член 6

1. Работодавачите се одговорни за спроведување на пропишаните мерки.

2. Кога двајца или повеќе работодавачи истовремено вршат активности на едно работно место, тие се должни да соработуваат со цел да се сообразат со пропишаните мерки за заштита на здравјето и безбедноста на нивните вработени, без да се доведе во прашање одговорноста на секој работодавач за здравјето и безбедноста на неговите вработени. Во соодветни околности, надлежните органи пропишуваат општи процедури за оваа соработка.

Член 7

1. Од работниците се бара да ги почитуваат процедурите за безбедност во однос на превенција и контрола како и заштита од професионални ризици кои се должат на загадување на воздухот, бучава и вибрации во работната средина.

2. Работниците или нивните преставници, имаат право да презентираат предлози, да добиваат информации и обука и да се жалат кај соодветните тела, со цел да се заштитат од професионални ризици кои се должат на загадување на воздухот, бучава и вибрации во работната средина.

ДЕЛ III. ПРЕВЕНТИВНИ И ЗАШТИТНИ МЕРКИ

Член 8

1. Надлежните органи воспоставуваат критериуми за одредување на ризиците при изложување на загадување на воздухот, бучава и вибрации во работната средина, и каде што е соодветно ги специфицираат границите на загадување врз основа на овие критериуми.

2. При елаборирањето на критериумите и одредувањето на границите на изложување, надлежните органи го имаат предвид мислењето на технички надлежни лица назначени од најрепрезентативните организации на работодавачи и работници.

3. Критериумите и границите на изложување постојано се воспоставуваат, донесуваат, дополнуваат, и ревидираат во согласност со тековните национални и меѓународни познавања и податоци, земајќи го предвид секое зголемување на професионални ризици како резултат од истовремено изложување на неколку штетни фактори на работното место.

Член 9

Работната средина не треба да вклучува ризици кои се должат на загадување на воздухот, бучава и вибрации , колку што е можно повеќе:

(а) со технички мерки, применети во нови проектирани или инсталирани погони или да се долнат на постојниот погон или процеси ; или каде што не е можно,

(б) со дополнителни организациони мерки

Член 10

Кога мерките преземени во согласност со член 9 не ги носат загадувањето на воздухот, бучавата и вибрациите до границите пропишани со член 8, работодавачот ќе обезбеди и чува соодветна лична заштитна опрема. Работодавачот нема да дозволи работникот да работи без лична заштита обезбедена во однос на овој член.

Член 11

1. Ќе се врши надзор во соодветни интервали на условите и состојбите одредени од надлежните органи, на здравјето на работниците кои се изложени или кај кои има изгледи да бидат изложени на професионални ризици кои се должат на загадување на воздухот, бучава или вибрации во работната средина. Таквиот надзор ќе содржи лекарски преглед пред започнувањето со работа и периодични прегледи како што е одредено од надлежните органи.

2. Надзорот што се предвидува со став 1 од овој член е бесплатен.

3. Кога постојаното изложување на загаден воздух, бучава или вибрации при работа,ќе се покаже како медицински непрепорачливо, се прават напори во согласност со националната практика и услови да му се обезбеди на односниот работник соодветно алтернативно вработување или да му се задржат приходите преку мерки на социјално осигурување или слично.

4. Примената на оваа Конвенција, нема негативно влијание врз правата на работниците коишто произлегуваат од законодавството за социјална заштита и осигурување.

Член 12

Начинот на користење на процесите, супстанциите, машините и опремата, што го утврдуваат надлежните органи, а кое опфаќа изложување на работниците на ризици во работната средина како резултат на загадување на воздухот, бучава и вибрации, се проследува до надлежните органи кои можат да издадат дозвола за употреба на пропишаните услови или да го забранат.

Член 13

Сите засегнати лица ќе бидат адекватно и соодветно:

(а) информирани за потенцијалните професионални ризици во работната средина како резултат на загадување на воздухот, бучава и вибрации

(б) упатени за мерките кои им стојат на располагање за превенција и контрола, како и за заштита од овие ризици.

Член 14

Мерките со кои ги земаат предвид националните услови и ресурси, се такви што ќе промовираат истражување во полето на превенција и контрола на ризиците во работната средина како резултат на загадување на воздухот, бучава и вибрации.

ДЕЛ IV. МЕРКИ НА ПРИМЕНА

Член 15

Од работодавачот ќе се бара да назначи надлежно лице или да користи надворешна надлежна служба или служби кои се заеднички со други претпријатија за спречување и контрола на загадувањето на воздухот, бучавата и вибрациите во работната средина, под услови и околности одредени од надлежните органи

Член 16

Секоја земја-членка:

(а) презема такви мерки, вклучувајќи одредба за соодветно казнување, доколку има потреба, за примена на одредбите од оваа Конвенција, со помош на закони

или прописи или други методи конзистентни со националната пракса и услови;

(б) обезбедува соодветни служби за инспекција со цел вршење надзор на примената на одредбите од оваа Конвенција или обезбедува вршење на соодветен инспекциски надзор.

ДЕЛ V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 17

Формалните ратификации на оваа Конвенција се проследуваат до Генералниот директор на Меѓународната канцеларија на трудот за регистрација.

Член 18

1. Оваа Конвенција е обврзувачка за оние земји-членки на Меѓународната организација на трудот, чиишто ратификации се регистрирани од страна на Генералниот директор.

2. Оваа Конвенција стапува во сила дванаесет месеци по датумот на регистрирање на ратификациите од две земји-членки од страна на Генералниот директор.

3. Следствено, Конвенцијата стапува во сила за сите земји-членки, дванаесет месеци од датумот на регистрирање на нивните ратификации.

Член 19

1. Земјата-членка што ја ратификувала оваа Конвенција може да ја откаже истата во целост или за една или повеќе категории на опасности наведени во член 2 од неа, по истекот на десет години од датумот кога Конвенцијата за прв пат стапила во сила, преку акт испратен за регистрација до Генералниот директор на Меѓународната канцеларија на трудот. Ова откажување нема да има ефект додека не измине една година од датумот на кој што е регистрирано.

2. Секоја земја-членка што ја ратификувала оваа Конвенција и што во временски период од една година по истекот на периодот од десет години наведен во претходниот став, не го искористи правото за откажување дадено со овој член, ќе биде обврзана за период од следните десет години, а потоа може да ја откаже оваа Конвенција по истекот на секој нов период од десет години согласно со условите предвидени со овој член.

Член 20

1. Генералниот директор на Меѓународната канцеларија на трудот ги известува сите земји-членки на Меѓународната организација на трудот за регистрирањето на ратификациите и актите за откажување доставени од страна земјите-членки на Организацијата.

2. При известувањето на земјите-членки на Организацијата за регистрацијата

на втората ратификација, Генералниот директор ги известува земјите-членки на Организацијата за датумот по којшто Конвенцијата ќе влезе во сила.

Член 21

Генералниот директор на Меѓународната канцеларија на трудот ги доставува до Генералниот секретар на Обединетите нации за регистрација, согласно член 102 од Повелбата на Обединетите нации, целосните податоци за сите ратификации и акти на откажувања, регистрирани од него во согласност со одредбите од претходните членови.

Член 22

Управниот орган на Меѓународната канцеларија трудот, кога ќе смета за неопходно, доставува извештај до Генералната конференција за спроведувањето на оваа Конвенција и ја проверува подготвеноста на Конференцијата да го стави прашањето за нејзина целосна или делумна ревизија на својата агенда.

Член 23

1. Доколку Конференцијата донесе нова Конвенција за целосно или делумно ревидирање на оваа Конвенција, освен ако со новата Конвенција не се предвидува поинаку:

а) ратификација на новата ревидирана конвенција од некоја земја-членка ќе значи *ipso jure* откажување на оваа Конвенција, без оглед на одредбите од член 19, ако и кога новата ревидирана конвенција ќе стапи во сила;

б) од датумот кога новата ревидирана конвенција стапува во сила, оваа Конвенција ќе престане да биде отворена за ратификација од земјите-членки.

2. Оваа Конвенција во секој случај останува во сила во нејзината постоечка форма и содржина за оние земји-членки коишто ја ратификувале, а не ја ратификувале ревидираната конвенција.

Член 24

Англиската и француската верзија на текстот на оваа Конвенција се подеднакво веродостојни.

ПРЕПОРАКА ЗА РАБОТНАТА СРЕДИНА (ЗАГАДУВАЊЕ НА ВОЗДУХОТ, БУЧАВА И ВИБРАЦИИ) , 1977 ГОДИНА, (БР. 156)

Генералната конференција на Меѓународната организација на трудот,

свикана во Женева од страна на Управниот орган на Меѓународната канцеларија на трудот, на шеесет и третата седница, одржана на 1 јуни 1997 година, и

Земајќи ги предвид релевантните меѓународни конвенции и препораки за трудот и, особено, Препораката за заштита на здравјето на работниците, 1953 година, Препораката за службите за медицина на трудот, 1959 година, Конвенцијата и Препораката за заштита од зрачење, 1960 година, Конвенцијата и Препораката за заштита на машините, 1963 година, Конвенцијата за надоместоци за повреда на работното место, 1964 година, Конвенцијата и препораката за хигиена (трговија и деловни простории), 1964 година, Конвенцијата и Препораката за бензол, 1971 година, и Конвенцијата и Препораката за професионално заболување од рак, 1974 година, и

одлучувајќи за донесување на одредени предлози во однос на работната средина: атмосферското загадување, бучавата и вибрациите, што претставува четврта точка на дневниот ред на седницата, и

утврдувајќи дека овие предлози ќе бидат во форма на Препорака што ја надополнува Конвенцијата за работната средина (загадување на воздухот, бучава и вибрации), 1977 година,

на дваесетти јуни илјада деветстотини седумдесет и седма година, ја донесе следната Препорака, што може да се цитира како Препорака за работната средина (загадување на воздухот, бучава и вибрации), 1977 година:

I. ПОЛЕ НА ПРИМЕНА

1. (1) Колку што е тоа можно, одредбите на Конвенцијата за работната средина (загадување на воздухот, бучава и вибрации), 1977 година и на оваа Препорака треба да се применуваат во сите гранки на стопанската дејност.

(2) Треба да се преземат мерки да им се обезбеди на самовработените лица заштита во работната средина што е аналогна на заштитата што се предвидува со Конвенцијата за работната средина (загадување на воздухот, бучава и вибрации), 1977 година и со оваа Препорака.

II. ПРЕВЕНТИВНИ И ЗАШТИТНИ МЕРКИ

2. (1) Надлежните органи треба да ги пропишат природата, зачестеноста и останатите услови за следење на загадувањето на воздухот, бучавата и вибрациите во работната средина, што се врши под одговорност на работодавачот.

(2) Посебно следење во однос на граничните вредности на изложувањето што се наведени во член 8 на Конвенцијата за работната средина (загадување на воздухот, бучава и вибрации), 1977 година треба да се спроведува во работната средина при секое пуштање во употреба или значително менување на машините или постројките или при секое воведување нови процеси.

3. Работодавачот треба да ја преземе обврската за грижата дека опремата што се користи за следење на загадувањето на воздухот, бучавата и вибрациите во работната средина редовно се проверува, одржува и калибрира.

4. Работниците и/или нивните претставници и инспекциските служби треба да имаат пристап до евиденцијата за следењето на работната средина и до евиденцијата за проверките, одржувањето и калибрирањето на опремата што се користи за таквото следење.

5. Супстанциите што се штетни по здравјето или на друг начин опасни и што може да преку воздухот да се разнесуваат во работната средина треба, колку што е тоа можно, да се заменат со помалку штетни или безопасни супстанции.

6. Процесите што предизвикуваат загадување на воздухот, бучава или вибрации во работната средина, како што е утврдено во член 3 на Конвенцијата за работната средина (загадување на воздухот, бучава и вибрации), 1977 година, треба да се заменат, колку што е тоа можно, со процеси што помалку предизвикуваат или воопшто не предизвикуваат загадување на воздухот, бучава или вибрации.

7. Надлежните органи треба да ги определат супстанциите чиешто производство, снабдување или употреба во работната средина треба да се забрани или да биде предмет на посебно овластување со кое се бара примената на определени превентивни или заштитни мерки.

8.(1) Во соодветните случаи надлежните органи треба да одобрат стандарди за нивоата на емисијата за машините и постројките во однос на загадувањето на воздухот, бучавата и вибрациите.

(2) Овие стандарди треба да се исполнат, во зависност од случајот, преку:

(а) начинот на кој се проектирани машините или постројките; или

(б) вградени уреди; или

(в) технички мерки во текот на инсталирањето.

(3) Производителот или снабдувачот на машините или постројките треба да биде обврзан да го осигури исполнувањето на овие стандарди.

9. Кога е тоа потребно, производството, снабдувањето или употребата на машините и постројките кои, со оглед на најновите технички сознанија, не може да ги исполнат барањата од став 9 на оваа Препорака треба да бидат предмет на овластување од надлежните органи со кое се бара примената на други соодветни технички или административни заштитни мерки.

10. Одредбите од ставовите 8 и 9 на оваа Препорака не треба да го ослободуваат работодавачот од неговите обврски во согласност со член 6 на Конвенцијата за работната средина (загадување на воздухот, бучава и вибрации), 1977 година.

11. Работодавачот треба да го обезбеди редовното проверување и одржување на машините и постројките во врска со емисијата на штетни супстанции, прашина, бучава и вибрации.

12. Надлежните органи треба, кога е тоа неопходно за заштитата на здравјето на работниците, да воспостават постапка за одобрување на личната заштитна опрема.

13. Во согласност со член 9, потстав (б) на Конвенцијата за работната средина (загадување на воздухот, бучава и вибрации), 1977 година, надлежните органи треба, како што е соодветно, да предвидат или поттикнуваат, во консултации со организациите на работодавачите и работниците, намалување на изложувањето преку соодветни системи или планови за организацијата на работата, вклучувајќи го намалувањето на работното време без намалување на платата.

14. При пропишувањето на мерките за спречување и контрола на загадувањето на воздухот, бучавата и вибрациите во работната средина, надлежните органи треба да ги земат предвид најновите кодексите на практиката или упатствата што се издадени од Меѓународната канцеларија на трудот и заклучоците на експертските средби што може да ги свика Меѓународната канцеларија на трудот, како и информациите од другите надлежни тела.

15. При пропишувањето на мерките за спречување и контрола на загадувањето на воздухот, бучавата и вибрациите во работната средина, надлежните органи треба да ја земат предвид врската меѓу заштитата на работната средина и заштитата на животната средина воопшто.

III. НАДЗОР ВРЗ ЗДРАВЈЕТО НА РАБОТНИЦИТЕ

16.(1) Надзорот врз здравјето на работниците што се предвидува со член 11 на Конвенцијата за работната средина (загадување на воздухот, бучава и вибрации), 1977 година, треба да вклучува, како што е утврдено од страна на надлежните органи:

(а) лекарски преглед пред распределувањето на работното место;

(б) периодични лекарски прегледи во соодветни временски интервали;

(в) биолошки или други тестови и испитувања што може да бидат потребни за оценување на степенот на изложување и за надзор врз здравствената состојба на засегнатите работници;

(г) лекарски прегледи или биолошки или други тестови и испитувања по престанокот на работата на тоа работно место, што, во медицински оправданите

случаи, треба да бидат достапни за работниците редовно и во текот на подолг временски период.

(2) Надлежните органи треба да бараат резултатите од таквите прегледи или испитувања да му бидат достапни на работникот, или, на негово барање, на неговиот матичен лекар.

17. Надзорот што е предвиден во став 16 на оваа Препорака треба редовно да се врши во текот на работното време и треба да биде бесплатен за работниците.

18.(1) Надлежните органи треба да развијат систем за водење евиденција за медицинските информации што се добиени во согласност со став 16 на оваа Препорака и треба да го утврдат начинот на функционирање на таквиот систем. Треба да се обезбеди чувањето на таквата евиденција во определен временски рок за да се осигури дека таа, под услови што допуштаат лична идентификација единствено од страна на надлежните органи, може да се користи за епидемиолошки и други истражувања.

(2) Во онаа мера што ќе ја утврдат надлежните органи, евиденцијата треба да опфаќа информации за изложувањето на работното место на загадување на воздухот, бучава и вибрации во работната средина.

19. Ако продолженото работење на определен работник на работно место што вклучува изложеност на загадување на воздухот, бучава и вибрации не се препорачува од медицински причини, треба да се преземат сите потребни мерки, во согласност со националната практика и услови, на засегнатиот работник да му се обезбеди друго соодветно вработување и да му се обезбеди истото ниво на примања преку мерки за социјална заштита или на кој било друг начин.

20. Спроведувањето на оваа Препорака не треба да има негативни влијанија врз правата на работниците врз основа на законодавството за социјална заштита или социјално осигурување.

IV. ОБУКА, ИНФОРМИРАЊЕ И ИСТРАЖУВАЊЕ

21. (1) Надлежните органи треба да преземат мерки за унапредување на обучувањето и информирањето на сите засегнати лица во врска со спречувањето и контролата на, како и заштитата од, постоечките и можните професионални ризици во работната средина што се предизвикани од загадување на воздухот, бучава и вибрации.

(2) Претставниците на работниците во претпријатието треба да се информираат и претходно да се консултираат од страна на работодавачите за проектите, мерките и одлуките што може да имаат штетни последици по здравјето на работниците, во врска со загадувањето на воздухот, бучавата и вибрациите во работната средина.

(3) Пред распоредувањето на работно место на кое може да бидат изложени на ризиците од загадување на воздухот, бучава или вибрации, работниците треба да се информираат од страна на работодавачот за ризиците, мерките за безбедност и заштита на здравјето и за можностите за користење на медицинските услуги.

22.(1) Надлежните органи, во тесна соработка со организациите на работодавачите и работниците, треба да го унапредува, помага и поттикнува истражувањето во областа на спречувањето и контролата на ризиците во работната средина што се предизвикани од загадување на воздухот, бучава и вибрации, со помош, кога е тоа соодветно, од меѓународните и националните организации.

(2) Сите заинтересирани страни треба да се информираат за целите и резултатите на таквото истражување.

23. Организациите на работодавачите и работниците треба да преземат мерки за спроведување на програмите за обука и информирање во врска со спречувањето и контролата на, како и заштитата од, постоечките и можните професионални ризици во работната средина што се предизвикани од загадување на воздухот, бучава и вибрации.

24. Претставниците на работниците во претпријатието треба да ги добијат потребните средства и потребното време, без намалување на платата, за да може да играат активна улога во однос на спречувањето и контролата на, како и заштитата од, постоечките и можните професионални ризици во работната средина што се предизвикани од загадување на воздухот, бучава и вибрации. За оваа цел, тие треба да имаат право да бараат помош од признаени стручни лица по свој избор.

25. Треба да се преземат потребните мерки за да се осигури дека, во врска со употребата на работното место на некоја супстанција што е штетна по здравјето или на друг начин опасна, се достапни соодветни информации за:

(а) резултатите од сите релевантни тестирања во однос на соодветната супстанција; и

(б) условите што треба да се исполнат за таквата супстанција, доколку се користи правилно, да не биде опасна по здравјето на работниците.

V. МЕРКИ ЗА ПРИМЕНА

26. Секоја земја-членка треба:

(а) преку законите или прописите или на кој било друг начин што е во согласност со националната практика и услови, да преземе мерки, вклучувајќи го предвидувањето на соодветни казни, што се неопходни за спроведување на одредбите на оваа Препорака;

(в) да обезбеди соодветни инспекциски служби за целите на вршењето надзор врз

примената на одредбите на оваа Препорака, или да проверува дали се спроведени соодветни инспекциски надзори;

(в) да вложи напори да го стори тоа толку експедитивно колку што тоа го допуштаат националните услови.

27. Надлежните органи, при примената на одредбите на оваа Препорака, треба да дејствуваат по консултации со најрепрезентативните организации на засегнатите работодавачи и работници, и кога е тоа соодветно, со организациите на производителите, снабдувачите и увозниците.

28.(1) Одредбите на оваа Препорака што се однесуваат на дизајнот, производството и снабдувањето со машини и опрема во согласност со одобрените стандарди треба веднаш да се применат на ново произведените машини и опрема.

(2) Надлежните органи треба, во најскоро можно време, да утврдат временски рокови за модификации на постоечките машини и опрема, водејќи сметка таквите рокови да бидат соодветни на природата на машините и опремата.

КОНВЕНЦИЈА ЗА АЗБЕСТ, 1986 ГОДИНА, (БР. 162)

Генералната конференција на Меѓународната организација на трудот,

свикана во Женева од страна на Управниот орган на Меѓународната канцеларија на трудот, на седумдесет и втората седница, одржана на 4 јуни 1986 година, и

земајќи ги предвид релевантните меѓународни конвенции и препораки за трудот и, особено, Конвенцијата и Препораката за професионално заболување од рак, 1974 година, Конвенцијата и Препораката за работната средина (загадување на воздухот, бучава и вибрации), 1977 година, Конвенцијата и Препораката за здравје и безбедност на работа, 1981 година, Конвенцијата и Препораката за службите за медицина на трудот, 1985 година, списокот на професионалните заболувања со ревизијата во 1980 година што е приложен кон Конвенцијата за надоместоци во случај на несреќи на работа и професионални заболувања, 1964 година, како и Кодексот на работа за безбедноста при употребата на азбест, објавен од страна на Меѓународната канцеларија на трудот во 1984 година, со кој се утврдуваат принципите на националните политики и акции на национално ниво,

одлучувајќи за донесување одредени предлози во однос на безбедноста при употребата на азбест, што претставува четврта точка на дневниот ред на сесијата, и

утврдувајќи дека овие предлози треба да добијат форма на меѓународна Конвенција;

на дваесет и четврти јуни илјада деветстотини осумдесет и шеста година, ја донесе, следнава Конвенција, што може да се цитира како Конвенција за азбест, 1986 година:

ДЕЛ I . ПОЛЕ НА ПРИМЕНА И ДЕФИНИЦИИ

Член 1

1. Оваа Конвенција се однесува на сите активности кој што вклучуваат изложеност на работниците на азбест во текот на работата.

2. Земјата-членка што ја ратификува оваа Конвенција треба по консултации со најрепрезентативните организации на работодавачите и работниците, како и врз основа на оцената на здравствените ризици и мерките на заштита коишто се применети, да исклучат определени гранки на стопанската дејност или подделните претпријатија од примената на одредени одредби на Конвенцијата кога е утврдено дека нивната примена во овие гранки и претпријатија не е неопходна.

3. Надлежните органи, кога одлучуваат за исклучување на пооделни гранки

на стопанската дејност или на пооделни претпријатија, ги земаат предвид зачестеноста, времетраењето и нивното на изложеност, како и видот на работа и условите на работното место.

Член 2

За целите на оваа Конвенција-

(а) поимот ***азбест*** ја означува влакнестата форма на минералните силикати што им припаѓаат на групата метаморфни карпи од групата на серпентините, т.е. кризотил (бел азбест), и на групата на амфиболите, т.е., актинолит, амозит (кафеав азбест, кумингтонит-грунерит), антофилит, крокидолит (син азбест), тремолит, или каква било мешавина што содржи еден или повеќе од овие минерали;

(б) поимот ***азбестна прашина*** ги означува азбестните честички што лебдат во воздухот или наталожените азбестни честички кои може да се најдат во воздухот во работната средина;

(в) поимот ***азбестна прашина што лебди во воздухот*** ги означува, за потребите на мерењето, честичките од прашината што се мерат со гравиметриска процена или друга слична метода;

(г) поимот ***азбестни влакна што може да се вдишат*** ги означува азбестните влакна со дијаметар што е помал од 3 микрометри и однос меѓу должината и дијаметарот што е поголем од 3:1. Единствено влакната што се подолги од 5 микрометри треба да се земат предвид за целите на мерењето;

(д) поимот ***изложеност на азбест*** ја означува изложеноста на работното место на азбестни влакна кои можат да се вдишат или азбестна прашина која лебди во воздухот, без оглед на тоа дали потекнува од азбест или од минерали, материјали или производи што содржат азбест;

(ѓ) поимот ***работници*** ги вклучува членовите на производните задруги.

(е) поимот ***претставници на работниците*** значи претставници на работниците на кои таквиот статус им е признаен со националното законодавство или практика, во согласност со Конвенцијата за работничките претставници, 1971 година.

ДЕЛ II. ОПШТИ ПРИНЦИПИ

Член 3

1. Со националните закони и прописи се пропишуваат мерки што треба да се преземат за спречување, контрола и заштита на работниците од здравствените ризици што се должат на професионалната изложеност на азбест.

2. Националните закони и прописи наведени во став 1 од овој член периодично се ревидираат од аспект на техничкиот напредок и напредокот во науката.

3. Надлежниот орган може да дозволи привремени отстапувања од мерките

пропишани со став 1 од овој член, во согласност со условите и во роковите што се одредуваат по консултација со најрепрезентативните организации на засегнати работодавачи и на работници.

4. При дозволување на отстапувањата согласно став 3 на овој член, надлежниот орган треба да обезбеди преземање на неопходните мерки на претпазливост за заштита на здравјето на работниците.

Член 4

Надлежниот орган треба да ги консултира најрепрезентативните организации на засегнати работодавачи и работници за мерките што треба да се преземат согласно одредбите на оваа Конвенција.

Член 5

1. Примената на законите и прописите донесени во согласност со член 3 од оваа Конвенција се обезбедува со адекватен систем на инспекција.

2. Националните закони или прописи предвидуваат неопходни мерки, вклучително и соодветни казни, за ефикасна примена на одредбите на оваа Конвенција.

Член 6

1. Работодавачите се одговорни за исполнувањето на пропишаните мерки.

2. Кога два или повеќе работодавачи преземаат активности едновремено на едно работно место, тие соработуваат со цел исполнување на пропишаните мерки, без да се доведе во прашање одговорноста на секој работодавач за здравјето и безбедноста на работниците што ги вработува. Надлежниот орган ги пропишува општите процедури за оваа соработка, кога тоа е неопходно.

3. Работодавачите, во соработка со службите за безбедност и здравје при работа, по консултациите со претставниците на работниците, изготвуваат процедури за справување со вонредни ситуации.

Член 7

Работниците, во рамките на нивната одговорност, ги исполнуваат пропишаните безбедносни и хигенски процедури поврзани со спречувањето, контролата и заштитата од опасностите по здравјето како резултат на професионалната изложеност на азбест.

Член 8

Работодавачите и работниците или нивните претставници соработуваат на сите нивоа во претпријатието во поглед на примената на мерките пропишани во согласност со оваа Конвенција.

ДЕЛ III. ЗАШТИТНИ И ПРЕВЕНТИВНИ МЕРКИ

Член 9

Со националните закони и прописи донесени во согласност со член 3 од оваа Конвенција се предвидува дека изложеноста на азбест се спречува или контролира преку една од следните мерки:

(а) регулирање на работата каде што изложеноста на азбест може да се случи, со пропишување на соодвентна контрола на производните и работните практики, вклучително и хигената на работното место;

(б) пропишување посебни правила и процедури, вклучително и овластување за користење на азбест, или на одредени видови на азбест или производи што содржат азбест или за определени работни процеси.

Член 10

Онаму каде што е неопходно да се заштити здравјето на работниците и каде што технички е изводливо, со националните закони или прописи се предвидува една или повеќе од следните мерки:

(а) замена на азбестот или на определени видови на азбест или на производи што содржат азбест со други материјали или производи или користење на алтернативни технологии, научно евалуирани од надлежните органи како безбедни или помалку штетни, секогаш кога тоа е можно;

(б) целосна или делумна забрана на користење на азбест или одредени видови на азбест или на производи што содржат азбест во определени работни процеси.

Член 11

1. Се забранува користењето на синиот азбест (кроцидолит) и производите што го содржат овој вид на влакна.

2. Надлежниот орган има овластување, по консултација со репрезентативните организации на работодавачите и работниците, да дозволи отстапувања од забраната од став 1 од овој член кога замената не е изводлива, под услов да се преземат сите неопходни чекори за заштита на здравјето на работниците од какви било ризици.

Член 12

1. Се забранува распрскувањето на сите форми на азбест.

2.Надлежниот орган има овластување, по консултација со репрезентативните организации на работодавачите и работниците, да дозволи отстапувања од забраната од став 1 од овој член, кога алтернативните методи не се применливи, под услов здравјето на работниците да не биде загрозено.

Член 13

Во согласност со националните закони и прописи, работодавачите ги известуваат надлежните органи, на начин и во степен пропишан во истите, за одредени видови на работа кои што вклучуваат изложеност на азбест

Член 14

Производителите и снабдувачите на азбест и производителите и снабдувачите на производи {што содржат азбест треба да бидат одговорни за соодветното одбележување на контејнерите и онаму каде {што е соодветно на производите, на јазик и начин што е лесно разбирлив за работниците и корисниците, како што е пропи{шано од надлежните органи.

Член 15

1. Надлежниот орган ги пропишува ограничувањата за изложување на работниците на азбест заради евалуација на работната средина.

2. Ограничувањата за изложеноста или критериумите за друг вид изложеност се утврдуваат и периодично ревидираат и ажурираат согласно технолошкиот напредок и предностите на науката и технологија.

3.На сите работни места каде што работниците се изложени на азбест, работодавачот ги презема сите соодветни мерки за заштита или контрола на ослободувањето на азбестна прашина во воздухот, за осигурување дека ограничувањата за изложеноста или останатите критериуми за изложеност се задоволени и за намалување на изложеноста на колку што е можно пониско ниво кое е практично остварливо.

4. Кога мерките што се преземени согласно став 3 од овој Член не обезбедуваат изложеноста на азбест да биде во рамките на предвидената граница за изложеност или не се во согласност со останатите критериуми за изложеност што се наведени во став 1, работодавачот обезбедува, одржува и заменува, кога е тоа неопходно, без трошоци за работникот, соодветна опрема за заштита на респираторните органи и специјална заштитна облека. Опремата за заштита на респираторните органи одговара на стандардите воспоставени од надлежните органи и истата се користи единствено како дополнителна, привремена, вонредна или посебна мерка, а не како алтернатива на техничката контрола.

Член 16

Секој работодавач е одговорен за воспоставување и спроведување на практичните мерки за спречување и контрола на изложеноста на азбест за работниците коишто тој ги вработува и за нивна заштита во однос на ризиците кој што произлегуваат од азбестот.

Член 17

1. Уништувањето на постројките и објектите што содржат слободни азбестни материјали за изолација, и отстранувањето на азбестот од зградите или од објектите од каде што азбестот може да премине во воздухот, го вршат единствено од работодавачи или изведувачи кои се квалификувани согласно одредбите на оваа Конвенција и коишто се овластени од страна на надлежните органи за вршење на таква активност.

2. Од работодавачот или изведувачот се бара, пред почетокот на уништувањето, да направи работен план специфицирајќи ги мерките што треба да бидат превземени, вклучително мерките за:

(а) обезбедување на неопходна заштита на работниците;

(б) органичување на ослободувањето на азбестната прашина во воздухот; и

(в) предвидување на отстранување на азбестниот отпад во согласност со член 19 на оваа Конвенција.

3. Работниците или нивните претставници се консултираат за работниот план кој се однесува на став 2 од овој член.

Член 18

1. Онаму каде што личната облека на работниците може да биде контаминирана со азбестна прашина, работодавачот, согласно националните закони или прописи и во консултација со претставниците на работниците, треба да обезбеди соодветна работна облека, којашто не треба да се носи надвор од работното место.

2. Ракувањето и чистењето на користената работна облека и посебната заштитна облека треба да се врши во строго контролирани услови, на начин пропишан од надлежните органи, за да се спречи ослободување на азбестната прашина.

3. Со националните закони или прописи се забранува носење на работната облека, специјалната заштитна облека и личната заштитна опрема дома.

4. Работодавачот е одговорен за чистење, одржување и складирање на работна облека, специјалната заштитна облека и личната заштитна опрема.

5. Работодавачот обезбедува соодветни простории за работниците изложени на азбест за миење, капење или туширање на работното место, како што е тоа соодветно.

Член 19

1. Согласно националните закони и практика, работодавачите го отстрануваат отпадот којшто содржи азбест на начин што нема да претставува ризик по здравјето на засегнатите работници, вклучително и оние што ракуваат со азбестен отпад или на населението во близина на претпријатието.

2. Надлежниот орган и работодавачите преземаат соодветни мерки за спречување на загадувањето на средината со азбестна прашина ослободена од работното место.

ДЕЛ IV. КОНТРОЛА НА РАБОТНАТА СРЕДИНА И ЗДРАВЈЕТО НА РАБОТНИЦИТЕ

Член 20

1. Онаму каде што е неопходно за заштита на здравјето на работниците, работодавачот ја мери концентрацијата на азбестната прашина во воздухот на работното место и ја следи изложеноста на работниците на азбест во интервали и со користење на методи специфицирани од надлежните органи.

2. Евиденцијата од следењето на работната средина и изложувањето на работниците на азбест се чува во период пропишан од надлежните органи.

3. Засегнатите работници, нивните претставници и инспекциските служби имаат пристап до овие податоци.

4. Работниците или нивните претставниците имаат право да бараат следење на работната средина и да достават жалба до надлежниот орган во однос на резултатите од следењето.

Член 21

1. На работниците коишто се изложени на азбест, во согласност со националните закони и практика, им се обезбедуваат медицински испитувања што ќе овозможат контрола на нивното здравје во согласност со професионалниот ризик и дијагностицирање на професионали болести предизвикани од изложување на азбест.

2. Контролата на здравјето на работниците поврзани со азбестот не треба да бидат на товар на нивната заработувачката. Прегледите се бесплатни и доколку е можно се извршуваат во текот на работното време.

3. Работниците се информираат на соодветен начин за резултатите од нивните медицински испитувања и да добиваат индивидуални совети во однос на нивното здравје поврзано со нивната работа.

4. Кога континуираното извршување на работата вклучува изложеност на азбест што е медицински неоправдано, се прави секаков напор, во согласност со националните услови и практика, со цел на работниците на друг начин да им се гарантираат нивните примања.

5. Надлежниот орган развива систем за известување за случаите на професионални болести предизвикани од азбест.

ДЕЛ V. ИНФОРМИРАЊЕ И ЕДУКАЦИЈА

Член 22

1. Надлежните органи преземаат соодветни мерки, во консултација и соработка со репрезентативните организации на засегнати работодавачи и работници, за промоција на дистрибуцијата на информациите и едукацијата на сите во однос на здравствените ризици што се должат на изложеноста на азбест и за методите на превенција и контрола.

2. Надлежните органи обезбедуваат дека работодавачите имаат воспоставени писмени политики и процедури за образование и периодична практична обука на работниците за опасностите од азбест и методите на превенција и контрола.

3. Работодавачите се осигуруваат дека сите работници изложени на азбест се информирани за здравствените ризици поврзани со нивната работа, упатени за превентивните мерки и соодветните работни практики и дека истите добиваат континуирана обука на овие подрачја.

ЗАВРШНО

ДЕЛ VI. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 23

Формалните ратификации на оваа Конвенција се проследуваат до Генералниот директор на Меѓународната канцеларија на трудот за регистрација.

Член 24

1. Оваа Конвенција е обврзувачка за оние земји-членки на Меѓународната организација на трудот, чиишто ратификации се регистрирани од страна на Генералниот директор.

2. Оваа Конвенција стапува во сила дванаесет месеци по датумот на регистрирање на ратификациите од две земји-членки од страна на Генералниот директор.

3. Следствено, Конвенцијата стапува во сила за сите земји-членки, дванаесет месеци од датумот на регистрирање на нивните ратификации.

Член 25

1. Земјата-членка што ја ратификувала оваа Конвенција може да ја откаже истата по истекот на десет години од датумот кога Конвенцијата за прв пат стапила во сила, преку акт испратен за регистрација до Генералниот директор на Меѓународната канцеларија на трудот. Ова откажување нема да има ефект додека не измине една година од датумот на кој што е регистрирано.

2. Секоја земја-членка што ја ратификувала оваа Конвенција и што во временски период од една година по истекот на периодот од десет години наведен во

претходниот став, не го искористи правото за откажување дадено со овој член, ќе биде обврзана за период од следните десет години, а потоа може да ја откаже оваа Конвенција по истекот на секој нов период од десет години согласно со условите предвидени со овој член.

Член 26

1. Генералниот директор на Меѓународната канцеларија на трудот ги известува сите земји-членки на Меѓународната организација на трудот за регистрирањето на ратификациите и актите за откажување доставени од страна земјите-членки на Организацијата.

2. При известувањето на земјите-членки на Организацијата за регистрацијата на втората ратификација, Генералниот директор ги известува земјите-членки на Организацијата за датумот по којшто Конвенцијата ќе стапи во сила.

Член 27

Генералниот директор на Меѓународната канцеларија на трудот ги доставува до Генералниот секретар на Обединетите нации за регистрација, согласно член 102 од Повелбата на Обединетите нации, целосните податоци за сите ратификации и акти на откажувања, регистрирани од него во согласност со одредбите од претходните членови.

Член 28

Управниот орган на Меѓународната канцеларија трудот, кога ќе смета за неопходно, доставува извештај до Генералната конференција за спроведувањето на оваа Конвенција и ја проверува подготвеноста на Конференцијата да го стави прашањето за нејзина целосна или делумна ревизија на својата агенда.

Член 29

1. Доколку Конференцијата донесе нова Конвенција за целосно или делумно ревидирање на оваа Конвенција, освен ако со новата Конвенција не се предвидува поинаку:

а) ратификација на новата ревидирана конвенција од некоја земја-членка ќе значи *ипсо јуре* откажување на оваа Конвенција, без оглед на одредбите од член 25, ако и кога новата ревидирана конвенција ќе стапи во сила;

б) од датумот кога новата ревидирана конвенција влегува во сила, оваа Конвенција ќе престане да биде отворена за ратификација од земјите-членки.

2. Оваа Конвенција во секој случај останува во сила во нејзината постоечка форма и содржина за оние земји-членки коишто ја ратификувале, а не ја ратификувале ревидираната Конвенција.

Член 30

Англиската и француската верзија на текстот на оваа Конвенција се подеднакво веродостојни.

ПРЕПОРАКА ЗА АЗБЕСТ, 1986 ГОДИНА, (БР. 172)

Генералната конференција на Меѓународната организација на трудот,

свикана во Женева од страна на Управниот орган на Меѓународната канцеларија на трудот, на седумдесет и втората седница, одржана на 4 јуни 1986 година, и

Земајќи ги предвид релевантните меѓународни конвенции и препораки за трудот и, особено, Конвенцијата и Препораката за професионално заболување од рак, 1974 година, Конвенцијата и Препораката за работната средина (загадување на воздухот, бучава и вибрации), 1977 година, Конвенцијата и Препораката безбедност и здравје при работа, 1981 година, Конвенцијата и Препораката за службите за здравствена заштита на работа, 1985 година, списокот на професионалните заболувања со ревизијата во 1980 година што е приложен кон Конвенцијата за надоместоци во случај на несреќи на работа и професионални заболувања, 1964 година, како и Кодексот на работа за безбедноста при употребата на азбест, објавен од страна на Меѓународната канцеларија на трудот во 1984 година, со кој се утврдуваат принципите на националните политики и акции на национално ниво, и

одлучувајќи за донесување одредени предлози во однос на безбедноста при употребата на азбест, што претставува четврта точка на дневниот ред на сесијата, и

утврдувајќи дека овие предлози треба да добијат форма на Препорака што ја надополнува Конвенцијата за азбест, 1986 година,

на дваесет и четврти јуни илјада деветстотини осумдесет и шестата година, ја донесе, следнава Препорака, што може да се цитира како Препорака за азбест, 1986 година;

I. ПОЛЕ НА ПРИМЕНА И ДЕФИНИЦИИ

1. (1) Одредбите на Конвенцијата за азбест, 1986 година, и на оваа Препорака се применуваат на сите дејности што вклучуваат ризик од изложеност на работниците на азбест во текот на работата.

(2) Треба да се преземат мерки, во согласност со националното законодавство и практика, за да им се овозможи на самовработените лица заштита што е аналогна на заштитата што се предвидува со Конвенцијата за азбест, 1986 година и во оваа Препорака.

(3) Треба да му се посвети особено внимание на вработувањето на млади лица на возраст под 18 години во дејности што вклучуваат ризик од професионална изложеност на азбест, во согласност со барањата на надлежните органи.

2. Дејностите што вклучуваат ризик од професионална изложеност на азбест треба да вклучуваат, особено:(а) вадење и мелење на руди што содржат азбест;

(б) производство на материјали или производи што содржат азбест;

(в) употреба или примена на производи што содржат азбест;

(г) отстранување, поправка или одржување на производи што содржат азбест;

(д) рушење или поправки на погони или објекти што содржат азбест;

(ѓ) превоз, чување и манипулација на азбест или материјали што содржат азбест;

(е) други дејности што вклучуваат ризик од изложување на азбестна прашина во воздухот.

3. Во смисла на оваа Препорака:

(а) терминот ***азбест*** ја означува влакнестата форма на минералните силикати што им припаѓаат на групата метаморфни карпи од групата на серпентините, т.е. кризотил (бел азбест), и на групата на амфиболите, т.е., актинолит, амозит (кафеав азбест, кумингтонит-грунерит), антофилит, крокидолит (син азбест), тремолит, или каква било мешавина што содржи еден или повеќе од овие минерали;

(б) терминот ***азбестна прашина*** ги означува азбестни честички што лебдат во воздухот или наталожените азбестни честички што може да се најдат во воздухот во работната средина;

(в) терминот ***азбестна прашина што лебди во воздухот*** значи, за потребите на мерењето, честички од прашината што се мерат со гравиметриска процена или друга слична метода;

(г) терминот ***азбестни влакна што може да се вдишат*** ги означува азбестните влакна со дијаметар што е помал од 3 микрометри и однос меѓу должината и дијаметарот што е поголем од 3:1. Единствено влакната што се подолги од 5 микрометри треба да се земат предвид за целите на мерењето;

(д) терминот ***изложеност на азбест*** ја означува изложеноста на работното место, на азбестни влакна што може да се вдишат или азбестна прашина што лебди во воздухот, без оглед на тоа дали потекнува од азбест или од минерали, материјали или производи што содржат азбест;

(ѓ) терминот ***работници*** ги вклучува членовите на производните задруги.

(е) терминот ***претставници на работниците*** ги означува претставниците на работниците на кои таквиот статус им е признаен со националното законодавство или практика, во согласност со Конвенцијата за претставници на работниците, 1971 година.

II. ОПШТИ ПРИНЦИПИ

4. Мерките што се пропишани во согласност со член 3 на Конвенцијата за азбест, 1986 година, треба да се утврдат во таква рамка што ќе ги опфатат разновидните ризици на професионалната изложеност на азбест во сите гранки на економските дејности, и треба да се изготват со должно почитување на членовите 1 и 2 на Конвенцијата за професионално заболување од рак, 1974 година.

5. Надлежните органи треба повремено да ги ревидираат пропишаните мерки, земајќи го предвид Кодексот на работа за безбедноста при употребата на азбест, објавен од страна на Меѓународната канцеларија на трудот во 1984 година, и останатите кодекси на работа или упатства што може да бидат утврдени од страна на Меѓународната канцеларија на трудот и заклучоците на експертските средби што може да се свикаат од неа, како и информациите од останатите надлежни тела за азбест и за материјалите за замена на азбестот.

6. Надлежните органи, при примената на одредбите на оваа Препорака, треба да дејствуваат по консултации со најрепрезентативните организации на работодавачите и работниците.

7. (1) Работодавачот треба да ги употреби сите соодветни мерки, во консултација и соработка со засегнатите работници или нивните претставници и со оглед на советите од надлежните извори, вклучувајќи ги службите за трудова медицина, за спречување или контролирање на изложеноста на азбест.

(2) Во согласност со националното законодавство или практика, консултациите и соработката меѓу работодавачот и работниците што тој ги вработува може да се вршат преку:

(а) претставници на работниците надлежни за безбедност;

(б) работничките комитети за безбедност и здравје при работа или заедничките комитети за безбедност и здравје при работа;

(в) останатите претставници на работниците.

8. Од работниците коишто се ангажирани за работа која вклучува азбест или производи што содржат азбест треба да се бара, во рамките на нивните одговорности, да ги почитуваат пропишаните постапки за безбедност и хигиена, вклучувајќи ја употребата на соодветна заштитна опрема.

9. (1) Работникот што напуштил определена ситуација на работа за која има разумно уверување дека претставува сериозна опасност по неговиот живот или здравје треба:

(а) да го информира својот непосредно претпоставен надзорник;

(б) да биде заштитен од одмазнички или дисциплински мерки, во согласност со националните услови или практики.

(2) Не треба да се преземаат никакви мерки што се на штета на работникот со упатување на фактот што тој, со чесни намери, се пожалил за нешто што сметал дека претставува кршење на законските барања или за сериозна несоодветност на мерките што ги презема работодавачот во однос на безбедноста и здравјето при работа и работната средина.

III. ПРЕВЕНТИВНИ И ЗАШТИТНИ МЕРКИ

10. (1) Надлежните органи треба да осигурат дека изложеноста на азбест е спречена или контролирана преку пропишување инженерски контроли и методи за работа, вклучувајќи ја хигиената на работното место, коишто овозможуваат максимална заштита за работниците.

(2) Надлежните органи треба периодично да ги утврдуваат, врз основа на нивото на изложеност и околностите и условите што преовладуваат во работната средина, и со оглед на научно-истражувачкиот и технолошкиот напредок :

(а) видовите азбест или производи што содржат азбест чијашто употреба треба да биде предмет на овластување и работните процеси што треба да бидат предмет на овластување;

(б) видовите азбест и производи што содржат азбест чијашто употреба треба да се забрани делумно или целосно и работните процеси во кои треба да се забрани употребата на азбест или определени видови азбест или производи што содржат азбест.

(3) Забраната или овластувањето за употреба ба определени видови азбест или производи што содржат азбест и нивната замена со други супстанции треба да се заснова врз научна процена на нивната опасност по здравјето.

11. (1) Надлежните органи треба да го поттикнат истражувањето на техничките и здравствените проблеми што се поврзани со изложеноста на азбест, материјалите за замена на азбестот и алтернативните технологии.

(2) Надлежните органи треба да го поттикнат истражувањето и развојот на производи што содржат азбест, други материјали за замена или алтернативни технологии што се безопасни или помалку опасни, со цел да се елиминира или намали ризикот за работниците.

12. (1) Надлежните органи, секогаш коа е тоа потребно за заштита на работниците, треба да бараат менување на азбестот со материјали за замена, секогаш кога е тоа можно.

(2) Пред да бидат прифатени за употреба во кој било процес, сите потенцијални материјали за замена треба да бидат темелно оценети во однос на нивните можни штетни последици за здравјето. Здравјето на работниците што се изложени на таквите материјали треба да се контролира постојано, ако се оцени дека тоа е потребно.

13. (1) За целите на ефективното спроведување на националните закони и прописи, надлежните органи треба да ги пропишат информациите што треба да се вклучат во известувањата за работата со азбест што се предвидени со член 13 на Конвенцијата за азбест, 1986 година.

(2) Овие информации треба да го опфатат следново:

(а) видот и количеството на азбестот што се употребува;

(б) активностите и процесите што се вршат;

(в) производите што се изработуваат;

(г) бројот на работниците што се изложени и нивото и зачестеноста на нивната изложеност;

(д) превентивните и заштитните мерки што се преземаат за почитување на националните закони и прописи;

(ѓ) сите останати потребни информации за заштита на здравјето на работниците.

14. (1) Уривањето на оние делови од погоните или објектите што содржат ронливи азбестни изолациски материјали и отстранувањето на азбестот од зградите и објектите во кои азбестот може да се најде во воздухот треба да подлежат на овластување што треба да им се дава единствено на работодавачите или изведувачите на работите што се признаени од надлежните органи како квалификувани за вршење такви работи во согласност со одредбите на оваа Препорака.

(2) Од работодавачот или изведувачот на работите треба да се бара пред започнување со работите на уривањето или отстранувањето да изготви план за работа во кој се наведени мерките што ќе бидат преземени пред започнувањето на работата, вклучувајќи мерки за:

(а) обезбедување на целосната потребна заштита за работниците;

(б) ограничување на испуштањето на азбестна прашина во воздухот;

(в) информирање на работниците кои може да бидат засегнати од можното испуштање на азбестната прашина во воздухот, за општите постапки и опрема што треба да се употребуваат и за мерките на претпазливост што треба да се преземат; и

(г) предвидување на одлагањето на отпадот што содржи азбест во согласност со став 28 на оваа Препорака.

(3) Работниците или нивните претставници треба да се консултираат во врска со планот за работа од горенаведениот потстав (2).

15. (1) Сите работодавачи треба да утврдат и спроведуваат, со учество на работниците што тие ги вработуваат, програма за спречување и контрола на изложеноста на работниците на азбест. Оваа програма треба да се ревидира во

редовни временски интервали и со оглед на промените во работните процеси и користената машинерија, или промените на техниките и методите за превенција и контрола.

(2) Надлежните органи треба, во согласност со националната практика, да преземаат активности за обезбедување помош, особено за малите претпријатија на кои може да им недостига техничко знаење или средства, за воспоставување на превентивните програми во случаите во кои може да дојде до изложеност на азбест.

16. Треба да се усвојат технички уреди за заштита и соодветни работни практики за спречување на испуштањето на азбестната прашина во воздухот во работната средина. Дури и во случаите кога се почитуваат граничните вредност на изложеноста или другите критериуми за изложеноста, таквите мерки треба да се преземаат за да се намали изложеноста на најниското ниво што е разумно остварливо.

17. Мерките што треба да се преземаат за спречување или контрола на изложеноста, како и за избегнување на изложеноста на работниците на азбест треба да вклучуваат, особено:

(а) азбестот треба да се употребува единствено кога ризиците може да се спречат или да се контролираат; во сите останати случаи, тој треба да се замени, кога е тоа технички изводливо, со други материјали и треба да се користат алтернативни технологии што се научно оценети како безопасни или помалку опасни;

(б) бројот на лицата на кои им се доделени работни задачи што вклучуваат изложување на азбест и времетраењето на нивната изложеност треба да се одржуваат на минимумот што е неопходен за безбедно вршење на задачата;

(в) треба да се употребуваат машини, опрема и работни процеси што го елиминираат или минимизираат создавањето на азбестната прашина и особено нејзиното ослободување во работната и пошироката животна средина;

(г) работните места во кои употребата на азбест може да доведе до испуштање на азбестна прашина во воздухот треба да бидат одвоени од општата работна средина со цел да се избегне можната изложеност на азбест на останатите работници;

(д) местата на кои се вршат работите што вклучуваат изложеност на азбест треба да бидат јасно разграничени и означени со знаци за предупредување што го ограничуваат неовластениот пристап;

(ѓ) треба да се води евиденција за локациите на азбестот што се употребува во изградбата на објектот.

18. (1) Употребата на крокидолитот и на производите што содржат такви влакна треба да биде забранета.

(2) Надлежните органи треба да се овластат, по консултации со најрепрезента-

тивните организации на засегнатите работодавачи и работници, да одобруваат отстапувања од забраната што е предвидена со горе наведениот потстав (1) кога замената не е практично изводлива, под услов ако се преземени мерки за осигурување дека не е загрозено здравјето на работниците.

19. (1) Распрскувањето на сите облици на азбест треба да биде забрането.

(2) Инсталацијата на ронливи азбестни изолациски материјали треба да биде забранета.

(3) Надлежните органи треба да се овластат, по консултации со најрепрезентативните организации на засегнатите работодавачи и работници, да одобруваат отстапувања од забраната што е предвидена со горе наведените потставови (1) и (2) кога алтернативните методи не се практично изводливи, под услов да се преземени мерки за осигурување дека не е загрозено здравјето на работниците.

20. (1) Производителите и добавувачите на азбест и производителите и добавувачите на производи што содржат азбест треба да поднесуваат одговорност за соодветното и правилното етикетирање на садот за пакување или на производот.

(2) Со националните закони или прописи треба да се предвиди дека етикетата треба да биде испечатена на јазикот или јазиците што се во општа употреба во соодветната земја и дека на неа треба да биде наведео дека садот или производот содржи азбест, дека вдишувањето на азбестната прашина е ризично за здравјето и дека треба да се преземат соодветни заштитни мерки.

(3) Со националните закони или прописи треба да се бара од производителите и добавувачите на азбест и производителите и добавувачите на производи што содржат азбест да изготват и обезбедат спецификација во која се наведени содржината на азбестот, опасностите по здравјето и соодветните заштитни мерки за материјалот или производот.

21. Системот за инспекција што е предвиден со член 5 на Конвенцијата за азбест, 1986 година, треба да се заснова врз одредбите на Конвенцијата за трудова инспекција, 1947 година. Инспекциските надзори треба да се вршат од страна на квалификувани лица. Инспекциските служби треба да бидат во можност да ги добијат од работодавачот информациите што се наведени во горе наведениот став 13.

22. (1) Граничните вредности на изложеноста треба да се утврдат со упатување до концентрацијата на азбестна прашина во воздухот во просечен временски период, што вообичаено е изразен како осумчасовен ден или 40-часовна недела и со признаен метод за земање мостри и мерење.

(2) Граничните вредност на изложеноста треба периодично да се ревидираат и ажурираат со оглед на технолошкиот напредок и развојот на технолошкото и медицинското знаење.

23. Инсталациите, системите за вентилација, машините и заштитните уреди за контрола на азбестната прашина треба да се проверуваат редовно и да се одржуваат во исправна состојба.

24. Работните места треба да се чистат со безбедна метода онолку често колку што е потребно за да се спречи наталожувањето на азбестна прашина на површините. Одредбите на Конвенцијата за азбест, 1986 година и на оваа Препорака се применуваат за персоналот за чистење.

25. (1) Ако опасностите од азбестната прашина што лебди во воздухот не може на друг начин да се спречат или контролираат, работодавачот треба да обезбеди, одржува и заменува по потреба, без трошоци за работниците, соодветна опрема за заштита на дишните органи и специјална облека во соодветните случаи. Во таквите ситуации, работниците треба да бидат обврзани да ја употребуваат таквата опрема.

(2) Опремата за заштита на дишните органи треба да ги задоволува стандардите што се утврдени од страна на надлежните органи и треба да се употребува единствено како дополнителна, привремена, итна или вонредна мерка, а не како замена за техничката контрола.

(3) Во случаите кога се бара употребата на опремата за заштита на дишните патишта, треба да се предвидат соодветни периоди за одмор во соодветни простории за одмор, земајќи го предвид физичкиот замор што го предизвикува употребата на таквата опрема.

26. (1) Ако постои можност за контаминација на личната облека на работниците со азбестна прашина, работодавачот, во согласност со националните закони или прописи и по консултации со претставниците на работниците, треба да обезбеди, без трошоци за работниците, соодветна работна облека којашто не треба да се носи надвор од работната средина.

(2) Работодавачите треба на работниците да им обезбедат соодветни информации во соодветна форма за опасностите по здравјето на нивните семејства или останатите што може да произлезат од носење на облеката што е контаминирана со азбестна прашина дома.

(3) Ракувањето со, и чистењето на, користената работна облека и специјалната заштитна облека треба да се вршат под контролирани услови, во согласност со барањата на надлежните органи, за да се спречи ширењето на азбестната прашина.

27. (1) За работниците коишто се изложени на азбест треба да се обезбедат двојни простории за преоблекување, средства за миење, тушеви и простории за одмор, како што е соодветно.

(2) Треба да се дозволи доволно време, во рамките на работното време, за преоблекување, туширање или миење по завршувањето на смената, во согласност со националната практика.

28. (1) Во согласност со националното законодавство и практика, работодавачот треба да го отстрани отпадот што содржи азбест на начин кој што не создава ризици за здравјето на засегнатите работници, вклучувајќи ги работниците што ракуваат со азбестниот отпад, или за здравјето на населението што живее во близина на претпријатието.

(2) Надлежните органи и работодавачите треба да преземат соодветни мерки за спречување на општото загадување на животната средина со азбестна прашина што се шири од работната средина.

IV. НАДЗОР ВРЗ РАБОТНАТА СРЕДИНА И ВРЗ ЗДРАВЈЕТО НА РАБОТНИЦИТЕ

29. Во случаите што се утврдени од страна на надлежните органи, работодавачот треба да преземе активности за вршење надзор врз концентрацијата на азбестната прашина во воздухот во работната средина и врз времетраењето и нивото на изложеност на работниците на азбест, како и за надзор врз здравјето на работниците.

30. (1) Нивото на изложеноста на работниците на азбест треба да се мери и пресметува во форма на временски мерени просечни концентрации за определен референтен период.

(2) Земањето на мострите и мерењето на концентрацијата на азбестната прашина во воздухот треба да се врши од страна на квалификуван персонал, со користење методи што се одобрени од надлежните органи.

(3) Зачестеноста и обемот на земање мостри и мерење треба да бидат поврзани со нивото на ризикот, промените на работниот процес и останатите релевантни околности.

(4) При оценувањето на ризикот надлежните органи треба да го земат предвид ризикот што го носат азбестните влакна од сите големини.

31. (1) За спречување на заболувањата и функционалните нарушувања што се поврзани со изложеноста на азбест, на сите работници што се распределени на работа што вклучува изложеност на азбест треба да им се обезбеди, како што е соодветно:

(а) лекарски преглед пред распределувањето на тоа работно место;

(б) периодични лекарски прегледи во соодветни временски интервали;

(в) други проверки и истраги, особено радиографија на градите и проверки на функционалноста на белите дробови, што може да се потребни за надзор врз нивната здравствена состојба во однос на оваа опасност на работното место и за раното откривање на првичните симптоми на заболувањата што се предизвикани од азбестот.

(2) Временските периоди меѓу лекарските прегледи треба да се утврдат од страна на надлежните органи, земајќи го предвид нивото на изложеност и здравствената состојба на работниците во однос на опасноста на работното место.

(3) Надлежните органи треба да се осигурат дека е предвидено, во согласност со националното законодавство и практика, соодветните лекарски прегледи и понатаму да им бидат достапни на работниците по завршувањето на распределувањето на работното место што вклучува изложување на азбест.

(4) Прегледите, тестирањата и истрагите кои се предвидени со горе наведените потставови (1) и (3) треба да се вршат, колку што е тоа можно, во текот на работното време и не треба да вклучуваат никакви трошоци за работниците.

(5) Кога резултатите од лекарските прегледи или истрагите откриваат клинички или претклинички ефекти, треба да се преземат мерки за спречување или намалување на изложеноста на засегнатите работници и за спречување на натамошното влошување на нивното здравје.

(6) Резултатите од лекарските прегледи треба да се употребат за утврдување на здравствениот статус во однос на изложеноста на азбест и не треба да се употребуваат за дискриминирање на работникот.

(7) Резултатите од лекарските прегледи не смеат да се користат за целите на преместувањето на работникот на работно место коешто не е компатибилно со статусот на неговото здравје.

(8) Работниците што се предмет на надзор на нивното здравје треба да имаат:

(а) право на доверливост на личните и здравствените информации;

(б) право на целосни и детални објаснувања за целите и резултатите од надзорот;

(в) право да одбијат инвазивни медицински постапки што го нарушуваат нивниот телесен интегритет.

32. Работниците треба да се информираат на адекватен и соодветен начин, во согласност со националната практика, за резултатите од лекарските прегледи и да добијат индивидуални совети во врска со нивното здравје во однос на нивната работа.

33. Во случај на откривање на професионално заболување што е предизвикано од азбест преку здравствениот надзор, надлежните органи треба да се известат во согласност со националното законодавство и практика.

34. Ако од здравствени причини не се советува постојаната работа на работно место што вклучува изложување на азбест, треба да се вложат сите потребни напори, во согласност со националните услови или практика, на засегнатите работници да им се обезбеди друг начин за заработување на својата плата.

35. Националните закони или прописи треба да предвидуваат обесштетување за работниците што ќе заболат или ќе развијат некое функционално нарушување

поврзано со професионалната изложеност на азбест, во согласност со Конвенцијата за надоместоци во случај на несреќи на работа и професионални заболувања, 1964 година.

36. (1) Евиденцијата за резултатите од следењето на работната средина треба да се чува во период којшто не е помал од 30 години.

(2) Евиденцијата на резултатите од следењето на изложеноста на работниците, како и деловите од нивните здравствени картони што се со значење за опасностите по здравјето поради изложеност на азбест и радиографските снимки на градите треба да се чуваат за период којшто не е помал од 30 години по завршувањето на работата на работното место што вклучува изложување на азбест.

37. Заинтересираните работници, нивните претставници и инспекциските служби треба да имаат пристап до евиденцијата за следењето на работната средина.

38. Во случај на затворање на определено претпријатие, или по завршувањето на работните однос на некој работник, евиденцијата и информациите што се чуваат во согласност со горе наведениот став 36 треба да се депонираат во согласност со упатствата од надлежните органи.

39. Во согласност со Трипартитната декларација за принципите во врска со мултинационалните претпријатија и социјалната политика, донесена од страна на Управувачкото тело на Меѓународната канцеларија на трудот, националното или мултинационалното претпријатие со повеќе од една подружница треба да биде обврзано да обезбедува безбедносни мерки во однос на спречувањето и контролата на, како и заштитата од, опасностите по здравјето што се должат на професионалната изложеност на азбест, без дискриминација, за работниците во сите свои подружници без оглед на местото или земјата во која тие се наоѓаат.

V. ИНФОРМИРАЊЕ И ОБРАЗОВАНИЕ

40. Надлежните органи треба да преземат мерки за унапредување на обучувањето и информирање на сите засегнати лица во врска со спречувањето и контролата на, како и заштитата од, опасностите по здравјето што се предизвикани од професионалната изложеност на азбест.

41. Надлежните органи, по консултации со најрепрезентативните организации на засегнатите работодавачи и работници, треба да изготват соодветни образовни упатства за работодавачите, работниците и останатите.

42. Работодавачите треба да се осигурат дека работниците што може да бидат изложени на азбест добиваат редовни периодични обуки и упатства, без какви било трошоци на нив, на јазик и на начин којшто е лесно разбирлив за нив, за последиците од таквото изложување врз здравјето, за мерките што треба да се преземат за спречување и контрола на изложеноста на азбестот, особено за правилните работни методи што го спречуваат и контролираат создавањето

и ширењето на азбестната прашина во воздухот и за употребата на општата и личната заштитна опрема што им е ставена на располагање на работниците.

43. Образовните мерки треба да и посветат внимание на особената опасност за здравјето на работниците што се создава од комбинирањето на пушењето со изложувањето на азбест.

44. Организациите на работодавачите и работниците треба да преземат позитивни акции за соработка на, и придонесување кон, програмите за обука, информирање, превенција, контрола и заштита во однос на професионалните опасности поради изложеноста на азбест.

КОНВЕНЦИЈА ЗА ХЕМИКАЛИИ, 1990 ГОДИНА, (БР. 170)

Генералната конференција на Меѓународната организација на трудот,

свикана во Женева, од страна на Управниот орган на Меѓународната канцеларија на трудот, на 77-та сесија, одржана на 6 јуни 1990 година и

земајќи ги предвид релевантните меѓународни конвенции и препораки за трудот и, особено, Конвенцијата и Препораката за бензол, 1971 година, Конвенцијата и Препораката за професионално заболување од рак, 1974 година, Конвенцијата и Препораката за работната средина (загадување на воздухот, бучава и вибрации), 1977 година, Конвенцијата и Препораката за безбедност и здравје при работа, 1981 година, Конвенцијата и Препораката за службите за здравствена заштита на работа, 1986 година, Конвенцијата и Препораката за азбест, 1986 година и списокот на професионалните заболувања со ревизијата во 1980 година што е приложен кон Конвенцијата за надоместоци во случај на несреќи на работа и професионални заболувања, 1964 година, и

имајќи предвид дека заштитата на работниците од штетните влијанија на хемикалиите ја подобрува заштитата на пошироката јавност и животната средина, и

имајќи предвид дека работниците имаат потреба од и право на информираност за хемикалиите што ги користат при работа, и

земајќи предвид дека е неопходно да се спречи или намали појавата на болестите или повредите на работното место предизвикани од хемикалии преку:

(а) осигурување дека сите хемикалии подлежат на евалуација, со цел да се одредат опасностите кои ги предизикуваат;

(б) обезбедување на работодавачите со механизми за добивање информации од снабдувачите во врска со хемикалиите што се користат на работа со цел да може да спроведуваат ефективни програми за заштита на работниците од хемиска опасност.

(в) информирање на работниците за хемикалиите присутни на работните места, како и за соодветните превентивни мерки, со цел да може ефективно да учествуваат во програмите за заштита;

(г) воспоставување принципи за таквите програми со цел да се осигури дека хемикалиите се користат на безбеден начин, и

земајќи ја предвид потребата за соработка, во рамките на Меѓународната програма за хемиска безбедност, меѓу Меѓународната организација на трудот, Програмата за животна средина на Обединетите нации и Светската здравствена организација, како и со Организацијата за храна и земјоделство на Обединетите нации и

Организацијата за индустриски развој на Обединетите нации и напомнувајќи ги релевантните инструменти, кодекси и насоки што ги носат тие организации, и

одлучувајќи за донесување одредени предлози во однос на безбедноста при употребата на хемикалии на работа, што претставува петта точка на дневниот ред на сесијата, и

утврдувајќи дека овие предлози ќе бидат во форма на меѓународна Конвенција;

на дваесет и петти јуни илјада деветстотини и деведесеттата година, ја донесе следната Конвенција, којашто може да се цитира како Конвенција за хемикалии, 1990 година:

ДЕЛ I. ПОЛЕ НА ПРИМЕНА И ДЕФИНИЦИИ

Член 1

1. Оваа Конвенција се однесува на сите гранки од стопанската дејност во коишто се користат хемикалии.

2. Надлежниот орган на земјата-членка што ја ратификувала оваа Конвенција, по консултации со најрепрезентативни организации на засегнати работодавачи и врз основа на проценката на вклучените опасности и заштитните мерки што треба да се применуваат:

(а) може да исклучи определени гранки од стопанската дејност, претпријатија или производи од примена на Конвенцијата или на одредени одредби, во случаите кога:

(i) се појавуваат посебни проблеми од материјална природа; и

(ii) целокупната заштита што се обезбедува во согласност со националниот закон и практика, не е инфериорна во поглед на заштитата што е резултат на целосна примена на одредбите од Конвенцијата:

(б) носи посебни одредби за заштита на доверливите информации, чиешто откривање на конкурентен субјект може да наштети на работењето на работодавачот, под услов на тој начин да не се доведе во прашање безбедноста и здравјето на работниците.

3. Оваа Конвенција не се применува кај членовите што не водат до изложување на работниците на опасни хемикалии, во нормални или разумно предвидливи услови на употреба.

4. Оваа Конвенција не се применува на организми, но се применува на хемикалиите што се добиваат од организми.

Член 2

Во смислата на оваа Конвенција:

(а) поимот ***хемикалии*** означува хемиски елементи и соединенија и нивни мешавини, природни или синтетички;

(б) поимот ***опасни хемикалии*** ги вклучува сите хемикалии што се класифицирани како опасни во согласност со член 6 или за кои постојат релевантни информации што укажуваат на опасноста на хемикалијата;

(в) поимот ***користење на хемикалиите на работа*** означува секоја работна активност што води до изложување на работникот на хемикалии, вклучувајќи:

(i) производство на хемикалии;

(ii) ракување со хемикалии;

(iii) складирање на хемикалии;

(iv) превоз на хемикалии;

(v) отстранување и третман на отпадни хемикалии;

(vi) испуштање на хемикалии кое произлегува од работните активности;

(vii) одржување, поправка и чостење на опремата и контејнерите за хемикалии;

(г) поимот ***гранки на стопанска дејност*** ги покрива сите гранки во коишто се вработени работниците, вклучувајќи ја јавната служба;

(д) поимот ***артикл*** значи предмет што добива конкретна форма или дизајн во текот на производството или којшто има природна форма, а чијашто употреба во таа форма зависи, во целост или делумно, од неговата форма или дизајн;

(ѓ) поимот ***претставници на работниците*** означува лица на кои таквиот статус им е признаен со националното законодавство или практика, во согласност со Конвенцијата за претставници на работниците, 1971 година.

ДЕЛ II. ОПШТИ ПРИНЦИПИ

Член 3

Најрепрезентативните организации на засегнати работодавачи и на работници се консултираат за мерките што ќе се преземат во насока на спроведување на одредбите од оваа Конвенција.

Член 4

Секоја земја-членка, во согласност со националните услови и практики, и во консултација со најрепрезентативните организации на работодавачи и на работници, ги формулира, спроведува и периодично ги прегледува кохерентните национални политики за безбедност при употребата на хемикалии на работа.

Член 5

Надлежниот орган има овластување, доколку е тоа оправдано во поглед на безбедноста и здравјето, да забрани или ограничи примена на определени опасни хемикалии или да побара претходно известување или овластување пред користењето на тие хемикалии.

ДЕЛ III. КЛАСИФИКАЦИЈА И ПОВРЗАНИ МЕРКИ

Член 6

СИСТЕМИ ЗА КЛАСИФИКАЦИЈА

1. Надлежниот орган или телото одобрено и признаено од надлежниот орган, во согласност со националните или меѓународните стандарди, воспоставува системи и специфични критериуми што се соодветни за класификација на сите хемикалии, според видот и степенот на здравствена и физичка опасност, како и за процена на релевантноста на информациите што се потребни за одредување дали хемикалијата е опасна.

2. Опасните карактеристики на мешавините составени од две или повеќе хемикалии може да се одредат со проценка заснована на опасностите што ги содржат поединечните хемикалии.

3. Во случај на транспорт, таквите системи и критериуми треба се засноваат на Препораките на Обединетите нации за транспорт на опасни стоки.

4. Системите за класификација и нивната примена прогресивно се прошируваат.

Член 7

ЕТИКЕТИРАЊЕ И ОЗНАЧУВАЊЕ

1. Сите хемикалии се означуваат за да се посочат нивните специфичности.

2. Опасните хемикалии ќе бидат и етикетирани, на начин што е лесно разбирлив за работниците, со цел да се обезбедат неопходните информации во поглед на нивната класификација, опасностите што ги предизвикуваат и безбедносните мерки за претпазливост што мора да се почитуваат.

3. Надлежниот орган или телото одобрено и признаено од надлежниот орган, во согласност со националните или меѓународните стандарди, ги воспоставува барањата за означување или етикетирање на хемикалиите согласно ставовите 1 и 2 од овој член.

(2) Во случај на транспорт, таквите барања треба се засноваат на Препораките на Обединетите нации за транспорт на опасни стоки.

Член 8

ДОКУМЕНТИ СО БЕЗБЕДНОСНИ ПОДАТОЦИ ЗА ХЕМИКАЛИИ

1. Во поглед на опасните хемикалии, на работодавачите им се обезбедуваат документи со безбедносни податоци кои содржат детални неопходни информации за нивните особености, снабдувач, класификација, опасности, безбедносни мерки за претпазливост и процедури при итни случаи.

2. Надлежниот орган или телото одобрено и признаено од надлежниот орган, во согласност со националните или меѓународните стандарди, ги воспоставува критериумите за изготвување на документите со безбедносни податоци за хемикалиите.

3. Хемикалиите или општото име што се користи за идентификување на хемикалијата на документот со безбедносни податоци за хемикалијата ќе биде идентично со името што се користи на етикетата.

Член 9

ОДГОВОРНОСТИ НА СНАБДУВАЧИТЕ

1. Снабдувачите со хемикалии, без разлика дали се работи за производители, увозници или дистрибутери, ќе се осигурат дека:

(а) хемикалиите се класифицирани во согласност со член 6, врз основа на познавањето на нивните карактеристики и на истражувањето на достапните информации или проценки во согласност со долунаведениот став 3;

(б) таквите хемикалии се означуваат за да се посочат нивните специфичности во согласност со член 7, став 1;

(в) опасните хемикалии што ги снабдуваат се означуваат во согласност со член 7, став 2;

(г) документите со безбедносни податоци за хемикалии се изготвуваат за опасните хемикалии во согласност со член 8, став 1 и се доставуваат на работодавачите.

2. Снабдувачите на опасни хемикалии изготвуваат и им доставуваат на работодавачите ревидирани етикети и документи со безбедносни податоци за хемикалиите, на начин кој е во согласност со националниот закон и практика, секогаш кога се достапни нови важни информации за безбедноста и здравјето.

3. Снабдувачите на хемикалии што сè уште не се класифицирани во согласност со член 6, ги идентификуваат хемикалиите што ги снабдуваат и ги проценуваат карактеристиките на хемикалиите врз основа на истражувањето на достапните информации, со цел да се одреди дали тие хемикалии се опасни.

ДЕЛ IV. ОДГОВОРНОСТИ НА РАБОТОДАВАЧИТЕ

Член 10

ИДЕНТИФИКАЦИЈА

1. Работодавачите се осигуруваат дека сите хемикалии што се користат на работа се етикетирани или означени во согласност со барањата од член 7 и дека се обезбедуваат документи со безбедносни податоци за хемикалијата, во согласност со барањата од член 8 и дека истите се доставени до работниците и нивните претставници.

2. Работодавачите што ги примаат хемикалиите што не се етикетирани или означени во согласност со барањата од член 7 или не се придружени со документи со безбедносни податоци за хемикалијата, во согласност со барањата од член 8, добиваат други релевантни информации од снабдувачот или од друг достапен извор и нема да ги користат хемикалиите, сè додека не ги добијат тие информации.

3. Работодавачите се осигуруваат дека се користат само хемикалиите што се класифицирани во согласност со член 6 или се идентификувани и проценети во согласност со член 9, став 3, како и етикетирани или означени во согласност со член 7 и дека при нивната употреба се преземаат сите неопходни мерки за претпазливост.

4. Работодавачите водат евиденција за опасните хемикалии што се користат на работното место, со упатување на соодветните документи со безбедносни податоци за хемикалиите. Евиденцијата ќе биде достапна за сите засегнати работници и нивните претставници.

Член 11

ПРЕНОС НА ХЕМИКАЛИИ

Работодавачите осигуруваат дека при преносот на хемикалиите во други контејнери или опрема, содржината ќе се назначи на тој начин што работниците ќе бидат запознаени со нивните особености, опасностите поврзани со нивната употреба и безбедносните мерки за претпазливост што треба да се почитуваат.

Член 12

ИЗЛОЖУВАЊЕ

Работодавачите:

(а) се осигуруваат дека работниците не се изложуваат на хемикалии до степен што ги надминува ограничувањата за изложување или други критериуми за изложување заради евалуација и контрола на работната средина, воспоставени од страна на надлежниот орган или телото одобрено и признаено од надлежниот орган, во согласност со националните или меѓународните стандарди;

(б) го проценуваат изложувањето на работниците на опасни хемикалии;

(в) го следат и евидентираат изложувањето на работниците на опасни хемикалии кога тоа е неопходно заради заштита на безбедноста и здравјето или може да е пропишано од надлежниот орган;

(г) се осигуруваат дека евиденцијата од следењето на работната средина и од изложувањето на работниците што користат опасни хемикалии се чува во периодот што е пропишан од страна на надлежниот орган и е достапна за работниците и нивните претставници.

Член 13

ОПЕРАТИВНА КОНТРОЛА

1. Работодавачите вршат процена на ризиците што произлегуваат од употребата на хемикалии на работа и ги заштитуваат работниците од таквите ризици со соодветни средства, како што се:

(а) избор на хемикалии заради елиминирање или сведување на ризикот на минимум;

(б) избор на технологија за елиминирање или сведување на ризикот на минимум;

(в) користење на соодветни инженерски контролни мерки;

(г) усвојување на работни системи и практики заради елиминирање или сведување на минимум на ризикот;

(д) усвојување на соодветни хигиенски мерки на работното место;

(ѓ) кога примената на горенаведените мерки не е доволна, обезбедување и соодветно одржување на лична заштитна опрема и облека, без трошок за работникот, како и спроведување мерки за осигурување на нивната употреба.

2. Работодавачите:

(а) го ограничуваат изложувањето на опасни хемикали, со цел заштита на безбедноста и здравјето на работниците;

(б) обезбедуваат прва помош;

(в) обезбедуваат уредувања за справување со итни ситуации.

Член 14

ОТСТРАНУВАЊЕ

Опасните хемикалии кои не се повеќе потребни и садовите коишто биле испразнети, но што може да содржат остатоци од опасни хемикалии, се ракуваат и отстрануваат на начин што го елиминира или сведува на минимум ризикот за безбедноста и здравјето и за животната средина, во согласност со националните закони и практика.

Член 15

ИНФОРМИРАЊЕ И ОБУКА

Работодавачите:

(а) ги известуваат работниците за опасностите поврзани со изложувањето н хемикалиите што се користат на работното место;

(б) ги упатуваат работниците како да ги добијат и користат информациите што се наведени на етикетите и документите со безбедносни податоци за хемикалиите;

(в) ги користат документите со безбедносни податоци за хемикалиите, заедно со информациите што важат за работното место, како основа за изготвување упатства за работниците, коишто треба да бидат во писмена форма, доколку е тоа соодветно;

(г) ги обучуваат работниците, врз постојана основа, за практиките и постапките што треба да се почитуваат во врска со безбедната употреба на хемикалии на работа.

Член 16

СОРАБОТКА

Работодавачите, при исполнувањето на своите одговорности, воспоставуваат, колку што е можно, потесна соработка со работниците или нивните претставници во поглед на безбедноста при користењето на хемикалии на работа.

ДЕЛ V. ДОЛЖНОСТИ НА РАБОТНИЦИТЕ

Член 17

1. Работниците, при исполнувањето на своите одговорности, воспоставуваат, колку што е можно, потесна соработка со работодавачите и ги почитуваат сите процедури и практики што се однесуваат на безбедноста при користењето на хемикалии на работа.

2. Работниците, при исполнувањето на своите одговорности, воспоставуваат, колку што е можно, потесна соработка со работодавачите и ги почитуваат сите процедури и практики што се однесуваат на безбедноста при користењето на хемикалии на работа.

ДЕЛ VI. ПРАВА НА РАБОТНИЦИТЕ И НИВНИТЕ ПРЕТСТАВНИЦИ

Член 18

1. Работниците имаат право да се отстранат од опасност што произлегува од употреба на хемикалии, кога имаат добра причина да веруваат дека постои

директен и сериозен ризик по нивната безбедност или здравје и веднаш го известуваат надзорникот.

2. Работниците што ќе се отстранат од опасноста, во согласност со одредбите од претходниот став или ги исполнуваат своите права во согласност со Конвенцијата ќе бидат заштитени од несакани последици.

3. Засегнатите работниците и нивните претставници имаат право на:

(а) информации за особеностите на хемикалиите што се користат на работа, опасните својства на тие хемикалии, мерки на претпазливост, образование и обука;

(б) информациите содржани на етикетите и ознаките;

(в) документи со безбедносни податоци за хемикалии;

(г) сите други информации, чиешто чување се пропишува со оваа Конвенција.

4. Кога откривањето на специфичните особености на состојка од хемиската мешавина на конкурентен субјект може да наштети на работењето на работодавачот, работодавачот може, при обезбедувањето на информации во согласност со горенаведениот став 3, да ги заштити особеностите, на начин кој го одобрува надлежниот орган во согласност со член 1 став 2 (б).

ДЕЛ VII. ОДГОВОРНОСТ НА ЗЕМЈИТЕ -ИЗВОЗНИЦИ

Член 19

Кога во определена извозничка земја-членка секоја или одредена употреба на опасните хемикалии е забранета поради безбедност и здравје при работа, овој факт и причините за него ќе бидат проследени од страна на земјата-извозник до која било земја-увозник.

ЗАВРШНО

Член 20

Формалните ратификации на оваа Конвенција се проследуваат до Генералниот директор на Меѓународната канцеларија на трудот за регистрација.

Член 21

1. Оваа Конвенција е обврзувачка за оние земји-членки на Меѓународната организација на трудот, чиишто ратификации се регистрирани од страна на Генералниот директор.

2. Оваа Конвенција стапува на сила дванаесет месеци по датумот на регистрирање на ратификациите од две земји-членки од страна на Генералниот директор.

3. Следствено, Конвенцијата стапува во сила за сите земји-членки, дванаесет месеци од датумот на регистрирање на нивните ратификации.

Член 22

1. Земјата-членка што ја ратификувала оваа Конвенција може да ја откаже истата по истекот на десет години од датумот кога Конвенцијата за прв пат стапила во сила, преку акт испратен за регистрација до Генералниот директор на Меѓународната канцеларија на трудот. Ова откажување нема да има ефект додека не измине една година од датумот на кој што е регистрирано.

2. Секоја земја-членка што ја ратификувала оваа Конвенција и што во временски период од една година по истекот на периодот од десет години наведен во претходниот став, не го искористи правото за откажување дадено со овој член, ќе биде обврзана за период од следните десет години, а потоа може да ја откаже оваа Конвенција по истекот на секој нов период од десет години согласно со условите предвидени со овој член.

Член 23

1. Генералниот директор на Меѓународната канцеларија на трудот ги известува сите земји-членки на Меѓународната организација на трудот за регистрирањето на ратификациите и актите за откажување доставени од страна земјите-членки на Организацијата.

2. При известувањето на земјите-членки на Организацијата за регистрацијата на втората ратификација, Генералниот директор ги известува земјите-членки на Организацијата за датумот по којшто Конвенцијата ќе стапи во сила.

Член 24

Генералниот директор на Меѓународната канцеларија на трудот ги доставува до Генералниот секретар на Обединетите нации за регистрација, согласно член 102 од Повелбата на Обединетите нации, целосните податоци за сите ратификации и акти на откажувања, регистрирани од него во согласност со одредбите од претходните членови.

Член 25

Управниот орган на Меѓународната канцеларија трудот, кога ќе смета за неопходно, доставува извештај до Генералната конференција за спроведувањето на оваа Конвенција и ја проверува подготвеноста на Конференцијата да го стави прашањето за нејзина целосна или делумна ревизија на својата агенда.

Член 26

1. Доколку Конференцијата донесе нова Конвенција за целосно или делумно ревидирање на оваа Конвенција, освен ако со Конвенцијата не се предвидува поинаку -

а) ратификација на новата ревидирана конвенција од некоја земја-членка ќе значи ipso jure откажување на оваа Конвенција, без оглед на одредбите од член 22, ако и кога новата ревидирана конвенција ќе стапи во сила;

б) од датумот кога новата ревидирана конвенција стапува на сила, оваа Конвенција ќе престане да биде отворена за ратификација од земјите-членки.

2. Оваа Конвенција во секој случај останува во сила во нејзината постоечка форма и содржина за оние земји-членки коишто ја ратификувале, а не ја ратификувале ревидираната конвенција.

Член 27

Англиската и француската верзија на текстот на оваа Конвенција се подеднакво веродостојни.

ПРЕПОРАКА ЗА ХЕМИКАЛИИ, 1990 ГОДИНА, (БР. 177)

Генералната конференција на Меѓународната организација на трудот,

свикана во Женева, од страна на Управниот орган на Меѓународната канцеларија на трудот, на 77-та сесија, одржана на 6 јуни 1990 година и

одлучувајќи за донесување на одредени предлози во однос на безбедноста при употребата на хемикалии на работа, што претставува петта точка на дневниот ред на сесијата, и

утврдувајќи дека овие предлози ќе бидат во форма на Препорака што ја надополнува Конвенцијата за хемикалии, 1990 година,

на дваесет и петти јуни илјада деветстотини и деведесеттата година, ја донесе следната Препорака, којашто може да се цитира како Препорака за хемикалии , 1990 година:

I. Општи одредби

1. Одредбите од оваа Препорака се применуваат во врска со одредбите од Конвенцијата за хемикалии, 1990 година (во понатамошниот текст „Конвенција“).

2. Најрепрезентативните организации на засегнати работодавачи и на работници ќе се консултираат за мерките што ќе се преземат во насока на спроведување на одредбите од оваа Препорака.

3. Надлежниот орган треба да ги утврди категориите на работници, на кои од безбедносни и здравствени причини не им е дозволено да користат определени хемикалии или не им е дозволено да ги користат во одредени услови, во согласност со националните закони или прописи:

4. Одредбите на оваа Препорака треба да се применуваат и за самовработените лица што може да бидат утврдени во националните закони или прописи.

5. Посебните одредби за заштита на доверливите информации, што ги воспоставува надлежниот орган, во согласност со член 1 став 2(б) и член 18 став 4 од Конвенцијата, треба:

(а) да го ограничат откривањето на доверливите информации на лицата што имаат потреба од нив, во поглед на безбедноста и здравјето на работниците;

(б) да се осигурат дека лицата што ќе ги добијат доверливите информации се согласни да ги користат само за целите на безбедност и здравје и во останатите случаи ќе ја штитат нивната доверливост;

(в) да предвидуваат дека релевантните доверливи информации ќе бидат веднаш откриени при итни случаи;

(г) да предвидуваат процедури за итно разгледување на оправданоста на барањето за доверливост и на потребата за задржаните информации во случаите кога има несогласувања во поглед на откривањето.

II. КЛАСИФИКАЦИЈА И ПОВРЗАНИ МЕРКИ

КЛАСИФИКАЦИЈА

6. Критериумите за класификација на хемикалиите воспоставени во согласност со член 6 став 1 од Конвенцијата треба да се засноваат на карактеристиките на хемикалиите, вклучувајќи:

(а) токсичност, вклучувајќи акутни и хронични влијанија по здравјето во сите делови на телото;

(б) хемиски или физички карактеристики, вклучувајќи запаливи, експлозивни, оксидирачки и опасно реактивни својства;

(в) корозивни и иритантни својства;

(г) алергенски и сензитирачки влијанија;

(д) канцерогени влијанија;

(ѓ) тератогенски и мутагенски влијанија;

(е) влијанија по репродуктивниот систем.

7. (1) Колку што е тоа изводливо, надлежниот орган треба да состави и повремено да ажурира консолидиран список со хемиски елементи и соединенија што се користат на работа, заедно со релевантните информации за опасностите.

(2) Во врска со хемиските елементи и соединенија што сè уште не се вклучени во консолидираниот список, производителите или увозниците, освен ако не постои исклучок, треба да пренесуваат до надлежниот орган, пред употреба на работа, и на начин што соодветствува со заштитата на доверливи информации, во согласност со член 1 став 2(б) од Конвенцијата, информациите што се неопходни за одржување на списокот.

ЕТИКЕТИРАЊЕ И ОЗНАЧУВАЊЕ

8. (1) Барањата за етикетирање и означување на хемикалиите утврдени во согласност со член 7 од Конвенцијата, треба да им овозможат на лицата што ракуваат со или ги користат хемикалиите да ги препознаваат и разликуваат при прием и користење на истите, со цел нивна безбедна употреба.

(2) Барањата за етикетирање на опасните хемикалии, во согласност со постоечките национални или меѓународни системи, треба да опфаќа:

(а) информации што треба да бидат содржани на етикетата, како што е тоа соодветно:

(i) трговски имиња;

(ii) особености на хемикалијата;

(iii) име, адреса и телефонски број на снабдувачот;

(iv) симболи за опасност;

(v) природата на посебните ризици што се поврзани со користењето на хемикалијата;

(vi) безбедносни мерки на претпазливост;

(vii) идентификација на пратката;

(viii) изјава дека работодавачот обезбедува документ со безбедносни податоци за хемикалијата, наведувајќи дополнителни информации;

(ix) доделена класификација во согласност со системот воспоставен од надлежниот орган;

(б) јасност, издржливост и големина на етикетата;

(в) сообразноста на етикетите и симболите, вклучувајќи ги и боите.

(3) Етикетата треба да биде лесно разбирлива за работниците.

(4) Во случај хемикалиите да не се опфатени со потстав (2), означувањето може да биде ограничено на особеностите на хемикалијата.

9. Во случаите кога не е практично хемикалиите да се етикетираат или означат, поради големината на контејнерот или природата на амбалажата, треба да се изнајдат други ефективни начини на препознавање, како што е прикачување етикета или придружни документи. Меѓутоа, сите контејнери со опасни хемикалии треба да упатуваат на опасноста на содржината преку соодветен текст или симболи.

ДОКУМЕНТИ СО БЕЗБЕДНОСНИ ПОДАТОЦИ ЗА ХЕМИКАЛИИ

10. (1) Критериумите за изготвување на документите со безбедносни податоци за хемикалиите, треба да осигуруваат дека тие ги содржат неопходните информации, вклучувајќи како што е тоа соодветно:

(а) идентификација на хемискиот производ и компанијата (вклучувајќи го трговското име или името за општа употреба на хемикалијата и детали за снабдувачот или производителот);

(б) состав/информации за состојките (на начин на кој јасно се идентификуваат за целите на спроведување евалуација на опасноста);

(в) идентификување на опасностите;

(г) мерки за прва помош;

(д) противпожарни мерки;

(ѓ) мерки при несакано излевање;

(е) ракување и складирање;

(ж) контроли/лична заштита од изложување (вклучувајќи можни методи за следење на изложувањето на работното место);

(з) физички и хемиски својства;

(ѕ) стабилност и реактивност;

(и) токсиколошки информации (вклучувајќи ги и можните начини за влез во телото и можноста за соединување со други хемикалии или опасности на работното место);

(ј) еколошки информации;

(к) начини на отстранување;

(л) информации за транспорт;

(љ) информации за прописи;

(м) други информации (вклучувајќи го датумот на изготвување на документот со безбедносни податоци за хемикалијата).

(2) Во случаите кога називите или концентрациите на состојките наведени во потстав (1) (б), претставуваат доверливи информации, во согласност со член 1, став 2 (б) од Конвенцијата, може да се испуштат од документот со безбедносни податоци за хемикалијата. Во согласност со став 5 од оваа Препорака, информациите треба да се откријат на барање и во писмена форма на надлежниот орган и на засегнатите работодавачи, работници и нивните претставници што се согласни да ги користат информациите единствено за заштита на безбедноста и здравјето на работниците и да не ги откриваат за други цели.

III. ОДГОВОРНОСТИ НА РАБОТОДАВАЧИТЕ

СЛЕДЕЊЕ НА ИЗЛОЖУВАЊЕТО

11. (1) Во случаите кога работниците се изложени на опасни хемикалии, работодавачот треба:

(а) да го ограничи изложувањето на тие хемикалии, со цел заштита на здравјето на работниците;

(б) да ја процени, следи и евидентира, како што е тоа неопходно, концентрацијата на хемикалии во воздухот на работното место,

(2) Работниците и нивните претставници и надлежните органи треба да имаат пристап до евиденцијата.

(3) Работодавачите ја чуваат евиденцијата предвидена со овој став во период што ќе го одреди надлежниот орган.

ОПЕРАТИВНИ КОНТРОЛИ НА РАБОТНОТО МЕСТО

12. (1) Работодавачите треба да преземат мерки за заштита на работниците од опасностите што произлегуваат од користењето на хемикалии на работа, врз основа на критериумите воспоставени согласно ставовите 13 до 15 во продолжение.

Во согласност со Трипартитната декларација за принципите во врска со мултинационалните претпријатија и социјалната политика, донесена од страна на Управувачкото тело на Меѓународната канцеларија на трудот, националното или мултинационалното претпријатие со повеќе од една подружница треба да биде обврзано да обезбедува безбедносни мерки во однос на спречувањето и контролата на, како и заштитата од, опасностите по здравјето што се должат на професионалната изложеност на опасни хемикалии, без дискриминација, за работниците во сите свои подружници без оглед на местото или земјата во која тие се наоѓаат.

13. Надлежниот орган треба да осигури дека се воспоставени критериуми за безбедно користење на опасни хемикалии, вклучувајќи како што е тоа соодветно:

(а) ризик од акутно или хронично заболување поради влез во телото преку вдишување, апсорпција преку кожата или проголтување;

(б) ризик од повреда или заболување поради допир со кожата или очите;

(в) ризик од повреда од пожар, експлозија или други настани што произлегуваат од физичките својства или хемиската реактивност;

(г) мерки на претпазливост што треба да се преземат преку:

(i) избор на хемикалии заради елиминирање или сведување на минимум на таквите ризици;

(ii) избор на процеси, технологија и инсталации заради елиминирање или сведување на минимум на таквите ризици;

(iii) користење и соодветно одржување на инженерски контролни мерки;

(iv) усвојување на работни системи и практики заради елиминирање или сведување на минимум на таквите ризици;

(v) усвојување на соодветни мерки за лична хигиена и обезбедување адекватни санитарни капацитети;

(vi) обезбедување, одржување и користење на соодветна лична заштитна опрема и облека, без трошок за работникот, во случаите кога горенаведените мерки не се доволни за елиминирање на таквите ризици;

(vii) користење на знаци и известувања;

(viii) адекватни подготовки за итни случаи.

14. Надлежниот орган треба да осигури дека се воспоставени критериуми

за безбедно складирање на опасни хемикалии, вклучувајќи како што е тоа применливо:

(а) компатибилност и одвоеност на складираните хемикалии;

(б) својствата и количината на хемикалиите што треба да се складираат;

(в) безбедноста и лоцирањето на и пристапот до складиштата;

(г) изработката, природата и цврстината на контејнерите за складирање;

(д) товарањето и растоварувањето на контејнерите за складирање;

(ѓ) барања за етикетирање и означување;

(е) мерки на претпазливост од ненадејно испуштање, пожар, експлозија и хемиска реакција;

(ж) температура, влажност и вентилација;

(з) мерки на претпазливост и процедури во случај на излевање;

(ѕ) процедури при итни случаи;

(и) можните физички и хемиски промени кај складираните хемикалии.

15. Надлежниот орган треба да осигури дека се воспоставени критериуми, во согласност со националните и меѓународните прописи за транспорт, за безбедност на работниците што се вклучени во транспорт на опасни хемикалии, вклучувајќи како што е тоа применливо:

(а) својствата и количината на хемикалиите што треба да се транспортираат;

(б) природата, цврстината и заштитата на амбалажата и контејнерите што се користат за транспорт, вклучувајќи ги и цевководите;

(в) спецификациите на возилото што ќе се користи за транспорт;

(г) рутите на движење;

(д) обука и квалификации на транспортните работници;

(ѓ) барања за етикетирање;

(е) товарање и растоварување;

ж) процедури во случај на излевање.

16. (1) Надлежниот орган треба да осигури дека се воспоставени критериуми, во согласност со националните и меѓународните прописи за отстранување на опасен отпад, за процедурите што треба да се следат при отстранување и третман на опасни хемикалии и опасни отпадни производи во поглед на заштитата на безбедноста на работниците.

(2) Овие критериуми треба да вклучуваат одредби за, како што е тоа применливо:

(а) метод за идентификување на отпадните производи;

(б) ракување со контаминирани контејнери;

(в) идентификување, изработка, природа, цврстина и заштита на контејнерите за отпад;

(г) влијание на работната средина;

(д) демаркација на областа за отпадоци;

(ѓ) обезбедување, одржување и користење лична заштитна опрема и облека;

(е) метод за отстранување и третман.

17. Критериумите за користење на хемикалиите на работа што се воспоставени во согласност одредбите од Конвенцијата и Препораката треба што е можно повеќе конзистентни со заштитата на поширокота јавност и животната средина и сите критериуми што се воспоставени во таа насока.

МЕДИЦИНСКИ НАДЗОР

18. (1) Работодавачот или надлежната институција согласно националните закони и практика треба да уредат, преку метод усогласен со националните закони и практика, потребен медицински надзор за работниците:

(а) за процена на здравствената состојба на работниците во поглед на опасностите што се предизвикани од изложување на хемикалии;

(б) за дијагностицирање на болестите и повредите поврзани со работата, кои се предизвикани од изложување на хемикалии;

(2) Кога резултатите од лекарските прегледи или истрагите откриваат клинички или претклинички ефекти, треба да се преземат мерки за спречување или намалување на изложувањето на засегнатите работници и за спречување на натамошното влошување на нивното здравје.

(3) Резултатите од лекарските прегледи треба да се употребат за утврдување на здравствениот статус во однос на изложувањето на хемикалии и не треба да се употребуваат за дискриминирање на работникот.

(4) Лицата предвидени од страна на надлежниот ја чуваат евиденцијата од медицинскиот надзор на работниците за одреден временски период што ќе го одреди надлежниот орган.

(5) Работниците треба да имаат пристап до нивната медицинска евиденција, лично или преку нивниот матичен лекар.

(6) Доверливоста на поединечните медицински евиденции треба да се почитува во согласност со општо прифатените принципи за медицинска етика.

(7) Резултатите од лекарските прегледи не треба јасно да им се објаснат на засегнатите работници.

(8) Работниците и нивните претставници треба да имаат пристап до резултатите

од студиите изготвени врз основа на медицинската евиденција, во случаите кога поединечните работници не може да се идентификуваат.

(9) Резултатите од медицинската евиденција треба да се достапни за изготвување на соодветни статистички податоци за здравствената состојба и епидемиолошки студии, под услов да се задржи анонимноста, во случаите кога тоа може да помогне во препознавањето и контролата на професионалните заболувања.

ПРВА ПОМОШ И ИТНИ СЛУЧАИ

19. Во согласност со кои било барања утврдени од страна на надлежниот орган, работодавачот треба да бара одржување процедури, вклучувајќи и уредувања за прва помош, заради справување со итни случаи и несреќи што произлегуваат од употребата на опасни хемикалии на работа и да осигури дека работниците се обучени за тие процедури.

IV. СОРАБОТКА

20. Работодавачите, работниците и нивните претставници треба да воспостават што е можно потесна соработка при примената на мерките што се пропишани согласно оваа Препорака.

21. Работниците треба:

(б) разумно да се грижат за сопствените и безбедноста и здравјето на другите лица што може да бидат засегнати од нивните активности или пропусти на работа, во согласност со нивната обука и упатствата обезбедени од работодавачот;

(б) соодветно да ги користат уредите што им се обезбедени за нивна заштита или за заштита на другите;

(в) веднаш го известуваат надзорникот за секоја ситуација што веруваат дека може да претставува опасност и со која не можат самите соодветно да се справат.

22. Треба да се привлече внимание на опасностите и потребата за преземање мерки на претпазливост преку рекламни материјали за опасните материјали што се користат на работа.

23. Снабдувачите, на барање, треба да им обезбедат на работодавачите достапни и потребни информации за евалуацијата на невообичаените опасности што може да произлезат од конкретна употреба на хемикалија на работа.

V. ПРАВА НА РАБОТНИЦИТЕ

24. (1) Работниците и нивните претставници треба да имаат право на:

(а) добивање документи со безбедносни податоци за хемикалијата и други информации од работодавачот што ќе им овозможи преземање адекватни мерки на претпазливост, во соработка со нивниот работодавач, за заштита на работниците од ризици што произлегуваат од употребата на опасни хемикалии на работа;

(б) бараат и учествуваат во истрага од страна на работодавачот или надлежниот орган за можните ризици што произлегуваат од употребата на хемикалии на работа.

(2) Во случаите кога потребните информации се доверливи во согласност со член 1 став 2 (б) и член 18 став 4 од Конвенцијата, работодавачите може да бараат од работниците или претставниците на работниците за ограничување на нивната употреба, заради евалуација и контрола на можните ризици што произлегуваат од употребата на хемикалиите на работа и да се преземат разумни чекори за осигурување дека овие информации не се откриваат на можните конкуренти.

(3) Во согласност со Трипартитната декларација за принципите во врска со мултинационалните претпријатија и социјалната политика, мултинационалните претпријатија, на барање на засегнатите работници и претставниците на работниците, надлежниот орган и организациите на работодавачи и на работници, во сите земји каде што работаат, ставаат на располагање информации за стандардите и процедурите поврзани со употребата на опасни хемикалии што се применливи за нивните локални дејности, и коишто се почитуваат во другите земји.

25. (1) Работниците треба да имаат право:

(а) да ги известат нивните претставници, работодавачот или надлежниот орган за потенцијалните опасности што произлегуваат од употребата на хемикалии на работа;

(б) да се отстранат од опасност што произлегува од употреба на хемикалии, кога имаат добра причина да веруваат дека постои директен и сериозен ризик по нивната безбедност или здравје и веднаш го известуваат надзорникот.

(в) во случај на здравствена состојба, како што е хемиска сензитизација, ставајќи ги на зголемен ризик од штета од опасни хемикалии, на алтернативна работа што не ја вклучува таа хемикалија, ако таквата работа е достапна и ако засегнатите работници имаат соодветни квалификации или може разумно да биде обучен за таква алтернативна работа.

(г) на компензација, ако случајот наведен во потстав (1) (в) може да резултира со загуба на работното место;

(д) на соодветно медицинско лекување и компензација за повреди и заболувања што резултираат од употреба на хемикалии на работа.

(2) Работниците што ќе се отстранат од опасноста, во согласност со одредбите од потстав (1) (б) или ги исполнуваат своите права во согласност со Препораката треба да бидат заштитени од несакани последици.

(3) Работниците што ќе се отстранат од опасноста, во согласност со потстав (1) (б), работодавачот во соработка со работниците и нивните претставници треба

веднаш да спроведат истрага за ризикот и да ги преземат неопходните поправни чекори.

(4) Работничките треба да имаат право, во случај на бременост или доење, на алтернативна работа што вклучува употреба или изложување на хемикалии што се опасни по здравјето на нероденото дете или доенчето, каде што таквата работа е достапна и право на враќање на претходното работно место во соодветно време.

26. Работниците треба да добијат:

(а) информации за класификацијата и етикетирањето на хемикалиите и документи со безбедносни податоци за хемикалиите во облик и на јазик што е лесно разбирлив;

(б) информации за ризиците што може да произлезат од употребата на опасни хемикалии во текот на нивната работа;

(в) упатства, во писмена или усна форма, врз основа на документот со безбедносни податоци за хемикалијата и во зависност од работното место;

(г) обука и каде што е тоа неопходно, повторна обука за методите што се достапни за спречување и контрола, како и за заштита од таквите ризици, вклучувајќи правилни методи за складирање, транспорт и отстранување на отпад, како и мерки при итни случаи и мерки за прва помош.

КОНВЕНЦИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ ПОГОЛЕМИ ИНДУСТРИСКИ НЕСРЕЌИ, 1993 ГОДИНА, (БР. 174)

Генералната конференција на Меѓународната организација на трудот,

свикана во Женева од страна на Управниот орган на Меѓународната канцеларија на трудот, на осумдесеттата седница, одржана на 2 јуни 1993 година, и

земајќи ги предвид релевантните меѓународни конвенции и препораки за трудот и, особено, Конвенцијата и Препораката за безбедност и здравје при работа, 1981 година, и Конвенцијата и Препораката за хемикалии, 1990 година, и нагласувајќи ја потребата за глобален и единствен пристап, и

земајќи го предвид, исто така, Кодексот за работа на МОТ за спречување на поголеми индустриски несреќи, објавен во 1991 година, и

земајќи ја предвид потребата да се осигури дека се преземени сите соодветни мерки за:

(а) спречување на поголемите несреќи;

(б) сведување на минимум на ризиците за поголеми несреќи;

(в) сведување на минимум на последиците од големите несреќи, и

земајќи ги предвид причините за таквите несреќи, вклучувајќи ги организациските грешки, човечкиот фактор, дефектите на компонентите, отстапувања од нормалните услови за работа, надворешни пречки и природни сили, и

земајќи ја предвид потребата за соработка, во рамките на Меѓународната програма за хемиска безбедност, меѓу Меѓународната организација на трудот, Програмата за животна средина на Обединетите нации и Светската здравствена организација, како и со останатите релевантни меѓувладини организации, и

одлучувајќи за донесување на одредени предлози во однос на спречувањето на поголеми индустриски несреќи, што претставува четврта точка на дневниот ред на сесијата, и

утврдувајќи дека овие предлози ќе бидат во форма на меѓународна Конвенција;

на дваесет и втори јуни илјада деветстотини деведесет и третата година, ја донесе следната Конвенција, што може да се цитира како Конвенција за спречување на поголеми индустриски несреќи, 1993 година:

ДЕЛ I.ПОЛЕ НА ПРИМЕНА И ДЕФИНИЦИИ

Член 1

1. Целта на оваа Конвенција е спречувањето на големите несреќи што вклучуваат опасни супстанции и ограничување на последиците од таквите несреќи.

2. Оваа Конвенција се применува за инсталациите со поголем ризик од опасности.

3. Конвенцијата не се применува за:

(а) нуклеарните инсталации и погоните во кои се врши обработка на радиоактивни супстанции, со исклучок на објектите во овие инсталации во кои се ракува со нерадиоактивни супстанции;

(б) воените инсталации;

(в) превоз надвор од локацијата на инсталацијата, освен со цевковод.

4. Земјата-членка што ја ратификува оваа Конвенција може, по консултации со репрезентативните организации на засегнатите работодавачи и работници и останатите заинтересирани страни што може да бидат засегнати, да ги исклучи од примената на Конвенцијата инсталациите или гранките на стопанските дејности за кои е обезбедена еквивалентна заштита.

Член 2

Ако се појават посебни проблеми од материјална природа така што не е можно веднаш да се спроведат сите превентивни и заштитни мерки што се предвидуваат со оваа Конвенција, земјата-членка изготвува планови, по консултации со репрезентативните организации на засегнатите работодавачи и работници и останатите заинтересирани страни што може да бидат засегнати, за постепено спроведување на спомнатите мерки во рамките на определен временски рок.

Член 3

Во смислата на оваа Конвенција:

(а) терминот ***опасна супстанција*** означува супстанција или мешавина од супстанции кои според своите хемиски, физички или токсиколошки својства, поединечно или во комбинација, претставуваат опасност;

(б) терминот ***гранично количество*** го означува , за дадена опасна супстанција или категорија супстанции, она количество, пропишано со националните закони и прописи со упатување до посебните услови, што, во случај ако се надмине, идентификува инсталација со поголем ризик од опасности;

(в) терминот ***инсталација со поголем ризик од опасности*** означува инсталација што произведува, преработува, ракува, користи, одлага или чува, трајно или привремено, една или повеќе опасни супстанции или категории супстанции во количества што го надминуваат граничното количество;

(г) терминот ***поголема несреќа*** означува ненадејна случка – како што е поголема емисија, пожар или експлозија – во текот на активноста во инсталација со поголем ризик од опасности, што вклучува една или повеќе опасни супстанции и доведува до сериозна опасност за работниците, јавноста или животната средина, без оглед на тоа дали се непосредни или со одложено дејство;

(д) терминот ***безбедносен извештај***означува писмена презентација на техничките, раководните и оперативните информации што ги опфаќа опасностите и ризиците во инсталацијата со поголем ризик од опасности и нивната контрола и дава образложение за преземените мерки за безбедност на инсталацијата;

(ѓ) терминот ***за малку избегната несреќа***означува ненадејна случка што вклучува една или повеќе опасни супстанции и која, доколку не постоеле ефектите, дејствата или системите за ублажување, можела да ескалира во голема несреќа.

ДЕЛ II.ОПШТИ ПРИНЦИПИ

Член 4

1. Со оглед на националните закони и прописи, услови и практики и по консултации со репрезентативните организации на засегнатите работодавачи и работници и останатите заинтересирани страни што може да бидат засегнати, секоја членка формулира, спроведува и периодично ревидира кохерентна национална политика во врска со заштитата на работниците, јавноста и животната средина од ризиците на големите несреќи.

2. Оваа политика се спроведува преку превентивни и заштитни мерки за инсталациите со поголем ризик од опасности и, кога тоа е изводливо, ја промовира употребата на најдобрите достапни безбедносни технологии.

Член 5

1. Надлежните органи или тело што е одобрено или признаено од надлежните органи, по консултации со репрезентативните организации на засегнатите работодавачи и работници и останатите заинтересирани страни што може да бидат засегнати, воспоставуваат систем за идентификација на инсталациите со поголем ризик од опасности, како што се дефинирани во член 3(в), врз основа на список со опасни супстанции или категории опасни супстанции или двете, заедно со нивните соодветни гранични количества, во согласност со националните закони и прописи или со меѓународните стандарди.

2. Системот што се спомнува во претходно наведениот став 1 редовно се ревидира и ажурира.

Член 6

Надлежните органи, по консултации со репрезентативните организации на засегнатите работодавачи и работници, преземаат посебни мерки за заштита на доверливите информации што му се пренесени или достапни во согласност со членовите 8, 12, 13 или 14, чиешто откривање би можело да предизвика штета на деловното работење на некој работодавач, под услов таквите мерки да не предизвикуваат сериозни ризици за работниците, јавноста или животната средина.

ДЕЛ III.ОДГОВОРНОСТИ НА РАБОТОДАВАЧИТЕ

ИДЕНТИФИКАЦИЈА

Член 7

Работодавачите ја идентификуваат секоја инсталација со поголем ризик од опасности под нивна контрола врз основа на системот што се спомнува во член 5.

ИЗВЕСТУВАЊЕ

Член 8

1. Работодавачите ги известуваат надлежните органи за сите инсталации со поголем ризик од опасности што ги идентификувале:

(а) во утврден временски рок за постоечката инсталација;

(б) пред пуштањето во употреба во случајот на нова инсталација.

2. Работодавачите, исто така, ги известуваат надлежните органи пред какво било трајно затворање на инсталација со поголем ризик од опасности.

УРЕДУВАЊА НА НИВО НА ИНСТАЛАЦИЈА

Член 9

Во однос на секоја инсталација со поголем ризик од опасности, работодавачите воспоставуваат и одржуваат документиран систем за контрола на поголемите опасности што вклучува одредби за:

(а) идентификација и анализа на опасностите и процена на ризиците,земајќи ги во предвид предвид можните интеракции меѓу супстанциите;

(б) технички мерки, вклучувајќи проектирање, безбедносни системи, конструкција, избор на хемикалии, работење, одржување и систематска проверка на инсталацијата;

(в) организациски мерки, вклучувајќи обука и давање упатства на персоналот, обезбедување опрема за осигурување на нивната безбедност, нивоа на пополнетост со работници, работно време, утврдување на одговорностите и контроли на надворешните изведувачи и привремените работници на локацијата на инсталацијата;

(г) планови и постапки во случај на вонредна состојба, вклучувајќи:

(i) изготвување ефективни планови и постапки во случај на вонредна состојба за соодветните локации, вклучувајќи процедури за итни медицински случаи, што се применуваат во случај на големи несреќи или опасност од нив, со периодично тестирање и оценување на нивната ефективност и ревидирање, по потреба;

(ii) обезбедување информации за потенцијалните несреќи и за плановите во

случај на вонредна состојба за соодветните локации за властите и телата што се одговорни за изготвување на планови и постапки во случај на вонредна состојба за заштита на јавноста и животната средина надвор од локацијата на инсталацијата;

(iii) сите неопходни консултации со таквите органи и тела;

(д) мерки за ограничување на последиците од големи несреќи;

(ѓ) консултации со работниците и нивните претставници;

(е) подобрување на системот, вклучувајќи мерки за собирање информации и анализирање на несреќите, и за малку избегнатите несреќи.За таквите научени лекции се разговара со работниците и нивните претставници и се води евиденција во согласност со националното законодавство и практика.

БЕЗБЕДНОСЕН ИЗВЕШТАЈ

Член 10

1. Работодавачите изготвуваат безбедносен извештај во согласност со барањата од член 9.

2. Извештајот се изготвува:

(а) во случај на постоечки инсталации со поголем ризик од опасности, во определен временски рок по известувањето што е пропишано со националните закони или прописи;

(б) во случајот на нова инсталација со поголем ризик од опасности, пред нејзиното пуштање во употреба.

Член 11

Работодавачите го ревидираат, ажурираат и изменуваат безбедносниот извештај:

(а) во случај на модификација што има значително влијание врз нивото на безбедноста во инсталацијата или во нејзините процеси или во присутните количества на опасните супстанции;

(б) кога е тоа соодветно поради развојот на техничкото знаење или проценатa на ризикот од опасноста;

(в) во соодветни временски интервали што се пропишани со националните закони или прописи;

(г) на барање од надлежните органи.

Член 12

Работодавачите им ги доставуваат или стават на располагање на надлежните органи безбедносните извештаи што се спомнуваат во членовите 10 и 11.

ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА НЕСРЕЌИ

Член 13

Работодавачите ги известуваат надлежните органи и останатите тела што се назначени за оваа цел веднаш штом ќе се случи некоја поголема несреќа.

Член 14

1. Работодавачите, во утврден временски рок по случувањето на некоја поголема несреќа, им доставуваат детален извештај на надлежните органи, со анализа на причините за несреќата и опис на непосредните последици на терен, како и сите дејствија преземени за ублажување на последиците од несреќата.

2. Извештајот вклучува препораки со детални податоци за акциите што треба да се преземат за спречување на повторното случување на несреќата.

ДЕЛ IV.ОДГОВОРНОСТИ НА НАДЛЕЖНИТЕ ОРГАНИ ВОНТЕРЕНСКА ПОДГОТВЕНОСТ ЗА ВОНРЕДНИ СОСТОЈБИ

Член 15

Земајќи ги предвид информациите што ги обезбедил работодавачот, надлежните органи се уверуваат дека плановите и постапките во случај на вонредна состојба содржат одредби за заштита на јавноста и на животната средина надвор од локацијата на секоја инсталација со поголем ризик од опасности и дека истите се воспоставуваат, ажурираат во соодветни интервали и дека се координираат со релевантните власти и тела.

Член 16

Надлежните органи се осигуруваат дека:

(а) информациите за безбедносните мерки и правилното однесување во случајот на поголема несреќа се проследени до пошироката јавност што може да биде загрозена од некоја поголема несреќа, без јавноста да мора да го побара тоа, и дека таквите информации се ажурираат и повторно се проследуваат во соодветни интервали;

(б) се дава предупредување во најкус можен рок по случувањето на поголема несреќа;

(в) ако некоја поголема несреќа може да има прекугранични последици, информациите што се бараат во горе наведените точки (а) и (б) се обезбедуваат на соодветните земји, со цел да се помогнат аранжманите за соработка и координација.

ЛОЦИРАЊЕ НА ИНСТАЛАЦИИТЕ СО ПОГОЛЕМ РИЗИК ОД ОПАСНОСТИ

Член 17

Надлежните органи утврдуваат сеопфатна политика за лоцирање што предвидува соодветно одвојување на предложените инсталации со поголем ризик од опасности од работните и населените подрачја и од јавните објекти, како и соодветни мерки за постоечките инсталации.Таквата политика треба да ги одразува Општите принципи што се утврдени во Дел II на Конвенцијата.

ИНСПЕКЦИЈА

Член 18

1. Надлежните органи треба да имаат соодветно квалификуван и обучен персонал со соодветни вештини, и доволна техничка и стручна поддршка, за испитување, истражување, оценување и давање совети за прашањата што се уредени со оваа Конвенција и за осигурување на почитувањето на националните закони и прописи.

2. Претставниците на работодавачот и претставниците на работниците во некоја инсталација со поголем ризик од опасности треба да имаат можност да ги придружуваат инспекторите што вршат надзор врз примената на мерките што се пропишани со оваа Конвенција, освен ако инспекторите не сметаат, со оглед на општите упатства од надлежните органи, дека ова може да биде на штета за вршењето на нивните должности.

Член 19

Надлежните органи имаат право да го прекинат работењето на секој погон што претставува непосредна закана за поголема несреќа.

ДЕЛ V. ПРАВА И ДОЛЖНОСТИ НА РАБОТНИЦИТЕ И НИВНИТЕ ПРЕТСТАВНИЦИ

Член 20

Работниците и нивните претставници во инсталацијата со поголем ризик од опасности се консултираат преку соодветните механизми за соработка со цел да се осигури безбеден систем за работа.Особено, работниците и нивните претставници:

(а) се информираат адекватно и соодветно за опасностите што се поврзани со инсталацијата со поголем ризик од опасности и со нивните веројатни последици;

(б) се информираат за сите налози, инструкции или препораки издадени од надлежните органи;

(в) се консултираат во изготвувањето, и имаат пристап до, следниве документи:

(i) безбедносниот извештај;

(ii) плановите и постапките во случај на вонредна состојба;

(iii) извештаите за несреќите;

(г) редовно добиваат упатства и обука за практиките и постапките за спречување на големите несреќи и за контрола на развојот на настаните што може да доведе до голема несреќа, како и за постапките во случаи на вонредна состојба што треба да се почитуваат во случајот на голема несреќа;

(д) во рамките на опфатот на своето работно место, и без да бидат ставени во каква било неповолна положба, преземаат поправни мерки и, ако е тоа неопходно, ја прекинуваат активноста ако, врз основа на својата обука и искуство, имаат разумно оправдување да сметаат дека постои непосредна опасност од голема несреќа, и го известуваат својот претпоставен или даваат знак за тревога, како што е соодветно, пред или во наскоро можно време по преземањето на таквите дејствија;

(ѓ) разговараат со работодавачот за сите можни опасности за кои тие сметаат дека може да доведат до поголема несреќа и имаат право да ги известат надлежните органи за таквите опасности.

Член 21

Работниците што се вработени на локацијата на некоја инсталација со поголем ризик од опасности:

(а) ги почитуваат сите практики и постапки што се однесуваат на спречувањето на поголемите несреќи и контролата врз развојот на настаните што може да доведат до поголема несреќа во рамките на инсталацијата со поголем ризик од опасности;

(б) ги почитуваат сите постапки во случај на вонредна состојба доколку се случи поголема несреќа.

ДЕЛ VI.ОДГОВОРНОСТ НА ЗЕМЈИТЕ -ИЗВОЗНИЦИ

Член 22

Кога во определена извозничка земја-членка употребата на опасните супстанции, технологии или процеси е забранета како потенцијален извор на поголеми несреќи, земјата-членка што е извозник информациите за оваа забрана и причините за неа ги става на располагање на сите земји-увозници.

ДЕЛ VII.ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 23

Формалните ратификации на оваа Конвенција се проследуваат до Генералниот директор на Меѓународната канцеларија на трудот за регистрација.

Член 24

1. Оваа Конвенција е обврзувачка само за оние земји-членки на Меѓународната организација на трудот чии ратификации се регистрирани кај Генералниот директор на Меѓународната канцеларија на трудот.

2. Таа влегува во сила 12 месеци по датумот на регистрирање на ратификациите на две земји-членки кај Генералниот директор.

3. Потоа, оваа Конвенција стапува на сила сила во однос на секоја земја-членка, дванаесет месеци по датумот на регистрирање на нејзината ратификација.

Член 25

1. Земјата-членка што ја ратификувала оваа Конвенција може да ја откаже истата по истекот на десет години од датумот кога Конвенцијата за прв пат стапила на сила, преку акт испратен за регистрација до Генералниот директор на Меѓународната канцеларија на трудот.Ова откажување нема да има ефект додека не измине една година од датумот на кој што е регистрирано.

2. Секоја земја-членка што ја ратификувала оваа Конвенција и што во временски период од една година по истекот на периодот од десет години наведен во претходниот став, не го искористи правото за откажување дадено со овој член, ќе биде обврзана за период од следните десет години, а потоа може да ја откаже оваа Конвенција по истекот на секој нов период од десет години согласно со условите предвидени со овој член.

Член 26

1. Генералниот директор на Меѓународната канцеларија на трудот ги известува сите земји-членки на Меѓународната организација на трудот за регистрацијата на сите ратификации и откажувања што му се доставени од страна на членките на Организацијата.

2. Кога ги известува земјите-членки на Организацијата за регистрацијата на втора ратификација доставена до него, Генералниот директор мора да им обрне внимание на земјите-членки на Организацијата за датумот на којшто Конвенцијата влегува во сила.

Член 27

Генералниот директор на Меѓународната канцеларија на трудот ги доставува до Генералниот секретар на Обединетите нации за регистрација, согласно Членот 102

од Повелбата на Обединетите нации, целосните податоци за сите ратификации и акти на откажување, регистрирани од него согласно одредбите од претходните членови.

Член 28

Кога тоа ќе го смета за потребно, Управниот орган на Меѓународната канцеларија на трудот поднесува извештај до Генералната конференција за примената на оваа Конвенција и ја разгледува потребата за ставање на прашањето на нејзината целосна или делумна ревизија на дневен ред на Конференцијата.

Член 29

1. Ако Конференцијата усвои нова Конвенција која во целост или делумно ја ревидира оваа Конвенција, тогаш, освен ако со новата конвенција не се одреди поинаку:

а) ратификација на новата ревидирана конвенција од некоја земја-членка ќе значи *ipso jure* откажување на оваа Конвенција, без оглед на одредбите од член 25, ако и кога новата ревидирана конвенција ќе влезе во сила;

б) од датумот кога новата ревидирана конвенција стапуваво сила, оваа Конвенција ќе престане да биде отворена за ратификација од земјите-членки.

2. Оваа Конвенција во секој случај останува во сила во нејзината постоечка форма и содржина за оние земји-членки коишто ја ратификувале, а не ја ратификувале ревидираната конвенција.

Член 30

Англиската и француската верзија на текстот на оваа Конвенција се подеднакво веродостојни.

ПРЕПОРАКА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА ПОГОЛЕМИ ИНДУСТРИСКИ НЕСРЕЌИ, 1993 ГОДИНА, (БР. 181)

Генералната конференција на Меѓународната организација на трудот,

свикана во Женева, од страна на Управниот орган на Меѓународната канцеларија на трудот, на 80-та сесија, одржана на 2 јуни 1993 година и

одлучувајќи за донесување на одредени предлози во поглед на спречувањето поголеми индустриски несреќи, што претставува четврта точка на дневниот ред на сесијата и

утврдувајќи дека овие предлози ќе бидат во форма на Препорака за надополнување на Конвенцијата за спречување поголеми индустриски несреќи, 1993 година;

на дваесет и втори јуни илјада деветстотини деведесет и третата година, ја донесе следната Препорака, којашто може да се цитира како Препорака за спречување на поголеми индустриски несреќи, 1993 година:

1. Одредбите од оваа Препорака се применуваат во врска со одредбите од Конвенцијата за спречување на поголеми индустриски несреќи, 1993 година (во понатамошниот текст „Конвенција“).

2. (1) Меѓународната организација на трудот, во соработка со релевантните меѓународни владини и невладини организации, уредува меѓународна размена на информации во врска со:

(а) добрите практики за безбедноста во поглед на инсталациите што вклучуваат голема опасност, вклучувајќи и управување со безбедноста и безбедносни процеси;

(б) поголеми несреќи;

(в) лекции научени од избегнати несреќи;

(г) технологии и процеси што се забранети од безбедносни и здравствени причини;

(д) медицински организации и техники за справување со последиците од поголеми несреќи;

(ѓ) механизми и процедури што ги користат надлежните органи за спроведување на Конвенцијата и на оваа Препорака.

(2) Земјите-членки, во рамки на нивните можности, доставуваат информации до Меѓународната канцеларија на трудот за прашањата наведени во потстав (1).

3. Националната политика што е предвидена во Конвенцијата и националните закони и прописи или другите мерки што треба да се спроведуваат, до степенот што се смета за соодветен, треба да се засноваат на Кодексот за работа на МОТ за спречување на поголеми индустриски несреќи, објавен во 1991 година.

4. Земјите-членки треба да изготват политики што имаат за цел справување со ризиците и опасностите за поголеми несреќи, како и со нивните последици во секторите и дејностите што се исклучени од полето на примена на Конвенцијата, во согласност со член 1, став 3 од неа.

5. Препознавајќи дека поголемата несреќа може да има сериозни последици врз човечкиот живот и животната средина, земјите-членки треба да охрабрат воспоставување на системи за компензирање на работниците, што е можно побрзо по настанот,како и соодветно справување со влијанието на јавноста и животната средина.

6. Во согласност со Трипартитната декларација за принципите во врска со мултинационалните претпријатија и социјалната политика, донесена од страна на Управувачкото тело на Меѓународната канцеларија на трудот, националното или мултинационалното претпријатие со повеќе од една подружница треба да биде обврзано да обезбедува безбедносни мерки во однос на спречувањето на поголеми несреќи и контролата на настаните што може да доведат до поголема несреќа, без дискриминација, за работниците во сите свои подружници без оглед на местото или земјата во која тие се наоѓаат.

КОНВЕНЦИЈА ЗА ХИГИЕНА (ТРГОВИЈА И ДЕЛОВНИ ПРОСТОРИИ,1964 ГОДИНА, (БР.120)

Генералната конференција на Меѓународната организација на трудот, свикана во Женева, од страна на Управниот орган на Меѓународната канцеларија на трудот, на четириесет и осмата сесија одржана на 17 јуни 1964 година и

одлучувајќи за донесување на одредени предлози во поглед на хигиената во трговијата и деловните простории, коешто е четврта точка на агендата на сесијата и

утврдувајќи дека овие предлози ќе бидат во форма на меѓународна Конвенција;

на осми јули илјада деветстотини шеесет и четвртата година, ја донесе следната Конвенција, којашто може да се цитира како Конвенција за хигиена (трговија и деловни простории), 1964 година:

ДЕЛ I.ОБВРСКИ НА СТРАНИТЕ

Член 1

Оваа Конвенција се однесува на:

(а) трговски претпријатија;

(б) претпријатија, институции и административни служби во коишто работниците се ангажирани главно со канцелариска работа;

(в) хигиената во индустријата, рудниците, транспортот или земјоделството, сите одделенија од други претпријатија, институции или административни служби, во чиишто одделенија работниците се главно ангажирани со трговија или канцелариска работа, доколку тоа прашање не е регулирано со националните закони или прописи или други договори.

Член 2

Надлежниот орган, по консултациите со директно засегнатите организации на работодавачи и работници,каде што истите постојат, може да ги исклучи од примена сите или кои било одредби од Конвенцијата, одредени класи на претпријатија, институции или административни служби или нивни одделенија, како што се наведени во член еден, каде околностите и условите на вработување се такви што примената на сите или на кои било од наведените одредби кај нив е несоодветна.

Член 3

Во секој случај каде што не е јасно дали оваа Конвенција се однесува на претпријатието, институцијата или административната служба, прашањето ќе

го реши надлежниот орган, по консултации со засегнатите репрезентативни организации на работодавачи и работници, каде што истите постојат, или на друг начин што е во согласност со националниот закон и практика.

Член 4

Секоја земја-членка што ја ратификува оваа Конвенција се обврзува дека :

(а) ќе ги одржува во сила законите или прописите со кои се обезбедува примена на општите принципи наведени во Дел II; и

(б) ќе обезбеди колку што е можно поголема примена на одредбите од Препораката за хигиена (трговија и деловни простории) од 1964 г. или на еднакви одредби во согласност со националните услови.

Член 5

Законите или прописите што овозможуваат примена на одредбите од оваа Конвенција и кои било закони или прописи од Препораката за хигиена (трговија и деловни простории) од 1964 г. или на еднакви одредби во согласност со националните услови ќе бидат ставени во рамка по консултациите со засегнатите репрезентативни организации на работодавачи и работници, каде што тие постојат.

Член 6

1. Се преземаат соодветни мерки, преку соодветна инспекција или други средства, за да се осигури правилна примена на законите или прописите наведени во член 5.

2. Во согласност со начинот на примена на оваа Конвенција, се преземат неопходни мерки во облик на казни за да се осигури спроведување на тие закони или прописи.

ДЕЛ II.ОПШТИ ПРИНЦИПИ

Член 7

Сите простории што ги користат работниците и опремата во тие простории се одржуваат и се чистат на соодветен начин.

Член 8

Сите простории што ги користат работниците имаат доволно и соодветно проветрување, природно, вештачко или двете, со што се обезбедува свеж или прочистен воздух.

Член 9

Сите простории што ги користат работниците имаат доволно и соодветно осветлување; работните места, колку што е можно имаат природно осветлување.

Член 10

Во сите простории што ги користат работниците, колку што дозволуваат околностите, се одржува пријатна и стабилна температура.

Член 11

Сите работни места се поставуваат и распоредуваат на тој начин што ќе нема штетно влијание по здравјето на работникот.

Член 12

На работниците им се обезбедува доволно здрава вода за пиење или друг здрав пијалок.

Член 13

Треба да се обезбедат доволно и соодветни простории за миење и санитарни капацитети, кои соодветно ќе се одржуваат.

Член 14

За работниците се обезбедуваат доволно и соодветни столови и на работниците им се даваат разумни можности да ги користат.

Член 15

Се обезбедуваат соодветни простории за преоблекување, чување и сушење на облеката која не се носи на работа, кои соодветно ќе се одржуваат.

Член 16

Подземните простории или просториите без прозорци во кои работата нормално се одвива, се во согласност со соодветните стандарди за хигиена.

Член 17

Со примена на соодветни и практични мерки,работниците се заштитуваат од супстанции, процеси и техники што се непријатни, нездрави или отровни иликои заради кои било други причини што може да нанесат штета.Во согласност со природата на работата, надлежниот орган пропишува користење лична заштитна опрема .

Член 18

Бучавата и вибрациите кои можат да имаат штетно влијание врз работниците се намалуваат онолку колку што е можно со примена на соодветни и изводливи мерки.

Член 19

Секое претпријатие, институција, административна служба или одделение, каде што се применува Конвенцијата, според големината и можниот ризик :

(а) има сопствен диспанзер или пункт за прва помош; или

(б) има диспанзер или пункт за прва помош заедно со други претпријатија, институции или административни служби или нивни одделенија; или

(в) има еден или повеќе кабинети, кутии или прибори за прва помош.

ЗАВРШНО

ДЕЛ III.ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 20

Формалните ратификации на оваа Конвенција се проследуваат до Генералниот директор на Меѓународната канцеларија на трудот за регистрација.

Член 21

1. Оваа Конвенција е обврзувачка за оние земји-членки на Меѓународната организација на трудот, чиишто ратификации се регистрирани од страна на Генералниот директор.

2. Оваа Конвенција стапува во сила дванаесет месеци од датумот на регистрирање на ратификациите од две земји-членки од страна на Генералниот директор.

3. Следствено, Конвенцијата стапува во сила за сите земји-членки, дванаесет месеци од датумот на регистрирање на нивните ратификации.

Член 22

1. Земјата-членка што ќе ја ратификува оваа Конвенција може да се откаже по истекот на десет години од датумот на којшто Конвенцијата за прв пат стапила во сила, со акт доставен до Генералниот директор на Меѓународната канцеларија на трудот, заради регистрација.Таквото откажување стапува во сила една година по неговото регистрирање.

2. Секоја земја-членка што ја ратификувала оваа Конвенција, и којашто во текот на годината по истекот на периодот од десет години споменат во претходниот став, не го оствари правото за откажување предвидено со овој член ќе биде обврзана за дополнителен период од десет години и потоа може да се откажува од оваа Конвенција по истекот на секој период од десет години, во согласност со условите предвидени со овој член.

Член 23

1. Генералниот директор на Меѓународната канцеларија на трудот ги известува сите земји-членки на Меѓународната организација на трудот, за регистрирањето на ратификациите и актите за откажување доставени од страна на земјите-членки на Организацијата.

2. При известувањето на земјите-членки на Организацијата за регистрацијата

на втората ратификација, Генералниот директор ги известува земјите-членки на Организацијата за датумот по којшто Конвенцијата ќе влезе во сила.

Член 24

Генералниот директор на Меѓународната канцеларија на трудот ги доставува до Генералниот секретар на Обединетите нации за регистрација, согласно член 102 од Повелбата на Обединетите нации, целосните податоци за сите ратификации и акти на откажувања, регистрирани од него во согласност со одредбите од претходните членови.

Член 25

Управниот орган на Меѓународната канцеларија на трудот, кога ќе смета за неопходно, доставува извештај до Генералната конференција за спроведувањето на оваа Конвенција и ја проверува подготвеноста на Конференцијата да го стави прашањето за нејзина целосна или делумна ревизија на својата агенда.

Член 26

1. Доколку Конференцијата донесе нова Конвенција за целосно или делумно ревидирање на оваа Конвенција, освен ако со Конвенцијата не се предвидува поинаку:

(а) ратификацијата од страна на земјата-членка на новата ревидирана Конвенција *ipso jure* вклучува откажување од оваа Конвенција, не доведувајќи ги во прашање одредбите од член 22 погоре, ако и кога новата ревидирана Конвенција ќе стапи во сила;

(б) од датумот кога новата ревидирана Конвенција стапува во сила, оваа Конвенција престанува да биде отворена за ратификација од страна на земјите-членки.

2. Оваа Конвенција во секој случај останува во сила со својата тековна форма и содржина за оние земји-членки што ја ратификувале, но не ја ратификувале ревидираната Конвенција.

Член 27

Англиската и француската верзија на текстот на оваа Конвенција се подеднакво веродостојни.

ПРЕПОРАКА ЗА ХИГИЕНА (ТРГОВИЈА И ДЕЛОВНИ ПРОСТОРИИ), 1964 ГОДИНА, (БР. 120)

Генералната конференција на Меѓународната организација на трудот, свикана во Женева, од страна на Управниот орган на Меѓународната канцеларија на трудот, на четириесет и осмата сесија одржана на 17 јуни 1964 година и

одлучувајќи за донесување на одредени предлози во поглед на хигиената во трговијата и деловните простории, коешто е четврта точка на агендата на сесијата и

утврдувајќи дека овие предлози ќе бидат во форма на Препорака,

на осми јули илјада деветстотини шеесет и четвртата година, ја донесе следната Препорака, којашто може да се цитира како Препорака за хигиена (трговија и деловни простории), 1964 година:

I. ПОЛЕ НА ПРИМЕНА

1. Оваа Препорака се однесува на следните јавни или приватни претпријатија, институции и административни служби:

(а) трговски претпријатија;

(б) претпријатија, институции и административни служби во коишто работниците се ангажирани главно со канцелариска работа, вклучувајќи канцеларии на лица ангажирани во либерални професии;

(в) хигиената во индустријата, рудниците, транспортот или земјоделството, сите одделенија од други претпријатија, институции или административни служби, во чиишто одделенија работниците се главно ангажирани со трговија или канцелариска работа, доколку тие не се вклучени во претпријатијата наведени во став 2 и ако тоа прашање не е регулирано со националните закони или прописи или други договори.

2. Оваа Препорака се однесува и на следните јавни или приватни претпријатија, институции и административни служби:

(а) претпријатија, институции и административни служби што обезбедуваат лични услуги;

(б) поштенски и телекомуникациски служби;

(в) новински и издавачки претпријатија;

(г) хотели и преноќишта;

(д) ресторани, клубови, кафулиња и други угостителски објекти;

(ѓ) театри и места за јавна забава и други рекреациски капацитети.

3. (1) Каде што е неопходно, ќе се направат соодветни уредувања за дефинирање на

линијата што ги одвојува претпријатијата, институциите или административните служби на кои се однесува оваа Препорака од другите, по консултации со засегнатите репрезентативни организации на работодавачи и работници.

(2) Во секој случај каде што не е јасно дали оваа Препорака се однесува на претпријатието, институцијата или административната служба, прашањето ќе го реши надлежниот орган по консултации со засегнатите репрезентативни организации на работодавачи и работници или на друг начин што е во согласност со националниот закон и практика.

II. МЕТОДИ ЗА ПРИМЕНА

4. Имајќи ја предвид разновидноста на националните околности и практики, одредбите од оваа Препорака се стават во сила:

(а) со национални закони или прописи;

(б) со колективен договор или на друг начин договорен од страна на засегнатите работодавачи и работници;

(в) со арбитражни одлуки; или

(г) на кој било друг начин одобрен од надлежниот орган по консултации со засегнатите репрезентативни организации на работодавачи и работници.

III. ОДРЖУВАЊЕ И ЧИСТЕЊЕ

5. Сите места каде што се извршува работата или каде што треба да поминат работниците или каде што се обезбедени санитарни или други капацитети за заедничка употреба од страна на работниците и опремата на тие места треба соодветно да се одржуваат.

6. (1) Сите такви места и опремата треба да се одржуваат чисти.

(2) Особено, следните ставки треба редовно да се чистат:

(а) подови, скали и премини;

(б) прозори што се користат за осветлување и извори на вештачко осветлување;

(в) ѕидови, тавани и опрема.

7. Чистењето треба да се извршува:

(а) со средства што ќе подигнат минимална количина на прашина;

(б) надвор од работното време, освен во одредени околности кога чистењето во текот на работното време може да се спроведе без да се наштети на работниците.

8. Гардеробите, тоалетите, мијалниците и ако е неопходно, другите објекти за заедничка употреба на работниците треба редовно да се чистат и периодично да се дезинфицираат.

9. Сите остатоци и отпад за кои постои веројатност да испуштат непријатни, отровни или штетни супстанции или да претставуваат извор на зараза треба

да се направат безопасни, да се отстранат или изолираат што е можно побрзо; отстранувањето треба да биде во согласност со стандардите одобрени од надлежниот орган.

10. Треба да се изготват планови за отстранувањеи фрлање за другите остатоци и отпад и треба да се обезбедат доволно контејнери за таквите остатоци и отпад на соодветни места.

IV. ВЕНТИЛАЦИЈА

11. На сите места каде што се извршува работата или каде што треба да поминат работниците или каде што се обезбедени санитарни или други капацитети за заедничка употреба од страна на работниците треба да се обезбеди соодветна вентилација, природна или вештачка или двете, преку која ќе се снабдува свеж или прочистен воздух.

12. Особено:

(а) апаратите што обезбедуваат природна или вештачка вентилација треба да се дизајнираат на тој начин што ќе обезбедуваат доволни количини свеж или прочистен воздух по лице и по час во окружувањето, имајќи ја предвид природата и условите на работа;

(б) треба да се изготват планови за отстранување или да се направат безопасни, колку што е можно, чадот, прашината и другите непријатни или штетни нечистотии што може да настанат во текот на работата;

(в) нормалната брзина на движење на воздухот на фиксните работни места не смее да биде на штета на здравјето и удобноста на лицата што работат таму;

(г) доколку е можно и доколку условите се соодветни , треба да се преземат соодветни мерки за да се осигури дека се одржува соодветно хидрометричко ниво на воздухот во затворените простории.

13. На работните места каде што има целосна или значителна климатизација треба да се обезбедат начини за природна или вештачка вентилација за итни случаи.

V. ОСВЕТЛУВАЊЕ

14. На сите места каде што се извршува работата или каде што може да поминуваат работниците или каде што се обезбедени санитарни или други капацитети за заедничка употреба од страна на работниците, додека постои веројатност местата се користат, треба да се обезбеди доволно и соодветно природно или вештачко осветлување или двете.

15. Особено, треба да се преземат сите практични мерки:

(а) за да се обезбеди видливост:

(i) преку отвори за природно осветлување што се соодветно распоредени и со доволна големина;

(ii) преку внимателен избор и соодветен распоред на вештачко осветлување;

(iii) преку внимателен избор на бои за просториите и нивната опрема;

(б) за да се спречи непријатност или нарушувања предизвикани од блесок, прекумерен контраст меѓу светлото и сенките, рефлектирање на светлото и пресилно директно осветлување;

(в) за да се елиминира штетното трепкање кога се користи вештачко осветлување.

16. Предност му се дава на природното осветлување кога истото е доволно и изводливо

17. Надлежниот орган треба да утврди соодветни стандарди за природно или вештачко осветлување за различни видови работа и простории и различни професии.

18. Во просториите каде што има голем број работници или посетители треба да се обезбеди осветлување при итни случаи.

VI. ТЕМПЕРАТУРА

19. На сите места каде што се извршува работата или каде што може да поминуваат работниците или каде што се обезбедени санитарни или други капацитети за заедничка употреба од страна на работниците треба да се одржуваат најдобри можни услови во поглед на температурата, влажноста и движењето на воздухот, имајќи ја предвид природата на работата и климата.

20. Ниту еден работник не треба да има редовна работа во екстремни температури. Следствено, надлежниот орган треба да ги одреди максималните или минималните стандарди за температура или двете, имајќи ја предвид климата и природата на претпријатието, институцијата или административната служба, како и на работата.

21. Ниту еден работник не треба да има редовна работа во услови што вклучуваат ненадејни промени во температурата што надлежниот орган ги смета за штетни по здравјето.

22. (1) Ниту еден работник не треба да има редовна работа непосредно до опрема што зрачи голема количина на топлина или предизвикува интензивно ладење на воздухот во окружувањето, кои надлежниот орган ги смета за штетни по здравјето, освен ако се преземат соодветни контролни мерки, се намали времето на изложеност на работникот или се обезбеди соодветна заштитна опрема или облека за работникот.

(2) Треба да се обезбедат фиксни или подвижни заштитници, дефлектори или други соодветни уреди и да се користат за заштита на работниците од големо изложување на студ или топлина, вклучувајќи ја и топлината од сонцето.

23. (1) Ниту еден работник не треба да работи на тезга во надворешни услови

на ниски температури што може да бидат штетни, освен ако не се обезбедат соодветни средства за затоплување.

(2) Ниту еден работник не треба да работи на тезга во надворешни услови на високи температури што може да бидат штетни, освен ако не се обезбедат соодветни средства за заштита од високи температури.

24. Се забранува користењето на методи за загревање или ладење што може да предизвикаат штетни или непријатни гасови во атмосферата на просториите.

25. Во случаите кога работата се извршува на многу ниска или многу висока температура, работниците треба да работат со пократко работно време или да има паузи во работниот ден или да се преземат други применливи мерки.

VII. РАБОТЕН ПРОСТОР

26. (1) Сите работни места се поставуваат и распоредуваат на тој начин што ќе нема штетно влијание по здравјето на работникот.

(2) Секој работник треба да има доволно непречен работен простор за извршување на работата без ризик по здравјето.

27. Надлежниот орган утврдува:

(а) во секоја затворена просторија се обезбедува подна површина за секој работник што редовно работи таму;

(б) во секоја затворена просторија се обезбедува минимален непречен простор за секој работник што редовно работи таму;

(в) новата затворена просторија, во којашто редовно ќе се извршува работата треба да биде со минимална височина.

VIII. ВОДА ЗА ПИЕЊЕ

28. На работниците им се обезбедува доволно здрава вода за пиење или друг здрав пијалок . Каде што има можност за снабдување на истечна вода за пиење, предност се дава на тој систем.

29. (1) Секој контејнер што се користи за снабдување вода за пиење или кај било друг одобрен пијалак треба:

(а) да биде цврсто затворен, и каде што е соодветно, со поставена славина;

(б) да има јасна ознака за природата на содржината;

(в) да не бидат кофи, ведра или други садови со широк отвор (со или без капак) во кој што може да се потопи инструмент за да се извлече течност;

(г) постојано да се одржуваат чисти.

(2) Треба да се обезбеди доволен број садови за пиење, како и капацитет за нивно миење со чиста вода.

(3) Треба да се забрани заедничко користење на чашите од поголем број работници.

30. (1) Водата што не е снабдена од официјално одобрен извор за снабдување со вода за пиење не треба да се обезбедува како вода за пиење, освен ако надлежен здравствен орган изречно не го одобри обезбедувањето на таа вода и не спроведува периодични проверки.

(2) Надлежниот здравствен орган треба да се извести за секој метод на обезбедување вода, со исклучок на оној што го применува официјално одобрената локална служба за снабдување, заради одобрување.

31. (1) Секое обезбедување вода што не е за пиење треба соодветно да се означи на местата од каде што може да се користи.

(2) Не треба да има поврзаност, отворена или потенцијална, меѓу системите со вода за пиење и системите со вода што не е за пиење.

IX. МИЈАЛНИЦИ И ТУШЕВИ

32. На работниците треба да им се обезбедат доволно и соодветни капацитети за миење, на соодветни места, кои правилно ќе се одржуваат.

33. (1) Овие капацитети, колку што е можно, треба да вклучуваат мијалници, доколку е неопходно со топла вода и каде што природата на работата налага, тушеви со топла вода.

(2) На работниците треба да им се обезбеди сапун.

(3) На работниците треба да им се обезбедат соодветни производи (како што се детергенти, посебни кремови или прашоци за чистење), каде што тоа го налага природата на работата; треба да се забрани користењето на производи за лична хигиена што се штетни за здравјето.

(4) На работниците треба да им се обезбедат крпи, препорачливо поединечни, или други соодветни средства за сушење. Треба да се забрани користење на крпи за заедничка употреба, доколку при секое користење нема чист дел.

34. (1) Водата што се обезбедува во мијалниците и тушевите не треба да претставува ризик по здравјето.

(2) Доколку водата што се користи во мијалниците и тушевите не е за пиење, тоа треба јасно да се означи.

35. Треба да се обезбедат одвоени капацитети за миење за мажите и жените, освен во многу малите претпријатија каде што може да се обезбедат заеднички капацитети со одобрение на надлежниот орган.

36. Бројот на мијалници и тушеви го одредува надлежниот орган, земајќи ги предвид бројот на работници и природата на нивната работа.

X. САНИТАРНИ КАПАЦИТЕТИ

37. На работниците треба да им се обезбедат доволно и соодветни санитарни капацитети, на соодветни места, кои правилно ќе се одржуваат.

38. (1) Санитарните капацитети треба да се одвоени за да обезбедуваат соодветна приватност.

(2) Колку што е можно, санитарните капацитети треба да бидат снабдени со системи за миење и тоалетна хартија или други хигиенски средства за чистење.

(3) Во санитарните капацитети за жени треба да се обезбедат соодветно дизајнирани садови со капаци или други соодветни единици за отстранување, како што се печки за горење отпад.

(4) Доколку е соодветно, во близина на капацитетите треба да се обезбедат доволно достапни мијалници.

39. Треба да се обезбедат одвоени санитарни капацитети за мажите и жените, освен во претпријатијата каде што нема повеќе од пет лица или каде што се вработени само членовите на семејството на работодавачот, со одобрение на надлежниот орган.

40. Бројот на тоалети и писоари за мажите и бројот на тоалети за жените треба да го одреди надлежниот орган, земајќи ги предвид бројот на работници.

41. Санитарните капацитети треба да имаат соодветна вентилација и да бидат лоцирани на тој начин што ќе се спречат непријатности. Тие не треба да бидат директно во допир со работните места, просториите за пауза или кантините, но треба да бидат одвоени од нив со хол или со отворен простор. Пристапите до надворешните капацитети треба да бидат покриени.

XI. СТОЛОВИ

42. За работниците се обезбедуваат доволно и соодветни столови и на работниците им се даваат разумни можности да ги користат.

43. Колку што е можно, работните места треба да бидат распоредени на тој начин што работниците кои работат стоечки може да ги исполнуваат должностите седечки, секогаш кога тоа го дозволува природата на работата.

44. Столовите што им се обезбедени на работниците треба да имаат удобен дизајн и димензии, да одговараат на работата што се извршува и да овозможуваат добра положба при работа, во интерес на здравјето на работниците; доколку е неопходно, за истата цел се обезбедуваат и потпирачи за нозе.

XII. ОСТАВА ЗА ОБЛЕКА И ГАРДЕРОБИ

45. Треба да се обезбедат соодветни капацитети, како што се закачалки и плакари, за менување, чување и сушење на облеката која не се носи на работа, кои соодветно ќе се одржуваат.

46. Гардероби се обезбедуваат во случаите кога бројот на работници и природата на нивната работа го налагаат тоа.

47. (1) Гардеробите треба да содржат:

(а) соодветно проветрувани лични плакари или други соодветни контејнери со доволни димензии што може да се заклучуваат;

(б) доволен број столови.

(2) Треба да се обезбедат посебни оддели за облека која се носи надвор и работна униформа, секогаш кога работниците се ангажирани со активности што налагаат носење работна униформа, којашто може да се контаминира, многу да се извалка, исфлека или импрегнира.

48. Треба да се обезбедат посебни гардероби за мажите и жените.

XIII. ПОДЗЕМНИ И СЛИЧНИ ПРОСТОРИИ

49. Подземните простории или просториите без прозорци во кои работата нормално се одвива се во согласност со соодветните стандарди за хигиена утврдени од надлежниот орган.

50. Колку што дозволуваат околностите, работниците не треба постојано да работат во подземни простории или простории без прозорци, туку треба да работат со ротации.

XIV. НЕПРИЈАТНИ, НЕЗДРАВИ ИЛИ ОТРОВНИ СУПСТАНЦИИ, ПРОЦЕСИ И ТЕХНИКИ

51. Треба да се преземат соодветни и практични мерки за работниците да се заштитат од супстанции, процеси и техники што се непријатни, нездрави или токсични или заради кои било други причини што може да нанесат штета.

52. Особено:

(а) треба да се преземат сите соодветни и практични мерки за да се заменат таквите супстанции, процеси и техники со супстанции, процеси и техники што не се непријатни, нездрави или отровни или заради кои било други причини кои можат да нанесат штета или коишто не ги содржат тие својства во иста мера;

(б) надлежниот орган треба да охрабрува примена на и да обезбедува совети за мерките за замена наведени во клаузулата (а) и во однос на малопродажбата, за примената на процесите и техниките и контејнерите исклучувајќи ги сите штетни влијанија;

(в) каде што примената на мерките за замена наведени во клаузула (а) не е можна, треба да се користат инженерски методи за контрола, како што е затворање, изолирање и вентилација;

(г) опремата за контрола или елиминација на непријатни, нездрави или токсични

или од други причини штетни супстанции треба постојано да се одржува во добра работна состојба.

(д) треба да се преземат сите соодветни и практични мерки за работниците да се заштитат од ризици што може да настанат од превртување, истурање, еманација или прскање на супстанциите што се непријатни, нездрави или токсични или заради кои било други причини што може да нанесат штета.

(ѓ) се забранува пушење, јадење, пиење или нанесување шминка доколку се ракува со токсични или од кои други причини штетни супстанции: храна, пијалаци, тутун или шминка што ги користат работниците, не смее да бидат изложени на загадување од такви супстанции.

53. Контејнерите што содржат опасни супстанции треба:

(а) да бидат означени со симбол за опасност во согласност со признаените меѓународни стандарди и каде што е неопходно, да се дефинира природата на ризикот;

(б) називот на супстанцијата или ознака за нејзино идентификување; и

(в) колку што е може, неопходни упатства со детали за прва помош што треба да се даде ако одредена супстанција предизвика влошување на здравјето или телесна повреда.

54. (1) Во случаите кога, и покрај преземените мерки согласно ставовите 51 и 52, активностите што се извршуваат се исклучително валкани, вклучуваат процеси, техники, употреба или ракување со супстанции што се нездрави, токсични или од други причини штетни, зависно од степенот и природата на ризиците, работниците треба да се соодветно заштитени со заштитна облека или доколку е неопходно друга опрема или уреди за лична заштита.

(2) Таквата облека, опрема и уреди треба да вклучува, на пример, една или повеќе од следните ставки, зависно од природата на работата: мантили, комбинезони, престилки, заштитни очила, ракавици, шапки, шлемови, маски, чевли, заштитни кремови и специјални прашоци.

(3) Ако е неопходно, надлежниот орган треба да утврди минимални стандарди за ефикасност за опрема и уреди за лична заштита.

(4)) Во случаите кога, мерките за јавно здравство или заштитата на здравјето на работниците налага носење на заштитна облека и друга опрема или уреди за лична заштита на работа, таквата облека и опрема треба да се обезбедат, чистат и одржуваат на трошок на работодавачот.

55. Во случаите кога употребата на личната заштитна опрема или заштитните уреди не ги елиминираат во целост супстанциите, процесите и техниките што се нездрави или отровни или заради кои било други причини што може да нанесат штета, надлежниот орган треба да препорача преземање на дополнителни

превентивни мерки, доколку е тоа неопходно.

56. (1) Каде што е неопходно, надлежниот орган треба да утврди минимална возраст за вработување на работно место што вклучува такви супстанции, процеси и техники.

(2) Надлежниот орган треба да пропише медицински прегледи (првични и периодични) за работниците што се изложени на влијанијата од супстанциите што се нездрави или токсични или заради кои било други причини може да нанесат штета.

XV. БУЧАВА И ВИБРАЦИИ

57. (1) Бучавата (вклучувајќи и емисии на звук) и вибрациите што може да имаат штетно влијание врз работниците треба да се намалат колку што е можно со примена на соодветни и практични мерки.

(2) Особено внимание треба да се посвети на:

(а) на значителното намалување на бучавата и вибрациите предизвикани од машините и опремата и уредите што создаваат звуци;

(б) на затворањето или изолацијата на изворите на бучава или вибрации што не може да се намалат;

(в) на намалувањето на интензитетот и времетраењето на емисијата на звуци, вклучувајќи и емисија на музика; и

(г) на одредбите за опремата за изолирање на звукот, каде што е соодветно, да бучавата од работилниците, лифтовите, преносните ленти или улицата да не допираат до канцелариите.

58. Доколку мерките наведени во потстав (2) од став 57 не се доволни за соодветно елиминирање на штетните влијанија:

(а) на работниците треба да им се обезбедат соодветни заштитници за уши кога тие се изложени на емисии на звук што може да има негативни влијанија;

(б) работниците изложени на емисијата на звук или вибрации кои можат да предизвикаат штетни влијанија, треба да имаат право на редовни паузи вклучени во работното време, во простории каде нема емисии на звук и вибрации;

(в) каде што е неопходно, треба да се применуваат системи на поделба на работата или ротација на работните места.

XVI. МЕТОДИ И ТЕМПО НА РАБОТА

59. Методите на работа, колку што е можно, треба да се приспособат кон барањата за хигиена и кон физичкото и менталното здравје и комфор на работниците.

60. Меѓу другото, треба да се преземат соодветни мерки за да се осигури дека механизацијата на работата или методите за нејзино забрзување не наметнуваат

темпо на работа што може да предизвика штетни влијанија на работниците, особено, физички замор или психички замор што предизвикува медицински препознатливи нарушувања, поради потребната концентрација или брзите движења.

61. Во случаите кога условите на работа го налагаат тоа, надлежниот орган треба да утврди минимална возраст за вработување на работните места наведени во став 60.

62. Со цел да се спречат штетните влијанија или истите да се ограничат што е можно повеќе, треба да се вклучат паузи во работното време или каде што е можно, системи за распределба на работата или ротација на работни места.

XVII. ПРВА ПОМОШ

63. Секое претпријатие, институција или административна служба или нивно одделение, каде што се применува оваа Препорака, според големината и можниот ризик :

(а) има сопствен диспанзер или пункт за прва помош; или

(б) има диспанзер или пункт за прва помош заедно со други претпријатија, институции или административни служби или нивни одделенија; или

(в) има еден или повеќе кабинети, кутии или прибори за прва помош.

64. (1) Опремата во диспанзерите, пунктовите за прва помош, кабинетите, кутиите или приборите наведени во став 63 ја одредува надлежниот според бројот на работници и природата на ризиците.

(2) Содржината на кабинетите, кутиите или приборите за прва помош треба да биде асептична и соодветно да се одржува, како и да се проверува најмалку еднаш месечно. Овие кабинети, кутии или прибори треба тогаш да се надополнуваат или каде што е неопходно, веднаш по употребата.

(3) Секој кабинет, кутија или прибор за прва помош треба да содржи едноставни и јасни упатства во однос на првата помош што треба да се пружи во итни случаи, како и името на назначеното лице во сообразност со став 65; целата содржина треба да биде јасно означена.

65. Диспанзерите и пунктовите за прва помош, кабинетите, кутиите или приборите треба да бидат достапни и лесни за наоѓање во секое време и треба да бидат во надлежност на назначеното лице коешто може да даде прва помош, како што е пропишано од надлежниот орган.

XVIII. ТРПЕЗАРИЈА

66. На работниците им се обезбедуваат трпезарии во случаите што ќе ги одреди надлежниот орган.

67. (1) Во трпезариите треба да се обезбедат доволно столови и маси.

(2) Во рамки на или во непосредна близина на трпезариите треба да има можност за подгревање јадења, како и ладна вода за пиење и топла вода.

(3) Треба да се обезбедат покриени канти за отпадоци.

68. (1) Трпезариите треба да бидат одвоени од сите места каде што има изложување на токсични супстанции.

(2) Треба да се забрани носење на контаминирана работна облека во трпезариите.

XIX. ПРОСТОРИИ ЗА ПАУЗА

69. (1) Во случаите кога нема достапни алтернативни капацитети за привремена пауза за работниците во текот на работното време, треба да се обезбеди просторија за паузи, каде што е пожелно, имајќи ја предвид природата на работата и другите релевантни услови и околности. Особено, простории за пауза треба да се обезбедат со цел да се задоволат потребите на работничките; на работниците ангажирани со напорни или специфични работи што налагаат привремен одмор во текот на работното време; или на работниците што се вработени со прекинати смени.

(2) Каде што е соодветно, со националните закони или прописи треба да се овласти надлежниот орган да бара обезбедување на простории за пауза во случаите кога надлежниот орган го смета тоа за пожелно, имајќи ги предвид условите и околностите за вработување.

70. Таквите капацитети треба во најмала рака да содржат:

(а) просторија која е климатизирана за да се избегнат непријатностите од ладно или жешко;

(б) соодветна вентилација и осветлување;

(в) соодветни капацитети за седење, во доволен број.

XX. ПЛАНИРАЊЕ И ИЗГРАДБА

71. Плановите за новите згради што треба да се користат како претпријатија, институции и административни служби или нивни одделенија, на коишто се однесува Препораката, како и за новите инсталации што треба да се користат во постојните згради каде што треба да се извршат значителни измени, треба да се во сообразност со одредбите од оваа Препорака и во случаите предвидени со националните закони или прописи, треба да се достават до надлежниот орган заради претходно одобрување.

72. Плановите треба да содржат доволно информации во однос на:

(а) локацијата на работните места, местата на движење, регуларните излези и излезите при итни случаи, како и санитарните капацитети.

(б) димензиите на работните места и на излезите при итни случаи, вратите и прозорците, со детали за височината на прозорските окна;

(в) видот на подовите, ѕидовите и таваните;

(г) машини и инсталации што може да испуштаат топлина, пареа, гасови, прашина, мириси, светло, бучава или вибрации во количини што може да имаат негативно влијание по здравјето, безбедноста или комфорот на работниците, заедно со мерките што се предлагаат за борба против тие агенси;

(д) видот на греење и осветлување што ќе се користи;

(ѓ) секоја опрема за механичка вентилација;

(е) сите мерки за отпорност на звук, отпорност на влага и за контрола на температура.

73. Надлежниот орган треба да обезбеди разумен рок за сите потребни измени со цел претпријатијата, институциите и административните служби или нивни одделенија, на кои се однесува оваа Препорака, да се во сообразност со одредбите од оваа Препорака.

74. Доколку е можно, подовите треба да се изградат и обложат, додека ѕидовите, таваните и опремата треба да се изградат на тој начин што нема да претставуваат ризик по здравјето.

75. Треба да се обезбедат соодветни средства за евакуација, кои правилно ќе се одржуваат.

XXI. МЕРКИ ПРОТИВ ШИРЕЊЕ БОЛЕСТИ

76. (1) Секое претпријатие, институција или административна служба или нивно одделение, каде што се применува оваа Препорака, треба да презема мерки за спречување на ширењето заразни болести меѓу работниците и меѓу работниците и јавноста.

(2) Овие мерки треба да вклучуваат:

(а) колективни или поединечни технички и медицински превентивни мерки, вклучувајќи и спречување на заразни болести, како и активности против инсекти, глодачи и други штетници.

(б) мерки за медицински надзор.

XXII. УПАТСТВА ЗА ХИГИЕНСКИ МЕРКИ

77. Треба да се преземат мерки со цел работниците и работодавачите да имаат основно разбирање за хигиенските мерки што работниците треба да ги преземаат во текот на работното време.

78. (1) Работниците треба да бидат информирани за:

(а) ризици по здравјето поради штетни супстанции со кои работниците треба да ракуваат или работат, дури и ако тие производи се малку користени во засегнатите претпријатија;

(б) потребата за правилно користење на опремата и уредите за хигиена и заштита.

(2) Доколку не може да се обезбедат целосни информации на јазикот што го разбираат работниците, тие треба, во најмала мера, да бидат известени на тој јазик за значењето на важните поими, изрази и симболи.

XXIII. СОРАБОТКА ВО ОБЛАСТА НА ХИГИЕНАТА

79. (1) Надлежниот орган, работодавачите и работниците треба да воспостават заемни контакти, со цел да осигурат хигиена на работниците при работа.

(2) Надлежниот орган, при спроведувањето на одредбите од оваа Препорака, треба да се консултираат со засегнатите репрезентативни организации на работодавачи и на работници, или каде што постојат, со претставниците на засегнатите работодавачи и работници.

80. (1) Надлежниот орган треба да охрабри и ако е неопходно, самостојно да ги провери мерките наменети за обезбедување хигиена на работниците при работа.

(2) Надлежниот орган треба да ги доставува сите документи за начините на одржување хигиена на работниците при работа.

(3) Надлежниот орган треба да ги обезбеди целосните информации и совети за сите прашања што се разгледуваат во оваа Препорака.

81. (1) Во претпријатијата, институциите или административните служби или нивните одделенија, каде што надлежниот орган смета дека е пожелно заради можниот степен на ризик, треба да се назначи најмалку еден претставник или службеник за прашањата поврзани со хигиената.

(2) Претставниците или службениците за хигиена треба тесно да соработуваат со работодавачите и работниците за елиминирање на ризиците по здравјето на работниците и во таа насока, треба да комуницираат со претставниците на работодавачите и на работниците.

(3) Во претпријатијата, институциите или административните служби, каде што надлежниот орган смета дека е пожелно заради можниот степен на ризик, треба да се основа комитет за хигиена.

(4) Комитетите за хигиена треба да работат во насока на елиминирање на ризиците по здравјето на работниците.

82. Надлежниот орган, во соработка со засегнатите работодавачи и работници или нивните репрезентативни организации треба да спроведуваат истраги, заради прибирање информации за болести што може да резултираат од работата и унапредување на мерките за елиминирање на причините и условите што ги предизвикуваат тие болести.

XXIV. СПРОВЕДУВАЊЕ

83. Се преземаат соодветни мерки, преку соодветна инспекција или други средства, за да се осигури правилна примена на законите, прописите или другите одредби што се однесуваат на хигиената.

84. Во согласност со начинот на примена на оваа Препорака, се преземат неопходни мерки во облик на казни за да се осигури спроведување на одредбите.

КОНВЕНЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ВО ГРАДЕЖНИШТВОТО,1988 ГОДИНА, (БР. 167)

Генералната конференција на Меѓународната организација на трудот,

свикана во Женева, од страна на Управниот орган на Меѓународната канцеларија на трудот, на седумдесет и петтата сесија, одржана на 1 јуни 1988 година и

имајќи ги предвид релевантните меѓународни конвенции и препораки за трудот и особено, Конвенцијата и Препораката со одредби за безбедност (градежништво), 1937 г., Препораката за соработка во спречувањето несреќи (градежништво), 1937 г., Конвенцијата и Препораката за заштита од зрачење, 1960 г., Конвенцијата и Препораката за заштита на машините, 1963 г., Конвенцијата и Препораката за максимална тежина, 1967 г., Конвенцијата и Препораката за професионално заболување од рак, 1974 г., Конвенцијата и Препораката за работната средина (загадување на воздухот, бучава и вибрации), 1977 г., Конвенцијата и Препораката за безбедност и здравје при работа, 1981 г., Конвенцијата и Препораката за службите за трудова медицина, 1985 г., Конвенцијата и Препораката за азбест, 1986 г. и списокот со професионални заболувања, ревидиран во 1980 година и проложен кон Конвенцијата за надоместоци во случај на повреда на работното место, 1964 г. и

одлучувајќи за донесување на одредени предлози во поглед на безбедноста и здравјето во градежништвото, коешто е четврта точка на агендата на сесијата и

утврдувајќи дека овие предлози ќе бидат во форма на меѓународна Конвенција за ревидирање на Конвенцијата со одредби за безбедност (градежништво), 1937 г.,

на дваесетти јуни илјада деветстотини осумдесет и осмата година, ја донесе следната Конвенција, којашто може да се цитира како Конвенција за безбедност и здравје во градежништвото, 1988 година:

I. ПОЛЕ НА ПРИМЕНА И ДЕФИНИЦИИ

Член 1

1. Оваа Конвенција се однесува на сите градежни активности, имено високоградба, нискоградба, како и работи за монтирање и демонтирање, вклучувајќи ги сите процеси, активности или транспорт на градилиште, од подготовка на градилиштето до завршување на проектот.

2. Надлежниот орган, по консултациите со директно засегнатите организации на работодавачи и работници, каде што истите постојат, може да ги исклучи од примена на сите или кои било одредби од Конвенцијата, одредени класи на претпријатија, институции или административни служби или нивни одделенија, како што се наведени во член еден, каде околностите и условите на вработување

се такви што примената на сите или на кои било од наведените одредби кај нив е несоодветна.

3. Оваа Конвенција се применува и на самовработените лица, како што е утврдено со националните закони или прописи.

Член 2

За потребите на оваа Конвенција:

(а) Поимот ***градежништво*** опфаќа:

(i) високоградба, вклучувајќи ископување и изградба, структурни промени, реновирање, поправка, одржување (вклучувајќи работи на чистење и бојадисување) и рушење на сите видови згради или објекти;

(ii) нискоградба, вклучувајќи ископување и изградба, структурни промени, поправка, одржување и рушење на објекти како што се аеродроми, докови, пристаништа, внатрешни водени патишта, брани, објекти за преградување на водени текови, крајбрежни насипи или објекти за заштита од лавини, патишта и автопати, железници, мостови, тунели, вијадукти и други објекти што се поврзани со обезбедувањето услуги како што се комуникациите, атмосферската канализација, канализација за отпадни води, водоснабдување и дистрибуција на енергија;

(iii) монтирање и демонтирање на згради и објекти од готови монтажни елементи, како и изработката на готовите монтажни елементи на градилиштето;

(б) терминот ***градилиште*** ја означува секоја локација на која се вршат процесите или работите што се опишани во горенаведениот потстав (а);

(в) терминот ***работно место*** ги означува сите места на кои работниците треба да бидат или каде тие треба да одат поради својата работа и кои се под контрола на работодавачот, во смисла на долунаведениот потстав (ѓ);

(г) терминот ***работник*** го означува секое лице што е вработено во градежништво;

(д) терминот ***работодавач*** го означува:

(i) секое физичко или правно лице што вработува еден или повеќе работници на градилиште; и

(ii) во зависност од контекстот, главниот изведувач, изведувачот или подизведувачот;

(ѓ) терминот ***надлежно лице*** означува лице што поседува соодветни квалификации, како што се соодветното стручно образование и знаење, искуство и вештини за безбедно вршење на специфичната работа. Надлежните власти може да утврдат соодветни критериуми за назначувањето на таквите лица и може да ги утврдат должностите што им се доделуваат;

(е) терминот ***скеле*** ја означува секоја привремена градежна конструкција,

неподвижна, висечка или подвижна, и нејзините носечки компоненти, што се користи како платформа за работниците и материјалите или овозможува пристап до секоја таква конструкција, и што не претставува „уред за подигнување“ во смисла на дефиницијата во долунаведениот потстав (ж);

(ж) терминот ***уред за подигнување*** го означува секој неподвижен или подвижен уред за подигнување или спуштање лица или товари;

(з) терминот ***помошна опрема за подигнување*** го означува секој уред или опрема со кои товарот може да се прицврсти за уредот за подигнување, но што не претставува составен дел на уредот за подигнување или на товарот.

II. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 3

Засегнатите најрепрезентативни организации на работодавачи и на работници ќе се консултираат за мерките што ќе се преземат во насока на спроведување на одредбите од оваа Конвенција.

Член 4

Секоја земја-членка што ја ратификува оваа Конвенција се обврзува, врз основа на проценатa на вклучените опасности по безбедноста и здравјето, да донесе и одржува во сила закони или прописи со кои се осигурува примена на одредбите од Конвенцијата.

Член 5

1. Со законите и прописите што се носат во согласност со горенаведениот член 4 може да се предвиди нивна практична примена преку технички стандарди или кодекси за работа или преку други соодветни методи што се сообразни со националните услови и практика.

2. При спроведувањето на член 4 и став 1 од овој член, секоја земја-членка ќе ги има предвид применливите стандарди донесени од страна на призната меѓународна организација во областа на стандардизацијата.

Член 6

Мерките што треба да се преземат за да се осигури дека постои соработка меѓу работодавачите и работниците за промовирање на безбедноста и здравјето на градилиштата треба да бидат пропишани со националните закони или прописи.

Член 7

Со националните закони или прописи се предвидува должност за работодавачите и самовработените лица за почитување на пропишаните безбедносни и здравствени мерки на работното место.

Член 8

1. Во случаите кога два или повеќе работодавачи едновремено извршуваат активности на едно градилиште:

(а) основниот изведувач или друго лице или тело со контрола врз или основна одговорност за сите активности на градилиштето има одговорност за координирање на пропишаните безбедносни и здравствени мерки и, во согласност со националните закони и прописи, да обезбеди усогласеност со тие мерки;

(б) во согласност со националните закони и прописи, кога основниот изведувач или друго лице или тело со контрола врз или основна одговорност за сите активности на градилиштето, не е присутен на градилиштето, ќе назначи надлежно лице или тело на градилиштето со надлежност и начини за обезбедување, во негово име, координација и усогласеност со мерките, како што е предвидено со потстав (а) погоре;

(в) секој работодавач е одговорен за примена на пропишаните мерки во поглед на работниците што се под негова надлежност.

2. Кога работодавачите и самовработените лица едновремено извршуваат активности на едно градилиште, тие имаат обврска да соработуваат во поглед на примената на пропишаните безбедносни и здравствени мерки, како што е утврдено со националните закони или прописи.

Член 9

Лицата што се одговорни за проектирање и планирање на градежниот проект ги земаат предвид безбедноста и здравјето на градежните работници во согласност со националните закони, прописи и практики.

Член 10

Во согласност со националните закони или прописи, работниците имаат право и должност на кое било работно место да учествуваат во осигурувањето на безбедни услови за работа, до онаа мера до која тие имаат контрола врз опремата и методите за работа, и да ги изразуваат своите мислења за усвоените работни постапки во однос на тоа како тие може да влијаат врз нивната безбедност и здравје.

Член 11

Со националните закони или прописи се предвидува должност за работниците да:

(а) воспостават, колку што е можно, потесна соработка со нивниот работодавач во поглед на примената на пропишаните безбедносни и здравствени мерки;

(б) разумно да се грижат за сопствените и безбедноста и здравјето на другите лица што може да бидат засегнати од нивните активности или пропусти на работа;

(в) ги користат капацитетите што им се ставени на располагање и да не ги употребува погрешно средствата што се обезбедени за нивна и заштита на другите лица;

(г) веднаш да го известат директниот надзорник, како и претставникот на работниците за безбедност, во случаите каде што е назначен, за секоја ситуација што веруваат дека може да претставува ризик и со која не можат самите соодветно да се справат;

(д) ги почитуваат пропишаните безбедносни и здравствени мерки.

Член 12

1. Со националните закони или прописи се предвидува дека работникот има право да се отстрани од опасност кога има добра причина да верува дека постои директна и сериозна опасност по неговата безбедност или здравје и има должност веднаш да го извести надзорникот.

2. Во случаите кога има директна опасност по безбедноста на работниците, работодавачот презема итни мерки за прекинување на работата и соодветно евакуирање на работниците.

III. ПРЕВЕНТИВНИ И ЗАШТИТНИ МЕРКИ

Член 13

БЕЗБЕДНОСТ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА

1. Се преземаат сите соодветни мерки за претпазливост со цел да се осигури дека сите работни места се безбедни и без ризик од повреда на безбедноста и здравјето на работниците.

2. Се обезбедуваат и одржуваат безбедни начини за пристап до и излез од сите работни места, и истите ќе бидат означени каде што е соодветно.

3. Се преземаат сите соодветни мерки на претпазливост за да се заштитат лицата на или во близина на градилиштето од сите ризици што може да произлезат од таквото градилиште.

Член 14

СКЕЛИЊА И СКАЛИ

1. Во случаите кога работата не може безбедно да се изврши на или од тлото или од дел од зградата или друга фиксна конструкција, се обезбедува и одржува безбедно и соодветно скеле или друга еднакво безбедна и соодветна опрема.

2. Во недостиг на алтернативни безбедни начини за пристап до подигнатите работни места, се обезбедуваат соодветни и цврсти скали. Тие треба да се соодветно прицврстени за да се спречат случајни движења.

3. Сите скелиња и скали треба да се направени и да се користат во согласност со националните закони и прописи.

4. Скелињата се проверуваат од страна на надлежно лице во случаите и на интервали пропишани со националните закони или прописи.

Член 15

УРЕДИ И ДОПОЛНИТЕЛНА ОПРЕМА ЗА ПОДИГНУВАЊЕ

1. Секој уред или дополнителна опрема за подигнување, вклучувајќи ги и нивните составни делови, додатоци, подлоги и потпора треба:

(а) да се добро испланирани и изработени, од цврст материјал со соодветна отпорност за намената за која ќе се користат;

(б) да се соодветно поставени и соодветно да се користат;

(в) да се одржуваат во добра функционална состојба;

(г) да се проверуваат и тестираат од страна на надлежно лице во случаите и на интервали пропишани со националните закони или прописи; треба да се води евиденција за резултатите од тие проверки и тестирања;

(д) да ги користат работници што се соодветно обучени, во согласност со националните закони и прописи.

2. Ниту едно лице нема да се подигнува, спушта или пренесува со уред за подигнување, освен ако не е изработен, поставен или се користи за таа намена во согласност со националните закони и прописи, со исклучок на итни случаи каде може да дојде сериозна повреда на лице или смртен случај, при што уредот за подигнување може безбедно да се користи.

Член 16

ОПРЕМА ЗА ПРЕВОЗ, ЗЕМЈЕНИ РАБОТИ И МАНИПУЛАЦИЈА СО МАТЕРИЈАЛИ

1. Сите возила и опрема за земјени работи или манипулација со материјали треба:

(а) да биде со соодветен дизајн и изработка, земајќи ги предвид, колку што е тоа можно, принципите на ергономијата;

(в) да се одржува во добра функционална состојба;

(в) соодветно да се користи;

(г) да ги користат работници што се соодветно обучени, во согласност со националните закони и прописи.

2. На сите градилишта на коишто се користат возила и опрема за земјени работи или манипулирање со материјали:

(а) се обезбедуваат безбедни и соодветни пристапи за нив; и

(б) се организира и контролира сообраќај за да се обезбеди безбедно функционирање.

Член 17

ПОСТРОЈКА, МАШИНИ, ОПРЕМА И РАЧЕН АЛАТ

1. Постројките, машините и опремата, вклучувајќи го и рачниот алат, мануелни и електрични, треба:

(а) да бидат со соодветен дизајн и изработка, земајќи ги предвид, колку што е тоа можно, принципите на ергономијата;

(в) да се одржуваат во добра функционална состојба;

(в) да се користат само за работата за којашто се наменети, освен ако надлежно лице не проценува употреба надвор од првичната намена, по заклучокот дека таквата употреба е безбедна;

(г) да ги користат работници што се соодветно обучени.

2. Каде што е соодветно, производителот или работодавачот обезбедуваат соодветни упатства за употреба, во облик што е разбирлив за корисниците.

3. Постројките и опремата под се проверуваат од страна на надлежно лице во случаите и на интервали пропишани со националните закони или прописи.

Член 18

РАБОТА НА ВИСОЧИНА ВКЛУЧУВАЈЌИ И РАБОТА НА ПОКРИВ

1. Кога тоа е потребно за да се заштитат од опасност или кога височината на конструкцијата или на наклонот ги надминува вредностите пропишани со национални закони или прописи, се преземаат мерки за спречување пад на работниците и алатите или други предмети или материјали.

2. Кога има потреба за работниците да работат на или во близина на покриви или на други места што се прекриени со кршлив материјал, низ кои постои можност да паднат, се преземаат мерки за спречување на ненамерно згазнување или паѓање низ кршливиот материјал.

Член 19

ИСКОПУВАЊА, БУНАРИ, ЗЕМЈЕНИ РАБОТИ, ПОДЗЕМНИ РАБОТИ И ТУНЕЛИ

Во секои ископувања, бунари, земјени работи, подземни работи или тунели се преземаат соодветни мерки на претпазливост:

(а) со соодветни потпирачи или друга заштита од опасности за работниците од пад или лизгање на земја, камења или друг материјал;

(б) заштита од опасности што може да произлезат од пад на лица, материјали или предмети или прилив на вода во ископувања, бунари, земјени работи, подземни работи или тунели;

(в) обезбедување соодветна вентилација на сите работни места за да се одржи соодветна атмосфера за дишење и да се ограничат сите чадови, гасови, пареа, прашина или други нечистотии, на нивоа што не се опасни или штетни по здравјето, во границите утврдени во националните закони или прописи;

(г) да им се овозможи на работниците безбедност во случај на пожар или прилив на вода или материјали;

(д) да се избегнуваат ризици за работниците кои може да произлезат од можни подземни опасности, како што е циркулација на течности или постоење на џебови со гас, преку соодветни истражувања за нивно лоцирање.

Член 20

ПРИВРЕМЕНИ БРАНИ И КЕСОНИ

1. Секоја привремена брана и кесон ќе бидат:

(а) добро изработени и соодветни, од цврст материјал и со соодветна отпорност;

(б) обезбедени соодветни средства на работниците за безбедност во случај на пожар или прилив на вода или материјали;

2. Изградбата, поставувањето, измената или размонтирањето на привремените брани или кесони се врши единствено под надзор на надлежно лице.

3. Привремените брани и кесони ги проверува надлежно лице на пропишани интервали.

Член 21

РАБОТА ВО УСЛОВИ НА КОМПРИМИРАН ВОЗДУХ

1. Работата во услови на компримиран воздух се извршува само во согласност со мерките пропишани со националните закони или прописи.

2. Работата во услови на компримиран воздух ја извршуваат единствено работници што имаат физички способности за таква работа, утврдени при медицински преглед и во присуство на надлежно лице за надзор на работата.

Член 22

СТРУКТУРНИ РАМКИ И ШТИЦИ ЗА ШАЛУВАЊЕ

1. Подигнувањето на структурни рамки и составни делови, штици за шалување, привремени конструкции и потпирачи се извршува единствено под надзор на надлежно лице.

2. Се преземаат соодветни мерки на претпазливост за заштита на работниците од опасности што произлегуваат од привремена слабост или нестабилност на конструкцијата.

3. Штиците за шалување, привремените конструкции и потпирачите се проектираат, поставуваат и одржуваат на начин што ќе пружат безбедна поддршка на сите товари што може да се постават на нив.

Член 23

РАБОТА НАД ВОДНИ ПОВРШИНИ

Во случаите кога работата се извршува над или во близина на вода се преземаат соодветни чекори за:

(а) спречување работниците да паднат во вода;

(б) спасување на работниците што се во опасност од давење;

(в) безбеден и доволен транспорт.

Член 24

РУШЕЊЕ

Кога рушењето на зграда или конструкција може да претставува опасност по работниците или јавноста:

(а) се донесуваат соодветни мерки на претпазливост, методи и процедури, вклучително и за отстранување на отпадот или остатоците, во согласност со националните закони или прописи;

(б) работата се планира и извршува единствено под надзор на надлежно лице.

Член 25

ОСВЕТЛУВАЊЕ

На секое работно место и на секое друго место на градилиштето каде може да поминуваат работниците се обезбедува адекватно и соодветно осветлување, вклучувајќи и подвижно осветлување, каде што е тоа соодветно.

Член 26

ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

1. Целокупната електрична опрема и инсталации ги поставува, инсталира и одржува надлежно лице, и се користи на безбеден начин.

2. Пред отпочнување со поставувањето и во текот на работењето се преземаат соодветни чекори за да се констатира присуство на и заштита од опасности за работниците од неизолиран електричен кабел или апарат што се наоѓа под, над или на градилиштето.

3. Поставувањето и одржувањето на електричните кабли и апарати на градилиштето е во согласност со техничките правила и стандарди што се применуваат на национално ниво.

Член 27

ЕКСПЛОЗИВИ

Експлозивите нема да се складираат, транспортираат, ракуваат или користат, освен:

(а) во услови што се пропишани со национални закони или прописи; и

(б) од страна на надлежно лице, коишто ќе преземат неопходни мерки за да се осигури дека работниците и другите лица не се изложени на ризик од повреда.

Член 28

ОПАСНОСТИ ПО ЗДРАВЈЕТО

1. Во случаите кога работникот може да биде изложен на хемиска, физичка или биолошка опасност до степен што може да биде штетен по здравјето, се преземаат соодветни мерки за спречување на таквото изложување.

2. Превентивните мерки наведени во став 1, пред сè, вклучуваат:

(а) замена на опасните супстанции со безопасни или помалку опасни супстанции кога тоа е можно; или

(б) технички мерки што се применуваат на постројката, машините, опремата или процесот; или

(в) кога не е можно да се употребат мерките што се наведени во потставовите (а) или (б) погоре, други ефективни мерки, вклучувајќи ја употребата на лична заштитна опрема и заштитна облека кои се бесплатни за работниците.

3. Во случаите кога работниците треба да влезат во област каде што има присуство на токсични или штетни супстанции или каде може да има недостаток на кислород или запалива атмосфера, се преземаат соодветни мерки за заштита од опасностите.

4. Отпадот нема да се уништува или на друг начин да се отстранува на градилиштето, на начин што е штетен по здравјето.

Член 29

МЕРКИ НА ПРЕТПАЗЛИВОСТ ЗА ЗАШТИТА ОД ПОЖАР

1. Работодавачот ги презема сите соодветни мерки за:

(а) избегнување на ризикот од пожар;

(б) брза и ефикасна реакција во случај на избивање на пожар;

(в) брза и безбедна евакуација на лицата.

2. За запаливите течни, цврсти и гасовити материјали се обезбедува доволно и соодветно складирање.

Член 30

ЛИЧНА ЗАШТИТНА ОПРЕМА И ЗАШТИТНА ОБЛЕКА

1. Кога не може на друг начин да се обезбеди соодветна заштита од ризици за несреќа или повреда на здравјето, вклучувајќи и изложување на негативни услови, работодавачот обезбедува и одржува соодветна лична заштитна опрема и заштитна облека, зависно од видот на работата и ризиците, без трошоци за работниците, во согласност со националните закони или прописи.

2. Работодавачот им обезбедува на работниците соодветни средства за да им овозможи да користат лична заштитна опрема и треба да се увери дека тие правилно ја користат опремата.

3. Заштитната опрема и заштитната облека се во согласност со стандардите што се утврдени од страна на надлежните органи, водејќи сметка, колку што е тоа можно, за принципите на ергономијата.

4. Работниците треба соодветно да ја користат и да се грижат за личната заштитна опрема и заштитна облека што им е обезбедена.

Член 31

ПРВА ПОМОШ

Работодавачот има одговорност да обезбеди достапност на прва помош, вклучувајќи обучен персонал, во секое време. Треба да се направат уредувања за да се осигури отстранување на работниците што претрпеле несреќа или ненадејна болест заради медицинска нега.

Член 32

УДОБНОСТ

1. На или во разумно растојание од секое градилиште се обезбедува соодветно снабдување со здрава вода за пиење.

2. На или во разумно растојание од секое градилиште се обезбедуваат и одржуваат следните капацитети, во зависност од работниците и времетраењето на работата:

(а) санитарни и капацитети за миење;

(б) простории за преоблекување и за чување, перење и сушење на облеката;

(в) просторија за земање оброци и за заклон при прекин на работата поради лоши временски услови.

3. На работниците и работничките треба да им се обезбедат посебни санитарни простории и простории за миење.

Член 33

ИНФОРМИРАЊЕ И ОБУКА

Работниците се адекватно и соодветно:

(а) известени за потенцијалните опасности по безбедноста и здравјето на коишто може да бидат изложени на работното место;

(б) упатени и обучени за достапните мерки за спречување и контрола на и заштита од тие опасности.

Член 34

ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА НЕСРЕЌИ И ЗАБОЛУВАЊА

Со националните закони или прописи се предвидува известување на надлежните органи за несреќите и заболувањата поврзани со работата, во утврден рок.

IV. СПРОВЕДУВАЊЕ

Член 35

Секоја земја-членка:

(а) ги презема сите неопходни мерки, вклучувајќи и предвидување на соодветни казни и корективни мерки за да се осигури ефективно спроведување на одредбите од Конвенцијата;

(б) обезбедува соодветни инспекциски служби заради надзор на примената на мерките што треба да се преземат во согласност со Конвенцијата и да обезбедува за тие служби неопходни ресурси за исполнување на нивната задача или за да осигури дека се извршени соодветни инспекциски надзори.

ЗАВРШНО

V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 36

Со оваа Конвенција се ревидира Конвенцијата за безбедност (Градежништво) од 1937 година.

Член 37

Формалните ратификации на оваа Конвенција се проследуваат до Генералниот директор на Меѓународната канцеларија на трудот за регистрација.

Член 38

1. Оваа Конвенција е обврзувачка за оние земји-членки на Меѓународната организација на трудот, чиишто ратификации се регистрирани од страна на Генералниот директор.

2. Оваа Конвенција стапува во сила дванаесет месеци по датумот на регистрирање на ратификациите од две земји-членки од страна на Генералниот директор.

3. Следствено, Конвенцијата стапува во сила за сите земји-членки, дванаесет месеци од датумот на регистрирање на нивните ратификации.

Член 39

1. Земјата-членка што ја ратификувала оваа Конвенција може да ја откаже истата по истекот на десет години од датумот кога Конвенцијата за прв пат стапила во сила, преку акт испратен за регистрација до Генералниот директор на Меѓународната канцеларија на трудот. Ова откажување нема да има ефект додека не измине една година од датумот на кој што е регистрирано.

2. Секоја земја-членка што ја ратификувала оваа Конвенција и што во временски период од една година по истекот на периодот од десет години наведен во претходниот став, не го искористи правото за откажување дадено со овој член, ќе биде обврзана за период од следните десет години, а потоа може да ја откаже оваа Конвенција по истекот на секој нов период од десет години согласно со условите предвидени со овој член.

Член 40

1. Генералниот директор на Меѓународната канцеларија на трудот ги известува сите земји-членки на Меѓународната организација на трудот за регистрирањето на ратификациите и актите за откажување доставени од страна земјите-членки на Организацијата.

2. При известувањето на земјите-членки на Организацијата за регистрацијата на втората ратификација, Генералниот директор ги известува земјите-членки на Организацијата за датумот по којшто Конвенцијата ќе влезе во сила.

Член 41

Генералниот директор на Меѓународната канцеларија на трудот ги доставува до Генералниот секретар на Обединетите нации за регистрација, согласно член 102 од Повелбата на Обединетите нации, целосните податоци за сите ратификации и акти на откажувања, регистрирани од него во согласност со одредбите од претходните членови.

Член 42

Управниот орган на Меѓународната канцеларија трудот, кога ќе смета за неопходно, доставува извештај до Генералната конференција за спроведувањето на оваа Конвенција и ја проверува подготвеноста на Конференцијата да го стави прашањето за нејзина целосна или делумна ревизија на својата агенда.

Член 43

1. Доколку Конференцијата донесе нова Конвенција за целосно или делумно ревидирање на оваа Конвенција, освен ако со новата Конвенција не се предвидува поинаку:

а) ратификација на новата ревидирана конвенција од некоја земја-членка ќе значи *ipso jure* откажување на оваа Конвенција, без оглед на одредбите од член 39, ако и кога новата ревидирана конвенција ќе влезе во сила;

б) од датумот кога новата ревидирана конвенција стапува во сила, оваа Конвенција ќе престане да биде отворена за ратификација од земјите-членки.

2. Оваа Конвенција во секој случај останува во сила во нејзината постоечка форма и содржина за оние земји-членки коишто ја ратификувале, а не ја ратификувале ревидираната конвенција.

Член 44

Англиската и француската верзија на текстот на оваа Конвенција се подеднакво веродостојни.

ПРЕПОРАКА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА ВО ГРАДЕЖНИШТВОТО, 1988 ГОДИНА, (БР. 175)

Генералната конференција на Меѓународната организација на трудот,

свикана во Женева од страна на Управниот орган на Меѓународната канцеларија на трудот, на седумдесет и петтата седница, одржана на 1 јуни 1988 година, и

земајќи ги предвид релевантните меѓународни конвенции и препораки за трудот и, особено, Конвенцијата и Препораката за прописите за безбедноста (високоградба), 1937 година, Препораката за соработка за спречување на несреќи (високоградба), 1937 година, Конвенцијата и Препораката за заштита од радијација, 1960 година, Конвенцијата и Препораката за чување на машините, 1963 година, Конвенцијата и Препораката за максималната тежина, 1967 година, Конвенцијата и Препораката за професионално заболување - рак, 1974 година, Конвенцијата и Препораката за работната средина (загадување на воздухот, бучава и вибрации), 1977 година, Конвенцијата и Препораката за безбедност и здравје при работа, 1981 година, Конвенцијата и Препораката за азбест, 1986 година, и списокот на професионалните заболувања со ревизијата во 1980 година што е приложен кон Конвенцијата за надоместоци во случај на несреќи на работа и професионални заболувања, 1964 година, и

одлучувајќи за донесување определени предлози во однос на безбедноста и здравјето во градежништвото, што претставува четврта точка на дневниот ред на седницата, и

утврдувајќи дека овие предлози ќе бидат во форма на Препорака која ја надополнува Конвенцијата за безбедност и здравје при работа во градежништвото,

на дваесетти јуни илјада деветстотини осумдесет и осмата година, ја донесе следнава Препорака, што може да се цитира како Препорака за безбедност и здравје во градежништвото, 1988 година:

I. ПОЛЕ НА ПРИМЕНА И ДЕФИНИЦИИ

1. Одредбите на Конвенцијата за безбедност здравје при работа во градежништвото, 1988 година, во понатамошниот текст наведена како Конвенцијата, и на оваа Препорака се применуваат особено за:

(а) високоградба, нискоградба и монтирање и демонтирање на објекти и структури од готови монтажни елементи, како што е дефинирано во член 2(а) на Конвенцијата;

(б) изработка и монтажа на платформи за вадење нафта и на крајбрежни инсталации додека изградбата се врши на копно.

2. Во смисла на оваа Препорака :

(а) терминот ***градежништво*** опфаќа:

(i) високоградба, вклучувајќи ископување и изградба, структурни промени, реновирање, поправка, одржување (вклучувајќи работи на чистење и бојадисување) и рушење на сите видови згради или објекти;

(ii) нискоградба, вклучувајќи ископување и изградба, структурни промени, поправка, одржување и рушење на објекти како што се аеродроми, докови, пристаништа, внатрешни водени патишта, брани, објекти за преградување на водени текови, крајбрежни насипи или објекти за заштита од лавини, патишта и автопати, железници, мостови, тунели, вијадукти и други објекти што се поврзани со обезбедувањето услуги како што се комуникациите, атмосферската канализација, канализација за отпадни води, водоснабдување и дистрибуција на енергија;

(iii) монтирање и демонтирање на згради и објекти од готови монтажни елементи, како и изработката на готовите монтажни елементи на градилиштето;

(б) терминот ***градилиште*** значи секоја локација на која се вршат процесите или работите што се опишани во горе наведената клаузула (а);

(в) терминот ***работно место*** значи сите места на кои работниците треба да бидат или каде тие треба да одат поради својата работа и кои се под контрола на работодавачот, во смисла на долу наведената клаузула (ѓ);

(г) терминот ***работник*** значи секое лице што е вработено во градежништво;

(д) терминот ***претставници на работниците*** означува лица што се признаени како такви претставници во согласност со националното законодавство или практика;

(ѓ) терминот ***работодавач*** значи:

(i) секое физичко или правно лице што вработува еден или повеќе работници на градилиште; и

(ii) во зависност од контекстот, главниот изведувач, изведувачот или подизведувачот;

(е) терминот ***надлежно лице*** значи лице што поседува соодветни квалификации, како што се соодветното стручно образование и знаење, искуство и вештини за безбедно вршење на специфичната работа. Надлежните власти може да утврдат соодветни критериуми за назначувањето на таквите лица и може да ги утврдат должностите што им се доделуваат;

(ж) терминот ***скеле*** значи секоја привремена градежна конструкција, неподвижна, висечка или подвижна, и нејзините носечки компоненти, што се користи како платформа за работниците и материјалите или овозможува пристап до секоја таква конструкција, и што не претставува „уред за подигнување“ во смисла на дефиницијата во долунаведената клаузула (ж);

(з) терминот ***уред за подигнување*** значи секој неподвижен или подвижен уред за подигнување или спуштање лица или товари;

(ѕ) терминот ***помошна опрема за подигнување*** значи секој уред или опрема со кои товарот може да се прицврсти за уредот за подигнување, но што не претставува составен дел на уредот за подигнување или на товарот.

3. Одредбите на оваа Препорака треба да се применуваат и за самовработените лица што може да бидат утврдени во националните закони или прописи.

II. ОПШТИ ОДРЕДБИ

4. Националните закони или прописи треба да предвидуваат општа обврска на работодавачите и самовработените лица за обезбедување на безбедна и здрава работна средина и за почитување на пропишаните безбедносни и здравствени мерки.

5. (1) Секогаш кога два или повеќе работодавачи вршат работи на едно градилиште, тие треба да имаат обврска да соработуваат меѓусебно, како и со останатите лица што учествуваат во градежните работи што се вршат, вклучувајќи го сопственикот или неговиот претставник, за целите на исполнувањето на пропишаните безбедносни и здравствени мерки.

(2) Крајната одговорност за координацијата на безбедносните и здравствените мерки на градилиштето ја поднесува главниот изведувач или друго такво лице што е примарно одговорно за вршењето на работите.

6. Мерките што треба да се преземат за да се осигури дека постои организирана соработка меѓу работодавачите и работниците за промовирање на безбедноста и здравјето на градилиштата треба да бидат пропишани со националните закони или прописи или од страна на надлежните власти. Таквите мерки треба да вклучуваат: (а) воспоставување на комитети за безбедност и здравје во кои се застапени работодавачите и работниците, со соодветни пропишани овластувања и должности;

(б) избор или назначување на делегати на работниците надлежни за безбедност, со соодветни пропишани овластувања и должности;

(в) назначување од страна на работодавачот на соодветно квалификувани и искусни лица за промовирање на безбедноста и здравјето;

(г) обука на делегатите за безбедност и на членовите на комитетите за безбедност.

7. Лицата што се одговорни за проектирање и планирање на градежниот проект треба да ги земат предвид безбедноста и здравјето на градежните работници во согласност со националните закони, прописи и практики.

8. При проектирањето на градежната опрема, алатките, заштитната опрема и останатата слична опрема треба да се земат предвид принципите на ергономијата.

III. ПРЕВЕНТИВНИ И ЗАШТИТНИ МЕРКИ

9. Градежната работа треба да се планира, подготвува и изведува на таков начин што:

(а) ризиците што може да произлезат на работното место се спречуваат во најскоро можно време;

б) се избегнуваат прекумерно или непотребно напорните работни положби и движења; в) во организацијата на работата се земени предвид безбедноста и здравјето на работниците;

(г) се користат материјали и производи што се соодветни од безбедносна и здравствена гледна точка;

(д) се употребуваат работни методи што ги заштитуваат работниците од штетните влијанија на хемиските, физичките и биолошките средства.

10. Со националните закони или прописи треба да се предвиди известување на надлежните власти за градилиштата, со пропишана големина, времетраење и карактеристики.

11. Работниците треба да имаат право и должност на кое било работно место да учествуваат во осигурувањето на безбедни услови за работа, до онаа мера до која тие имаат контрола врз опремата и методите за работа, и да ги изразуваат своите мислења за усвоените работни постапки во однос на тоа како тие може да влијаат врз нивната безбедност и здравје.

Безбедност на работните места

12. На градилиштата треба да се утврдат и спроведуваат програми и правилници за работа што треба да вклучуваат одредби за:

(а) правилното чување на материјалите и опремата;

(б) отстранувањето на отпадот и градежниот шут во соодветни интервали.

13. Кога работниците не може да се заштитат од паѓање од височина со какви било други средства:

(а) треба да се монтираат и одржуваат соодветни сигурносни мрежи или огради; или

(б) треба да се обезбедат и употребуваат соодветни сигурносни појаси.

14. Работодавачот треба да им обезбеди на работниците соодветни упатства за да им овозможи да користат лична заштитна опрема и треба да се увери дека тие правилно ја користат опремата. Заштитната опрема и заштитната облека треба да бидат во согласност со стандардите што се утврдени од страна на надлежните власти, водејќи сметка, колку што е тоа можно, за принципите на ергономијата.

15. (1) Безбедноста на градежните машини и на опремата треба да се проверува

и испитува по категории на машини или опрема, или поединечно, како што е соодветно, од страна на надлежно лице.

(2) Националните закони и прописи треба да го земат предвид фактот дека професионалните заболувања може да бидат предизвикани од машини, уреди и системи при чие што проектирање не се земени предвид принципите на ергономијата.

Скелиња

16. Секое скеле или дел од него треба да биде изработено од соодветен и цврст материјал и да биде со соодветна големина и цврстина за целите за кои се употребува и треба да се одржува во исправна состојба..

17. Секое скеле треба да биде соодветно дизајнирано, изведено и одржувано за да спречи неговото рушење или случајно поместување во текот на правилната употреба.

18. Работните платформи, мостовите и скалите на скелињата треба да бидат конструирани, димензионирани и заштитени на начин што ќе ги заштити лицата од паѓање или од изложеност на предмети кои паѓаат.

19. Ниедно скеле не смее да се пренатоварува или да се користи неправилно на каков било друг начин.

20. Скелињата не смеат да се поставуваат, дополнително да се изменуваат или да се демонтираат освен од страна или под надзор на надлежно лице.

21. Скелињата, како што е предвидено со националните закони или прописи, треба да се проверуваат, и треба да се води евиденција за резултатите од проверките, од страна на надлежно лице:

(а) пред да се пуштат во употреба;

(б) во редовни временски интервали по пуштањето во употреба;

(в) после секаква измена, по период на неупотреба, по изложеност на невреме, сеизмички потреси или по било какви услови може да влијаат врз нивната цврстина или стабилност.

Уреди и дополнителна опрема за подигнување

22. Националните закони или прописи треба да ги пропишат уредите за подигнување и деловите од дополнителната опрема за подигнување што треба да се проверуваат и испитуваат од страна на надлежно лице:

(а) пред да се пуштат во употреба за првпат;

(б) по нивното инсталирање на градилиштето;

(в) последователно во соодветни временски интервали што се пропишани со таквите национални закони или прописи;

(г) по секоја значителна модификација или поправка.

23. Резултатите од проверките и испитувањата на уредите за подигнување и деловите од дополнителната опрема за подигнување што се вршат во согласност со горе наведениот став 22 треба да се евидентираат, и по потреба, да им се стават на располагање на надлежните власти и на работодавачите и работниците или нивните претставници.

24. Секој уред за подигнување и секоја дополнителна опрема за подигнување што има единствено безбедно максимално работно оптоварување треба да има јасна ознака со своето максимално безбедно работно оптоварување.

25. Секој уред за подигнување што има променливо максимално безбедно работно оптоварување треба да биде опремен со соодветни средства што јасно ќе му го покажат на ракувачот секое максимално безбедно работно оптоварување и условите по кои таквото оптоварување е применливо.

26. Уредите за подигнување или деловите од дополнителната опрема за подигнување не смее да се натоваруваат над своето максимално безбедно работно оптоварување или оптоварувања, освен за целите на тестирање, утврдени од или согласно со упатствата на надлежно лице.

27. Секој уред за подигнување и секој дел од дополнителната опрема за подигнување треба да бидат правилно инсталирани така што, *inter alia*, ќе обезбедат безбедно растојание меѓу сите подвижни делови и неподвижните предмети и ќе ја обезбедат стабилноста на уредот.

28. Кога тоа е потребно заради заштита од опасностите, уредите за подигнување не смее да се употребуваат без да се обезбедат соодветни мерки или уреди за сигнализација.

29. Возачите и операторите на таквите уреди за подигнување, како што е пропишано со националните закони или прописи, треба да бидат;

(а) со пропишаната минимална возраст;

(б) соодветно обучени и квалификувани.

Машини и возила за превоз, земјени работи и манипулација со материјали

30. Возачите и ракувачите со возилата и машините за земјени работи и манипулација со материјали треба да бидат лица што се посебно обучени и тестирани во согласност со барањата од националните закони или прописи.

31. Треба да се обезбеди соодветна сигнализација или други контролни мерки или уреди за заштита од опасностите што ги предизвикува движењето на возилата и машините за земјени работи и за манипулација со материјали. Треба да се преземат посебни мерки на претпазливост за возилата и машините во случај на нивно маневрирање наназад.

32. Треба да се преземат превентивни мерки за да се избегне паѓањето на возилата и машините за земјени работи и за манипулација со материјали во ископот или во вода.

33. Кога е тоа соодветно, машините за земјени работи и за манипулација со материјали треба да бидат опремени со конструкција наменета за заштита на возачот од смачкување во случај на превртување на машината и од предмети што паѓаат.

Ископувања, бунари, подземни работи, тунели и земјени работи

34. Соодветните потпирачи или други видови потпорни конструкции за кој било дел од ископувања, бунари, подземни работи, тунели и земјени работи не смее да се монтираат, изменуваат или демонтираат освен под надзор на надлежно лице.

35. (1) Сите делови од ископувања, бунари, подземни работи, тунели и земјени работи во кои работат лица треба да се проверат од надлежно лице во времињата и случаите што се пропишани со националните закони или прописи и треба да се води евиденција за резултатите од проверките.

(2) Во нив не може да се започне со работа сè додека не биде извршена таквата проверка.

Работа во услови на компримиран воздух

36. Мерките во однос на работата во услови на компримиран воздух што се пропишани согласно со член 21 на Конвенцијата треба да вклучуваат одредби што ги уредуваат условите под кои се врши работата, погоните и опремата што треба да се користи, медицинскиот надзор и контролата врз работниците и времетраењето на работата во услови на компримиран воздух.

37. На лицето смее да му се дозволи да работи во кесон единствено ако кесонот е проверен од страна на надлежно лице во претходниот период што е пропишан со националните закони или прописи; треба да се води евиденција за резултатите од проверките.

Набивање столбови

38. Севкупната опрема за набивање столбови треба да биде со соодветен дизајн и изведба, земајќи ги предвид, колку што е тоа можно, принципите на ергономијата, и треба правилно да се одржува.

39. Набивањето на столбовите треба да се врши единствен под надзор на надлежно лице.

Работа над водни површини

40. Одредбите за работата над водни површини што се пропишани во согласност со член 23 на Конвенцијата треба да вклучуваат, кога е тоа соодветно, обезбедување и употреба на соодветни и адекватни:

(а) огради, сигурносни мрежи и сигурносни појаси;

(б) елеци за спасување, појаси за спасување, чамци со посада (по потреба на моторен погон) и пловки за спасување;

(в) заштита против опасностите од рептили и други животни.

Опасности по здравјето

41. (1) Надлежните власти треба да воспостават информативен систем, користејќи ги резултатите од меѓународните научни истражувања, за обезбедување информации на архитектите, изведувачите, работодавачите и претставниците на работниците за ризиците по здравјето што се поврзуваат со опасните супстанции кои се користат во градежништвото.

(2) Производителите и продавачите на производите што се користат во градежништвото треба со производите, да обезбедат информации за сите ризици по здравјето што се поврзани со нив, и за мерките за претпазливост што треба да се преземат.

(3) При користењето на материјали што содржат опасни супстанции и при отстранувањето и исфрлањето на отпадот, здравјето на работниците и на јавноста и зачувувањето на животната средина треба да бидат заштитени како што е пропишано со националните закони и прописи.

(4) Опасните супстанции треба да бидат јасно означени и да носат етикета на која се дадени нивните соодветни карактеристики и упатствата за нивната употреба. Со нив треба да се ракува во согласност со условите што се пропишани со националните закони или прописи или од страна на надлежните власти.

(5) Надлежните власти треба да утврдат кои опасни супстанции треба да се забранат за употреба во градежништвото.

42. Надлежните власти треба да водат евиденција за следењето на работната средина и проценатa на здравјето на работниците во текот на период што е пропишан со националните закони или прописи.

43. Рачното подигнување на прекумерни товари што носи безбедносни и здравствени ризици за работниците треба да се избегнува преку намалување на тежината, со користење механички уреди или на друг начин.

44. Секогаш кога се воведуваат нови производи, опрема и работни методи, треба да се посвети особено внимание на информирањето и обучувањето на работниците во поглед на нивните здравствени и безбедносни импликации.

Опасни атмосфери

45. Мерките во однос на опасните атмосфери што се пропишани во согласност со член 28, став 3 на Конвенцијата треба да вклучуваат претходно писмено овластување или дозвола од надлежно лице, или каков било друг систем според кој влезот во секој простор во којшто може да постои опасна атмосфера може да се оствари единствено по спроведувањето на утврдените постапки.

Мерки на претпазливост за заштита од пожар

46. Кога тоа е потребно за да се заштитат од опасност, работниците треба да бидат

соодветно обучени за мерките што се преземаат во случај на пожар, вклучувајќи го користењето на средствата за евакуација.

47. Таму каде што тоа е соодветно треба да се обезбедат соодветни визуелни знаци со јасни назнаки за упатствата за евакуација во случај на пожар.

Опасности од зрачење

48. Треба да се изготват и спроведуваат ригорозни безбедносни прописи од страна на надлежните власти во однос на градежните работници што работат на одржување, реновирање, рушење или демонтирање на какви било објекти во кои постои ризикот од изложеност на јонизирачко зрачење, особено во индустријата за производство на нуклеарна енергија.

Прва помош

49. Начинот на кој треба да се обезбедат средствата и персоналот за прва помош во согласност со член 31 на Конвенцијата, треба да се пропише со националните закони или прописи, што се изготвени по консултации со надлежните здравствени власти и најрепрезентативните организации на засегнатите работодавачи и работници.

50. Кога работата вклучува ризици од давење, гушење или електричен удар, персоналот за прва помош треба да има одлични познавања за употребата на вештачкото дишење и останатите техники за реанимација и постапки за спасување.

Удобности

51. Во соодветните случаи, во зависност од бројот на работниците, времетраењето на работата и нејзината локација, треба да се обезбедат соодветни служби за добивање или подготвување храна и пијалаци во или во близината на градилиштето, доколку таквите служби не се достапни на друг начин.

52. Треба да им се обезбеди соодветно сместување на работниците што работат на градилишта, кои се далеку од нивните домови, или во случаите кога не може да се обезбеди соодветен превоз меѓу градилиштето и нивните домови или не се достапни други соодветни капацитети за сместување. На работниците и работничките треба да им се обезбедат посебни санитарни простории и простории за капење и спиење.

IV. ДЕЈСТВО ВРЗ ПРЕТХОДНИТЕ ПРЕПОРАКИ

53. Оваа Препорака ги заменува Препораката за прописите за безбедност(високоградба), 1937 година и Препораката за соработка за спречување на несреќи (високоградба), 1937 година.

КОНВЕНЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ВО РУДНИЦИТЕ, 1995 ГОДИНА, (БР.176)

Генералната конференција на Меѓународната организација на трудот,

свикана во Женева од страна на Управниот орган на Меѓународната канцеларија на трудот, на осумдесет и шестата седница, одржана на 6 јуни 1995 година, и

земајќи ги предвид релевантните меѓународни конвенции и препораки за трудот и особено, Конвенцијата за укинување на принудната работа, 1957 година; Конвенцијата и Препораката за заштита од радијација, 1960 година; Конвенцијата за чување на машините, 1963 година; Конвенцијата за надоместоци за повреда на работното место, 1964 година; Конвенцијата и Препораката за минималната возраст (подземни работи), 1965 година; Конвенцијата за лекарски прегледи за млади лица (подземна работа), 1965 година; Конвенцијата и Препораката за работната средина (загадување на воздухот, бучава и вибрации), 1977 година; Конвенцијата и Препораката за безбедност и здравје при работа , 1981 година; Конвенцијата и Препораката за службите запрофесионално здравје , 1985 година; Конвенцијата и Препораката за азбест, 1986 година; Конвенцијата и Препораката за безбедност и здравје при работа во градежништвото, 1988 година; Конвенцијата и Препораката за хемикалии, 1990 година; и Конвенцијата и Препораката за спречување на големи индустриски несреќи, 1993 година, и

со оглед на тоа што работниците имаат потреба од, и право на, информации, обука и отворени консултации и учество во изготвувањето и спроведувањето на безбедносните и здравствените мерки во врска со опасностите и ризиците со кои тие се соочуваат во рударската индустрија; и

препознавајќи дека е пожелно да се спречат сите смртни случаи, повреди или заболувања што ги погодуваат работниците или поширокатa јавност, или штетите на животната средина што произлегуваат од работата на рудниците, и

земајќи ја предвид потребата за соработка меѓу Меѓународната организација на трудот, Светската здравствена организација, Меѓународната агенција за атомска енергија и останатите релевантни институции и напомнувајќи ги релевантните инструменти, кодекси на практиката, правилници и упатства издадени од овие организации, и

одлучувајќи за донесување на одредени предлози во однос на безбедноста и здравјето во рудниците, што претставува четврта точка на дневниот ред на седницата, и

утврдувајќи дека овие предлози ќе бидат во форма на Меѓународна Конвенција;

на дваесет и втори јуни илјада деветстотини деведесет и петтата година, ја донесе следнава Конвенција, што може да се цитира како Конвенција за безбедност и здравје при работа во рудниците, 1995 година:

ДЕЛ I. ДЕФИНИЦИИ

Член 1

1. Во однос на оваа Конвенција, терминот ***рудник*** опфаќа -

(а) површински или подземни локации на кои се вршат следниве активности, особено:

(i) истражувања на руди, исклучувајќи ги нафтата и гасот, што вклучуваат механичко поместување на земјата;

(ii) вадење руди, исклучувајќи ги нафтата и гасот;

(iii) подготовка, вклучувајќи кршење, мелење, концентрирање или испирање на изваденият материјал; и

(б) целата машинерија, опрема, уреди, погони, згради и градежни структури што се употребуваат во врска со активностите што се наведени во точката (а) погоре.

2. Во смисла на оваа Конвенција, терминот ***работодавач*** значи секое физичко или правно лице што вработува еден или повеќе работници во рудник и, кога тоа се бара зависно од контекстот, операторот, главниот изведувач, изведувачот или подизведувачот.

ДЕЛ II. ПОЛЕ НА ПРИМЕНА И СРЕДСТВА ЗА ПРИМЕНА

Член 2

1. Оваа Конвенција се применува за сите рудници.

2. По консултациите со најрепрезентативните организации на соодветните работодавачи и работници, надлежните власти на членката што ја ратификува оваа Конвенција:

(а) можат да исклучат определени категории рудници од примена на Конвенцијата, или определени одредби од неа, ако севкупната заштита што се обезбедува во тие рудници согласно со националното законодавство и практика не е послаба од заштитата што би произлегла од целосната примена на одредбите на Конвенцијата;

(б) мораат, во случајот на исклучување определени категории рудници во согласност со горе наведената клаузула (а), да изготват планови за постепено покривање на сите рудници.

3. Членката што ја ратификува оваа Конвенција и ја искористува можноста што се дава во ставот 2(а) погоре, ги наведува, во своите извештаи за примената на Конвенцијата што се поднесуваат согласно член 22 на Уставот на Меѓународната организација на трудот, сите конкретни категории рудници што се исклучени на овој начин и причините за исклучувањето.

Член 3

Со оглед на националните услови и практиката и по консултации со најрепрезентативните организации на соодветните работодавачи и работници, членката формулира, спроведува и периодично ревидира кохерентна политика за безбедност и здравје во рудниците, особено во однос на мерките со кои им се дава правно дејство на одредбите на Конвенцијата.

Член 4

1. Мерките со кои се обезбедува примената на Конвенцијата се пропишуваат со националните закони и прописи.

2. По потреба, овие национални закони и прописи се надополнуваат со:

(а) технички стандарди, упатства или кодекси на практиката; или

(б) други средства за примена што се доследни на националната практика,

што ќе ги утврдат надлежните власти.

Член 5

1. Националните закони и прописи во согласност со член 4, став 1, ги определуваат надлежните власти што треба да вршат следење и да ги уредуваат различните аспекти на безбедноста и здравјето во рудниците.

2. Со таквите национални закони и прописи се пропишуваат:

(а) надзорот врз безбедноста и здравјето во рудниците;

(б) вршењето на инспекциски надзори во рудниците од страна на инспектори што се назначени за таа цел од надлежните власти;

(в) постапките за известување и водење истраги за фаталните и сериозните несреќи, опасните настани и катастрофи во рудниците, согласно со дефинициите за нив во националните закони или прописи;

(г) прибирањето и објавувањето на статистичките податоци за несреќите, професионалните заболувања и опасните настани, согласно со дефинициите за нив во националните закони или прописи;

(д) овластувањата на надлежните власти за престанок или забрана на вршење на рударските дејности врз здравствени или безбедносни основи, сè додека не се поправи состојбата што довела до воведувањето на престанокот или забраната; и

(ѓ) воспоставувањето на ефективни постапки за осигурување на остварувањето на правата на работниците и нивните претставници на консултација за прашањата и на учество во мерките што се однесуваат на безбедноста и здравјето на работното место.

3. Таквите национални закони и прописи предвидуваат дека производството, чувањето, превозот и употребата на експлозивите и запалките во рудникот се

вршат од или под непосреден надзор на надлежни и овластени лица.

4. Со таквите национални закони и прописи се пропишуваат:

(а) барањата во врска со спасувањето од рудниците, првата помош и соодветните медицински објекти;

(б) обврска за обезбедување и одржување соодветни респираторни уреди за самоспасување за работниците во подземните рудници за јаглен и, по потреба, во останатите подземни рудници;

(в) заштитни мерки за обезбедување на напуштените објекти на рудниците заради елиминирање или минимизирање на ризиците по безбедноста и здравјето ;

(г) барања за безбедно чување, превоз и одлагање на опасните супстанции што се користат во процесот на експлоатација и на отпадот што се создава во рудникот; и

(д) по потреба, обврска за обезбедување доволно санитарни средства и објекти за миење, преоблекување и јадење, и за нивно одржување во хигиенска состојба.

5. Таквите национални закони и прописи предвидуваат дека работодавачот што е надлежен за рудникот мора да го осигури изготвувањето на соодветни планови за објектот на рудникот пред започнување на работењето и, во случај на какви било значајни модификации, дека таквите планови периодично се ажурираат и се достапни на локацијата на рудникот.

ДЕЛ III. ПРЕВЕНТИВНИ И ЗАШТИТНИ МЕРКИ ВО РУДНИКОТ

А. ОДГОВОРНОСТИ НА РАБОТОДАВАЧИТЕ

Член 6

При преземањето на превентивните и заштитните мерки од овој дел на Конвенцијата, работодавачот врши процена на ризикот и го решава според следниов редослед на приоритети:

(а) елиминација на ризикот;

(б) контролирање на ризикот на изворот;

(в) минимизирање на ризикот со средства што вклучуваат дизајнирање на безбедни работни системи; и

(г) доколку ризикот сè уште е присутен, обезбедување употреба на лична заштитна опрема,

во зависност од тоа што е разумно, практично и изводливо, и во смисла на добрата практика и спроведувањето на совесно работење.

Член 7

Работодавачите ги преземаат сите неопходни мерки за елиминирање или

минимизирање на ризиците за безбедноста и здравјето во рудниците што се под нивна контрола, особено:

(а) се осигуруваат дека рудникот е проектиран, изграден и обезбеден со електрична, механичка и друга опрема, вклучувајќи комуникациски систем, што обезбедува услови за безбедно работење и здрава работна средина;

(б)се осигуруваат дека рудникот се пушта во употреба, дека во него се работи, дека тој се одржува и се затвора на таков начин што работниците може да ги вршат доделените работи без да ја загрозуваат својата безбедност и здравје или безбедноста и здравјето на другите лица;

(в) преземаат мерки за одржување на стабилноста на земјиштето во областите во кои лицата имаат пристап во контекст на својата работа;

(г) секогаш кога е тоа изводливо, обезбедуваат од секое подземно работно место два излеза, при што и двата се поврзани со посебни средства за излегување на површината;

(д) го осигуруваат следењето, проценката и редовното прегледување на работната средина заради идентификување на различните опасности на кои може да бидат изложени работниците и за проценување на нивото на нивната изложеност;

(ѓ) осигуруваат соодветна вентилација за сите подземни објекти до кои е дозволен пристап;

(е) во однос на зоните што се подложни на посебни ризици, изготвуваат и спроведуваат оперативен план и постапки за осигурување безбеден систем за работа и заштита на работниците;

(ж) преземаат редовни мерки и мерки на претпазливост што се соодветни за природата на работата на рудникот за спречување, откривање и борба против избивањето и ширењето на пожари и експлозии; и

(з)се осигуруваат дека, кога постои сериозна опасност за безбедноста и здравјето на работниците, се прекинува работењето и работниците се евакуираат на безбедна локација.

Член 8

Работодавачот изготвува план за реакција во случај на вонредна состојба, посебно за секој рудник, во однос на разумно предвидливите индустриски и природни катастрофи.

Член 9

Кога работниците се изложени на физички, хемиски или биолошки опасности, работодавачот:

(а) ги информира работниците, на разбирлив начин, за опасностите што се поврзани со нивната работа, вклучените ризици по здравјето и соодветните

превентивни и заштитни мерки;

(б) презема соодветни мерки за елиминирање или минимизирање на ризиците што произлегуваат од изложеноста на тие опасности;

(в) кога соодветната заштита против ризикот од несреќи или загрозување на здравјето, вклучувајќи изложување на штетни услови, не може да се осигури на друг начин, обезбедува и одржува, без трошоци за работниците, соодветна заштитна опрема, облека по потреба и други средства што се дефинирани со националните закони или прописи; и

(г) на работниците што претрпеле повреда или заболување на работното место им обезбедува прва помош, соодветен превоз од работното место и пристап до соодветните медицински објекти и средства.

Член 10

Работодавачот се осигурува дека:

(а) на работниците им се обезбедени соодветни програми за обука и преквалификација и разбирливи инструкции, без какви било трошоци за нив, за прашања поврзани со безбедноста и здравјето, како и за доделената работа;

(б) во согласност со националните закони и прописи, се обезбедува соодветен надзор и контрола во секоја смена заради осигурување на безбедното работење на рудникот;

(в) е воспоставен систем според кој во секое време точно се знаат имињата на сите лица што се под земја, како и нивната веројатна локација;

(г) се истражуваат сите несреќи и опасни настани, како што се дефинирани од националните закони или прописи, и дека се преземаат соодветни поправни дејствија; и

(д) се поднесува извештај, како што е утврдено во националните закони и прописи, на надлежните власти за несреќите и опасните настани.

Член 11

Врз основа на општите принципи за професионалното здравје и во согласност со националните закони и прописи, работодавачот обезбедува редовен здравствен надзор врз работниците што се изложени на професионални ризици по здравјето што се специфични за рударството.

Член 12

Секогаш кога два или повеќе работодавачи вршат дејност во еден ист рудник, работодавачот што е надлежен за рудникот го координира спроведувањето на сите мерки во однос на безбедноста и здравјето на работниците и се смета за примарно одговорен за безбедноста на работењето. Ова не ги ослободува

поединечните работодавачи од одговорноста за спроведувањето на сите мерки во однос на безбедноста и здравјето на своите работници.

Б. ПРАВА И ДОЛЖНОСТИ НА РАБОТНИЦИТЕ И НИВНИТЕ ПРЕТСТАВНИЦИ

Член 13

1. Согласно националните закони и прописи што се спомнуваат во член 4, работниците ги имаат следниве права:

(а) да ги пријавуваат несреќите, опасните настани и опасностите на работодавачот и на надлежните власти;

(б) да бараат и да добијат, кога постои причина за загриженост врз безбедносни или здравствени основи, вршење на инспекции и истраги од страна на работодавачот и надлежните власти;

(в) да знаат и да бидат информирани за опасностите на работното место што може да го загрозат нивното здравје или безбедност;

(г) да добиваат информации што се релевантни за нивното здравје или безбедност, што се во посед на работодавачот или надлежните власти;

(д) да се тргнат од која било локација во рудникот кога ќе настапат околности што изгледа дека, разумно оправдано, претставуваат сериозна опасност по нивното здравје или безбедност; и

(ѓ) колективно да ги избираат претставниците што се надлежни за безбедност и здравје.

2. Претставниците за безбедност и здравје од ставот 1(ѓ) погоре, во согласност со националните закони и прописи, ги имаат следниве права:

(а) да ги застапуваат работниците во однос на сите аспекти на безбедноста и здравјето на работното место, вклучително, по потреба, во однос на вршењето на правата од ставот 1 погоре;

(б) да го вршат следново:

(i) учествуваат во инспекциите и истрагите што ги спроведуваат работодавачот и надлежните власти на работното место; и

(ii) следат и истражуваат прашања поврзани со безбедноста и здравјето;

(в) да имаат пристап до советници и независни експерти;

(г) благовремено да се консултираат со работодавачот за прашања поврзани со безбедноста и здравјето, вклучувајќи ги политиките и постапките;

(д) да се консултираат со надлежните власти; и

(ѓ) да примаат, согласно со областа за која биле избрани, известувања за несреќи

и опасни настани.

3. Постапките за остварување на правата што се наведени во ставовите 1 и 2 погоре се утврдуваат:

(а) со националните закони и прописи; и

(б) преку консултации меѓу работодавачите и работниците и нивните претставници.

4. Националните закони и прописи осигуруваат дека правата што се спомнуваат во ставовите 1 и 2 погоре може да се остваруваат без дискриминација или одмазда.

Член 14

Во согласност со националните закони и прописи, работниците имаат должност, во согласност со својата обука:

(а) да ги почитуваат пропишаните безбедносни и здравствени мерки;

(б) да преземаат разумна грижа за сопствената безбедност и здравје и безбедноста и здравјето на другите лица што може да бидат загрозени со нивните постапки или пропусти во работата, вклучувајќи ја соодветната грижа за и употреба на заштитната облека, објектите и опремата што им е ставена на располагање за оваа намена;

(в) веднаш да го известат својот непосредно претпоставен надзорник за секоја ситуација за којашто сметаат дека може да претставува ризик по нивната безбедност или здравје, или по з безбедноста или здравјето на другите лица, а со која не може да се справат соодветни самите; и

(г) да соработуваат со работодавачот за целите на овозможување на почитувањето на должностите и одговорностите што се утврдени за работодавачот во согласност со Конвенцијата.

В. СОРАБОТКА

Член 15

Се преземаат мерки, во согласност со националните закони и прописи, за поттикнување на соработката меѓу работодавачите и работниците и нивните претставници за целите на промовирањето на безбедноста и здравјето во рудниците.

ДЕЛ IV. СПРОВЕДУВАЊЕ

Член 16

Земјата-членка:

(а) ги презема сите неопходни мерки, вклучувајќи го пропишувањето на соодветни казни и корективни мерки, за осигурување на ефективно спроведување на одредбите на Конвенцијата; и

(б) предвидува соодветни инспекциски служби за надзор врз примената на мерките што треба да се преземат во согласност со Конвенцијата и им ги обезбедува на овие служби неопходните ресурси за вршење на нивните задачи.

ДЕЛ V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 17

Формалните ратификации на оваа Конвенција се проследуваат до генералниот директор на Меѓународната канцеларија на трудот за регистрација.

Член 18

1. Оваа Конвенција е обврзувачка само за оние земји-членки на Меѓународната организација на трудот чии ратификации се регистрирани кај Генералниот директор на Меѓународната канцеларија на трудот .

2. Таа влегува во сила дванаесет месеци по датумот на регистрирање на ратификациите на две земји-членки кај Генералниот директор.

3. Потоа, оваа Конвенција влегува во сила во однос на секоја земја-членка, дванаесет месеци по датумот на регистрирање на нејзината ратификација.

Член 19

1. Членката што ја ратификувала оваа Конвенција може да ја откаже истата по истекот на десет години од датумот кога Конвенцијата за прв пат влегла во сила, преку акт испратен за регистрација до Генералниот директор на Меѓународната канцеларија на трудот. Ова откажување нема да има ефект додека не измине една година од датумот на кој што е регистрирано.

2. Секоја земја-членка што ја ратификувала оваа Конвенција и што во временски период од една година по истекот на периодот од десет години наведен во претходниот став, не го искористи правото за откажување дадено со овој член, ќе биде обврзана за период од следните десет години, а потоа може да ја откаже оваа Конвенција по истекот на секој нов период од десет години согласно со условите предвидени со овој член.

Член 20

1. Генералниот директор на Меѓународната канцеларија на трудот ги известува сите земји-членки на Меѓународната организација на трудот за регистрацијата на сите ратификации и откажувања што му се доставени од страна на членките на Организацијата.

2. Кога ги известува земјите-членки на Организацијата за регистрацијата на втора ратификација доставена до него, Генералниот директор мора да им обрне внимание на членките на Организацијата за датумот на кој што Конвенцијата влегува во сила.

Член 21

Генералниот директор на Меѓународната канцеларија на трудот ги доставува до Генералниот секретар на Обединетите нации за регистрација, согласно Членот 102 од Повелбата на Обединетите нации, целосните податоци за сите ратификации и акти на откажување, регистрирани од него согласно одредбите од претходните членови.

Член 22

Кога тоа ќе го смета за потребно, Управниот орган на Меѓународната канцеларија на трудот поднесува извештај до Генералната конференција за примената на оваа Конвенција и ја разгледува потребата за ставање на прашањето на нејзината целосна или делумна ревизија на дневен ред на Конференцијата.

Член 23

1. Ако Конференцијата усвои нова конвенција која во целост или делумно ја ревидира оваа Конвенција, тогаш, освен ако со новата конвенција не се одреди поинаку:

а) ратификација на новата ревидирана конвенција од некоја членка ќе значи *ipso jure* откажување на оваа Конвенција, без оглед на одредбите од член 19, ако и кога новата ревидирана конвенција ќе влезе во сила;

б) од датумот кога новата ревидирана конвенција влегува во сила, оваа Конвенција ќе престане да биде отворена за ратификација од членките.

2. Оваа Конвенција во секој случај останува во сила во нејзината постоечка форма и содржина за оние членки кои што ја ратификувале, а не ја ратификувале ревидираната конвенција.

Член 24

Англиската и француската верзија на текстот на оваа Конвенција се подеднакво веродостојни.

ПРЕПОРАКА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ВО РУДНИЦИТЕ,1995 ГОДИНА, (БР. 183)

Генералната конференција на Меѓународната организација на трудот,

свикана во Женева од страна на Управниот орган на Меѓународната канцеларија на трудот, на осумдесет и шестата седница, одржана на 6 јуни 1995 година, и

земајќи ги предвид релевантните меѓународни конвенции и препораки за трудот и, особено, Конвенцијата за укинување на принудната работа, 1957 година; Конвенцијата и Препораката за заштита од зрачење, 1960 година; Конвенцијата и Препораката за заштита на машините, 1963 година; Конвенцијата за надоместоци за повреда на работното место, 1964 година; Конвенцијата и Препораката за минималната возраст (подземни работи), 1965 година; Конвенцијата за лекарски прегледи за млади лица (подземна работа), 1965 година; Конвенцијата и Препораката за работната средина (загадување на воздухот, бучава и вибрации), 1977 година; Конвенцијата и Препораката за безбедност и здравје при работа, 1981 година; Конвенцијата и Препораката за службите за медицина на трудот, 1985 година; Конвенцијата и Препораката за азбест, 1986 година; Конвенцијата и Препораката за безбедност и здравје во градежништвото, 1988 година; Конвенцијата и Препораката за хемикалии, 1990 година; и Конвенцијата и Препораката за спречување на поголеми индустриски несреќи, 1993 година, и

со оглед на тоа што работниците имаат потреба од, и право на, информации, обука и отворени консултации и учество во изготвувањето и спроведувањето на безбедносните и здравствените мерки во врска со опасностите и ризиците со кои тие се соочуваат во рударската индустрија; и

препознавајќи дека е пожелно да се спречат сите смртни случаи, повреди или заболувања што ги погодуваат работниците или поширокаta јавност или штетите на животната средина што произлегуваат од работата на рудниците, и

земајќи ја предвид потребата за соработка меѓу Меѓународната организација на трудот, Светската здравствена организација, Меѓународната агенција за атомска енергија и останатите релевантни институции и напомнувајќи ги релевантните инструменти, кодекси за работа, правилници и упатства издадени од овие организации, и

одлучувајќи за донесување наодредени предлози во однос на безбедноста и здравјето во рудниците, што претставува четврта точка на дневниот ред на сесијата, и

утврдувајќи дека овие предлози ќе бидат во форма на Препорака за надополнување на Конвенцијата за безбедност и здравје во рудниците;

на дваесет и втори јуни илјада деветстотини деведесет и петтата година, ја донесе

следната Препорака, што може да се цитира како Препорака за безбедност и здравје во рудниците, 1995 година:

I.ОПШТИ ОДРЕДБИ

1. Одредбите на оваа Препорака ги надополнуваат одредбите на Конвенцијата за безбедност и здравје во рудниците, 1995 година (во натамошниот текст наведена како „Конвенцијата“), и треба да се применуваат во врска со нив.

2. Оваа Препорака се применува за сите рудници.

3. (1) Со оглед на националните услови и практика и по консултации со најрепрезентативните организации на засегнатите работодавачи и работници, земјата-членка треба да формулира, спроведува и периодично да ревидира кохерентна политика за безбедност и здравје во рудниците.

(2) Консултациите што се предвидени со член 3 на Конвенцијата треба да вклучуваат консултации со најрепрезентативните организации на работодавачите и работниците за влијанието на должината на работното време, ноќната работа и работата во смени врз безбедноста и здравјето на работниците.По таквите консултации, земјата-членка треба да ги преземе потребните мерки во врска со работното време и, особено, со максималниот број работни часови на ден и минималните периоди на одмор во текот на еден ден.

4. Надлежните органи треба да имаат соодветно квалификуван и обучен персонал со соодветни вештини, и доволна техничка и стручна поддршка, за испитување, истражување, оценување и давање совети за прашањата што се уредени со Конвенцијата и за осигурување на почитувањето на националните закони и прописи.

5. Треба да се преземат мерки за поттикнување и унапредување:

(а) на истражувањето и размената на информации за безбедноста и здравјето во рудниците на национално и меѓународно ниво;

(б) на посебната помош од надлежните органи за малите рудници во поглед на:

(i) обезбедување помош за преносот на техничкото знаење;

(ii) воспоставување превентивни безбедносни и здравствени програми; и

(iii) поттикнување на соработка и консултации меѓу работодавачите и работниците и нивните претставници; и

(в) програми или системи за рехабилитација и реинтеграција на работниците што претрпеле повреди на работното место или заболувања.

6. Барањата што се однесуваат на надзорот врз безбедноста и здравјето во рудниците во согласност со член 5, став 2 на Конвенцијата треба, по потреба, да вклучуваат барања што се однесуваат на:

(а) сертификација и обука;

(б) инспекција на рудникот, рударската опрема и инсталациите;

(в) надзор врз ракувањето, превозот, чувањето и употребата на експлозивите и опасните супстанции што се користат или произведуваат во процесот на експлоатацијата;

(г) вршење на работите на електричната опрема и инсталациите; и

(д) надзор врз работниците.

7. Барањата во согласност со член 5, став 4 на Конвенцијата може да предвидуваат дека добавувачите на опремата, уредите, опасните производи и супстанции за рудникот треба да ја осигурат нивната усогласеност со националните стандарди за безбедност и здравје, јасно означување на производите и обезбедување на сеопфатни информации и упатства.

8. Барањата во врска со спасувањето од рудниците и првата помош во согласност со член 5, став 4(а) на Конвенцијата и за соодветни медицински објекти за итна медицинска помош треба да ги опфаќаат:

(а) организациските аранжмани;

(б) опремата што треба да се обезбеди;

(в) стандардите за обука;

(г) обуката на работниците и учеството во вежби;

(д) соодветниот број на обучени лица што треба да бидат на располагање;

(ѓ) соодветен комуникациски систем;

(е) ефективен систем за предупредување за опасностите;

(ж) обезбедување и одржување на средства за евакуација и спасување;

(з) формирање на спасувачки тим или тимови во рудникот;

(ѕ) периодична медицинска процена на соодветноста, и редовна обука за лицата во спасувачкиот тим или тимови во рудникот;

(и) медицинско згрижување и транспорт за целите на медицинско згрижување, без трошоци за работниците што претрпеле повреда или добиле заболување на работното место;

(ј) координација со локалните власти;

(к) мерки за унапредување на меѓународната соработка во оваа област.

9. Барањата во согласност со член 5, став 4(б) на Конвенцијата треба да ги опфатат спецификациите и стандардите за типовите средства за самоспасување што треба да се обезбедат и, особено, во случајот на рудници што се осетливи на експлозии на гасови и други рудници, по потреба, обезбедување на самостојни апарати за дишење.

10. Националните закони и прописи, треба да пропишат мерки за безбедната употреба и одржување на опремата за далечинско управување.

11. Во националните закони и прописи треба да се наведе дека работодавачот треба да преземе соодветни мерки за заштита на работниците што работат сами или изолирано.

II.ПРЕВЕНТИВНИ И ЗАШТИТНИ МЕРКИ ВО РУДНИКОТ

12. Работодавачите треба да извршат процена на опасностите и анализа на ризиците и потоа да изготват и да спроведат, по потреба, системи за управување со ризикот.

13. За одржување на стабилноста на земјиштето, во согласност со член 7(в) на Конвенцијата, работодавачот треба да ги преземе сите соодветни мерки за:

(а) следење и контрола на движењето на слоевите;

(б) по потреба, обезбедување ефективни потпирачи за плафонот, страниците и подот на рудниците, со исклучок на оние области во кои избраните методи за експлоатација допуштаат контролирано рушење на тлото;

(в) следење и контрола на страниците на површинските копови за спречување на паѓање или лизгање на материјалот во окното и загрозување на работниците; и

(г) осигурување дека преградите, лагуните, ракавците и останатите слични прегради се соодветно дизајнирани, конструирани и контролирани за спречување на опасноста од лизгање на материјалот или рушење.

14. Во согласност со член 7(г) на Конвенцијата, одвоените средства за излегување треба да бидат колку што е можно повеќе меѓусебно независни; треба да се создадат услови и да се обезбеди опрема за безбедна евакуација на работниците во случај на опасност.

15. Во согласност со член 7(ѓ) на Конвенцијата, сите подземни копови во кои имаат пристап работниците, и останатите области по потреба, треба да се проветруваат на соодветен начин за одржување на атмосферата:

(а) во која ризикот од експлозии е елиминиран или сведен на минимум;

(б) во која условите за работа се адекватни, со оглед на работниот метод што се употребува и физичките барања на работниците; и

(в) што е во согласност со националните стандарди за прашина, гасови, радијација и климатските услови; ако не постојат национални стандарди, работодавачот треба ги земе предвид меѓународните стандарди.

16. Посебните опасности што се наведени во член 7(е) на Конвенцијата со кој се бара оперативен план и постапки може да вклучуваат:

(а) пожари и експлозии во рудниците;

(б) експлозии на гасови;

(в) експлозии на карпи;

(г) прилив на вода или полутечни материи;

(д) одрони;

(ѓ) подложност на теренот на сеизмички движења;

(е) опасности поврзани со работата што се врши во близина на опасни отвори или под особено тешки геолошки услови;

(ж) губење на вентилацијата.

17. Мерките што работодавачите може да ги преземат во согласност со член 7(ж) на Конвенцијата треба да вклучуваат, кога е тоа применливо, забрана за внесување под земја какви било предмети или супстанции што може да доведат до пожар, експлозија или опасни појави.

18. Во согласност со член 7(з) на Конвенцијата, објектите на рудникот треба да вклучуваат, по потреба, доволно огноотпорни простории со самостојно снабдување воздух во кои работниците може да се засолнат во случај на опасност. Просториите со самостојно снабдување со воздух треба да бидат лесно воочливи и достапни, особено во услови на намалена видливост.

19. Планот за реакција во случај на вонредна состојба што се спомнува во член 8 на Конвенцијата може да вклучува:

(а) ефективни планови во случај на непосредна опасност;

(б) одредба за прекинување на работата и евакуација на работниците во случај на опасност;

(в) соодветна обука за постапките во случај на опасност и за користење на опремата;

(г) соодветна заштита на јавноста и средината;

(д) обезбедување информации на, и консултации со, соодветните тела и организации.

20. Опасностите што се наведени во член 9 на Конвенцијата може да вклучуваат:

(а) прашина во воздухот;

(б) запаливи, токсични, штетни и други гасови во рудникот;

(в) испарувања и опасни супстанции;

(г) издувни гасови од дизел мотори;

(ѓ) недостаток на кислород;

(е) радијација од слоевите на карпите, опремата или други извори;

(ж) бучава и вибрации;

(з) екстремни температури;

(ѕ) високи нивоа на влажност;

(и) недоволно осветлување или вентилација;

(ј) опасности што се поврзани со работа што се врши на големи височини или длабочини или во тесни простори;

(к) опасности што се поврзани со рачното ракување;

(л) опасности што се поврзани со механичката опрема и електричните инсталации;

(љ) опасности што резултираат од комбинација на кои било од горе наведените.

21. Мерките што се наведени во член 9 на Конвенцијата може да вклучуваат:

(а) технички и организациски мерки што се применуваат за соодветните рударски активности, или за погоните, машините, опремата, уредите или конструкциите;

(б) кога не е можно да се употребат мерките што се наведени под (а) погоре, други ефективни мерки, вклучувајќи ја употребата на лична заштитна опрема и заштитна облека кои се бесплатни за работниците.

(в) кога се утврдени опасности и ризици за репродуктивното здравје, обука и посебни технички или организациски мерки, вклучувајќи го правото на алтернативно работно место, по потреба, без какво било намалување на платата, особено во текот на здравствено ризичните периоди како што се бременоста и доењето;

(г) редовно следење и проверка на областите во кои постојат или може да постојат опасности.

22. Видовите на заштитната опрема и уредите што се наведени во член 9(в) на Конвенцијата може да вклучуваат:

(а) конструкции за заштита од превртување и предмети што паѓаат;

(б) сигурносни ремени и појаси на опремата;

(в) целосно затворени кабини под притисок;

(г) простории за спасување со самостојно снабдување со воздух;

(д) станици за миење на очите и тушеви за итни случаи.

23. При спроведувањето на член 10(б) на Конвенцијата, работодавачите треба:

(а) да осигурат соодветна проверка на секое работно место во рудникот, и особено на атмосферата, условите на земјиштето, машините, опремата и уредите во нив, вклучувајќи, по потреба, проверки пред започнувањето на смената;

(б) да водат писмена евиденција за проверките, недостатоците и поправните мерки и да се погрижат таквата евиденција да биде достапна во рудникот.

24. Кога тоа е соодветно, здравствениот надзор што е наведен во член 11 на

Конвенцијата треба, без какви било трошоци за работникот и без каква било дискриминација или одмазда:

(а) да обезбеди можност за вршење лекарски преглед во однос на барањата на задачите што треба да се извршат, пред или веднаш по вработувањето и понатаму, врз постојана основа; и

(б) да предвиди, кога е тоа можно, реинтеграција или рехабилитација за работниците што не можат да ги вршат своите редовни работни задачи поради повреда на работното место или професионално заболување.

25. Во согласност со член 5, став 4(д) на Конвенцијата, работодавачите треба, кога е тоа соодветно, да обезбедат и да одржуваат, без трошоци за вработените:

(а) доволно и соодветни тоалети, тушеви, мијалници и простории за преоблекувањекои , по потреба, се одвоени за мажите и за жените;

(б) соодветни простории за чување, перење и сушење на облеката;

(в) соодветни резерви од вода за пиење на соодветни места; и

(г) соодветни и хигиенски простории за јадење.

III.ПРАВА И ДОЛЖНОСТИ НА РАБОТНИЦИТЕ И НИВНИТЕ ПРЕТСТАВНИЦИ

26. Во согласност со член 13 на Конвенцијата, работниците и нивните претставници за безбедност и здравје треба да добиваат или имаат пристап до, кога е тоа соодветно, информации што треба да вклучуваат:

(а) кога тоа е изводливо, известување за секоја посета на надлежните органи во врска со прашањата на безбедноста и здравјето;

(б) извештаи за инспекциските надзори што биле спроведени од надлежните органи или од работодавачот, вклучувајќи ги инспекциските надзори на машините или опремата;

(в) копии од налозите или упатствата што ги издале надлежните органи во врска со прашањата на безбедноста и здравјето;

(г) извештаи за несреќи, повреди, заболувања и други појави кои влијаат врз безбедноста и здравјето, што се изготвени од страна на надлежните органи или работодавачот;

(д) информации и известувања за сите опасности на работа, вклучувајќи ги опасните, токсичните или штетните материи, агенси или супстанции што се користат во рудникот;

(ѓ) останатата документација што се однесува на безбедноста и здравјето што работодавачот е обврзан да ја чува;

(е) итно известување за несреќи и опасни појави; и

(ж) сите здравствени истражувања што се спроведени во однос на опасностите што се присутни на работното место.

27. Одредбите што треба да се донесат во согласност со член 13, став 1(д) на Конвенцијата треба да вклучуваат барања за:

(а) известување на надзорниците и претставниците што се надлежни за безбедност и здравје,за опасностите коишто се наведени во таа одредба;

(б) учество на повисоките претставници на работодавачот и претставниците на работниците во напорите за решавање на проблемот;

(в) учество, кога е тоа неопходно, на претставник на надлежните органи што ќе помогне во решавањето на проблемот;

(г) исклучување на скратување на платата на работникот и, по потреба, негово распоредување на соодветна алтернативна работа;

(д) известување, што му се дава на секој работник од кој се бара да врши работи во соодветната област, за фактот што некој друг работник одбил да работи таму и причините за таквото одбивање.

28. Во согласност со член 13, став 2 на Конвенцијата, правата на претставниците што се надлежни за безбедност и здравје треба да го вклучуваат, кога е тоа соодветно, правото:

(а) на соодветна обука во текот на работното време, без намалување на платата, за нивните права и функции во својство на претставници за безбедност и здравје, обука за прашања поврзани со безбедноста и здравјето;

(б) на пристап до соодветните средства што им се неопходни за вршење на функцијата;

(в) на добивање на својата редовна плата за целото време што го потрошиле на користење на своите права и вршење на своите функции во својство на претставници за безбедност и здравје; и

(г) да им помагаат и да ги советуваат работниците што го напуштиле своето работно место бидејќи сметале дека биле загрозени нивното здравје или безбедност.

29. Претставниците за безбедност и здравјетреба, кога е тоа соодветно, да му дадат соодветно известување на работодавачот за своите намери да ги следат или испитуваат прашањата во врска со безбедноста и здравјето, како што е предвидено со член 13, став 2(б)(ii) на Конвенцијата.

30. (1) Сите лица треба да имаат обврска:

(а) да се воздржуваат од произволно исклучување, менување или отстранување на безбедносните уреди што се вградени во машините, опремата, уредите, алатките, погоните и зградите; и

(б) за правилна употреба на таквите безбедносни уреди.

(2) Работодавачите треба да бидат обврзани да им обезбедуваат соодветна обука и упатства на работниците со цел да им овозможат да ги почитуваат обврските што се опишани во горе наведениот потстав (1).

IV.СОРАБОТКА

31. Мерките за поттикнување на соработката што се предвидуваат со член 15 на Конвенцијата треба да вклучуваат:

(а) воспоставување на механизми за соработка како што се комитетите за безбедност и здравје, со еднаква застапеност на работодавачите и работниците, и со овластувања и функции што може да се пропишат, вклучувајќи овластувања за спроведување заеднички инспекциски надзори;

(б) назначување од страна на работодавачот на соодветно квалификувани и искусни лица за промовирање на безбедноста и здравјето;

(в) обука на работниците и нивните претставници за безбедност и здравје;

(г) организирање на постојани програми за кревање на свеста на работниците за безбедноста и здравјето;

(д) постојана размена на информации и искуства за безбедноста и здравјето во рудниците;

(ѓ) консултации со работниците и нивните претставници од страна на работодавачот при утврдувањето на политиките и постапките за безбедност и здравје; и

(е) вклучување, од страна на работодавачот, на претставниците на работниците во истрагите за несреќите и опасните појави, како што е предвидено со член 10(г) на Конвенцијата.

V.ДРУГИ ОДРЕДБИ

32. Треба да се исклучат сите облици на дискриминација и репресија против кој било работник што ги врши правата што се предвидени со националните закони и прописи или се договорени од страна на работодавачите, работниците и нивните претставници.

33. Треба да се посвети должно внимание на можните влијанија на работењето на рудникот врз непосредната животна средина и врз јавната безбедност.Конкретно, ова треба да вклучува контрола на тонењето на земјиштето, вибрациите, прскањето и разлетувањето на карпите, штетните материи во водата, воздухот или почвата, безбедното и ефективното управување со отпадните материјали и рехабилитација на рударските копови.

КОНВЕНЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО, 2001 ГОДИНА, (БР. 184)

Генералната конференција на Меѓународната организација на трудот,

свикана во Женева од страна на Управниот орган на Меѓународната канцеларија на трудот, на осумдесет и деветтата седница, одржана на 5 јуни 2001 година, и

земајќи ги предвид принципите вклучени во релевантните меѓународни конвенции и препораки за трудот, особено Конвенцијата и Препораката за плантажи, 1958 г., Конвенцијата и Препораката за надомест за повреди при вработување, 1964 г., Конвенцијата и Препораката за инспекција на трудот (Земјоделство), 1969 г., Конвенцијата и Препораката за безбедност и здравје при работа, 1981 г., Конвенцијата и Препораката за служби за медицина на трудот, 1985 г., и Конвенцијата и Препораката за хемикалии, 1990 г., и

нагласувајќи ја потребата за кохерентен пристап кон земјоделството и земајќи ја предвид поширокатa рамка на принципи содржани во други инструменти на МОТ применливи во овој сектор, а особено Конвенцијата за право на здружување и заштита на правото за организирање, 1948 г., Конвенцијата за право на организирање и колективно договарање, 1949 г., Конвенцијата за минимална возраст, 1973 г., и Конвенцијата за најлоши форми на детски труд, 1999 г., и

земајќи ја предвид Трипартитната декларација на принципи кои се однесуваат на мултинационални претпријатија и социјална политика како и релевантните кодекси за работа, особено кодексот за работа при евидентирање и известување за професионалните несреќи и заболувања, 1996 г., и кодексот за работа за безбедност и здравје во шумарски работи, 1998 г., и

одлучувајќи за донесување одредени предлози во однос на безбедноста и здравјето во земјоделството, што претставува четврта точка на дневниот ред на сесијата, и

утврдувајќи дека овие предлози ќе бидат во форма на меѓународна Конвенција;

на дваесет и први јуни две илјади и прва година, ја донесе следната Конвенција, што може да се цитира како Конвенција за безбедност и здравје во земјоделството, 2001 година.

I. ПОЛЕ НА ПРИМЕНА

Член 1

За целите на оваа Конвенција поимот ***земјоделство*** опфаќа земјоделски и шумарски активности спроведени во земјоделски претпријатија, вклучувајќи производство на култури, дејности во шумарството, сточарството и одгледување на инсекти, примарна обработка на земјоделски и производи од животинско потекло од страна

на или во име на раководителот на претпријатието како и користење и одржување на машини, опрема, апарати, алати и земјоделски инсталации, вклучувајќи го и секој процес, складирање, операција или транспорт во земјоделско претпријатие, кое е директно поврзано со земјоделското производство.

Член 2

За целите на оваа Конвенција поимот ***земјоделство*** не опфаќа:

(а) земјоделство за сопствени потреби;

(б) индустриски процеси кои користат земјоделски производи како суровина и слични услуги, како и

(в) индустриска експлоатација на шумите.

Член 3

1. Надлежниот орган на земјата-членка која ја ратификува Конвенцијата, по консултации со репрезентативните организации на односните работодавачи и работници:

(а) може да исклучи одредени земјоделски претпријатија или одредени категории на работниците од примената на оваа Конвенција или одредени одредби од истата, кога може да произлезат посебни проблеми од значителна природа,и

(б) во случај на такви исклучоци, да направи планови за постепено да се покријат сите претпријатија и категории на работници.

2. Секоја земја-членка во својот прв извештај за примената на Конвенцијата во согласност со член 22 од Основачкиот акт на Меѓународната организација на трудот, ги наведува категориите на исклучоците кои ги има направено во согласност со став 1 (а) од овој член, како и причините за таквите исклучоци. Во своите идни извештаи, Членките ќе ги опишуваат мерките преземени со цел постепено проширување на одредбите на Конвенцијата за засегнатите работници.

II. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 4

1. Според националните услови и практика, и по консултација со репрезентативните организации на засегнатите работодавачи и работници, земјите-членки формулираат, спроведуваат и периодично ревидираат кохерентна национална политика за безбедност и здравје во земјоделството. Оваа политика има за цел спречување на несреќи и повреди на здравјето кои произлегуваат од и се поврзани со работата, или се случуваат во текот на работата, преку елиминирање, минимизирање или контролирање на опасностите во земјоделската работна средина.

2. За оваа цел, со националните закони и прописи:

(а) се назначува надлежен орган одговорен за спроведување на политиката и за спроведување на националните закони и прописи за безбедност и здравје во земјоделството;

(б) се утврдуваат правата и обврските на работодавачите и работниците во поглед на безбедноста и здравјето во земјоделството и (в) утврдуваат механизми на меѓусекторска координација помеѓу надлежните органи и тела за земјоделскиот сектор и ги дефинираат нивните функции и одговорности, земајќи ја предвид нивната комплементарност и националните услови и практики.

3. Назначениот надлежен орган ги обезбедува сите корективни мерки и соодветни казни во согласност со националните закони и прописи, вклучувајќи, каде што е соодветно, исклучување или ограничување на оние земјоделски активности кои претставуваат непосреден ризик за безбедноста и здравјето на работниците, додека не се корегираат условите кои довеле до исклучување или ограничување.

Член 5

1. Земјите-членки се осигуруваат дека постои адекватен и соодветен систем на инспекција за работни места во земјоделството и истиот е обезбеден со соодветни средства.

2. Во согласност со националното законодавство, надлежниот орган може да довери определени инспекциски функции на регионално или на локално ниво, врз база на помош, на соодветни владини служби, јавни институции или приватни институции под контрола на владата или може да ги поврзе овие служби или институции со остварување на ваквите функции.

III. ПРЕВЕНТИВНИ И ЗАШТИТНИ МЕРКИ

ОПШТО

Член 6

1. Во согласност со националните закони и прописи, работодавачот има обврска да обезбеди безбедност и здравје на работниците во секој аспект поврзан со работата.

2. Националните закони и прописи или надлежниот орган обезбедуваат соработка во однос на исполнување на барањата за безбедноста и здравјето, секогаш кога на работно место во земјоделството два или повеќе работодавачи ги преземаат активностите или кога еден или повеќе работодавачи, и едно или повеќе самовработени лица ги преземаат активностите. Каде што е соодветно, надлежниот орган пропишува општи постапки за оваа соработка.

Член 7

Со цел усогласување со националната политика наведена во член 4 од Конвенцијата, националните закони и прописи или надлежниот орган, утврдуваат, земајќи ги предвид големината на претпријатието, како и природата на неговата дејност, дека работодавачот е должен:

(а) да врши соодветни процени на ризикот во однос на безбедноста и здравјето на работниците и, врз основа на овие резултати, да се усвојат превентивни и заштитни мерки за да се осигури дека под сите услови на нивната намена, сите земјоделски активности, работни места, машини, опрема, хемикалии, алатки и процеси под контрола на работодавачот се безбедни и во согласност со пропишаните безбедносни и здравствени стандарди;

(б) да обезбеди адекватна и соодветна обука и разбирливи инструкции за безбедноста и здравјето и сите потребни упатства или надзори за работниците во земјоделството, вклучувајќи и информации за опасностите и ризиците поврзани со нивната работа и активностите кои треба да се преземат за нивна заштита, земајќи ги предвид нивното ниво на образование и различните јазици, и

(в) да преземе итни чекори за да се спречи секое работење, таму каде што постои непосредна и сериозна опасност за безбедноста и здравјето и да ги евакуираат работниците, како што е соодветно.

Член 8

1. Работници во земјоделството имаат право:

(а) да бидат информирани и консултирани по прашања за безбедноста и здравјето вклучувајќи ги и ризиците од нови технологии;

(б) да учествуваат во спроведувањето и ревидирањето на мерките на безбедност и здравје и, во согласност со националниот закон и практика, да изберат претставници за безбедноста и здравјето и претставници во комитети во областа на безбедноста и здравјето; и

(в) да се повлечат од опасност што произлегува од нивната работна активност, а за која тие имаат разумно оправдување да веруваат дека претставуваат непосредна и сериозна опасност по нивната безбедност и здравје и да ги информираат веднаш своите претпоставени. Тие нема да бидат ставени во неповолна положба, како резултат на овие активности.

2. Работници во земјоделството и нивните претставници имаат должност да ги почитуваат пропишаните мерки за безбедност и здравје и да соработуваат со работодавачите, со цел второто да се усогласи со нивните обврски и одговорности.

3. Постапките за остварување на правата и обврските наведени во ставовите 1 и 2 се утврдуваат со националните закони и прописи, од страна на надлежниот орган,

со колективните договори или други соодветни средства.

4. Кога одредбите од оваа Конвенција се применуваат како што е предвидено со став 3, се врши претходна консултација со претставниците на организациите на засегнатите работодавачи и работници.

БЕЗБЕДНОСТ ВО ОДНОС НА МАШИНИТЕ И ЕРГОНОМИЈА

Член 9

1. Националните закони и прописи или надлежниот орган пропишуваат дека машините, опремата, вклучувајќи ја и опремата за лична заштита, апаратите и рачните алатки кои се користат во земјоделството треба да се во согласност со националните или други признаени стандарди на безбедноста и здравјето и дека истите ќе бидат соодветно инсталирани, одржувани и заштитени.

2. Надлежниот орган презема мерки со кои се осигурува дека производителите, увозниците и снабдувачите ги почитуваат стандардите наведени во став 1 и дека обезбедуваат адекватни и соодветни информации, вклучувајќи знаци за предупредување од опасности, на службениот јазик или на јазикот на земјата-членка, за корисниците и , на барање, за надлежниот орган.

3. Работодавачите се осигуруваат дека работниците добиваат информации за нивната безбедност и здравје и истите ги разбираат, а се доставени од страна на производителите, увозниците и снабдувачите.

Член 10

Националните закони и прописи пропишуваат дека земјоделските машини и опрема:

(а) се користат само за работата за кои истите се направени, освен ако користењето на машината за работи поинакви од првичниот дизајн е оценето како безбедно во согласност со националниот закон и практика, исто така машините не треба да се користат за пренос на лица, освен ако се наменети или прилагодени за истото, и

(б) се управувани од страна на обучени и компетентни лица, во согласност со националниот закон и практика.

УПРАВУВАЊЕ И ТРАНСПОРТ НА МАТЕРИЈАЛИ

Член 11

1. Надлежниот орган, по консултациите со репрезентативните организации на работодавачи и работници, воспоставува барања за безбедност и здравје за управување и транспорт на материјали, особено за мануелно управување. Таквите барања се темелат на проценатa на ризикот, техничките стандарди и медицинско мислење, земајќи ги предвид сите релевантни услови под кои се извршува работата во согласност со националното законодавство и практика.

2. Од работниците нема да се бара и нема да им е дозволено да се вклучат во рачно управување или транспорт на товар кој поради својата тежина или природа може да ја загрози нивната безбедност или здравје.

БЕЗБЕДНО УПРАВУВАЊЕ СО ХЕМИКАЛИИ

Член 12

Надлежниот орган презема мерки, во согласност со националното право и практика, за да се осигури дека:

(а) постои соодветен национален систем или било кој друг систем одобрен од надлежниот орган за воспоставување на специфични критериуми за увоз, класификација, пакување и етикетирање на хемикалии кои се користат во земјоделството, како и за нивната забрана или ограничување;

(б) оние кои произведуваат, увезуваат, обезбедуваат, продаваат, пренесуваат, складираат или отстрануваат хемикалии кои се користат во земјоделството се сообразни со националните или другите признаени стандарди во однос на безбедноста и здравјето, исто така и дека адекватни и соодветни информации се испратени до корисниците на соодветниот службен јазик или на јазикот на земјата-членка и, на барање, до надлежниот орган, и

(в) постои соодветен систем за безбедно собирање, рециклирање и отстранување на хемиски отпад, застарени хемикалии и празни контејнери за хемикалии за да се избегне нивната употреба за други цели и да се елиминираат или минимизираат ризиците по безбедноста и здравјето и животната средина.

Член 13

1. Националните закони и прописи или надлежниот орган обезбедуваат постоење на превентивни и заштитни мерки за употреба на хемикалии и ракување со хемиски отпад на ниво на претпријатие.

2. Овие мерки, меѓу другото, опфаќаат:

(а) подготовка, ракување, примена, чување и транспорт на хемикалии;

(б) земјоделски активности кои водат до дисперзија на хемикалии;

(в) одржување, поправка и чистење на опремата и контејнерите за хемикалии; и

(г) отстранување на празни контејнери и третман и отстранување на хемискиот отпад и застарените хемикалии.

УПОТРЕБА НА ЖИВОТНИ И ЗАШТИТА ОД БИОЛОШКИ РИЗИЦИ

Член 14

Националните закони и прописи осигуруваат спречување на ризиците како што се оние на инфекција, алергија или труење или сведување на истите на минимум кога

се употребуваат биолошки агенси, како и активности кои вклучуваат животни, добиток и области каде се чуваат животните, во согласност со национални или други признаени здравствени и безбедносни стандарди .

ИНСТАЛАЦИИ ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО

Член 15

Изградбата, одржувањето и поправката на инсталации во земјоделството се во согласност со националните закони, прописи и барања за безбедноста и здравјето.

IV. ДРУГИ ОДРЕДБИ
МЛАДИ РАБОТНИЦИ И ОПАСНИ РАБОТИ

Член 16

1. Минималната возраст за почеток со работа во земјоделството, која со својата природа или околностите во кои се извршува е веројатно да наштети на безбедноста и здравјето на младите лица не треба да е помала од 18 години.

2. Видовите на вработувања или работа за кои се применува став 1, се одредуваат со националните закони и прописи или од страна на надлежниот орган, по консултациите со репрезентативните организации на засегнати работодавачи и работници.

3. Покрај став 1, националните закони или регулативи, или надлежниот орган, по консултација со репрезентативните организации на засегнати работодавачи и работници, може да одобрат вршење на работата од тој став, почнувајќи од 16 годишна возраст, под услов да е дадена соодветна обука и безбедноста и здравјето на младите работници да се целосно заштитени.

ПРИВРЕМЕНИ И СЕЗОНСКИ РАБОТНИЦИ

Член 17

Се преземаат мерки, за да се обезбедии примена на истите мерки за безбедност и здравје при работа за привремените и сезонските работници како и за постојаните работници во земјоделството.

ЖЕНИ - РАБОТНИЧКИ

Член 18

Се преземаат мерки за да се обезбеди земање во предвид на специфичните потреби на жените работнички во земјоделството, во однос на бременост, доење и репродуктивно здравје.

ПОГОДНОСТИ И ОБЈЕКТИ ЗА СМЕСТУВАЊЕ

Член 19

По консултации со репрезентативните организации на засегнати работодавачи и работници, националните закони и прописи или надлежниот орган пропишуваат:

(а) обезбедување на соодветни погодности кои се бесплатни за работникот; и

(б) минимални стандарди за сместување на работниците за кои е потребно според видот на работата да живеат привремено или трајно во претпријатието.

ДОГОВАРАЊЕ НА РАБОТНОТО ВРЕМЕ

Член 20

Работното време, ноќната работа и периодите за одмор за работниците во земјоделството ќе бидат во согласност со националните закони и прописи или со колективни договори.

ПОКРИЕНОСТ ВО СЛУЧАЈ НА ПРОФЕСИОНАЛНИ ПОВРЕДИ И ЗАБОЛУВАЊА

Член 21

1. Во согласност со националното законодавство и практика, работниците во земјоделството се покриени со осигурување или со мрежата за социјална заштита против фатални и нефатални професионални повреди и заболувања, како и против инвалидитет и други здравствени ризици поврзани со работата, обезбедувајќи покриеност барем еднаква на онаа која ја уживаат работниците во другите сектори.

2. Таквите мрежи може да бидат дел од националната мрежа или да заземат други соодветни форми во согласност со националното право и практика.

ЗАВРШНО

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 22

Формалните ратификации на оваа Конвенција се проследуваат до Генералниот директор на Меѓународната канцеларија на трудот за регистрација.

Член 23

1. Оваа Конвенција е обврзувачка за оние земји-членки на Меѓународната организација на трудот, чиишто ратификации се регистрирани од страна на Генералниот директор.

2. Оваа Конвенција влегува во сила 12 месеци по датумот на регистрирање на

ратификациите од две земји-членки од страна на Генералниот директор.

3. Следствено, Конвенцијата влегува во сила за сите земји-членки, 12 месеци од датумот на регистрирање на нивните ратификации.

Член 24

1. Земјата-членка што ја ратификувала оваа Конвенција може да ја откаже истата по истекот на десет години од датумот кога Конвенцијата за прв пат влегла во сила, преку акт испратен за регистрација до Генералниот директор на Меѓународната канцеларија на трудот. Ова откажување нема да има ефект додека не измине една година од датумот на којшто е регистрирано.

2. Секоја земја-членка што ја ратификувала оваа Конвенција и што во временски период од една година по истекот на периодот од десет години наведен во претходниот став, не го искористи правото за откажување дадено со овој член, ќе биде обврзана за период од следните десет години, а потоа може да ја откаже оваа Конвенција по истекот на секој нов период од десет години согласно со условите предвидени со овој член.

Член 25

1. Генералниот директор на Меѓународната канцеларија на трудот ги известува сите земји-членки на Меѓународната организација на трудот за регистрирањето на ратификациите и актите за откажување доставени од страна на земјите-членки на Организацијата.

2. При известувањето на земјите-членки на Организацијата за регистрацијата на втората ратификација, Генералниот директор ги известува земјите-членки на Организацијата за датумот по којшто Конвенцијата ќе влезе во сила.

Член 26

Генералниот директор на Меѓународната канцеларија на трудот ги доставува до Генералниот секретар на Обединетите нации за регистрација, согласно член 102 од Повелбата на Обединетите нации, целосните податоци за сите ратификации и акти на откажувања, регистрирани од него во согласност со одредбите од претходните членови.

Член 27

Управниот орган на Меѓународната канцеларија трудот, кога ќе смета дека е неопходно, доставува извештај до Генералната конференција за спроведувањето на оваа Конвенција и ја проверува подготвеноста на Конференцијата да го стави прашањето за нејзина целосна или делумна ревизија на својата агенда.

Член 28

1. Доколку Конференцијата донесе нова Конвенција за целосно или делумно

ревидирање на оваа Конвенција, освен ако со новата Конвенција не се предвидува поинаку:

а) ратификација на новата ревидирана конвенција од некоја земја-членка ќе значи *ipso jure* откажување на оваа Конвенција, без оглед на одредбите од член 24, ако и кога новата ревидирана конвенција ќе влезе во сила;

б) од датумот кога новата ревидирана конвенција влегува во сила, оваа Конвенција ќе престане да биде отворена за ратификација од земјите-членки.

2. Оваа Конвенција во секој случај останува во сила во нејзината постоечка форма и содржина за оние земји-членки коишто ја ратификувале, а не ја ратификувале ревидираната конвенција.

Член 29

Англиската и француската верзија на текстот на оваа Конвенција се подеднакво веродостојни.

ПРЕПОРАКА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО, 2001 ГОДИНА, (БР. 192)

Генералната конференција на Меѓународната организација на трудот,

свикана во Женева од страна на Управниот орган на Меѓународната канцеларија на трудот, на осумдесет и деветтата седница, одржана на 5 јуни 2001 година, и

одлучувајќи за донесување одредени предлози во однос на безбедноста и здравјето во земјоделството, што претставува четврта точка на дневниот ред на сесијата, и

утврдувајќи дека овие предлози ќе бидат во форма на Препорака за надополнување на Конвенцијата за безбедност и здравје во земјоделството, 2001 година (во натамошниот текст наведена како „Конвенцијата“);

на дваесет и први јуни две илјади и првата година, ја донесе следната Препорака, што може да се цитира како Препорака за безбедност и здравје во земјоделството, 2001 година.

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1. За целите на примената на член 5 на Конвенцијата, треба да се преземат мерките за инспекцијата на трудот во земјоделството со оглед на принципите што се содржани во Конвенцијата и Препораката за инспекција на трудот (земјоделство), 1969 година.

2. Мултинационалните претпријатија треба да обезбедуваат соодветна заштита на безбедноста и здравјето на своите работници во земјоделството во сите свои подружници, без дискриминација и без оглед на местото или земјата во која се наоѓаат, во согласност со националното законодавство и практика и со Трипартитната декларација за принципите во врска со мултинационалните претпријатија и социјалната политика.

II. НАДЗОР ВРЗ БЕЗБЕДНОСТА И ЗДРАВЈЕТО ПРИ РАБОТА

3. (1) Надлежните власти за спроведувањето на националната политика што е наведена во член 4 на Конвенцијата, по консултации со репрезентативните организации на засегнатите работодавачи и работници, треба да:

(а) ги идентификуваат главните проблеми, да утврдат приоритети за акција, да развијат ефективни методи за справување со нив и периодично да ги оценуваат резултатите;

(б) пропишат мерки за спречување и контрола на професионалните ризици во земјоделството:

(i) земајќи ги предвид технолошкиот напредок и знаењето во областа на безбедноста и здравјето, како и релевантните стандарди, упатства и кодекси на практиката што се донесени од признаените национални или меѓународни организации;

(ii) земајќи ја предвид потребата за заштита на животната средина од влијанието на земјоделските активности;

(iii) точно утврдувајќи ги мерките што треба да се преземат за спречување или контрола на ризикот од ендемични болести на работниците во земјоделството што се предизвикани од работата; и

(iv) наведувајќи дека ниеден работник не треба да врши опасна работа во изолиран или затворен простор, без соодветна можност за комуникација и средства за помош; и

(в) изготват упатства за работодавачите и работниците.

(2) За спроведување на член 4 на Конвенцијата, надлежните власти треба:

(а) да донесат мерки за постепено проширување на соодветните услуги за здравствена заштита на работниците во земјоделството;

(б) да воспостават постапки за регистрирање и известување за несреќите на работното место и професионалните заболувања во земјоделството, особено за целите на собирањето на статистичките податоци, спроведувањето на националната политика и развојот на програми за превенција на ниво на претпријатија; и

(в) да ги промовираат безбедноста и здравјето во земјоделството преку образовни програми и материјали за исполнување на потребите на работодавачите и работниците во земјоделството.

4. (1) За спроведување на член 7 на Конвенцијата, надлежните власти треба да воспостават национален систем за надзор врз безбедноста и здравјето на работа кој треба да вклучува и надзор врз здравјето на работниците и надзор врз работната средина.

(2) Овој систем треба да опфаќа и соодветна процена на ризикот и, кога е тоа соодветно, превентивни и контролни мерки во однос на, inter alia:

(а) опасни хемикалии и отпад;

(б) токсични, заразни и алергени биолошки агенси и отпад;

(в) надразнувачки или токсични испарувања;

(г) опасна прашина;

(д) канцерогени супстанции или агенси;

(ѓ) бучава и вибрации;

(е) екстремни температури;

(ж) сончево ултравиолетово зрачење;

(з) преносливи животински заболувања;

(ѕ) контакти со диви или отровни животни;

(и) користење на механизација и опрема, вклучувајќи ја личната заштитна опрема;

(ј) рачна манипулација или превоз на товар;

(к) интензивни или долготрајни физички и ментални напрегања, стрес што е предизвикан од работата и несоодветни работни положби; и

(л) ризици од новите технологии.

(3) По потреба треба да се преземаат мерки за надзор врз здравствената состојба на младите работници, бремените жени и доилките и повозрасните работници.

III. ПРЕВЕНТИВНИ И ЗАШТИТНИ МЕРКИ

Процена на ризикот и управување со ризикот

5. За спроведување на член 7 на Конвенцијата, пакетот мерки за безбедноста и здравјето на ниво на претпријатие треба да вклучува:

(а) услуги за безбедност и здравје при работа;

(б) процена на ризикот и мерки за управување со ризикот според следниов редослед на приоритети:

(i) елиминација на ризикот;

(ii) контролирање на ризикот на изворот;

(iii) сведување на ризикот на минимум, со средства како што се проектирањето на безбедни работни системи, воведувањето технички и организациски мерки и безбедни практики и обука; и

(iv) доколку остане ризикот, обезбедување и употреба на лична заштитна опрема и облека, без трошоци за работникот;

(в) мерки за справување со несреќи и вонредни состојби, вклучувајќи прва помош и пристап до соодветен превоз до здравствените установи;

(г) постапки за регистрирање и известување за несреќи и заболувања;

(д) соодветни мерки за заштита на лицата што се присутни во земјоделското стопанство, на населението во неговата близина и на пошироката животна средина од ризици што може да произлезат од соодветната земјоделска активност, како што се ризиците од агрохемискиот отпад, природното ѓубриво, загадување на водата и почвата, исцрпување на почвата и топографски промени; и

(ѓ) мерки за осигурување дека користената технологија е приспособена на климатските услови, организацијата на работата и на работните практики.

Безбедност и ергономија на механизацијата

6. За спроведување на член 9 на Конвенцијата, треба да се преземат мерки за осигурување на соодветниот избор или приспособување на технологијата, механизацијата и опремата, вклучувајќи ја личната заштитна опрема, земајќи ги предвид локалните услови во земјите-кориснички и, особено, ергономските импликации и влијанието на климата.

Правилно управување со хемикалии

7. (1) Пропишаните мерки што се однесуваат на правилното управување со хемикалиите во земјоделството треба да се преземаат со оглед на принципите на Конвенцијата и Препораката за хемикалии, 1990 година и останатите релевантни меѓународни технички стандарди.

(2) Конкретно, превентивните и заштитните мерки што треба да се преземаат на ниво на претпријатие треба да вклучуваат:

(а) соодветна лична заштитна опрема и облека и простории за миење за лицата што употребуваат хемикалии и за одржување и чистење на личната заштитна опрема и опремата за употреба на хемикалиите, без трошоци за работникот;

(б) мерки на претпазливост во текот на прскањето и по него во областите во кои се употребуваат хемикалии, вклучувајќи мерки за спречување на загадувањето на храната и изворите на вода за пиење, миење и наводнување;

(в) ракувањето со, и фрлањето на опасните хемикалии што не се повеќе потребни, и садовите што биле испразнети но што може да содржат остатоци од опасни хемикалии, на начин што го елиминира или сведува на минимум, ризикот за безбедноста и здравјето и за животната средина, во согласност со националното законодавство и практика;

(г) водење регистар за примената на пестицидите што се употребуваат во земјоделството; и

(д) обука на земјоделските работници врз постојана основа што треба да вклучува, по потреба, обука за практиките и постапките или за опасностите и мерките на претпазливост што треба да се почитуваат во врска со употребата на хемикалии на работа.

Работа со животни и заштита од биолошки ризици

8. За целите на спроведувањето на член 14 на Конвенцијата, мерките за ракување со биолошките агенси што носат ризици од заразување, алергија или труење, и за работа со животните треба да го опфаќаат следново:

(а) мерки за процена на ризикот во согласност со став 5, за елиминирање, спречување или намалување на биолошките ризици;

(б) контролирање и тестирање на животните, во согласност со ветеринарните стандарди и националното законодавство и практика, за болести што може да се пренесат на луѓето;

(в) заштитни мерки за работа со животни и, по потреба, обезбедување заштитна опрема и облека:

(г) заштитни мерки за ракување со биолошки агенси и, по потреба, обезбедување соодветна заштитна опрема и облека;

(д) по потреба, вакцинација на работниците што работат со животни;

(ѓ) обезбедување средства за дезинфекција и санитарни простории и одржување и чистење на личната заштитна опрема и облека:

(е) давање прва помош, противотрови или други итни постапки во случај на контакт со отровни животни, инсекти или растенија;

(ж) безбедносни мерки за ракување, собирање, чување и фрлање на арското ѓубриво и отпадот;

(з) безбедносни мерки за ракување и фрлање на труповите на заразените животни, вклучувајќи го чистењето и дезинфекцијата на контаминираните простории; и

(ѕ) безбедносни информации, вклучувајќи знаци за предупредување и обука за работниците кои работат со животни.

Земјоделски стопанства

9. За спроведување на член 15 на Конвенцијата, безбедносните и здравствените барања за земјоделските стопанства треба да ги прецизираат техничките стандарди за зградите, објектите, заштитните огради, оградите и затворените простори.

Погодности и објекти за сместување

10. За спроведување на член 19 на Конвенцијата, работодавачите треба да им обезбедат на работниците во земјоделството, по потреба и во согласност со националното законодавство и практика:

(а) соодветно снабдување со здрава вода за пиење;

(б) простории за чување и миење на заштитната облека;

(в) простории за јадење и за хранење на децата на работното место, кога е тоа изводливо;

(г) одвоени санитарни простории и простории за туширање, или нивно одвоено користење, за мажите и жените работници; и

(д) превоз за потребите на работата.

IV. ДРУГИ ОДРЕДБИ

Жени работници

11. За спроведување на член 18 на Конвенцијата, треба да се преземат мерки за осигурување на проценатa на ризиците на работното место што се поврзани со безбедноста и здравјето на бремените жени и доилките и со репродуктивното здравје на жените.

Самостојни земјоделци

12.(1) Земајќи ги предвид ставовите на репрезентативните организации на самостојните земјоделци, членките треба, по потреба, да изготват планови за постепено проширување на заштитата што се обезбедува со Конвенцијата и на самостојните земјоделци.

(2) За оваа цел, националните закони и прописи треба да ги утврдат правата и должностите на самостојните земјоделци во однос на безбедноста и здравјето во земјоделството.

(3) Со оглед на националните услови и практики, ставовите на репрезентативните организации на самостојните земјоделци треба да се земат предвид, соодветно, при формулирањето, спроведувањето и периодичното ревидирање на националната политика што се спомнува во член 4 на Конвенцијата.

13. (1) Во согласност со националното законодавство и практика, надлежните власти треба да преземат мерки за осигурување дека самостојните земјоделци ги уживаат правата на заштита на безбедноста и здравјето што се предвидуваат со Конвенцијата.

(2) Овие мерки треба да вклучуваат:

(а) мерки за постепено проширување на соодветните услуги за здравствена заштита на самостојните земјоделци;

(б) постепено изготвување постапки за вклучување на самостојните земјоделци во постапките за регистрирање и известување за несреќите на работното место и професионалните заболувања; и

(в) изготвување упатства, образовни програми и материјали и соодветни совети и обука за самостојните земјоделци што ги опфаќаат, inter alia:

(i) нивната безбедност и здравје и безбедноста и здравјето на лицата што работат со нив во врска со опасностите на работното место, вклучувајќи го ризикот од нарушувања на мускулоскелетниот систем, изборот и употребата на хемикалиите и биолошките агенси, проектирањето на безбедните работни системи и изборот, употребата и одржувањето на личната заштитна опрема, механизацијата, алатките и уредите; и

(ii) заштита на децата од учество во опасни активности.

14. Ако економските, социјалните и административните услови не го допуштаат вклучувањето на самостојните земјоделци и нивните семејства во државните или доброволните програми за осигурување, членките треба да преземат мерки за нивно постепено вклучување до степенот што е предвиден со член 21 на Конвенцијата. Ова може да се постигне преку;

(а) воведување посебни програми или фондови за осигурување; или

(б) приспособување на постоечките програми за социјално осигурување.

15. При спроведувањето на горе наведените мерки што се однесуваат на самостојните земјоделци, треба да се земе предвид посебната положба на:

(а) малите закупци на фарми и исполичарите;

(б) мали сопственици на моторни возила што ги изнајмуваат своите услуги;

(в) лицата што учествуваат во заеднички земјоделски претпријатија, како што се членовите на земјоделските задруги;

(г) членовите на семејството, како што се дефинирани со националното законодавство и практика;

(д) земјоделците што произведуваат единствено средства за самостојно издржување; и

(ѓ) останатите самовработени лица во земјоделството, во согласност со националното законодавство и практика.